**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВРЗ ВЕРТИКАЛНАТА ПОДВИЖНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРУДОТ

**- докторска дисертација -**

**ментор: Проф. д-р Димитар Мирчев**

**кандидат: м-р Милева Ѓуровска**

**Скопје**
**1996**

# СОДРЖИНА


**УВОД** 3

## ДЕЛ 1

**ГЛАВА 1**

1. Жените и општеството (теориско-методолошки пристап) 11
2. Импликациите на половата диференцијација во сферата на трудот 18
3. Општа методолошка рамка 40

**ГЛАВА 2**

РАЗЛИКИТЕ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ: ИСТОРИЈАТ, КОНЦЕПЦИИ, ИДЕОЛОГИИ

1. Патријархатот - основниот социјален систем што ги регулира односите меѓу половите 43
2. Новиот социјален контекст и промените во положбата на жената 53
3. Мотивација за работа кај жените 58
4. Психолошка подлога во толкувањето на разликите меѓу половите 61
5. Патријархатот и модерните општества 65

**ГЛАВА 3**

ВЛОГОТ НА ЖЕНСКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ПРОМЕНАТА НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ

1. Социолошко видување на поимите: еманципација, дискриминација, еднаквост и нееднаквост 84
2. Политичка и економска еманципација 89
3. Влогот и недостатоците на марксизмот во разгледувањето на проблемот на жената во општеството 92
4. Суштината на феминизмот и неговиот влог во менување на положбата на жената во општеството 99
5. Осврт кон положбата на жената во социјализмот 105
6. Современи форми на организирано дејствување: Глобализација на проблемот на жената 109
7. Правото и положбата на жената: социолошка синтеза 111

# ДЕЛ 2

**ГЛАВА 1**

СОЦИЈАЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРУДОТ

**1. Општествена положба на жените и социјалната мобилност 116**
**2. Хиерархија и мобилност 126**
**3. Социјалната мобилност и жените 136**

**ГЛАВА 2**

ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ЧИНИТЕЛИ НА ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРУДОТ

**1. Организацискиот простор 147**
**2. Културно-историски фактори во вертикалната подвижност на жените 179**
**3. Влогот на семејството во социопрофесионалната промоција на жените 195**
**4. Образованието и социјалната мобилност 207**
**5. Хипотези 217**

# ДЕЛ 3

ЖЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА - ПАТИШТА ВО СОЦИЈАЛНАТА ПРОМОЦИЈА ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ

**ГЛАВА 1**

ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

**1. Женската работна сила во Македонија 222**
**2. Битни аспекти на промената на положбата на жената во социјализмот 227**
**3. Жените на раководни функции во Македонија 234**

**ГЛАВА 2**

ПАТИШТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ПРЕКУ ТРУДОТ

**1. Методолошка рамка 239**
**2. Карактерот на македонското семејство и вертикалната мобилност на жените во процесот на трудот 251**
**3. Семејството и кариерата 264**
**4. Организацијата и професионалната мобилност на жените 281**
**5. Социјалното опкружување, неповолна социјална клима за дејствување на жените во сферата на трудот 314**

**ЗАКЛУЧНА РАСПРАВА 321**

**БИБЛИОГРАФИЈА 336**

**ПРИЛОГ: Анкетен прашалник**

# *ПРЕДГОВОР*

*Ако за научникот најголем предизвик претставува потрагата по вистината, тогаш за проблемот што се проучува во оваа докторска дисертација, може да се каже дека ги поседува сите адути да се нарече „вистински проблем“ за задоволување на оваа научна страст.*

*Поттикот да се разработи овој проблем, т.е. проблемот на социјалната подвижност на жените во сферата на трудот, не дојде од нашата општествена пракса, а уште помалку од потребите на нашата теориска анализа. Меѓутоа, дури сега, откако се помина низ целата материја на проблематиката поврзана со жените како општествена група, се согледа значајноста на оваа тема и во поглед на општествената пракса и како придонес кон теоријата. Искрено речено, пред да почнам да работам на овој проблем се прашував дали ќе можам да напишам повеќе од двесетина страни...*

*Но, патот по кој идеите се шират е еден од посигурните патишта. Во таа смисла би сакала да му ја искажам мојата благодарност на проф. д-р Димитар Мирчев, од кого потекна идејата да се работи на овој проблем. Навистина беше големо задоволство да се поминува низ сознанијата од оваа мошне широка област, која сè повеќе почнува да го побудува интересот на науката. Иако ние не можеме да се споредуваме со поразвиените земји во светот во кои се формирани специјални научни институти што го проучуваат проблемот на жената во општеството, а особено во сферата на трудот, сепак можеме да кажеме дека и овде перспективите постојано се зголемуваат. Тоа го наметнува самата ситуација, односно потребата на општеството да ја осознае категоријата жени како социјална категорија, бидејќи тоа е реалноста, но и иднината на општеството. За ова сознание им се заблагодарувам на сите интервјуирани жени во стопанството на Република Македонија, кои доста сериозно и со големо разбирање, учествуваа во конструкцијата на социјалното милје, тоа што ние го баравме за да ги утврдиме причините за социјалната мобилност на жените во процесот на трудот. Меѓутоа, тие дадоа и нешто друго. Тие беа изненадени што некој доаѓа пред нив со еден концепт што ги допира нивните проблеми, беа изненадени што некој знае што се случува во нивниот свет. Тие беа среќни што можеа да ја презентираат вистината, длабоко скриена во себе.*

*Скопје, мај 1996 год.*

# УВОД

На што се должи отсуството на интерес за пручување на женското прашање во социологијата? Би можело ли тоа да биде така заради присутниот патријархализам меѓу научниците од овие научни области? Наместо опсежен одговор, овде би било сосема доволно едно големо ДА. Затоа што овој проблем во науката го инволвираат жените, најголемиот дел од научните сознанија за многуте проблеми поврзани со делувањето на жените во општеството се должи на истрајноста и напорот на жените. Исто така, овие теми сè уште побудуваат сомнеж меѓу научниците, а особено на овие поднебја, каде што е голем напорот на општествената мисла да им покаже на жените дека нивното место е во семејството.[1] Во прилог на ова оди и тенденцијата на жените, кога тие се занимаваат со наука и политика - да се занимаваат со самите себеси, односно со проблемите поврзани со нееднаквата положба на мажите и жените во различни домени на општеството. Тоа може да биде и еден вид на револт на жените од затекнатите односи, но и еден вид компромис на жените, повторно затворајќи се во еден изделен сегмент кој тешко стекнува општествена легитимизација.

Во надополнувањето на аргументацијата за лошиот углед на нашиот проблем во науката можеме да ги истакнеме и искуствата на авторот - повторно една жена. Според реакциите на околината по однос на поставениот проблем, како тема за докторска дисертација требаше да добијам чувство дека се работи за периферен проблем во науката, проблем што нема исти статус каков што денес имаат: етничките групи, класната структура, приватизацијата и сл. Меѓутоа, суштината е во тоа што самиот проблем не е периферен и маргинален, туку маргинална е групата која треба да се проучува - жените. Долг и макотрпен е патот на докажувањата дека жените во општеството претставуваат една група која според својата положба во општеството има свои социјални белези и специфичности. Денес, науката веќе го има инкорпорирано овој факт. Вистинска тешкотија претставува социолошката концепцијата. Со оглед на

---

1 Ф. Мухиќ *Искушенијата на семјството во современото општество,* Материјал од научната трибина „Положбата на жената во современите општествени текови", Скопје 1994.

категоријалниот апарат и структурата на проблемите, социологијата покажува неспремност да го опфати овој проблем.

Концептуалната инсуфициенца на социологијата за интегрирање на женското прашање меѓу постоечките содржини на оваа дисциплина придонесе за текот на анализата, пред сè за нејзиниот обем.

Во рамките на концептуализацијата на пристапот кон проблемот на жените во општеството, беше неопходно да се претресат сите моменти што го чинат социјалното битие на оваа група. А секој оној што е поупатен во оваа проблематика е свесен за нејзината комплексност, односно е свесен за проблемите што се појавуваат кога се бараат границите на биолошкото и социјалното кај човекот. Зашто, иако човекот е единствено суштество, кога станува збор за жените, проблемот на границите меѓу биолошкиот и социјалниот супстрат станува сосема реален. Тоа не е затоа што кај жената има повеќе биологија отколку кај мажот, туку затоа што според својата положба во општеството, таа се идентификувала како група, сообразно со своите биолошки, а не и општествени белези. Инаку, потребата да се дефинира и класифицира е потреба на општеството да прави рангови, поредоци, хиерархија. Природата е единствена и хармонична.

Така, основната концепциска градба од која тргнавме при оваа анализа е *единствената природа на човекот, но во два различни света*. Ова конотира пат што може да доведе до научно расветлување на проблемот на општествената димензија на половите, како и до неговата интеграција во вкупноста на проблематиката со која се бави социологијата. Истовремено, тоа е и пат на негово поврзување со категоријалниот апарат и со постоечките шеми на науките, во дадениов случај социологијата на трудот и нејзе сродните науки.

Социологијата на трудот долго време беше неосетлива за проблематиката на жените во општеството. А една од позначајните причини за тоа беше и нејзината застареност во концептуален поглед. Старата шема во која единствено се бараше „лек“ за унесреќениот работник, поради парцијализацијата и монотонијата од машинскиот труд и потрагата по архетипот на трудот, веќе е надмината. *Социологијата на трудот вешто се враќа на местото каде што се случува трудот*,[2] истакнува еден од основачите на новата концепција на социологијата на трудот .

---

2 P. Roll, *Travail et salariat,* Press Universitaires de Grenoble 1988, 17.

Природата на проблемот што овде се истражува наметна и соодветен пристап кон него, како и специфични цели. Во врска со пристапот беше потребно да се биде посебно внимателен, зашто проучувањето на влијанието на социјалните чинители врз вертикалната подвижност на жените во сферата на трудот претставува тешко пристапна материја. Вертикалната подвижност е суштината (јадрото) околу која се наоѓаат повеќе обвивки или зони. За да се стигне до неа беше неопходно да се продре низ обвивките, т.е. низ зоните.

Првата зона на која и е посветено посебно внимание е најширокиот општествен контекст во кој се согледува положбата на жената во општеството. Тоа беше почетокот на одот кон вистинскиот проблем на анализата. Всушност, овој почеток беше наметнат од природата на нештата и ние го прифативме неговиот предизвик. Од друга страна, тој, на некој начин, беше неопходен, со оглед на главната задача на трудот - да се дофати движењето, т.е. мобилноста на жените кон горните скалила на општествената хиерархија. Затоа што, како што е познато, вертикалната подвижност е движење на поединците или групите од една до друга социјална положба, а тоа движење секогаш претпоставува и една почетна станица, односно едно место од кое ќе почне да се мери движењето на социјалната вертикална скала. За таа цел, беше нужно да се разгледа положбата на жената во општеството, посебно во сферата на трудот.

Целите поставени во контекстот на оваа зона беа експликативни. Се одеше кон прибирање на сознанија за полжбата на жената во општеството преку истражувањето на неколку сфери. Првата од нив беше нормативното уредување, кое може да даде одредена претстава за положбата на жените. Останатите сфери се историските факти што пореално ја прикажуваат положбата на жените во општеството, какви што се, на пример, расната дискриминација и дискриминацијата по пол (тие со закон се укинати, но не може да се каже дека не постојат). Во тој контекст неопходна беше и елаборацијата на одредени категории што се употребуваат при анализата на положбата на жените во општеството, како што се на пример: еманципацијата, дискриминацијата, еднаквоста, нееднаквоста и сл. Може да се створи импресија дека општите сознанија од ова рамниште, особено сознанијата за разликите меѓу половите ја оптеретуваат анализата. Меѓутоа, стоиме на гледиштето дека овие сознанија ја збогатуваат анализата, давајќи ѝ една логична структура. На пример, експликацијата на причините за дискриминацијата во претпријатието ќе беше значително отежната и можеби нејасна, ако претходно не се упатеше на една

многу важна област, т.е. на историски конструираниот социјален систем што ги регулира односите меѓу половите, а тоа е патријархатот.

Втората зона од анализата на вертикалната мобилност е подрачјето на трудот. Овде како цел се наметна поврзување на два вида факти кои досега се третирале одвоено еден од друг. Први се фактите што се однесуваат на специфичностите околу реализацијата на трудот кога негови актери се жени, додека останатите се фактите за трудот кои се систематизирани во социологијата на трудот и во некои други дисциплини што го имаат трудот како предмет на проучување. Всушност, со оглед на тоа што почетокот на помасовното вклучување на жените во јавната сфера се остварува во индустријализмот и капиталистичкиот начин на производство, беше важно да се види кои биле карактеристиките на овој систем што ги отворил вратите за влегување на жените, кои претходно, низ целиот тек на социјалната историја, биле одвоени од основните начини на остварување на егзистенција.

Пристапот на жените кон изворите на егзистенција ја менувала и сè уште ја менува нивната положба во општеството. Новостекнатата положба на работнички се повеќе ги формирала нив како посебна група која редовно се наѓала на периферијата на претпријатието на помошни, монотони и малку платени работни места. Експликацијата на индустријализмот и нему комплементарниот систем на социјални односи - капиталистичката организација на трудот, се чини неопходна во анализата на положбата на жената во сферата на трудот. Импактот, што индустријализмот го оствари во вклучувањето на жените во јавната сфера на општеството, во натамошните негови етапи ги туркаше жените кон оваа област со уште поголема сила. Иако машината не беше таа која ја овозможи социјалната промоција на жените, сепак, органскиот спој со една капиталистичка организација на трудот, базирана на разгранета диференцијација на човечкиот труд, доведе до позитивна перцепција на женската работна сила во индустријата. Новите технологии базирани на микроелектрониката и нејзината трансферна примена во сите класични гранки на производство извршија преструктурирање во сферата на трудот со големи импликации врз целокупниот начин на живот. Денес, фрлени во *матицата* на општеството, се обидуваме да ги фатиме нишките на промените и тоа не само на економски план, туку и на политички, културен итн. Општествената мисла покажува многу дилеми и разидувања за новите аспекти на трудот и новите процеси во општеството. Еден од тие процеси е и глобализацијата на човековата

заедница - општеството. Денес се зборува за единствен светски поредок во кој севкупната глобална заедница станува едно единствено општество. На местото на митската *мегамашина* се гледаат контурите на вистинска *мегамашина* или *светскиот општествен поредок.*

Елаборацијата на женското прашање во сите варијанти на неговото појавување не може да ги заобиколи општествените тенденции од минатото, сегашноста и иднината. Кога станува збор за жените и нивното делување во општеството, значајно е да се напоменат многуте општествени движења, меѓу кои посебно важно е *Движењето за човековите права*, кои за основа го имаат интегрирањето на малцинските, расните и други групи кон целината на општествените заедници. Во рамките, или од рамките на ова движење, произлегува и движењето на жените за стекнување права, односно за еднакво учество како и мажите во сите општествени процеси, посебно во сферата на трудот. Во тој контекст е и т.н. *развојна еманципација*, според која еднаквост може да се постигне само во еманципирани, т.е. во економски развиени општества во чиј развој учествуваат и жените. По *Светската Конференција на жените*, во Мексико 1975 година, кога проблемот на жените се постави на заедничка основа, почнува и споредувањето на проблемите поврзани со жената во светски размери, со што се овозможи да се согледаат некои универзални тенденции. Резимирањето на резултатите од ова глобално ангажирање во разрешувањето на проблемот на жените во општеството се прави секои десет години, односно на секоја од конференциите што следат (Најроби - 1985 и Пекинг - 1995 година). Нема општествен однос, појава, процес, или ориентација без димензијата на жената.

Јадрото, односно главниот проблем во нашата анализа, го претставува изнаоѓањето на социјалните фактори на подвижноста на жените во сферата на трудот. Од она што беше прикажано како пристап кон овој проблем лесно можеше да се препознаат факторите што влијаат врз можноста жените да напредуваат во општеството. Тоа се истите оние фактори што влијаат на глобалната општествена положба, сега операционализирани во конкретни работни средини. Се појде од патријархалните односи како важни детерминанти на односите меѓу половите. Нивното делување беше барано во работните организации, во културата, семејството и на крајот - во образованието. Може да се каже дека овие области, кои поседуваат и релативна автономија, како и одредена внатрешна структура, кога се работи за нивното влијание врз

положбата на жената во сферата на трудот, најјасно ја одразуваат нивната взаемност и тесна поврзаност. Затоа, овие социјални чинители, според начинот на кој делуваат, се прикажани преку една аналогија направена во рамките на нуклеарната физика, т.е. како дејство на верижна реакција при цепењето на атомските јадра, каде што секое јадро ја пренесува реакцијата на друго, ова на трето итн. Положбата на жената во сферата на трудот не е одредена единствено од економските моменти. Тука интервенира културата, традицијата, семејството и, се разбира, образованието.

Барањето причинско-последична врска меѓу овие социјални чинители и промоцијата на жените во сферата на трудот, што е и научна цел на оваа анализа, покрај експликативните цели на кои укажавме, ја наметна потребата од примена на специфични научни методи. Имено, при остварувањето на експликативните цели што беа неопходни заради *вдлабувањето на речното корито до делтата* каде започнува конкретната анализа на проблемот, како метод беше применуван статистичкиот метод. Дефинирањето на проблемите секогаш претставува релативен процес, а статистиката ја имаа таа моќ да упати на одредени релации во рамките на целината. Таа, и покрај нејзините крупни ограничувања, даде голема помош во одредувањето на проблемот. Студирањето на положбата на жената во општеството и во сферата на трудот не би било можно без еден компаративен пристап на положбата на мажите и положбата на жените, потоа, дистрибуцијата на женската работна сила по одделни гранки на производството, работните места итн. Но, главниот метод, кој единствено може да продре до каузалитет од висок ранг каков што се бара овде, е квалитативниот метод, кој, како инструмент, има длабоко развиен анкетен прашалник. Имено, лесно можат да се дофатат објективните параметри на професионалната промоција на жените, и тоа преку образованието и квалификациите. Меѓутоа, постојат тешко дофатливи моменти во ситуациите во кои делуваат жените, до кои не може да се дојде преку големи примероци и општи белези што се карактеристични за квантитативната анализа. Особено недофатливи момент претставува моќта во претпријатијата, која секогаш е прикриена, окултна. Исто така, беше неопходно да се изврши ретроспектива на семејството и социјализацијата, како и да се вклучи сопственото чувство за положбата во семејството, што несомнено е многу важно во расветлувањето на социјалниот амбиент. Во ова истражување беше применет еден квалитативен пристап, адаптиран на условите во нашата средина. Со оглед на тоа што предметот на истражувањето сочинуваше една мала група -

група жени на високи раководни функции, се одеше кон еден комбиниран примерок:

а) беа земени предвид сите јавувања во првите две највисоки нивоа на хиерархијата (генерални директорки и заменици на генералниот директор) и

б) намерен примерок на пониските нивоа од хиерархијата, каде бројот на јавувањата беше значително поголем (директорките за финансови и технички прашања). Намерно беа избрани раководителките во претпријатијата чиј број на вработени е поголем од илјада.

Така се доби број од вкупно 40 испитанички, број што се чини сосема доволен за една квалитативна анализа. Всушност, методологијата, на некој начин, се развиваше сама по себе, преку начините на кои им се пристапи на општествените проблеми. Во својот инструментален аспект, анкетниот прашалник од 78 прашања, распослани низ целокупниот приватен и професионален живот на испитаничките, потоа личните проценки на социјалните чинители во организацијата, перцепцијата на моќта итн., се покажа како валидно орудие во квалитативната анализа. Некои од прашањата имаа алтернативни одговори, но тоа не значеше дека испитаничките се ограничени во своите искази. Напротив, благодарение на големиот интерес на испитаничките во однос на поставените прашања, се добија долги одговори, понекогаш со длабоки емоции, коишто створија многу богат искуствен материјал.

# ДЕЛ 1

# *ГЛАВА ПРВА*

## 1. ЖЕНИТЕ И ОПШТЕСТВОТО (ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП)

### *1.1. ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО: СОЦИЈАЛНА ГРУПА ИЛИ НЕ?!*

*Поделбата на полови нема своја историја, бидејќи тоа е еден биолошки факт, но начинот на кој половите пристапуваат во општеството, односно подреденоста на жените во општеството, има своја историја, како и социјална димензија.*[3]

Социологијата, како научна дисциплина, проучувајќи ја севкупноста на општествените збиднувања, како актер на тие збиднувања го гледа човекот како универзално битие или како припадник на одредени групи, како што се: класите, нациите, професиите, партиите итн. Таа поретко ја регистрира диференцијацијата во општеството според полот. На класните поделби, националните, професионалните и сл., се гледа како на динамички состави што се условени или самите водат кон крупни разместувања во општеството.

Меѓутоа, постои еден посебен соднос што го одликуваат редица општествени белези, но кој во општествените науки регуларно има статус на природна појава и како таква не е многу интересна за нив. Тоа е половиот соднос или половата диференцијација како социо-групна диференцијација, односно тоа се многубројните релации што постојат меѓу мажите и жените, (положби, статуси, улоги и сл.), креирани и репродуцирани од општеството, чиешто влијание врз општествените збиднувања не е така мало. Ваквиот фактум на половата диференцијација, заедно со многу други фактори, влијаеа врз

3 С. де Бовоар, *Вториот пол*, Мисла, Скопје, 1990.

скаменувањето на патријархалната идеологија во општеството, како и во општествените науки. Всушност, се случи, групирањето според полот во општеството да се сведе на неговата биолошка димензија, т.е. да се пренагласи значењето на антрополошката заснованост, што не е случај со другите општествени поделби (освен старосните и расните групи). Меѓутоа, полот или родот[4] навистина е многу специфичен групен белег врз основа на кој се остварува споменатата диференцијација. Тој вклучува разлики што создаваат еден специфичен однос на взаемност кој е иманенентен на човековата егзистенција и релевантен за секоја димензија на општествената практика. Оваа релевантност историски е променлива, неа ја следи целокупната историска и општествена динамика што ги одредува амплитудите на движењето, клучните домени каде што се остварува, како и високиот степен на резистентност со тенденција за конзервативност, што сведочи за нејзината сложена конституција, составена од природни и социјални структури.

Во взаемноста на мажот и жената се содржани најдлабоките човекови потреби, кои, тргнувајќи од био-репродуктивниот супстрат, станале примарни био-психо-социјални потреби на човечкиот род. Овие потреби се споени како инстиктивни, психолошки и културно-социјални аспекти што го чинат неделивото човечко битие.

Проучувањето на прашањето на жената како припадник на посебна општествена група, која, според својата положба, интереси, тенденции, ставови, белези итн., се разликува од останатите групи во општеството, наидува на низа тешкотии од теориско-методолошки карактер. Така е, пред сè, бидејќи ова прашање не било систематски проучувано во социологијата, односно не било, а и денес не е интегрирано во некоја глобална теориска концепција што нужно ја поставуваат нормите на секоја научна анализа. Затоа и постои голема опасност да се западне во исклучивоста на некои теориски правци и, наместо до подлабоко проучување на тој проблем, да се дојде до поткрепување и аргументирање на појдовните концепции без изгледи да се даде позначаен придонес за истиот, каков што е случајот на пр. со феминизмот, марксизмот, фројдизмот итн. Овде се претендира на една научна анализа што ќе го интегрира овој проблем во

4 Во англосаксонската литература се прави разлика меѓу поимот *пол* (sex) кој повеќе имплицира една биолошка разлика и поимот *род* (gender) кој со својата содржина имплицира социјална супстанца или упатува на општественото значење на диференцијацијата во општеството според полот.

севкупноста на општествените процеси, поставувајќи го во различни општествени системи и амбиенти, со цел да се согледа неговата природа, односно неговото социјално битие. Поволна околност е што оваа анализа се врши во рамките на теорискиот опус на социологијата на трудот, зашто оваа наука, уште во своите почетоци, занимавајќи се со проблемите на трудот, суштински ја воочува диференцијацијата на актерите во процесот на трудот. Анализите на феноменот и процесот на трудот секогаш се пропратени со квалитатитивните и квантитативните моменти што ги носат учесниците, на пример: образованието, квалификациите, производствен и непроизводствен труд, наемници наспроти сопственици на капитал итн. Така, социологијата на трудот како да станала почувствителна на дихотомии и диференцијации, отколку што е општата социологија или другите посебни социологии. Всушност, позначајните проучувања на женската популација вршени се околу нејзиното вклучување во сферата на јавниот живот, односно со почетоците на многубројните движења на жените за стекнување еднакви права со мажите и остварување право на извршување одредена професија и занимање надвор од семејството, што е основен услов таа да може да се стекне со други права и влијанија во општеството.

Оддалеку, овој проблем наликува на проблемот на расизмот каде што подреденоста на една раса од друга се објаснува со некои анатомско-физички карактеристики што им се припишуваат на нивните припадници. Така, одредени раси станувааат супериорни во однос на други. Тоа се владеечките групи што тежнеат своето владеење да го направат природно, при што се чини дека тие се предодредени да владеат со другите. Се истакнуваат разликите во бојата на кожата и се прикажува супериорноста на луѓето со онаа боја која ја има владеечката група, притоа запоставувајќи ги разликите во средствата, методите или стилот што го поседуваат едните наспроти другите, како и мотивацијата, општествена положба што ја заземаат нејзините припадници и редица други моменти што се јавуваат као *diferentia specifica* на групите во одредени општествени средини.

Половата диференцијација, како и дискриминацијата по пол, што овде е централна тема, и многуте социјални односи, институции па дури и цели социјални структури што проникнуваат како резултат на односите меѓу половите (*половите* или ако се прифати еден општотеориски термин - *сексуална диференцијација*) е далеку поширок проблем, бидејќи, речиси кај сите различни

раси, нации, народи и други веќе дефинирани општествени групи, постои оваа социјална мрежа на односи модифицирана од партикуларитети карактеристични за секоја средина. Така, оваа диференцијација може да се воочи во многу области на општественото делување на луѓето уште од најраната возраст во воспитанието и образованието, каде што се применуваат одредени општествено релевантни механизми на идентификација со полот, односно, каде што се врши диференцијација според полот, потоа во преземањето на одредени витални улоги во општеството, производството, распределбата, потрошувачката, во забавата, во спортот итн.

## *1.2. ЦЕЛИТЕ НА АНАЛИТИЧКИОТ ПРИСТАП НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО*

На самиот почеток, во потрагата по проблемот на анализата, се наметнува прашањето: *Зошто, речиси сите студии кои се занимаваат со проблемот на жената во општеството, помалку или повеќе добиваат еден енциклопедиски карактер?*, или: *Зошто овие студии имаат интенции да го опфатат сето она што е дадено како сознание за жената, односно за природните разлики, за положбата на жената во општеството, историјата, формите на борба на жените, карактерот на женските движења итн.?*. Одговорот на ова прашање воедно ќе биде придонес во експликацијата и на целите на оваа анализа која не може многу да отстапува од останатите студии направени во ова подрачје, кое сè уште се бори за рамноправен научен статус со останатите проблеми во општествените науки.

Како прво, тоа е самата природа на проблемот. Кога се работи за било кој проблем поврзан со делувањето на жените во општеството, неопходно е тој да се смести во севкупниот социјален контекст. На пример, проучувањето на делувањето на жените во сферата на трудот може сликовито да се претстави како едно разгрането стебло. Според тоа какво е стеблото, може да се констатираат многу карактеристики на истото. Меѓутоа, она што го чини стеблото, она што го прави да биде такво или онакво - тоа се корените, а тие се под земја, невидливи и ретко кога го привлекуваат вниманието на набљудувачот. Истото се случува и во потрагата по социјалните фактори што го одредуваат

местото на жената во општеството. Нив навистина ги има многу, тие се окултни, скриени и испреплетени како жиличките на коренот.

Како второ, тоа е карактерот на студиите за жената и нивните цели. Женските студии настанале под влијание на современите движења за ослободување на жените и тие го носат тој белег. Всушност, кај нив секогаш постои двојна цел. Од една страна е нивната тенденција од теориски (интелектуален) аспект да го истражуваат отсуството на жената во историјата,[5] да ги систематизираат теориските погледи за природата на жената, изучување на економската и правната историја на жената итн.. Од друга страна тие имаат и своја практична цел, намера да дадат придонес во промената на положбата на жената, со што на некаков начин повторно се поврзани со движењата за остварување рамноправност меѓу половите. Во овој контекст треба да се напомене и тенденцијата кон општествената канализација на движењето на жените за стекнување права, од што произлегува и неговата институционализација во национални, но и во интернационални рамки. Така, изминативе три децении се период на интензивирање на движењата за граѓански права, на движењата за мир и на други ослободителни движења, во чии рамки се втопува и *Движењето за правата на жените*. На тој начин, се врши легитимизација на специфичните потреби на жените произлезени од нивната специфична положба во општеството. Како резултат од широкиот и сестран пристап кон женското прашање како прашање на општеството, а не само како прашање за поодделни групи или поединци, ова прашање станува предизвик за поголем дел од научниците. Единствено преку глобалното зафаќање на овој проблем може да се дојде до подлабоки сознанија за причините што го создаваат проблемот на жената во општеството, како и за начините и пристапот кон промената на положбата на жената во општеството. Како резултат од напорите преземени на овој план, се јави и еден од пристапите кој за сега се чини најсоодветен за општествената еманципација на жената, а тоа е т.н. *развојна еманципација*. Овде акцентот е ставен врз развојот, односно врз интегрирање на женскиот потенцијал во остварување на развојот на техничко-технолошки, економски и други полиња на општеството. На развојот се гледа како на ефикасно средство што ќе ги разбие традиционалните односи меѓу половите со

---

5 Ж. Папиќ, *Социологија и феминизам*, Истраживачко-издавачки центар ССО Србије. 1989, 18.

што, суштински, на еден природен начин, ќе се измени положбата на жената. Меѓутоа, друго прашање е колку самиот развој може да ги оствари зацртаните цели во платформите, бидејќи ова прашање сè уште се поставува, можеби со уште поголема жестина во најразвиените земји во светот. Севкупната раздвиженост што се забележува на планот на теориската интеграција на содржините во кои се бара одговор на женското прашање, како и особено живото раздвижување на одредени општествени процеси дестинирани кон еманципацијата на жената, придонесуваат за зголемување на општествениот легитимитет на ова прашање.

Како трета причина, или како надополнување на одговорот, е претходно споменатото отсуство на теориска заснованост на овој проблем во одделни научни дисциплини. Оттаму, се наметнува потребата од заокружување на оваа проблематика, поврзувањето на фактите во еден кохерентен систем. Веројатно тоа секогаш се случува кога се јавува еден нов проблем на научната анализа, каков што е проблемот на жените во општеството. Тогаш се трага по неговата историја, се разоткрива неговата целокупна природа, се класифицираат сознанијата итн.

Не поставувајќи ја на дневен ред моќта на понудените аргументи, што покрај функцијата за прикажување на резонот за неопходната широчина во опфаќањето на оваа проблематика, ја имаат и функцијата да го прикажат досегашниот нерационален отпор во општествените науки и сè уште постоечкиот скептицизам во нив при интегрирањето на овој проблем кон нивните специфични предметни рамки. Меѓутоа, науката не би била наука, доколку не се заснова на рационални принципи.

## *1.3. ОДНОСОТ ЧОВЕК-ПРИРОДА: РАЗЛИЧНА ПРИРОДА ИЛИ ЕДИНСТВЕНА ПРИРОДА ВО ДВА РАЗЛИЧНИ СВЕТА?*

Едно од главните прашања што се поставува во проучувањето на било кој проблем поврзан со делувањето на жената во општеството е прашањето за разликите меѓу половите. Од секогаш се чинело дека биолошката функција на мајчинството е универзален, неисториски факт, и како таков се извлекувал од видокругот на општествено-историската анализа, останувајќи во сферата на

саморазбирливата непроменливост и природната непремостивост. Меѓутоа, денес е направен крупен чекор во расветлувањето на проблемот на односите меѓу половите и детрминираноста на нивната положба во општеството. Местото, што на овој план го имаше биологијата, го споделуваат видувањата и фактите што доаѓаат од страната на општеството. Меѓутоа, оваа проблематика е навистина сложена, а за тоа сведочат многубројните интерпретации во толкувањето на овие разлики. Тие одат дотаму што дури и се бришат разликите, што ќе предизвика одредени импликации врз реалната положба на жената во општеството. Од начинот на пристапот кон овој проблем ќе зависи и понатамошниот тек на анализата, поврзувањето и интерпретацијата на фактите итн. Затоа е пожелно и овде да се дадат некои општи напомени за дилемите што постојат околу толкувањето на природата на жената.

*Што претставува поделбата на човечкиот род на два пола?* Одговорот на ова прашање се содржи во мислата што ја дава С. Де Бовоар: *„Мажјаците и женките се два типа единки кои внатре, во еден вид, се разликуваат според репродукцијата, можат да се дефинираат само кога ќе ги споредиме. Меѓутоа, треба да се потцрта дека самата смисла на поделбата на видовите на два пола е нејасна“.*[6] Набљудувана на рамништето каде што владеат општите законитости на Универзумот, дихотомијата маж-жена е неважна, дури апсурдна. Во рамките на Универзумот човекот се поставува како оној кој е надреден. кој овладува со законите, кој се издигнува над нив, односно - оној кој е во состојба да ги укине природните дихотомии и да создаде нови. Имено, човекот прави трансформации и ретрансформаци, моделирани според мерката на моќниот, односно според она за каков што се смета самиот себеси во природата, но и во општеството, во кое моќта добива посебно значење. Така, од гледна точка на ова рамниште, може да се зборува за сето она што досега човекот го постигнал, целокупната човекова цивилизација, односно за сето она што го дефинира и идентификува човекот низ целокупната историја. Меѓутоа. дали овде може да се препознае проблемот на анализата? Ако веќе е дадена природната дихотомија *маж-жена* и ако се сондира во историјата, кого таа ќе го исфрли како творец на човековата цивилизација, како актер на општествените настани? Ќе се види дека тој достоен претставник на човечкиот род секогаш бил првиот член на дихотомијата - мажот. Тој е оној кој го водел човештвото напред, оној кој ги создал општествените

---

6 С. Де Бовоар, *Вториот пол...*, 30.

колективитети, оној кој ја креирал сферата на јавниот живот, односно општеството, а жената е таа која била затворена во својата природа и свртена кон природата како нејзин несовршен производ.

Диференцијацијата се јавува кога се јавува и потребата за идентификација на човекот. Поточно, пронаоѓајќи го нему својствениот начин да опстане во суровата природа, притоа користејќи ги своите природно-анатомски особини, човекот, како принцип во своето однесување ја има доминацијата која понатаму ќе се модифицира добивајќи различна морфологија, димензија, идеологија и др. Или, како што би рекол Е. Финк - *„инаеш"*, пред сè со самата природа и неговата тенденција, не за да ја придобие, туку да ја освои.[7]

# 2. ИМПЛИКАЦИИТЕ НА ПОЛОВАТА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ

## *2.1. ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПОЛИТИЧКАТА ЕКОНОМИЈА*

Во однос на прашањата за улогата на жената во вкупниот општествен живот, како и во односите меѓу половите, општествените науки не покажале многу голем интерес. Дали е тоа една идеолошка реакција на длабоката вкоренетост на патријархализмот во менталитетот на истражувачите, или пак, сè изгледа толку познато и дофатено, така што навистина нема потреба од такви проучувања?

Една од суштинските разлики што ги одделуваат мажот и жената во општеството е начинот на кој се тие вклучени во остварувањето на егзистенцијата во општеството. Значи, тоа е сферата на трудот, кон која мажите и жените немаат еднаков пристап. Овој различен пристап кон оваа клучна област на општеството, според содржините на политичката економија, пред сè се темели врз согледаните биолошки разлики што постојат меѓу нив. Така, на мажите им се придодаваат одредени способности, умешности, вештини и знаења што се неопходни за да се извршуваат дејностите што се поврзани со економскиот живот на општеството, со што тие стануваат носители на одредени

---

7 E. Fink, *Osnovni fenomeni ljudskog postojanja,* Nolit, Beograd 1984, 165.

улоги со кои доминираат и владеат со таа област, додека, пак, кон жените се придодаваат ред други способности, вештини и знаења што не се типични за истата област. Според тоа, улогите што ги имаат мажот и жената добиваат изглед на комплементарност, односно природност. Жената со своите улоги не може да му биде конкурент на мажот во економската сфера на општеството. Ваквата поделба на улогите, реализирана според биопсихолошките карактеристики на половите, во науката е позната како природна поделба на трудот, или поделба на трудот според половите.

Во марксистичките анализи на поделбата на трудот, во согласност со севкупниот теориски опус и применетиот историски метод, постои едно помало или поголемо рационализирање околу тоа зошто во даден период била нужна и оправдана поделбата на трудот според половите, за потоа да се намали нејзиното значење, и да отстапи пред други развиени облици на општествената поделба на трудот. Наспроти природната поделба на трудот, поставена е општествената поделба на трудот.[8] Природната поделба на трудот (која уште се нарекува и *сраснаШа* или *внаШрешна*) нема статус на општествена поделба на трудот. Всушност, проблемот на поделбата на трудот е „*pierre angulaire*" на сите науки што го имаат трудот на човекот како предмет за своја анализа, а тоа се речиси сите општествени науки. Проучувањето на поделбата на трудот во овие науки, упатува на заклучокот дека во сите нив кон поделбата на трудот според половите се пристапува доста површно. Природната поделба на трудот во науката обично се третира како биолошки факт, како она што ги одразува различните способности базирани врз самата природа, т.е. како единки различни по пол, старост и сл. Досега не се одело кон откривање на нејзината вистинска суштина чија социјална заснованост е непобитна. Од таквиот пристап произлегува дека женскиот труд што се вложува во семејството не ги задоволува социјалните критериуми да добие статус на општествен труд и да биде валоризиран од општеството. Без оглед на степенот на развојот на општеството, легитимната поделба на трудот ја покрива сферата на јавниот дел од општеството, додека еден дел од човековиот труд, може да се каже многу важен и витален, останува скриен, затаен, невреднуван. Тоа е трудот што се вложува во репродукцијата, односно продукцијата на самите луѓе, кој судбински бил и сè уште е поврзан со жената. Самото прашање „Колку во природната поделба на

8 M. Korać, T.Vlaškalić, *Politička ekonomija*, Rad, Beograd 1982, 15.

трудот има биологија, а колку социологија?" наметнува бројни дискусии и раѓа многу дилеми што се чини дека се оправдани. Во рамките на содржините и во терминологијата на општествените науки, како пат кој ќе доведе до одредени сознанија за општествената димензија на половите е пронаоѓањето и расветлувањето на оваа проблематика во составот на постоечките шеми и определби на науките. Така, поделбата на трудот според половите може да се следи преку проблемот на поделбата на трудот во општеството. Овде, таа ќе биде разгледувана во рамките на репродукцијата како посебно регулирана сфера во општеството во која се остварува еден континуитет на човечките генерации, наспроти сферата на продукцијата и целината на односите на продукцијата како сфера во која се создаваат средствата на човековата егзистенција.

Промените што се случуваат денес во општеството, и тоа во сите негови сегменти, ја појаснуваат заблудата околу природната поделба на трудот. Имено, општествената тенденција на константна редукција на сферата на репродукција ја демистификува ситуацијата. Со тоа што еден позначаен дел од активностите што се извршувале во рамките на семејството се пренесуваат во производниот апарат, изложувајќи се на делувањето на пазарните законитости и општествената валоризација, укажува на една голема неправда што им била нанесувана на жените во историјата. Овие активности долго време беа извршувани во име на природата, а не во име на општеството. Погрешно е да се мисли дека (по)општествувањето на сферата на репродукцијата значи и елиминирање на природната поделба на трудот. Се чини дека таа само ја менува локацијата, но не и видот на дејноста, зашто процентот на вработените жени во секторот услуги, сервиси, односно терциерот е позначителен во однос на мажите.

Анализите на трудот на жената во општеството, заради реалната положба што ја има жената во него, нужно ја вклучуваат и аналитичката поделба на општеството на *сфера на продукција* и на *сфера на репродукција*, пред сè направена заради потребите на политичката економија, а потоа пренесена и во другите општествени науки. Така, општествениот фонд на трудот се дели на два дела: 1. *сфера на продукција*, каде што се произведуваат стоки наменети за пазарот и 2. *сфера на репродукција, каде што се вложува трудот кој има нестоковен карактер*. Имено, на тесната поврзаност на сферата на продукцијата (т.е. самото производство на економски добра) со сферата на репродукцијата (т.е. производството на луѓе) укажуваат некои понови анализи во рамките на политичката економија. На макроекономски план, во следењето на

циркулацијата на капиталот, иако тежиштето нормално е ставено врз прозводствениот апарат, нужно се следи неговото движење и во сферата на репродукцијата, консумацијата, куповната моќ, невработеноста, семејниот буџет итн. Од една страна - ефектуирањето на капиталот е поврзано со сферата на репродукцијата, а од друга страна - општеството почнува да води сметка за овој квантум на труд, како и за содржината на истиот кој нема мало значење за општеството и за планирањето.[9] Исто така, сферата на репродукцијата, т.е. трудот во домаќинството, во голема мера ќе зависи од висината на платите. Во тој контекст, промените во содржината и карактерот на трудот, односно парцијализацијата на трудот, губењето на смислата на работата, деквалификацијата на трудот и сл., на трудот што се вложува во домаќинството му дава едно поинакво социјално значење. Всушност, се работи за интринзични активности, „*дејности*“[10] кои ќе му овозможат на еден работник да се пронајде себеси во работата - принцип дефиниран според логиката „*направи сам*“, кој сè повеќе се протежира.[11]

Што ѝ се префрлува на политичката економија, кои се нејзините пропусти во пристапот кон трудот на жените во општеството, поточно - за трудот на жените ангажиран во човечката репродукција?

Како генерална теорија на вредноста на стоките, политичката економија не може да го интегрира нестоковниот труд, затоа што овој последниот, според логиката на поредокот даден во основната концепција, не учествува во заедништвото на вкупниот општествен фонд на трудот што ја создава вредноста. Ставајќи го пазарот во центарот на анализата и претворајќи ги потребите на луѓето во куповна моќ, изразена преку количината на пари што ја поседуваат, политичката економија е двосмислена, бидејќи еден голем дел од човековиот труд не го валоризира и не го легитимира како општествен, иако е тој неопходен во поглед на човековите потреби. Размислувањата околу нестоковниот труд и промените во содржината на вредноста што може да ги предизвика тој се јавуваат кај маргиналистите, според кои „*вредноста во размената единствено се остварува преку општественото богатство кое го носи целокупното општество.*"[12]

---

9 E. Bowles, R. Edvards, *Razumevanje kapitalizma*, Školska knjiga, Zagreb 1992, 47.

10 A. Šaf, *Zanimanje naspram rada*, Mikroelektronika i društvo, Globus, Zagreb 1984, 331.

11 A. Gorc, *Zbogom proletarjatu*, Radnička štampa, Beograd, 1982.

12 Х. Карталов, *Маргиналистичкиот правец во економската мисла* (Неавторизирани предавања по политичка економија), Филозофски факултет - Скопје 1991/92.

**Критика на марксистичката политичка економија.** Марксистичката политичка економија е една од најпознатите економски теории. Во неа начинот на кој се врши обновување на производството е означен како **репродукција**. Така, Маркс ова подрачје на вкупниот општествен фонд на трудот го дели во два сектора, кои според пропорциите мораат да бидат ускладени за да може да функционира економскиот систем. Првиот сектор создава услови за континуитет на производството, а вториот сектор создава услови за континуитет на работништвото. Иако на некој начин во вториот сектор се имплицира една реално постоечка економска категорија - домаќинството, сепак тоа останува надвор од анализите на трудот. Рамнотежата во општествената репродукција би се нарушила, т.е. шемата не ќе може да се објасни, ако во сите инпути на репродукцијата влезе една огромна, реално постоечка количина на труд што се вложува во репродукцијата на семејството на работникот, а со тоа и во репродукцијата на работната сила.

Сферата на капиталот строго е подредена на економско-рационалните принципи и тука нема место за ниедна категорија која на некаков начин не е поврзана со профитабилноста на капиталот. Од гледиште на капиталот, трудот на жените би бил занимлив онолку колку што тој придонесува за оплодување на капиталот. Заземајќи одредени работни места во капиталистичката индустрија, женскиот труд ја има токму таа функција. За капиталот, меѓутоа, сферата на репродукцијата не би имала никакво директно значење, доколку не се работи за вредноста на работната сила, семејни надници, односно за регрутација на работна сила што капитализмот успешно ја решава. Марксистичката анализа на трудот доста длабоко сондира во ќелиите на капиталистичкото општеството, давајќи една доста развиена и логична економска структура. Меѓутоа, во овие анализи не е интегриран трудот што се вложува за одржување на домаќинството со целината, тој нема статус на производител на вредности, иако на некаков начин учествува во создавањето на профитите. Концептот на хомо-економикусот под покривот на генеричноста во реалноста поседува машка конструкција. Во класичната политичка економија, економијата во семејството претставува супституција меѓу времето и потрошувачката, калкулирајќи со корисна вредност на доброто, со техничкиот недостиг од доброто или со поволноста на случајот. Меѓутоа, економијата на домаќинството има и друго значење - компензација, односно создавање вредност во рамките на семејството што општеството не ја дава преку размената. Ова се јавува кај посиромашните економии,

карактеризирани со висок степен на невработеност, особено на женскиот дел на населението. Меѓутоа, оваа, уште наречена *паралелна економија*, нема само свое економско образложение, туку и социјално-психолошко. Многу автори, особено оние кои го слават пропаѓањето на трудот и раѓањето на постиндустриското општество, трудот го заменуваат во позитивна дејност што главно ќе се реализира во домаќинството, каде што всушност се бега од сферата на принудата, од апаратот на производството што ги *„произведува и самите работници“*.[13]

Доста е сложено трудот во домаќинството да се влее во каналите на општествениот труд. Тука, покрај социјалните, идеолошките и др. фактори, има и доста технички фактори на мерливоста на самиот труд. Политичката економија трудот го расчленува како капитал (променлив - постојан, обртен, фиксен и сл.), и тој функционира како капитал според својата логика, мотивација и цели. Мотивацијата и логиката на домашната економија немаат ништо слично со онаа на капиталот.

Меѓутоа, денес на планот на општествената валоризација на женскиот труд во домаќинството, иако нема видни промени, сепак постојат извесни новини. Идејата за платена домашна работа ја лансираа феминистките од левото радикално крило, но тоа денес не е само идеја туку и реалност во некои земји. За сега, така е само во нордиските земји, каде што 13% од бруто-националниот доход припаѓа на трудот кој не е директно вложен во сферата на продукцијата, туку во сферата на репродукцијата, со големи можности да успее во САД. Но, иако оваа идеја е доста прогресивна во поглед на постигнување сатисфакција на женскиот труд во семејството, сепак таа во себе содржи скриени опасности поврзани со повторното затворање на жената во сферата на репродукцијата.

Како често наведувана причина поради која женската работна сила е исклучена од анализите на продукција е дуалитетот што произлегува од истовремената припадност кон сферата на продукција и сферата на репродукција. Според улогите што ги имаат жените во едно општество, може да се заклучи дека тие инклинираат кон сферата на репродукцијата, односно кон сферата на производство на луѓе. Сферата на продукцијата и сферата на репродукцијата, како две разделени шеми, тешко се инкорпорираат во еден класичен концепт на економијата или на социологијата. Терминолошката

---

13 A. Gorc, *Zbogom proletarjatu...*; Истиот, *U raj ali sa sindikatima*, Marksizam u svetu, 12/1985.

артикулација упатува само на една физичка локација, т.е. на продукцијата, која е лоцирана во фабриките и која се врзува со систем од социјални детерминанти, а втората се однесува за домот и се врзува за одредени био-психолошки детерминанти.

## *2.2. ПРВИЧНИ ПОТЕЗИ НА АНТРОПОЛОГИЈАТА И ГОЛЕМИОТ БРАН ВО ПСИХОЛОГИЈАТА*

Меѓу научните дисциплини кои првенствено почнуваат да се занимаваат со проблемот на диференцијацијата и толкувањето на разликите меѓу половите не само од биолошко-анатомски, туку пред сè од социјален аспект, е антропологијата. Иако релативно нова научна дисциплина, таа располага со доста богат фонд на сознанија за односите меѓу половите во поодделни култури, претежно на новоспознати култури кои се наоѓаат на претцивилизациско рамниште. Другите научни дисциплини, меѓу кои и социологијата, ја користат оваа ризница на сознанија, меѓутоа многу често механички, како клуч за одгатнување на многу прашања и дилеми на модерните цивилизации. Тоа всушност е и она што ѝ се префрлува на антропологијата, односно на аналогијата, како метод кој најчесто се употребува во расветлување на некоја сложена проблематика од модерните цивилизации. На тој начин може да се случат неоправдани редукции и замаглување на одредени проблеми од сложените социјални структури, какви што се модерните општества. Меѓутоа, покрај тенденцијата на механичкото пренесување на сознанијата добиени за поедноставните општествени структури, пристапот на антропологијата, како и фактите креирани по повод одредени општествени појави и процеси, можат да имаат голем придонес во идентификацијата и дефинирањето на многу феномени и процеси што се одвиваат во рамките на сложените и тешко податливи општествени структури. Од друга страна, антропологијата на некој начин упатува на кариките што недостасуваат (missing link) во следењето на историските перспективи на некои појави и процеси, што за општествените науки е многу битно.

Што се однесува до психологијата, може да се каже дека таа зафаќа позначаен дел од содржините што ја третираат проблематиката на разликите меѓу половите. Анализирајќи ги момчињата и девојчињата уште од најраната

возраст, психологијата упатува на одредени психолошки структури што ја чинат идентификацијата со полот. Во психологијата под идентитет најчесто се подразбира заштитата на сопственото суштествување во своите партикуларитети или својата поединечна оригиналност со која психички и физички се врши дистанца од останатите.[14] Имено, персоналната идентификација е перманентност на содржината како форма и структура во континуитетот на промени. Во рамките на овие тенденции кај личноста се формира и една свест за сексуалната припадност. Овде, како посебно прашање што го поставува психологијата, но и кое, се разбира, бара еден интердисциплинарен пристап е: Како се постигнува таа идентификација? Не навлегувајќи во многуте правци што се јавуваат во психологијата, би истакнале дека како најексплоатирано гледиште, било тоа да се прифаќа, да се критикува во одредени сегменти или да се негира, е гледиштето што го дава психоанализата што е целосно инкорпорирано во оваа концепција, која ги дава структурите на човековата психа. За тоа, како оваа теорија ја гледа психолошката конструкција на половите, понатаму ќе се даде поголемо образложение.

## 2.3. *КОНФОРМИЗМОТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА ТРУДОТ*

Социологијата на трудот, чиишто почетоци се поклопуваат со воспоставувањето на доминацијата на индустрискиот начин на производство и потребата да се разгледаат последиците по човекот и општеството предизвикани од машинизмот, уште во самиот свој почеток, и до неодамна, го апстрахираше проблемот на женскиот труд. Преокупирана со машинизмот и последиците по работната сила, и трагајќи по *„лек“* за оваа ситуација, која го унесреќува и го оттуѓува работникот, таа, во својата анализа, на некој начин, ги запостави промените што се случуваа во сферата на трудот за изминативе дваесет години. Тоа произлегува од застарениот концепт на социологијата на трудот во кој речиси секогаш се тргнуваше од еден архетип на трудот - занаетчиството кое фигурираше како еден модел според кој беа дефинирани и споредувани сите други облици што следуват по него. Така, старата шема на социологијата на трудот, односно поаѓањето од средствата за работа и производните сили, ја

[14] N. Aubert, *Le pouvoir usurpé*, P. Laffont, Paris 1982, 28.

пренесува само старата социјална конфигурација, без можности појасно да се види природата на промената.[15] Со тоа невработеноста, деквалификацијата, новите облици на работно време итн., како да беа минливи, случајни и како такви неинтересни за социологијата на трудот. Религиозноста на социологијата на трудот придонесла богатите содржини што се креираат на полето на трудот да се концентрираат околу еден центар. На тој начин, селективноста на социологијата на трудот е голема, а во концептот влегувале само оние содржини кохерентни на тесната концепциска рамка. Од друга страна, сферата на трудот претставува едно од најдинамичните подрачја на општеството, каде што промената не е случајност, туку законитост. Така изгледаше дека социологијата на трудот доцни зад својот предмет. Но, таа денес вешто се враќа на местото каде што се случува трудот и сите негови социјални ефекти.[16] Хоризонталните разместувања, промените во квалификациите, деквалификацијата и појавата на нови квалификации, меѓусекторските движења, новите групирања, новите облици на управување и партиципацијате на работниците, новите потреби и сознанијата, образованието итн., претставуваат само фрагмент од сложената проблематика на социологијата на трудот. Во однос на ова, интересно е укажувањето на Д. Кергоа[17]: *„Последниве неколку години, социологијата на трудот излезе од фабриките за да види што се случува во градот, консумацијата, индустриската политика... меѓутоа и покрај тоа не ги забележа жените.“*

Така, на пример, во рамките на старата концепција доминираше една хипотеза според која: ако работничките се наоѓаат најдолу на хиерархиската скала на квалификации, тоа е поради тоа што тие имаат пониско образование од мажите и не се доволно остручени за заземање на поквалификувани работни места. Подлабоката анализа покажува дека оваа хипотеза е незаснована. Имено, жените не се долу затоа што се необразовани во однос на целокупниот школски систем и можностите што ги дава тој, напротив тие се добро образовани и квалификувани, но не за дејностите од сферата на продукцијата, туку за сферата на репродукцијата.

Во анализите на трудот, социологијата не ја респектираше разликата, туку трудот бил разгледуван како целина. Откако тој бил определен како една

---

15 P. Rolle, *Travail et salariat...*, 48.

16 Ibidem, 12.

17 D. Kergoat, *Plaidyer pour une sociologie des rapports sociaux*, Le sex du travail PUG, 1984, 80.

релација, како организирано дејство во рамките на одредени колективитети со цел да се произведе материја која ќе биде разменета на пазарот[18], сите натамошни анализи оделе во насока на постигнување конзистентност на почетната концепција. Всушност, ревидирањето на општиот поим на трудот ја менува целокупната концепција на социологијата на трудот каде што поголема е отвореноста за согледување на разликите оставајќи простор промената сама да влезе во анализата. Секоја методологија што има интенција општествената пракса да ја вметне во концепциската шематизираност на проблемите, не ќе може да ја согледа постоечката разновидност, реалноста ќе биде замаглена а теоријата ќе се однесува или за некое друго време, или воопшто нема да има врска со неа. [19] Тенденцијата да се дојде до една кохерентна ситуација, до еден чист поим води повеќе кон една идеолошка мистификација .

Секој истражувач, за кого реалноста претставува еден голем предизвик, потполно е свесен за сложеноста на ова подрачје на општеството. Овде анализата не може да биде права линија, туку мозаик составен од разновидни делчиња што ја губат смислата ако се надвор од фотографијата што тие како елементи ја сочинуваат. Така, концепцијата, која тргнува од средствата за производство што го креираат наличјето на трудот, претставува само една од подоцнежните етапи од историјата на социолошката мисла за трудот. Промената во пристапот на социологијата на трудот овозможува да се согледа вистинскиот удел на трудот што го вложуваат жените во целината, да се согледаат релациите и детерминантите на положбата на жените во сферата на трудот, но и пошироко, бидејќи положбата на поединците во општеството е одредена во голема мера од начинот на остварување на егзистенцијата. На тој начин, многу од проблемите поврзани со делувањето на жените во сферата на трудот ќе ја добијат својата вистинска светлина дури откако ќе се поврзат со целината на општествениот амбиент. Така, на пример, причините за слабата квалифицираност на женската работна сила нема единствено да се бараат само во техниката и технологијата или во склопот на делувањето во фабриката каде што тие досега беа барани, туку во сите оние подрачја на делување на жените како што е семејството итн.

---

18 G. Fridman, *Sociologija rada*, Veselin Masleša, Saraevo, 1971,16.

19 P. Rolle, *Travail et salariat...*, 7.

## *2.4. ИНДУСТРИСКИОТ СИСТЕМ И ПРОМЕНИТЕ ВО ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА*

Проблемот на односите меѓу мажот и жената добива своја вистинска историска рефлексија со настапувањето на индустриското општество и тоа како резултат на радикалните промени предизвикани не само во сферата на производството, односно во средствата за работа револуционизирани од примената на машината, туку и во промените во семејството, начинот на остварување на човечката репродукција и во сите други елементарни делови на општествената структура.

На посериозните научни пристапи им претходат многу дебати што се водат не само во социјалистичките кругови, како што обично се мисли, туку во еднаква мера и во буржоаските. Во периодот на 19 век, салоните се исполнети со жестоки дискусии за природата на жената, за новостекнатата положба на жената како работничка, за новата улога што ѝ ја доделуваат социјалистичките движења каде што се јавува како еднаков член на класата што треба да ја освои власта итн. Многу често, како повод за зголемениот интерес на прашањето за положбата на жената во општеството се истакнува делото на Бахофен *„За матријархатот"*, кое претставува удар на патријархатот кој се сметал како вечен систем на воспоставени односи меѓу половите.

Меѓутоа, во рамките на научните кругови сè повеќе се зголемува интересот за женското прашање, и тоа не само во општествените, туку и во другите науки. Така на пример, интересна е анализата што ја прави еден лекар-хирург Жил Мишле[20] прикажана во неговиот труд „Жена". Воочувајќи ја поделбата и различните интереси на обата пола во општеството, тој истакнува: *„Тие немаат веќе заеднички мисли, ниту заеднички јазик, па дури и за она што ги засега обете страни, тие не знаат како да говорат. Ако понатаму не се внимава, тоа нема веќе да бидат два пола, туку два народа"*. Нималку рамнодушен спрема работничките, авторот се впушта во една голема научна авантура, сакајќи да види дали тешкиот живот во затворениот темен простор на фабричките хали, како и тешките услови за остварување на егзистенцијата што станува судбина на сè поголем број жени, остава траги врз мозокот на жената. Имено, тој со хирушки зафати го проучува мозокот на жената и потоа го

---

20 Ž. Mišle, *Žena*, Beograd, 1922, 6.

споредува со нејзиниот живот, нејзината работа, потоа, нејзината анатомска структура и трагите што ги втиснал начинот на живеење. Голем интерес за него се жените работнички. Парадоксално. Зашто најголемиот дел од човештвото во текот на историјата трага по егзистенција во многу тешки услови и го следи слична судбина, а никому не му паднало на памет да врши анализа на нивниот мозок за да ги согледа последиците од сиромаштијата. Така, како констатација од овие бурни дебати и научни анализи од овој период може да се донесе следната констатација: *машината како да е измислена да ја потчини жената, зашто таа е последен работник, најмалку платен валкан слуга на машината. Машината го уништува мајчинскиот инстикт, кој се рефлектира врз самото тело и врз духот на жената.*[21]

По повод влијанијата што ги имала машината во професионалната промоција на жените постои еден мит. Имено, на машината ѝ се дава големо значење за пресвртот во сферата на трудот, овозможувајќи им на жените да влезат во „ветената земја“ на платите, еднаквоста и промоцијата.[22] Машината за шиење и машината за пишување го симболизираат тоа. Но, не може категорично да се тврди дека машината е таа која доведува до професионална промоција на жените.[23] Тоа може да биде така со оглед на техничката поделба на трудот која создава неквалификувани работни места што ги потполнуваат работници што не стакнале никаков занает во нивниот живот и не се квалификувани да заземат поквалификувани работни места. Затоа, таквиот труд го обавувале жените и децата. Генерално, жените заземале работни места каде што трудот е помалку комплицуван, рачно изведуван. Или, како што истакнува М. Перот: *Местото на жената не е регулирано преку машината, туку преку прашањето на статутот. Механизацијата, ако таа значи излез од дома и помасовно влегување на жените на индустрискиот пазар на труд, не значи ниту нивно ослободување, ниту нивна промоција, ниту пак нивен пристап кон техниката. Стравот од полова еманципација води кон нивно надгледување*".[24] Значи дека статусот не го определува машината ниту пак нејзината 'логика на функционирање, туку една одредена положба во општеството што ја зазема единката.

---

21 . Ibidem, 20.

22 M. Perrot, *Femmes et machines au X IX eme siècle*, "Le romantisme", 1983, 41.

23 F. Messant - Laurent, *Evolution du travail fiminin*, Le sex du travail... .

24 Ibidem, 21.

Еден од доминантните ставови што ја дефинира жената е оној кој ја прикажува неа како природа. Имено, жената е природа и секој поинтензивен контакт со човековите творби може да ја заведе, т.е. да ја натера таа да почне самата да контактира со светот (општеството) и самата да креира слики и ставови за истиот. На тој начин се урива еден цел свет создаван повеќе илјади години или се урива целокупниот состав и структурата на суштествата што секогаш биле прикажувани како слаби, нежни и на кои секогаш им е потребна топлина, заштита. Иницирана од промените во положбата на жената во овој период е појавата на многу едукативни прирачници во кои се презентирани правила за зачувување на феминитетот, кои всушност значат општествени прописи преку кои се репродуцира подредената улога на жените во општеството. Инаку, тоа е време на прилагодување на патријархалната идеологија во новонастанатите услови што ги предизвикува индустријализмот и новата буржоаска идеологија. Тоа значи и трагање по некои фрагменти што ја нарушуваат вообичаената шема на релациите во општеството. Се бара начинот преку кој новите факти и промените во положбата на жената ќе се инкорпорираат во патријархалната идеологија што резултира со појава на ситнобуржоаскиот морал. Според тој морал, женскиот дел од работничката класа претставува деградација на жената, понижување на женскиот род и голема девијација, која го уништува семејството. Работничките не биле согледувани како нешто што самиот систем ги произведува, туку како самоник со привремена егзистенција. За буржоазијата, работничките не претставувале исто што и работниците-мажи, иако тие остварувале егзистенција под исти услови, како наемници. Жената сепак треба да остане „*суровина*“ која општеството може да ја обликува според своите потреби: послушна, верна, пожртвувана за своето семејство и сл.

Капитализмот, како систем на општествени односи што се креираат од неговото јадро, а тоа јадро е сферата на трудот, предизвикува крупни промени што можат да се лоцираат во неколку пунктови.

Како прво, трудот станува јавен, а тоа значи дека постои посебно работно место надвор од домот. Местото каде што се одвива трудот е фабрика и таа станува негов симбол. Потоа, природниот ритам на работата е заменет со механичкиот ритам кој е прилагоден на работата на машините, а не на организмот. Во општествата што претходат на индустриското, ритамот на животот и ритамот на работата беа испреплетени, било да се работи за

земјоделието како доминантна дејност, било за занаетчиството и др. Оттогаш, може да се зборува за сферата на трудот како за засебна сфера во однос на другите облици на општествениот живот. Оваа сфера има своја релативна автономија и се одликува со своја внатрешна структура сочинета од едно динамично ткиво кое прилега на флуид кој постојано е во потрага по сопствената форма. Така, човекот добива една друга, за ова општество многу важна димензија. Тој станува работник, а тоа значи дека подлежи на една крута рационална регулатива како што е самото работно време, работните задачи, занимањата, професиите и друго. Јавната сфера, односно општествениот сектор, станува доминантна форма во која се остварува најголемиот дел од производството, а економските услови наметнувале нужност голем дел од луѓето да остваруваат егзистенција на овој начин. Постои еден долг преоден период, т.н. *период на индустриската револуција*, што е значаен по своите белези и специфичности, чијашто анализа бара посебен простор.[25]

Индустријата во почетокот имала голема привлечна моќ, посебно за селаните кои имале ситни и неплодни парцели како и за агро-наемните работници. Жената во почетокот останува во семејството, но подоцна, од потребите на самата индустрија и ниските надници недоволни за живот во семејството, таа го напушта домот и се вработува во индустријата за наполу помали надници од своите машки соработници, заземајќи помошни, привремени, неквалификувани работни места. Тука се наоѓа почетокот на вклучувањето на жените во јавниот сектор. Овие промени, брзото и перманентно вклучување на жените во јавниот сектор, предизвикуваат строги оценки во рамките на одредени реакционерни кругови. Оваа нова положба на жената е предмет и на разни филозофски шпекулации што ја заобиколуваат релната социјална ситуација и причините за истата, вовлекувајќи го проблемот во сферата на моралот. Дилемата се завршува со тоа дека работничките се неморални, склони кон проституција и алкохолизам и затоа тие треба да му се вратат на семејството, заради иднината на општеството. Силниот ситнобуржоаски морал и идеологија ја гледаат иднината на капитализмот во патријархатот и строгата подреденост на жената на мажот. Оваа идеологија опстојува и денес, понекогаш со поголем интензитет, особено во кризните ситуации кога општеството е немоќно да ги

---

25 A. Eggebrecht, J. Flemming, *Povjest rada, od starog Egipta do danas,* Grafički zavod Hrvatske, Zagreb, 1987.

разреши економските проблеми. Таа живее во конзервативните јадра што ја репродуцираат. Така на пример, одвреме навреме и во нашите средини ќе се слушне дека причината за високата невработеност лежи во преголемата вработеност на жените. Како мерка за излез од кризата, според тоа, би било отпуштањето на жените од работа за да се ослободат поголем број работни места што ќе бидат пополнети од невработените мажи. Според тоа, може да се заклучи дека жените секогаш се при рака кога „општеството", олицетворено во еден силен машки авторитет, и покрај генијалноста, не може да најде „машко решение".

Вклучувањето на жената во јавната сфера е перманентен процес. Нејзино поинтензивно вклучување се забележува за време на Првата светска војна кога жените ги заземаат работните места на мажите кои биле на фронт. Оттогаш и започнува поорганизираната борба на жените за правото на работа и сите други барања за воспоставување на поголема еднаквост.

Вклучувањето на жената во јавниот сектор е доста долг процес што е одреден од сплет на општествено-историски околности, силни бранувања, но и резултат на една подолготрајна и жестока борба на различни, по својата ориентација и содржина, женски организации и движења. Така, на феминистичките женски организации им припаѓа заслугата за нивелирањето на биолошките разлики меѓу мажот и жената, иако овде се забележуваат и екстремни феминистички ориентации кои, барајќи еднаквост меѓу мажите и жените, всушност се борат за доминација на жените врз мажите. Всушност, сите сексистички движења како основа ја имаат нерамноправноста, односно супресијата не еден пол од страна на друг. Како резултат на развојот на средствата преку кои жената ќе може да го регулира раѓањето и правата жената да може да ги применува истите[26], потоа, како резултат на големите социјални пресврти предизвикани со социјалистичката идеологија во комплекс со другите промени, ќе се промени статусот на жената во општеството.

Овде не можеме да ги заобиколиме битните промени на положбата на жените во социјалистичките земји. Иако не може да се зборува за суштински

---

[26] Долго време, а и денес, општеството настојувало да воспостави контрола врз репродукцијата, односно врз самата природа на жената. Не само религијата, како најконзервативна идеологија во општеството, туку и законите ги забранувале средствата за регулирање на раѓањата, како и прекинот на бременоста. На тој начин, општеството воспоставува целосна контрола врз жените, претворајќи ги во машини за раѓање деца, особено во оние периоди кога смртноста на децата била многу висока.

разлики, сепак овде се јавува еден квалитативно поинаков момент. На местото на жената како природна, нежна и пожртвувана за семејството, се создаде една слика на силна жена, жена-работник, жена-револуционер која рамноправно со мажите учествува во изградбата на новиот поредок. Во овие земји, кои претежно беа неразвиени и со слабо анимирани женски организации[27] што би ја воделе борбата против подредената положба на жената, во многу краток временски период жената успева да се здобие со многу права, како на пример со изборното право, правото на образование, правото на работа и на еднаква плата, посебно социјално осигурување што ќе ја заштити како мајка и ќе ѝ овозможи на некој начин, иако формален, да ги следи поставените цели. Секако, ситуацијата во овие земји не е така идеална. Патријархалниот социјален поредок и во нив остана регулатор на односите меѓу мажот и жената и тоа на сите инстанци: во семејството, во работните колективи, во гранките на производство, во политичкиот систем итн. Меѓутоа, споредено со придобивките и интензитетот на продорот што жените го остварија во јавниот сектор во најразвиените земји во светот, може да се каже дека социјалистичките земји се во поголема предност. Пример: во најголемата светска сила и економски гигант САД - држава каде што феминистичкото движење било доста развиено, жената се изборува за еднакви права во сферата на трудот (Human Rights) во 1964 год. Земјите во Европа се близу до нив со екстремниот пример на Швајцарија, каде што за сличен закон не може да стане збор. Швајцарија сè уште е во доменот на најопштото право, правото на глас, каде што последниот кантон, Сент Гален, тоа право им го дава на жените во 1992 год.

## *2.5. СОВРЕМЕНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ И МЕСТОТО НА ЖЕНАТА ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ*

Историската перспектива, со богатството на содржините што ги дава, придонесува за подобар пристап кон поставениот проблем. Оттаму е и честото навраќање кон историјата и потрагата по еден континуитетот во кој се бара логиката на посакуваната анализа. Меѓутоа, дури и кога ќе се пронајдат нишките на тој континуитет, тие тешко се препознаваат во самиот живот, во реалноста

---

27 Според В. Томшич, *Жената и општеството*, Мисла, Скопје 1987.

која со целата своја сложеност поставува многу прашања, бара решенија, повикува на промени и создава визии.

Во една доста воопштена анализа, и тоа со цел да бидат прикажани големите промени што се случувале во периодот на т.н. *модерни цивилизации*, често се наидува на поимот *револуции*. Почетокот на овие цивилизации е означен со револуција, потоа, одредени етапи од развојот повторно се оквалификуваат како револуционерни или се периодизирани според револуции со различно име итн. Сето тоа значи дека постои една динамика на општествените процеси, една сукцесија на промени што не биле карактеристични за претходните етапи на човештвото. Така, и сферата на трудот почнува да се дефинира, периодизира и развива според т.н. *Индустриски револуции* што означуваат брзи и радикални промени во начинот на кој луѓето остваруваат егзистенција. Според една периодизација[28], во модерните општества досега се оствариле три индустриски револуции: *Првата индустриска револуција* предизвикана е од примената на парната машина што ја замени човековата механичка енергија и ги создаде фабриките во кои се одвива поголем дел од човековиот живот. *Втората*, заснована на електричната енергија, ќе го зголеми и поедностави овој механички потенцијал на машината, давајќи му на човекот големи можности да создаде и да развие еден друг начин на живот. *Третата* револуција во сферата на трудот се остварува со микроелектрониката, која го заменува човекот и во неговиот интелектуален потенцијал. Промените во материјалните ресурси на човековото делување се кумулативни и во основата имаат една социјална логика што ги генерира. Како резултат на односот меѓу техниката и технологијата од една страна, и човекот од друга страна, се креира цел еден сплет на односи, во помала или поголема мера институционализирани, што го усложнуваат човековото делување во оваа област.

Секако дека посебен предизвик за социологијата денес се промените на планот на производните сили, односно новите ресурси како база на остварувањето на човековиот труд, а тоа се новите технологии и т.н. „*resources houmaines*" кои добиваат доминантно значење во овој нов продуктивен склоп. Тоа се фактори што иницираат подлабоки промени на планот на институционалните системи, организацијата на трудот, а уште повеќе ја менуваат природата на работната сила, работното време и многу други моменти што

---

28 B. Marković, *Nove tehnologije, radnička klasa i sindikati...*, 5; A. Tofler, *Treći talas...*, 10.

влијаат на промените на севкупниот начин на живеење во дадена општествена средина. Во рамките на сето ова, треба да се напомене и еден светски процес, или како што некои уште го нерекуваат *„нова идеолоīија“*[29]. Тоа е процесот на мондијализацијата или *„оксиденūализација на свеūоū“* што брзо ги менува старите социјални структури и во нив ја внесува логиката на капиталот. Може да се каже дека лимитите на човековото делување во техничко-технолошки поглед се отстранети. Во една генерална смисла, вкупниот човечки потенцијал се зголемува, а промените во сферата на социјалното се евидентни. Дали не може да се зборува, со оглед на силните општествени бранувања што постојат во светот, дека се институционализира и се легитимира еден единствен поредок?[30]

Не навлегувајќи подлабоко во промените на содржината и карактерот на човековиот труд, бидејќи тие сè уште се во процесот на нивно дефинирање и се предмет на многу студии и содржина на многу дилеми и разидувања, овде е невозможно да се даде едно резиме, како што беше случајот за класичниот индустриски труд. Би можеле само да дадеме едно размислување што произлегува од досегашното студирање околу трудот, а тоа е дека трудот како да ја губи својата посебност, својата автономија во однос на целината. Тој сè повеќе се слева во вкупноста на општествените збиднувања, вклучувајќи ја и глобалната политика. Во вакви услови се потенцира социјалниот карактер, но на едно друго рамниште и во една целосно спротивна димензија од онаа што беше карактеристична за прединдустриските цивилизации.

Она што беше одлика на претходниот производствен систем - ориентираност кон масовно производство (т.е. производство што ги мобилизира сите фактори со кои ќе се зголеми продуктивноста), новиот производен систем тежиштето го префрла на квалитативниот аспект во кој до израз доаѓаат човековата креативност, односно мобилизирање на човечките ресурси за да се оствари профитабилно производство. Меѓу бројните фактори што влегуваат во економската игра, посебно место добиваат одредени организациски варијабли, флексибилната организација што брзо реагира на промени како и управувањето што ќе ги следи промените и ќе ги комбинира ресурсите.

---

29 S, Latouche, *La mègamacine*, La Decouvert / M.A.U.S.S., Paris 1995.

30 P. Noirot, *Chomage, pauvreté, exclusion, et si le capitalisme venait, lui aussi imploser*, Panoramiques-Corlet 3/1993.

Како посебна одлика на овој нов бран, покрај импозантното претставување на новите технологии и брзите социјални трансформации[31], е масовното учество на жените во јавниот сектор. Индустрискиот систем, како посебен социјален систем на производство, и машинизмот како негова техничка основа, го започнаа овој процес на воведување на жените во јавниот сектор на трудот. Модерниот социјален систем на производство, чие име сè уште е спорно[32], и неговата техничка основа, микропроцесорот го поттикна и го овозможи во уште поголема мера вклучувањето на жените во овој производствен систем.[33] Овде би упатиле само на неколку основни поставки преку кои се упатува на клучните места каде се одвиваат промените и влијанијата што *„новите технологии"* ги имаат врз женската работна сила:

- Деквалификација на женскиот труд, расчекор меѓу квалификациите и потребите;
- Мистификувано прикажување на значењето на новите технологии од страна на лица кои немаат доволно сознанија за човекот и неговите потреби, односно технократска доминација;
- Новите технологии не се единствена причина за промени и реорганизација на трудот, тие не ретко се користат како средство за реализација на одредени политички цели:
- Жените потешко доаѓаат до нови работни места;
- Промени во насоките на образованието и ориентација кон нови звања како резултат на брзиот продор и развој на НТ;
- Како посебен проблем е интернационализацијата на капиталот што со себе носи ред политички и економски промени што се одразуваат врз статусот на работната сила како и на женската работна сила;
- Скратување на работното време и скратеното работно време;
- Менувањето на условите за работа (семејни претпријатија).[34]

---

31 Се мисли, пред сè, на промените на социјалните системи во бившите социјалистички земји, но антиципирани се и промените во институционалните системи во економски развиените земји, како што е примерот со Европската унија која создава еден општ социјален систем за земјите членки, но и предизвикува промени во секоја од нив.

32 Се мисли на називите од страна на некои од аналитичарите на овој период. Така, за А. Турен тоа е *постиндустриско општество*, за некои *информатичко општество* и сл.

33 Европскиот координациски центар за истражувања и документација во општествените науки, со седиште во Виена, и секторот за општествено-хуманистички истражувања при УНЕСКО, покренуваат проект со наслов: *„Жените во науката и технологијата"*. Целта на овој проект е да се утврди влијанието на новите технологии врз промената на односите меѓу половите, како и учеството на жената на поодговорни места во науката и техниката.

34 Според статијата на A. Kanjuo, *Žene u nauci i politici*, Žena, br. 4 (1994), Zagreb 1994.

Секако дека не може да се зборува за универзални последици од примената на новите технологии. Тие варираат според одредени културни, економски, политички и други партикуларитети. Овде се зборува само за општи тенденции што се иницирани како резултат од примената на новите технологии што имаат голема дифузиона моќ која ги промовира нив доста брзо, економски исплатливо и едноставно во техничката сфера, на различни географски простори, и тоа во многу брзи временски интервали.

## 2.6. *ОПШТЕСТВЕНАТА МОЌ И НЕЈЗИНАТА ДИСТРИБУЦИЈА ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ*

Организацијата на трудот, во кои било работни колективитети, каде што на еден единствен простор се среќаваат многу луѓе, кои, иако делуваат различно, со својата дејност водат кон остварување на единствена цел, нужно ја наметнува управувачката функција што ќе обезбеди складност во делувањето на сите чинители. На значењето на управувањето за самиот производствен процес укажуваат уште најраните анализи на трудот. Изградени се дури и целосни теориски системи каде што оваа функција се апстрахира од другите како посебно значајна. Секако, овде не може да се заобиколи до денес актуелната Тејлорова *Научна организација на трудот.*[35] Тејлор беше првиот кој организацијата на трудот во индустријата ја постави на една теориска основа, укажувајќи на одделни структурни елементи, како и на значењето на тие елементи според нивниот придонес во функционирањето на организациите. Така, тој, како една од највиталните функции во организацијата на трудот, ја истакнува функцијата на управување каде што треба да се концентрира целокупниот креативен момент, односно организирањето, предвидувањето, планирањето, реализацијата, дефинирањето и мерењето на задачите на секој поединец. За значењето на управувањето во функционирањето на организациите, иако не на така посреден начин како во Тејлоровите принципи на научната организација на трудот, укажува и движењето во социологијата наречено *„Движење на меѓучовечките односи“* за кое се врзува името на Е. Мејо. Имено, управата е таа која може најмногу да придонесе за социјалната клима во претпријатието и за

---

35 F.V. Tejlor, *Principi naučne organizacije rada,* Rad, Beograd 1964.

психолошката мотивација на работниците.[36] Тејлоровиот *homo economicus* или *homo faber*, кој реагира само на материјални стимуланси, овде го отстапува местото на еден работник чија структура на потребите битно се разликува. На местото на мрзливите и глупави работници кои реагираат само на пари, овде работниците се личности со многу чувствителна психолошка структура на кои постојано им треба некој да ги советува. Со тоа е пронајден клучот за мотивацијата и интеграцијата на работниците со претпријатието. Не помалку работникот и овде е средство преку кое управата треба да ги постигне своите цели.

Во современите организации, иако на планот на управувањето се остваруваат бројни промени[37], управувањето и натаму останува клучно место и многу значајна функција во организациите. Уште од конституирањето на индустрискиот систем на производство таа се наоѓа на врвот на хиерархиската пирамида што ја симболизира социјалната структура на работните колективитети. Оваа функција редовно е придружена со големо количество на моќ која дава можности личноста што ја извршува функцијата да влијае на однесувањето на останатите луѓе во организацијата, да поставува, да разместува, да менува и сл. Луѓето што ја извршуваат оваа функција уживаат доста привилегии. Како таква, таа е доста привлечна за поединците и доста посакувана, таа е еден голем мотив, фиксирана цел, амбиција што креира одредени однесувања кај поединци и групи кои во голема мера го детерминираат карактерот на организациите. Патот кон врвовите на хиерархиската пирамида е доста неизвесен и достапен е само за поединци. Така, шансите за да се дојде до тие позиции во организациите се лимитирани. Постои еден социјален филтер кој го креира социјалната матица, кој создава премин за едни, а препреки за други. Токму овде може да започне одмотувањето на клопчето што треба да го претстави проблемот на анализа во овој труд. Имено, што е тоа што ги спречува жените да прават кариера и да се борат за високи позиции во организациите? Дали тие навистина не ги задоволуваат објективните критериуми што организацијата нужно ги наметнува како што се: квалификации, стручност,

---

36 P. Tripié ,*Sociologie du travail*, *кај* P. Durand, *Sociologie Contamporaine* ,Vigot, Paris 1993.

37 V. Arzenšek, V. Rus, *Rad kao sudbina i kao sloboda,* SNL Zagreb 1984. Се укажува, меѓу другото, дека како последица од примената на автоматизацијата се менува и социјалната структура на претпријатието, односно тимско работење, колективна одговорност или поливалентен работник, што битно влијаат на карактерот на моќта во организациите.

образование и слично, или постојат ред биолошки, психолошки и други барикади што го препречуваат заземањето на овие функции?

На крајот може да се заклучи дека големите промени на планот на производните сили и ресурсите што стојат во основата на работењето на организациите во високоиндустријализираните средини, акцентот го преместуваат од мртвиот капитал кон живиот, од производната средина кон пазарот. Оттаму се и промените во содржината на управувањето, како и полето на неговото делување. Со цел да се укаже на промените во сферата на управувањето, денес сè повеќе се зборува за менаџмент. На него се гледа како на најмоќно оружје, посебен, стручен начин на следење на динамиката во сферата на економијата каде што е неопходно брзо да се реагира на настанатите промени со целосно или делумно менување на деловните програми, насоките па и целите. Менаџментот се воздигна на ниво на посебна научна дисциплина, доста популарна и доста барана. Менаџерот е една од посакуваните професии. Веќе постои еден модел на менаџер, чијшто опис може секој да го даде, односно: сериозен, строг, оддава авторитет и сигурност, за кратко време ги извршува неопходните разговори, вешт, анатомски обликуван во својот костум што ги регулира неговите движења итн. Тој ги поседува сите атрибути на моќта. Навраќајќи се на нашиот проблем, овде можеме повторно да поставиме повеќе прашања на кои ќе биде одговорено понатаму. Имено, дали можеме да креираме идентична слика, како претходната, за жена која учествува во распределбата на моќта? Дали можеме да ги напуштиме клишеата и на местото на една шармантна, блага, привлечна жена да го поставиме моделот на менаџерот. Главно - да. Достапната литература која оскудно го опфаќа проблемот на жените во управувањето ни нуди токму таква слика. Всушност, повеќето од жените што се наоѓаат на врвот на хиерархијата ги нарекуваат *жени-мажи* поради нивната тенденција да го освојат моделот. Зошто е тоа така? Ако можеше овде, на самиот почеток од анализата, да се даде каков било издржан одговор на ова прашање тогаш патот по кој се' оди за да се расветли поставениот проблем се чини дека ќе беше полесен. Овде сме поставени во ситуација не да одиме по патот, туку да го направиме патот, процес кој може да биде здодевен, неизвесен.

# 3. ОПШТА МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Елаборацијата на методолошкиот приод кон проучувањето на проблемот на жените во општеството бара еден посериозен напор што е наметнат од природата на самиот проблем. Еден широк примерок, каков што претпоставува квантитативната анализа, сам по себе не е гаранција за валидноста на едно истражување. Се работи за непристапна материја, чија анализа бара посебна длабочина, појава каде што е претпоставено влијанието на неочекувани фактори. На пример, и покрај законските прописи за еднаквите шанси на сите во сферата на трудот, дискриминацијата по пол, раса, потекло и натаму постои и доста тешко се доаѓа до податоци што ќе ја прикажат неа ако таа не се следи кај типични случаи во еден подолг временски период. Потоа, се работи за една ексепционелна група, жени на управувачки функции, кои бројно се малку во однос на активната женска популација. Овде се во прашање посебни услови, состојби, лични карактеристики и аспирации, со што квалитативната анализа, заснована на еден доста добро образложен прашалник, ги има сите адути да пенетрира во физиономијата на самата појава и во разоткривањето на причинско-последичните врски што ја предизвикуваат неа. Оттаму, се наметнува потребата, покрај примената на квантитативните методи што ќе ја опфатат хоризонталната подвижност, и од примена на квалитативни методи за да се прикаже вертикалното продирање на жените во социјалната хиерархија, односно продирање кон функциите на моќта. Така, како дополнителна аргументација во поткрепувањето на валидноста на посакуваниот пристап е токму моќта која, помалку или повеќе, е прикриена, затаена, окултна, а со големите бројки обично се постигнува само еден посакуван ефект.

Истражувањата што се спроведуваат врз една женска популација наидуваат на една важна теориска тешкотија. Овде може да се наметне онаа доста присутна реченица на М. Мос: „*Не може да им се каже на нашиūе сūуденūи дека ние наūравивме социолоīија на мажиūе, а не социолоīија на жениūе, или на обаūа ūола*“.[38] Всушност, тешкотијата се состои во осветлувањето на разликите меѓу мажите и жените, што произлегува, како прво - од терминолошка природа, потоа концептуална, методолошка итн. На пример,

---

38 Цитирано според F. Messant-Laurent, *Sécrétes Sécretaires* (докторска дисертација), Université de Lausane 1989, 15.

терминологијата со која се служат науките во експликацијата на содржините на својот предмет се однесува на мажите, како што е: работник, службеник, инженер, менаџер, раководител и сл. Македонскиот јазик во овој поглед е доста флексибилен и се чини дека на овој план можно е побрзо да се направат терминолошки транскрипции, отколку во францускиот или во англискиот. Лингвистиката понекогаш може да даде многу силни аргументи за односите во едно општество и тоа прикажувајќи ја етимологијата на зборовите и значењето на зборовите. Добри примери за тоа може да се најдат во францускиот јазик каде што поимот *човек* и поимот *маж* се идентични.

Проблемот на жените во сферата на трудот, условно земени како хомогена група, односно нивното продирање во сферата на јавниот сектор, претходи на секое натамошно попродлабочено проучување какви што се и интенциите на овој труд. Ова доаѓа оттаму, бидејќи дејствуваат глобални социјални фактори што ја одредуваат положбата на сите нивоа. Тоа секако не би требало да значи операционализација на некои општи постулати што ќе го негираат резонот на понатамошна поспецијализирана анализа, туку спротивното. Студирајќи ги работните колективитети во кои луѓето ја остваруваат својата лична егзистенција и идентификација, во кои ја остваруваат својата лична промоција или стагнација, неопходно е да се опфати целокупниот општествен контекст што го сочинуваат многу институционални или формални моменти (законски прописи, организациски правилници, образованието, дипломи, културно искуство итн., што се прекршуваат преку низа неформални начини, навики, стереотипи, состојби итн.

Ова укажува на сложеноста на поставениот проблем. Како независни варијабли, т.е. социјални фактори што ја одредуваат положбата на жената во претпријатието, не се јавувааат само организациските фактори, туку многу значајни се факторите што доаѓаат од сферата на приватниот живот како и пошироката и потесната околина, што ја дефинираат и ја детерминираат положбата на жената. Социологијата на трудот постулира една автономија на организациите, но не треба да се заборави дека прототип на модерното претпријатие е „*семејното претпријатие*" од почетокот на индустриската револуција. Од друга страна се наметнува фактот за скорешната присутност на жените во јавната сфера, чија позиција не е така стабилна.

Синтетизирајќи ги изложените содржини од ова поглавје можеме да укажеме на неколку основни идеи што го прават скелетот на концептуалната

рамка. Како почетна точка од која се поаѓа во секоја анализа на жените во општеството е дефинирањето на оваа група во однос на другите општествени групи. Оваа концепција го респектира фактот според кој диференцијацијата по пол покрај својата биолошка димензија, во голема мера поседува и социјална димензија како продукт на што се јавува и различната положба на мажите и на жените во општеството.

Во ова поглавје беа вложени напори да се поврзе начинот на кој жените делувале во општеството со научните факти од одредени научни дисциплини. Правењето коридор кон општествените науки што се бават со проблемот на трудот, т.е. поврзувањето со категоријалниот апарат, со постоечките шеми и со класификациите е мошне значајно во ситуации кога се јавува еден нов проблем во науката, каков што е проблемот на жените како социјална група. Тоа најдобро можеше да се согледа преку примерот на политичката економија, како една од постарите општествени дисциплини, која во развивањето на својот предмет ги имаше заборавено жените и нивниот ангажман во сферата на трудот. Но, неизбежна беше и социологијата на трудот, бидејќи главниот напор се состои во тоа проблемот на жените да се стопи со целокупната проблематика во оваа научна дисциплина.

Многу е значајно да се истакне дека зголемената динамика на општествата по Индустриската револуција во најголема мера придонесе за идентификација на проблемот на жената во општеството. Сè поголемото вклучување на жените во сферата на трудот, од овој период окарактеризирана како јавна, појасно го прикажа групирањето според пол кое во претходните етапи заради индивидуалното остварување на егзистенцијата тоа беше отежнато. Индустријализмот како нов облик на производство и капитализмот како нов социјален облик ја створија фабриката и нејзината социјална димензија - организацијата на трудот, во чии рамки жените добија посебна положба во однос на мажите. Од овој период до денес продорот на жените кон виталните функции на општеството е перманентен. Денес тие се пред портата на најзатворените елементи од општествената структура - високите управни функции. Што придонесува за темпото на нивно вклучување - ќе се обидеме да одговориме во понатамошните страници од овој труд.

# ГЛАВА ВТОРА

## *РАЗЛИКИТЕ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ: ИСТОРИЈАТ, КОНЦЕПЦИИ, ИДЕОЛОГИИ*

*Поделба на праксата меѓу половите настанала во минатото, се одржала во еден културен континуитет во историската меморија на општеството и човештвото, изгубено е сознанието за неговото потекло.*[39]

## 1. ПАТРИЈАРХАТОТ - ОСНОВНИОТ СОЦИЈАЛЕН СИСТЕМ ШТО ГИ РЕГУЛИРА ОДНОСИТЕ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ

Како општествен принцип, според кој биле уредени односите меѓу мажот и жената, кој длабоко ќе се имплицира во многу општествени процеси и појави, кој ќе ја одреди содржината на многу општествени односи, ќе дефинира улоги и одредува судбини, принцип кој ќе надживее многу епохи, препознатлив и денес, е патријархатот. Тоа е оној принцип кој поаѓа од биолошката диференцијација, ја воведува истата во општеството, ја продлабочува и збогатува со многу други моменти. Иако овој принцип има и свои други аспекти што ја компонираат биолошката диференцијација, сепак, како негова основна содржина се наметнува половата диференцијација која влегува како биолошки факт што длабоко ќе се испреплете со социјалните содржини, со што добива во значење, но не како социјална потреба, т.е. како потреба на заедницата од одредени причини да ја реализира таквата поделба, туку како природен закон. Патријархализмот, потпирајќи се на овој природен закон, опстојува уште од самиот почеток на човековиот општествен живот до денес, креирајќи еден цел систем на однесувања, положби, улоги, карактери, способности. Со тоа, тој се стекнува со

[39] N. Ler- Sofronić, *Neofeminizam i socijalistička alternativa*, Radnička štampa, Beograd 1986.

правото да се нарече *социјален систем воспоставен во сферата на меѓусебните односи на половите.*

Патријархализмот, како систем на регулација на односите меѓу половите, не наликува на оние системи што се социјално детерминирани, поради што и е претпоставена нивната променливост. Тој во општеството е поставен како природен поредок, при што се прикажува како вечен систем кој го избегнува социјалниот каузалитет карактеристичен за односите меѓу луѓето во општеството. Биолошката аргументација во конзервирањето на односите меѓу половите е неговото најмоќно оружје што го одржува како принцип. За природата на овој принцип и за она на што тој се темели ќе стане збор понатаму. Овде, од интерес е да се прикажат социјаните аспекти во поделбата на човечкиот род на два пола, кои, според улогите што ги добиваат во општеството, застанале на две различни страни. Во таа смисла, патријархатот станува една идеологија на еден поредок заснован на доминацијата на мажот, на тој начин обезбедувајќи неприкосновеност на моќта што, еднаш стекната, успешно ја репродуцира. Значи, основна содржина на тој принцип е моќта, посебен вид на моќ што општеството му ја доделува на мажот, со што тој станува титулар на жената со големи права и овластувања за да го одреди нејзиното однесување, да ги дефинира нејзините улоги со кои ќе ја држи затворена во еден тесен сплет на биолошко-репродуктивни функции, надвор од сферата на социјалните збиднувања.

Меѓутоа, значајно е да се напомене дека патријархатот, како социјална содржина што ги регулира односите меѓу половите што се наметнува во многу општества, сепак не може да се земе како универзална и непроменлива категорија. Тој, со текот на времето, се менувал, се прилагодувал кон различни форми и историски создадени содржини. Тој го менувал својот облик, сила итн. Во различни средини тој добива и различни социјални содржини, тој е проткаен со сите други форми на социјално живеење, обичаите, културата, мотивите, желбите, целиќе на една популација. Оттаму, речиси секогаш при проучувањето на овој феномен се наидува на големи тешкотии при неговата операционализација. Една од поголемите тежини на овој план е поставувањето на разликите меѓу половите на една здрава научна основа, а тоа значи одредување на границите меѓу биолошките и социјалните манифестации на постоечките разлики. Оттаму, секој обид да се направи таа разлика може да заведе и да ја изгуби мерката. Исто така, тука се остваруваат многу други

влијанија што доаѓаат од страна на политичките движења, некои други цели и интереси што ќе ја зголемат тежината на едниот тас, со што лесно може да се застрани, како што го покажуваат тоа досега постоечките правци во науката и многу други движења како што се: феминизмот, марксизмот, фројдизмот итн. Од друга страна, тешкотии создава и ширината на искуственото поле каде што треба да се бараат содржините на патријархализмот. Така: бракот, семејството, училиштето, претпријатието, пазарот на труд, културата, пријателствата, роднинските односи, дури и најскриените желби и мотиви на поединците, кријат во себе патријархални молекули. Овде се поставува прашањето: *Како тој ќе се препознае и апстрахира од останатите содржини?*, а, доколку се успее во тоа, уште поголема тешкотија претставува обединувањето на сите негови манифестации и конструкцијата на генотипот на патријархализмот. Затоа, аналитичарите, и покрај сознанието за големиот влог на патријархатот во одредувањето на положбата на жената во општеството, го заобиколуваат.

Во некои случаи[40] патријархатот се одредува како склоп од одредени односи меѓу мажите, хиерархиски поставени, но креирани врз база на меѓузависност и солидарност што ќе им овозможи доминација над жената. Овде, хиерархијата би значела давање на некои отстапки со што би се овозможило да се постигне контрола, барем врз една жена. Имено, во почетната инстутиционализација на патријархатот, водачите, за да обезбедат поголема моќ и за да ја зацврстат власта, им овозможувале на мажите да станат глава на семејството. Зависноста на мажите во општеството била предуслов за зависноста на жените. Материјалната основа врз која се надградува патријархатот се состои во контролата што мажите ја имаат врз трудот на жените. Оваа контрола се одржува со тоа што на жените им се оневозможува пристап кон продуктивните извори. Со оглед на тоа што поделбата на трудот според половите е супстанца на материјалната основа на патријархатот кој од еден биолошки род создава два одвоени рода (машки и женски), тој ја креира и потребата мажите и жените да живееат заедно од економски причини. Всушност, се работи за тоа дека жената не може во никој случај да живее сама, бидејќи е лишена од основните средства за егзистенција. Така, мажот се јавува како протектор над жената, отстранувајќи ги неправдите што и ги нанесла природата, која ја направила жената слаба и неспособна да делува како мажот.

---

40 H. Hartmann, *Nesrećni brak marksizma i feminizma: ka progresivnijem zajedništvu*. Marksizam u svetu 3/1983.

Свои етимолошки зачетоци патријархатот има во т.н. *pater familias* каде што се распознава една структурирана идеја за родителство. Римјаните први го користеле терминот *famillia* за да означат една социјална заедница каде што има шеф врз мажот, жената и децата, а *famillius* значи ропство во рамките на една куќа. *Famillia* исто така значи заедништво на робовите кои припаѓаат на еден човек.[41] Значењето на овие термини има своја социјална подлога. Многуте проучувања покажуваат дека жената и децата во докапиталистичкиот период биле сфаќани на сличен начин. Децата не биле сфаќани како суштества кои се разликуваат од возрасните, со оглед на нивниот личен капацитет или нивната психа. Се претпочитала нивната биолошка неразвиеност, но сепак биле вклучувани во поделбата на трудот и не биле многу зависни од своите родители. Децата го делат животот на возрасните. За животот учеле од самиот живот, без да бидат сегрегирани во посебните институции што ќе се јават подоцна. Социјалната инфериорност децата ја стекнуваат подоцна, што не е случај со жената, која уште од почетокот на формирањето на социјалните колективитети ја има подредената положба.

Трагајќи по историјата на половата диференцијација, многу анализи како своја појдовна точка го земаат матријархатот кој имплицира една превртена полова хиерархија на патријархатот, т.е. една моќ придодадена на жената во доменот на социјалната организација и економијата, или. жените како носители на иницијатива во односите меѓу половите. Како аргумент често се наведува верувањето во божици, но исто така и аграрната револуција, каде што жената е споредувана со плодноста и со земјата-хранителка, како еден нов услов во остварувањето на човековата егзистенција. Меѓутоа, аналитичарите на матријархатот наидуваат на крупни методолошки проблеми во однос на регрупирањето на фактите со кои ќе биде докажан овој социјален поредок т.н. *Мајчинско право*. Бројните дискусии, што ќе настанат по однос на овој феномен, главно се засноваат или поаѓаат од анализите на Јохан Јакоб Бахофен и неговото класично дело: „*Системи на крвно сродство*" или *истражување за религиозната и правната природа на матријархатот во древниот свет*.[42] Според него, *Матријархатот* е владеење на мајката во семејството и пошироко, и е резултат на длабокото незадоволство на жената од поредокот што на неа и го наметнал

---

41 Sh. Firestone, *La dijalectique du sex*, Превод од англиски од Sylvia Guadow, Stock, Paris 1972.

42 D. Bembendžer, *Mit o matrijarhatu: Zašto u primitivnom društvu vladaju muškarci*, zbornik "Antropologija žene", Prosveta Beograd 1983.

мажот, а тоа историски се случило во некоја подоцнежна фаза, откако претходно е поставено владеење на мажот. Според правниот речник, матријархатот е поредок т.н. *Гинократија со воспоставено граѓанско владеење на жената и наследување на сопственоста по мајчина лоза.*

Меѓутоа, тешкотиите настануваат при обидот оваа појава да се вметне во еден целосен социјален склоп каде што се воспоставува релација со многу други конкретни моменти. Сличен пример е даден во генерализација на ропството, каде што од историските факти со нивно регрупирање (пр. ропството во Античка Грција, во Рим или во Египет, потоа, робот Аристотел или Чичо Том) треба да се изведе една појава на супресија, иако овде има суштински разлики и многу дилеми.[43] Така, матријархатот тешко се лоцира во конкретни историски факти. Со тоа тој останува една идеја која, помалку или повеќе, наоѓа поткрепа во митовите каде што жените имале подеднакво важна улога во општествените збиднувања. Во повеќето митови жените имале голема моќ, тие владееле со мажите[44]. На пример, познатата слика на жени-амазонки, добиена од антрополошките проучувања во Латинска Америка, југозападно од Амазон, се силни жени, агресивни, кои владееле со мажите според многу строги принципи. Дали всушност, преку митологијата, не се прикажува обратното, тешката положба во која се наоѓале жените, а митот е еден вид на компензација или желба за она што не може да биде во реалноста.

Анализата на митовите покажува дека митовите симболично прикажуваат една социјална структура според моделот *„полов дуализам“*[45]. Наместо да се поткрепи тезата за посебната положба што жените ја имале во општествата за чиј живот тие се однесуваат, се добива спротивното, односно инфериорност на жената која е ситуирана на границата на знаењето, жената како создавач и уништувач, жени-божици, обожавани и почитувани, но и прогонувани и злоупотребувани.[46]

---

43 P. Roll, *Travail et salariat...*.

44 D. Bembendžer, *Antropologija žena...*, 261.

45 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé*, P. Laffont, Paris 1982.

46 D. Benbendžer, *Mit o matrijarhatu...*

## *1.1. БИОЛОШКИТЕ РАЗЛИКИ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ И ПАТРИЈАРХАЛНАТА ИДЕОЛОГИЈА*

Сè до појавата на микроскопот доста се шпекулирало околу настанувањето на биолошкиот организам. Една од доминантните идеи била дека ембрионот уште од својот почеток го има својот човечки лик. Некои дури и виделе како сперматозоидот исфрлил една кошулка од која се појавило едно мало човече.[47] Имено, според овие гледишта, што се доминантни во докапиталистичкиот период, жената има сосем мал удел во создавањето на еден нов човечки организам. Оваа идеја, според која жената е носител на пасивниот принцип, е креирана уште во античкиот период и опстојувала до неодамна. Така, кај Аристотел: *„ако здружувањето на материјата и формата е неопходна за секоја активност, тогаш неопходно е активните и пасивните принципи да бидат разделени во две категории на хетерогени единки. Активниот принцип се однесува на мажите, а пасивниот на жените“*.[48] Истата идеја се препознава кај Хегел кој смета дека *„два пола мораат да бидат различни, така што едниот ќе биде активен, а другиот пасивен. Природно е жената да биде пасивниот елемент.“*[49] Развојот на биологијата ја побива оваа голема предрасуда, како што истакнува С. Де Бовоар: *„жива искра не е затворена во ниеден од двата гамета, машкиот и женскиот“*.[50]

Експликацијата на проблемот на половата диференцијацијата наметнува посебен пристап каде што ќе бидат интегрирани многу варијабли од биолошки карактер, но и од социјален. Биолошките разлики се само претекст за диференцијацијата, тие одат како готови факти што секогаш се инкорпорираат и комбинираат во еден поширок социјален контекст, но никако не можат да се земат како резон на самата диференцијација. Сепак, она што ја чини диференцијацијата е препотенцирањето на биолошките разлики и дефинирањето на социјалните функции според природните функции.

Сосем е прифатлива констатацијата на С. Де Бовоар дека: *„Жената е пoслаба од мажот; таа има помала мускулна сила, помалку црвени крвни зрнца,*

---

47 С. де Бовоар, *Вториот Пол...*, 34.

48 Ibidem, 34.

49 Ibidem, (Hegel *Filozofija na prirodata III) 36.*

50 Ibidem, 35.

*помал дишен капацитет, побавно трча, крева помали тежини, нема ниту еден спорт во кој може да се натпреварува со мажот... Телото на жената е еден од битните елементи кој влијае на нејзиината положба на овој свет. Меѓутоа, општеството не е вид, во него видот се остварува како егзистенција. Во општеството единките не ѝ се препуштени на својата природа. Личноста не може да се сведе само на тело, тоа е тело потчинето на табуа, закони, вредности итн.*" [51]

Како многу честа определба за жената се смета онаа што ја изедначува неа со природата. Од каде оваа афективност меѓу природата и жената, и меѓу мажот и општеството?

Повторно одговорот треба да се бара многу рано во човековата историја. Според некои аналитичари, самата функција на жената да раѓа и сите други пропратни функции што произлегуваат од тоа, како доењето, негата, цврстата био-психолошка врска што постои меѓу мајката и детето, ја доближуваат до самата природа. Според други, целата природа како да личи на мајка, притоа акцентирајќи ја земјата-хранителка која мистично била приврзана за жените. Земјата ја има моќта да влијае на засеаните плодови. За земјоделецот земјата е мистична. На самите почетоци од своето дејствување во природата, во рамките на примитивното земјоделие, човекот се чувствувал пасивен и зависен од природата која доделува опстанок и смрт. И децата и жетвите во овој период се јавуваат како натприродни дарови. Подоцна, кога човекот ќе ја обликува алатката според својата замисла, тој ја согледува силата на својата волја, го согледува резултатот што произлегува директно од него, што не е случај со земјоделството каде ништо не може да го забрза зреењето и сл. Тогаш исчезнува значењето на мистичните вредности, а практичните доаѓаат на прв план. Изгледот на светот се менува, а на местото на „религијата на жената која е врзана со владеењето на земјоделството доаѓа религијата на *homo faber* како владеење на времето и просторот што можат да се победат"[52]

Жената, понатаму низ историјата, ја следи друга судбина. За неа било кобно што не станала соработник на работникот и што била исклучена од овој начин на живот и начин на мислење. Така, таа станала еден друг свет, а за оној останатиот имала малку разбирање, со што останала потчинета на тајните на

---

51 Ibidem, 64.

52 Ibidem, 110.

животот, на општеството со кое владее мажот. Меѓутоа, доколку жената е послушна и му се покори на поредокот што го создале мажите, таа ќе добие едно одредено место во општеството. Положбата на жената во општеството сликовито е прикажана во законите на Ману каде се вели: *„Со легитимен брак жената ги стекнува истите квалитети со мажот, слично на реката која се губи во океанот...“*[53]

Во однос на половата диференцијација познат е платоновскиот мит: *„Во почетокот имало мажи, жени и двополци; секоја единка поседувала двојно лице, четири раце и четири нозе и две залепени тела; еден ден тие биле разделени на два дела ,како што се кршат јајца‘ и оттогаш секоја половина се труди да се соедини со својата дополнителна половина: подоцна Боговите решиле со спојувањето на две различни половини да се создадат нови човечки суштества“*. Што се однесува до местото на жената во поделбата на трудот, на која Платон и дава посебно значење во општеството, ќе се дофати со една реченица: *„Ако природата не ги сакаше жените и робовите, таа ќе направеше разбојот да ткае сам“*.[54]

Античкиот период, во поглед на општествената организација на трудот, има редица специфичности. Заради остварување на економската егзистенција на луѓето во овие услови, неопходно е вложување на еден поголем квантум на труд во сферата на материјалното производство. Со оглед на нискиот степен на развој на материјалните производствени сили, човечкиот труд бил тежок, напорен, а како таков приврзан кон една категорија луѓе кои биле најдолу на општествената хиерархија. Тие биле предодредени да го носат товарот на целокупната човекова егзистенција, оние коишто општествената судбина ја носат како природна судбина. Во обмислувањето на овој период се наоѓа една основна идеја која го презира мануелниот труд како и неговите носители, затоа што тие се слични на она што тие го работат, односно тоа е труд *unanimé*, без да постои свест за она што се работи, исто како огнот кога гори без да знае зошто гори, недуховните работи ја потполнуваат само својата природна функција. Во ваков поредок, според природата на функциите што жената ги извршува, врзани пред сè за раѓањето и одржувањето на децата, односно подготовката на храна облека и др., таа нема суштински различен статус од робот, или во една

---

53 Ibidem, 11.

54 E. Sullerot, *Histoire et sociologie du travail feminin, Essai, Paris, Gonthier. 1962.*

невредносна варијанта во нејзината целосно природна функција, како едно дрво што дава плодови, дрво што добро се чува и одгледува, но заслугата за добрите плодови не му се припишуваат нему.

Ако се направи еден поредок на природни аргументи, се доаѓа до соодветна поделба на трудот - која од друга страна се користи како аргумент за нееднаквоста. Тоа кај Ксенофон изгледа вака: *„Госӣод ги создаде жениӣе за да осӣанаӣ внаӣре (дома), а мажиӣе за сиӣе други функции. Госӣод ӣоа го наӣравил зашӣо жениӣе не го ӣоднесуваaӣ сӣудоӣ, жешӣинаӣа и војнаӣа. Заӣоа, за жениӣе е чесӣ да осӣанаӣ дома, а нечесно да се ӣлеӣкааӣ наоколу. За мажиӣе важи сӣроӣивноӣо“*[55]

Тогаш, кога семејството, односно приватниот имот или сопственоста, станува ќелија на општеството, се потврдува патријархалното право и потчинетоста на жената на мажот. За посебностите на овој однос и специфичностите што ги носи во одделни епохи овде не ќе се расправа, но би можело да се напомене дека овој однос варира во одредени временски периоди, во зависност од целокупниот социјален контекст. Така на пример, во одредено време во Античкиот Рим, жената, иако подредена, имала поинаква положба од онаа што ја имале жените во Античка Грција. Формулата *„Ubi tu Gaius, ego Gaja“* не покажува дека жената била робинка, туку сопатничка на мажот. Врската што ги поврзува мажот и жената била толку света, така што за време од пет века немало ниту еден развод. Жената не е одделена во своите одаи, таа присуствува на обедите, прославите и ужива посебна почит.[56]

Дека жената сепак има некоја призната положба во општеството покажува Катон велејќи: *„Насекаде мажиӣе владеаӣ со жениӣе, а со нас, кои владееме со сиӣе мажи, владеаӣ нашиӣе жени“*[57] Дури и законската положба на римјанката се прилагодува кон реалната положба. Тоа значи дека државата ја става жената под своја надлежност и во поглед на нејзината заштита или осуда надлежна е самата држава, со што таа се ослободува од располагањето на мажот, таткото или туторот. Жената тогаш добива и сопствено место во општеството, признат е нејзиниот субјективитет.

---

55 Ibidem.

56 С. Де Бовоар... *Вӣориоӣ ӣол...*, 130.

57 *Ibidem*, 130.

На уште посуптилен и подлабок облик на супресија на жените во општеството се наидува во средниот век и во нему својствената христијанска идеологија. *„Еванѓелието е вдахнато со милосрдие што се однесува колку на жената, толку на ѓубавциите“* констатира С. де Бовоар. Во почетокот, како религија на обесправените, жената има порамноправна положба со мажите, која подоцна со Светото писмо ќе биде поинаква. Така, Свети Павле на жените им наложува скромност и воздржаност: *„Бидејќи жената е создадена од мажот, таа е створена заради него и да го служи него“*. Христијанството, како религија каде што сетилноста е проколната, ја смета жената како најопасно искушение на ѓаволот. Врз жената, исто така, лежи гневот поради првобитниот грев, затоа е опасно кога жената расудува. Бракот, пак, се смета како отстапка од човечките слабости и е неспоив со христијанската совршеност. За тоа сведочи наметнатиот целибат за свештениците, со што се потенцира опасниот карактер на жената, нејзината нечистотија и заканата за човештвото што треба да живее во еден зацртан калап што го формира религијата.

Во Античкиот, Средниот и во сите други периоди, постои битна разлика во однос на положбата на жената, и тоа според припадноста на одредена социјална класа или слој. Така, во Средниот век, жените од неблагородничките семејства се наоѓаат во поегалитарна положба со мажите, бидејќи им се дава можност да учествуваат во извршувањето на занаетот заедно со другите членови во семејството, посебно тоа се однесува на агрикултурата, занаетчиството итн. Од 10 до 14 век жените имале пристап речиси до сите професии. Ова истото не важи за жените од благородничката класа. Тие жени биле сосем потчинети на олтарот на приватната сопственост. Ова ропство било дотолку поригорозно, доколку било поголемо богатството со кое располага мажот. Во владеечките класи зависноста на жената секогаш била најконкретна, зашто, колку што човекот се чувствува општествено и економски моќен, тој повеќе ја игра улогата на глава на семејството.

Меѓутоа, периодот на ренесансата дава нешто ново во поглед на можностите жената да се третира поинаку. Величејќи го љубовниот занес и вдахновението со романтика на младите поети од овој период, жената, иако слабо кревко суштество, станува објект на вечната љубов. Оттогаш и почнуваат бурните дебати, литературни или салонски напади и одбрани што не ќе бидат без влијание врз актуализацијата на проблемот на жената и нејзината положба во општеството. Меѓутоа, изразувањето на самата жена, истакнувањето на

нејзините мисли, потреби и барање нивна легитимизација било многу тешко. Само под машки псевдоним, криејќи се, жените можеле да пишуваат и објавуваат, и тоа само жените кои припаѓале на владеечката елита. Всушност, културата секогаш била привилегија на женската елита, а не на масата, како што констатира С. де Бовоар.[58] Меѓутоа, токму од масата често произлегувале машките гении. Дури и повластените жени наидувале на пречки кои стоеле на патот до врвот.

## 2. НОВИОТ СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И ПРОМЕНИТЕ ВО ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА

Уште со мануфактурата, како еден организациски облик на трудот што претходи на капиталистичкиот, започнува воведувањето на жената во процесот на трудот. Тогаш се воочува корисноста на женската работна сила за капиталистичка употреба. Меѓутоа, поради неразвиеноста на базата на овој облик на производство, која подоцна ќе биде создадена со употребата на машината и фабриката како нејзин организационен облик, не постојат услови за докрај да се развие капиталистичкиот однос, со што сферата на продукцијата и сферата на репродукцијата остануваат неразделени. Во предвечерјето на капитализмот, домот претставува место каде што целото семејство, до најмалите членови, се ангажирани во производство на производи што му припаѓаат на друг, т.е. за пазарот. Тоа е период на неизграден капиталистички авторитет и хиерархија, така што регулативата не се спроведува во општествената сфера, туку во техничката сфера. Меѓутоа, социјалните силуети на капиталистичкиот систем се на повидок, односно и мажите и жените да се во служба на пазарот на кој, нешто подоцна, и тие ќе се јават како стоки чија понуда расте многу брзо. Во моментот кога започнува сепарацијата на сфера на продукција и сфера на репродукција́ се искристализира и една поинаква поделба на трудот што ја видоизмени и поделбата на трудот според половите.

Ситуацијата во предвечерјето на капитализмот се менува. Што се менува и што ги конституира социјалните услови на капитализмот како и нивната импликација врз положбата на жената?

---

[58] Ibidem... 154.

Уште со Француската буржуаска револуција се забележува спонтано движење за правата на жените. Посебно се истакнува барањето за повраќање на женските занаети, потоа правото на жените еднакво да можат да се образуваат со мажите и др. Ниедно од овие барања не ќе биде прифатено од револуционерите. Големиот револуционерен бран и социјалната сила произлезена од него ја заобиколија оваа сфера на општествени односи, иако жените и нивниот револт придонесоа за ферментацијата на револуционерната борба. Револуцијата, поткрепена од идеите на француските мислители, ги разби илузиите на жените за еднаквост. Така, како презент на тогашната мисла за прашањето на жената во општеството, како и зголемените барања за еднаквост, може да се наведе мислењето на Ж.Ж. Русо според кого *„образованието на жената треба да биде релативно според она на мажот, жената е створена за да го заведува мажот, но и да ги поднесува неговите неправди“*[59]

Големите мислители од овој период, залагајќи се за воспоставување на редот, се залагаат за строго хиерархиско општество, каде што семејството повторно ќе биде основна клетка. Не би можело без да се спомене и ставот на еден од основоположниците на социологијата, Огист Конт, кој по однос на ова прашање смета : *„Женскоста е еден вид продолжено детство што ја оддалечува жената од идеалниот тип на видот. Таа е биолошки послаба, што се одразува на нејзината интелектуална инфериорност, улогата на тоа афективно суштество е улога на домаќинка... ни управувањето ниту образованието не и одговараат“*. Глорификаторот на индустрискиот систем и техничкиот прогрес, Конт, предвидува дека развојот на општеството ќе доведе до целосно укинување на женската работа надвор од семејството.[60]

Конструкцијата на капиталистичкото општество, започната од неговите темели – индустријата и капиталистичката организација на трудот, во својата градба ги вградува и најситните клетки од човековотео социјално живеење. Уште на самите почетоци, буржуазијата го руши традиционалниот закоравен морал и ги отвара вратите на либерализмот од секаков тип, и тоа под фразите: еднаквост, братство и слобода за сите. Меѓутоа, она што го создаде капитализмот е секако новото вреднување на трудот и неможноста да се биде на врвот на општеството, доколку не се биде на врвот во економијата. Така, човекот, без оглед на кое

---

59 E. Sulerot, *Histoire et sociologie du travail feminin..., 142*

60 Ibidem, 150.

рамниште се наоѓа, ја добива придавката *homo ekonomikus*, и тоа како поседник на капиталот кој ќе биде живо заинтересиран за оплодување на капиталот, или пак како наемник кој живо ќе биде заинтересиран за својата егзистенција. Самата природа на овој систем брзо ќе ги апсорбира, како економски категории, не само жените, туку и децата.

Капитализмот го продлабочи јазот меѓу приватното и јавното. Домот го оддалечи од сферата на трудот, така и оние занаети што претходно биле типично женски, како што се предењето, ткаењето, плетењето и сл., индустријализмот ги пренесе во фабриките и тие беа ставени под контрола на капиталот. Женскиот труд во капиталистичките фабрики се најде на периферијата. Жените станаа помошнички кои го надополнува статичкиот карактер на машините, кои, без квалификации, пренесувајќи ги материјалите од едно до друго место, поминуваа дневно и по триесетина километри низ фабричкиот простор. Ваквата ситуираност на жената во рамките на капиталистичкиот начин на производство произведува уште една противречност, а тоа е противречноста меѓу машката и женската работна сила, поделеност предизвикана од самите потреби на капиталот и принципите за профитабилно работење каде што се користат природните разлики што веќе во епохата на машинизмот не мораат да имаат посебно значење. Имено, делувајќи како енергетски инпут, машината го заменува човекот во поглед на неговото физичко напрегање и тука човековиот физикус го губи своето значење. Машината е силна, моќна и прецизна. Ја нема таа поединечна човечка сила која може да се споредува со неа, таа е програмирана успешно, т.е. совршено да го совлада секој отпор на материјалот. Нејзиното командување е едноставно и не бара физичко напрегање, туку, пред сè, психичка издржливост и мануелна вештина, или пак одредено интелектуално дејствување, кое, според биолошките закони, е еднакво распострането кај припадниците на обата пола.

Меѓутоа, дали сите овие предности, предизвикани од примената на машината, ќе го означат крајот на половата диференцијација? Дали жената ќе ја постигне својата сатисфакција преку работата? Резимирајќи околу дејствувањето на жената во сферата на трудот, еве како Е. Сулеро одговара на поставените прашања: „*Тие работеле, епоха по епоха. Тие сликале, тие произведувале, но никогаш не добиле вистинско социјално значење за нивната активност. Нивниот труд не им давал ниту право на граѓанство, ниту пак материјални богатства, а особено не им давал независност. Дури и повеќе, секогаш кога*

*еволуираат идеите за трудот и кога некои активности стануваат пожелни и почестени, изгледа како жените секогаш да ја пропуштаат приликата да дојдат до нив"*.[61] Според положбата што ја имала жената индустрискиот систем, може да се заклучи дека таа не добила сатисфакција. Иако жените претставувале значаен дел од армијата на трудот, тие никогаш не биле хомогена категорија што може да се дефинира и да се смести во одреден контекст. Во спротивно, овој дел од работната сила одразува празнина и конфузија во своето социјално битие што се огледа и во неговата негативна определба, односно како дел од работната сила што е најмалку платен, неквалификуван, непостојан итн.

Уште од самиот почеток од вклучувањето во сферата на трудот, изложувајќи се на законитостите на пазарните вредности. но и денес, женската работна сила има помала вредност. Тоа допринесува таа да се дисперзира во домени како што се: пружање на домашни услуги, значи, во секторот каде што се остваруваат репродуктивни активности што индустријализмот многу го распострани; потоа, текстилната индустрија и насекаде каде што има потреба од неквалификувана работна сила. Развојот на производните сили оди во прилог на се поголемото вклучување на жените во јавниот сектор во сферата на трудот. Меѓутоа, паралелно со овој тренд, се забележува и трендот на сегрегација на жените кон секторите или работните места што ја имплицираат структурата на традиционално женските активности. Така на пример, како резултат од примената на новите технологии, се забележуваат промени во структурата на дејностите и појава на нови структурни елементи во кои доминантно место зазема терциерот. Имено, терциерот, како сектор во кој се вклучуваат широк спектар дејности од видот услуги, помош, едукација, слободно време, разновидни агенции и сл., настанува како резултат од зголемената продуктивност на трудот во индустрискиот сектор и земјоделството, со што се ослободува голем трудов потенцијал што ги следи нараснатите потреби во другите области од општественото живеење на луѓето. Денес, терциерниот сектор во развиените земји опфаќа 60% од вкупниот фонд на трудот. Меѓутоа, понекогаш неоправдано настанува идентификација меѓу терциерот и секторот услуги. Терциерот се однесува на дејностите што произлегуваат од новата поделба на трудот, додека за секторот услуги не може да се каже дека припаѓа исклучиво на терциерот, затоа што постојат дејности со карактер на услуги што спаѓаат и во вториот сектор.[62]

---

61 E. Sulerot, *Historie et sociologie ... cit.*, 10.

62 Confederation Francaise democratique du travail: *Le tértiaire éclate: Le travil sans modèle. Paris, Seuil, 1980*

Преку работата, жената дошла до своето достоинство на човечко суштество, но каква била жртвата на тоа освојување? Затворена во капиталистичките касарни-фабрики, претежно во текстилната индустрија, и по петнаесет часа во текот на денот, нејзината судбина не се разликува од онаа на робот, каде, наместо од камшикот, гонета е од ритмот на машината, потоа навредувана, казнувана и искористувана. Овде добро се совпаѓа забелешката дадена во тоа време: „*Мажот ја издржува жената кога таа не работи, но и кога работи*“.[63] Надниците на жените биле толку мали што тие не можеле да се издржуваат самите себе, поради тоа тие биле склони кон морално застранување, проституција, како и алкохолизам, поради тешките услови на работа.

Работничките, како посебна група во капиталистичката економија, долго време не можеле да го идентификуваат својот интерес, како ни својата положба. Нивното учество во синдикатите било многу слабо и во рамките на работничките синдикати ретко кога бил артикулиран некој нивен посебен интерес. Женското работничко движење се преточува во социјалистичкото движење, без притоа да добие можност за поартикулирано истакнување на својот посебен интерес во класата на работниците. Настаните од понов датум сведочат дека работничките синдикати пред сè го штитат интересот на мажите и, доколку дојде до расчекор меѓу интересите на мажите и жените во едно претпријатие, мажите, односно синдикатот, не се солидаризираат со барањето или интересите на жените, туку застануваат на страната на управата. Сè уште нема одговор на прашањето: *Зошто жените во овој период, а и денес не успеваат да се наметнат и да ги истакнат своите интереси на еден поорганизиран начин?*. Сложеноста на ова прашање не пречи овде да се истакнат некои од причините за таквата ситуација. Тоа е, пред сè, бавниот продор на жените во сферата на трудот со што нивното присуство овде сè уште не се сфаќа сериозно, потоа, заземањето периферни работни места и оддалеченоста од центрите на моќ, што ја намалува можноста за самоорганизација и нега на едно чувство за поредок. Како посебно значајна причина е потенцирањето на примарната функција на жената како мајка, како носител на репродукцијата. Сето ова влијае учеството на жената во сферата на трудот да добие преоден, т.е. привремен карактер. Судејќи според доминантниот став во општеството и според положбата на жената во производниот апарат, трудот за жената нема интринзичен карактер, напротив, интризично жената е

---

63 K. Marks, *Mašine i krupna industrija*, Kapital, 1 tom, BIGZ Ptrosveta, Beograd 1979.

врзана за семејството и тоа е нејзиниот вистински интерес. Со тоа, кога се работи за мотивираноста на жената да се вклучи во процесот на трудот, работничките се наоѓаат во самата зора на индустријализмот. Едно истражување спроведено кај нас[64] може да го поткрепи овој став. Имено, поголемиот дел од вработените во едно претпријатие од текситилната индустрија одговориле дека доколку би имале можности да не работат и да имаат нормална егзистенција, тие би останале дома и преферираат да се грижат за семејството. Трудот има екстринзичен мотив, а работата ја доживуваат како тешкотија. Со можностите жената професионално да се промовира и со нејзиното прогресирање кон повисоко вреднуваните професии на социо-професионалната скала ќе настанат значајни промени на овој план. Трудот за жените кои имаат повисоко место во хиерархиската скала добива сосем поинакво значење. Тој веќе не е само средство за егзистенција и подобрување на семјниот буџет, туку процес низ кој личноста се изградува, предизвик за борба, поле на идентификација и сатисфакција. Промените во сферата на трудот ќе иницираат и промени во семејството кое претствува „јајна клетка" во која се репродуцираат патријархалните односи. На тој начин ќе се промени односот меѓу сферата на продукцијата и репродукцијата како дијаметрално поставени сфери на општественото живеење на луѓето во модерниот свет.

## 3. МОТИВАЦИЈАТА ЗА РАБОТА КАЈ ЖЕНИТЕ

Едно од основните прашања што се поставуваат во социологијата на трудот е прашањето зошто човекот работи. Зафаќајќи го трудот како социјален феномен, голем дел од содржините на социологијата на трудот директно или индиректно се однесуваат на ова прашање. Во основата на делувањето на луѓето во сферата на трудот стојат повеќе мотиви. Така, како основен мотив се смета универзалниот човеков принцип, според кој и човекот се нарекува суштество *sui generis.* Според овој принцип, постојат длабоки внатрешни тенденции кај човекот да делува како работно суштество, или трудот се третира како инстинкт кој го овозможува нему својствениот опстанок. Освен за овој генерички мотив,

---

64 А. Јовановиќ, *Планирање на сесмејството во Република Македонија,* докторска дисертација, Филозофски Факултет - Скопје, 230.

може да се зборува и за други мотиви што го мобилизираат човекот за работа. Така, постои цела хиерархиска скала од мотиви, подредени според значењето што им го дава целокупниот општествен комплекс. Прашањето што овде се поставува е: *Дали жените кои делуваат во сферата на трудот поинаку го доживуваат трудот и дали тие не му даваат на трудот некое посебно значење?*. Поинаку кажано, дали вклучувањето во сферата на трудот за неа има значење на реализација на универзалниот човеков принцип според кој тој станува „*sui generis*", работи за лична сатисфакција или работи за да обезбеди неопходни средства за егзистенција, како што е вообичаеното излагање на мотивите во теоријата за мотивацијата, или постојат некои други мотиви што произлегуваат од нејзината посебна положба во општеството?

Во одговорот на овие прашања може да помогне и анализата за работничките, направена од Д. Кергоа, која истакнува: „*Многу од нив не ја сакаат својата работа, сметајќи ја за тешка, без некоја јасна социјална цел. Тие се критични, наспроти технолошката еволуција која се повеќе и повеќе ги лоцира нив кон индивидуални работи, каде што немаат ниеден контакт со другите. Меѓутоа, да се има една работа за нив има друга вредност. Можеби тој труд не е валоризиран ниту од средината, ниту пак од општеството, но тој истиот е длабоко ценет во нивните сопствени очи. Тој, во крајна инстанца, им овозможува една релативна автономија, како и една автономна социјална егзистенција*"[65]

Во поткрепата на оваа теза интересно е да се спомене еден случај на штрајк што ниедна анализа, која се занимава со проблемот на женскиот труд, не може да го избегне. Се работи за штрајк кој е единствен по својата форма и содржина, како и во барањето на работничките. Тоа е штрајкот организиран од страна на жените во една конфекциска фабрика на северна Франција, поточно во регионот Па де Кале. Карактеристичен е по времетраењето, по начинот на кој се реализира и по придобивките. Имено, не се работи за штрајк, туку за тивка револуција. Жените ја окупирале фабриката и останале внатре три години. Тие под своја контрола го ставиле производството, трговијата и распределбата. Главниот проблем, поради кој е отпочнат овој вид на револт, бил преселувањето

---

65 D. Kergoat, *Les ouvrières,* Le Sycomore, Paris 1982, 118.

на фабриката во друга земја.[66] Значајното во овој штрајк е она за што се бореле жените, а тоа е нивната работа. Тоа е првата генерација жени во тој регион, кои излегле од дома и ја сфатиле предноста на работата. Борбата за да се задржат работните места навистина била жестока. Пред нив се испречуваат нивните семејства и целото општество со сите мерки за да го разбијат штрајкот. Во подоцна објавените биографии, повеќето од жените истакнале дека за нив работата значи живот, тоа било борба за живот и слобода. Речиси во сите студии за жените и нивниот труд, случајот Па де Кале, или уште наречен „*Western Feminin*" не може да се заобиколи .

Кога се зборува за мотивацијата за работа кај жените, се наидува на една издиференцирана мрежа од мотиви која резултира од повеќе чинители, меѓу кои позначајни се: квалификациите, материјалната положба на семејството, образованието, карактерот и содржината на трудот, староста, професијата на мажот, религијата, бројот на децата, фертилниот период итн. Имено, според податоците од истражувањата,[67] кај работничките доминира економскиот мотив. Тие се жалат на својата работа, тие не би работеле ако имаат доволно за живот. Случајот со службеничките е поинаков, за нив посебно била значајна економската независност. Кај нив исто така постои свест за предностите на социјалната димензија на трудот, како што е сопствениот круг на колеги, својот професионален живот, т.е. свест за социјалната околина, поширока од онаа што ја дава кругот на семејството. Интересно е дека во проучувањето на мотивите за работа, без оглед дали се работи за економските, социјалните итн., антиципирано е семејството. Тоа упатува на многу блиската врска меѓу трудот на жените со нивните семејства. Афективна врска со трудот може да постои или да не постои, но афективната врска со семејството е секогаш присутна. Неретко во разговорите меѓу жените на работното место како тема се јавува семејството, особено децата, готвењето итн. Всушност, жените работат за да го купат ова и она, за децата, за дома. Платата за една жена не е нејзино апстрактно прикажување во одредени парични единици, туку конкретни, веќе оформени потреби кои повторно се поврзани со семејството.

---

66 A. Borzeix, *Le temps des chemises: la grève qu'elles gardent au coeur, Paris, Syros, 1982.* Една цела студија е посветена на овој штрајк кој е најголем по своето траење. Со оглед на неговата популарност и интересот во политичките движење, тој е познат како *„време на кошулите"*.

67 D. Ronci, *Les ouvrières entre le travail et usine, Le sex du travail...* .

Вредностите во однос на работата кај мажите и жените се бинарни, како што бинарно и се поставени односите меѓу половите, т.е. маж-жена, добро-лошо, целибат-брак, работа-забошотување, активност-пасивност итн. Мажите се така поставени во сферата на трудот, што преку нивното делување може да се согледа и реализација на основниот мотив, т.е. на генетскиот принцип. Така, за мажот биле приврзани атрибутите: добро, активност, работа и сл.. Но, не е сигурно тоа дека мажите се поквалификувани, повеќе платени, или повеќе мотивирани за работа, затоа што повеќе ја сакаат работата отколку жените.

## 4. ПСИХОЛОШКА ПОДЛОГА ВО ТОЛКУВАЊЕТО НА РАЗЛИКИТЕ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ

Како што уште претходно беше напоменато, психоаналитичкото гледиште за разликите меѓу половите е едно од најексплоатираните гледишта при анализите на факторите што ги детерминираат положбите на мажот и жената во општеството. Популарноста на Фројдовото сфаќање секако е несомнена. Пред да се истакнат суштинските моменти на ова сфаќање за половата идентификација, може да се истакне прашањето: *Од каде доаѓа оваа популарност и долговременска актуелност на оваа теорија?*. Како одговор често се наведува нејзината целовитост, конзистентност и оригиналност. Критичарите на психоанализата, главно, појавата и афирмацијата на оваа теорија ја поврзуваат со т.н. *културна ферментација* во почетокот на дваесеттиот век која е предизвикана од бурните социјални превирања во овој период, кои, од една страна се предизвикани од социјалистичките револуции што на запад се протолкувани пред сè како закана и деструкција на семејството, динамиката и карактерот на капиталистичкиот систем, и од друга страна, самиот капитализам и можностите за негово преструктуирање. Така, во овие услови, како една круцијална тема се наметнува сексуалноста, како и потребата на луѓето да се идентификуваат во овие услови.[68]

Доследна на своите основи, оваа теорија ги бара почетоците на сексуалната идентификација уште во раното детство. Детето, според својата биолошко-физиолошка структура, е бисексуално. Средината, со своето културно

---

68 S. Firestone, *La dijalectique du sex...* ,26

милје и системите на сродство, влијае на детето да дојде до една слика за себе како припадник на одреден пол. Во однос на тоа, Фројд вели: *Еден извесен степен на анатомски хермафродизам е нормален. Кај секоја индивидуа се наоѓаат извесни елементи од спротивниот пол. Ова се факти што се широко познати од еволуцијата на живите организми. Понатаму, доаѓа до ориентација кон моносексуалност, но сепак, на некаков начин останува еден атрофиран остаток од спротивниот пол.*[69] Фројд прави разлика меѓу биолошка бисексуалност и психолошка бисексуалност која е подредена на една психолошка пресија што е повеќе присутна кај жените. Имено, според психичката и телесната конституција кај жената, спротивниот пол порегуларно коинцидира. Ова произлегува оттаму што мажите поседуваат само една генитална зона, а жените две: вагинална (која е чисто женска) и клиторис аналоген на машкиот член. Меѓутоа, во поновите анализи за хомосексуланоста[70], таа е објаснета со степенот на сексуалното искуство. Според овие студии, хомосексуалноста не е изместена верзија на нормалното сексуално однесување поврзано со полот, како што објаснуваат психоаналитичарите. Всушност, констатирано е дека врзувањето за одреден пол значи прифаќање на улогите што се приврзани за него, со што хомосексуалноста би можела да значи еден револт против една таква дистрибуција на улогите. Психолозите укажуваат на т.н. *природна ориентација* кон хомосексуалноста и меѓу општествено изграден идентитет на маж или жена, според одредени модели оформени од општеството. Семејните и општествените процеси ги репродуцираат категориите *женско* и *машко* во правец на одредени целесообразни форми на еротизам. Така, како еден од начините со кој општеството се наметнува врз половите е ограничувањето на сексуалноста само на продуктивно сексуално однесување, што било, и сè уште е присутно, наоѓајќи голема поткрепа во религијата. Оттаму, законот против содомијата е закон против нерепродуктивниот секс кој се оквалификува како заговор против природата.

С. Фројд, во однос на сексуалноста, го подржува овој патријархален став кога истакнува дека либидото како сексуален нагон е типичен фактор на машкоста (изразување на сексуалноста), а типично женски е рефулементот, што значи потиснување. Кај жената е елиминирана секоја сексулана страст, па дури и

---

69 S. Freud, *Trois essais sur la théori de la sexualité*, Paris, Gallimard, 1962, 36.

70 Според, M. Baret во *Antropologija žene...* .

онаа во бракот, со цел да се интензивира чувството на мајчинство. Овде, секако е видливо испреплетувањето на социјалните, историските или идеолошките моменти со психолошките на поединечен план, каде психологијата само попатно ги споменува како околина, дури и кога се употребува терминот *социјална* тој не е дефиниран со што се намалува неговото значење. Кај Фројд и кај другите психоаналитичари е препознатлива идејата за двоен стандард на сексуалниот морал, каде што прељубата на мажената жена е далеку посанкционирана од општеството, отколку прељубата на оженетиот маж. Дека полот е тесно поврзан со одредени модели или калапи што општеството ги креира, сведочи и фактот дека сексуалноста не е стриктно врзана за репродукцијата. Имено, во општеството сè уште се осудувани и прозрени жените кои раѓаат вонбрачни деца.

Во една ваква анализа на половата диференцијација секогаш постои опасност за застранување. Овде не смее да се испушти предвид фактот за природната врска што постои меѓу половите во однос на биолошката репродукција. Таа овде не е проблем и затоа е периферно нејзиното поставување. Овде се истакнува засилената врска меѓу жената, сексуалноста и репродукцијата. Жената, после сексуалниот чин, целосно е препуштена на репродукцијата, односно, бременоста, раѓањето, доењето, воспитувањето и др. Биолошкиот редукционизам, кон чија квалификација инклинира и фројдовото сфаќање, не ја објаснува во целина идентификацијата со полот. Овде, од аспект на социологијата, не доведувајќи ја притоа во прашање природата, ниту пак природните предиспозиции на половите, се изнесува на виделина идеолошката позадина на половате диференцијација и идентификацијата со полот.

Имено, според Фројд, три карактеристики ја чинат суштината на жената. Тие се: *пасивност*, *мазохизам* и *нарцисоизам*. Но, според новите видувања, овие три карактеристики немаат чисто биолошка основа. Пред сè, се работи за стереотипи, ставови конструирани во едно социо-културно милје по повод одредени разлики. Доказ, дека тие се конструкции настанати под влијание на социјалната околина, е нивното различно значење во различни култури.

Според Фројд, детето, односно момчето, уште во авто-еротскиот стадиум се врзува за мајката, а се идентификува со таткото. Тоа е познатиот Едипов комплекс од кој се развива комплексот на кастрација. Поради желбата да ја придобие мајката, детето се плаши да не биде казнето од својот татко, што предизвикува агресивно однесување спрема таткото. Во исто време, момчето го интернализира и подржува авторитетот на таткото и, создавајќи една свест кај

него, т.н. *суперего,* може да се каже дека процесот на идентификација е целосно извршен, што значи дека комплексот го снемува и синот се ослободил од таткото кого го сместил во себе. Наспроти процесот на половата идентификација на момчињата со полот на кој му припаѓаат, овој процес кај жената е опишан преку т.н. *комплекс на Електра* што Фројд го развива аналогно на машкиот облик. Во почетокот, девојчето исто така се врзува за мајката, што е остаток од оралната фаза. Подоцна, на возраст од околу пет години, девојчето ја открива анатомската разлика меѓу половите и реагира на недостигот од машки полов орган. Тогаш, тоа си замислува дека била кастрирана, односно казнета, со што мора де се откаже од своите машки стремежи. Таа се доближува до таткото и ја побудува неговата нежност, иако во потсвеста останува желбата да се идентификува со таткото, што може да има силни психолошки последици во развојот на сексуалноста кај жената. Според ова гледиште, жената е нецелосен маж, препознатлива идеја од претходните пасуси, но овде во едно психолошко руво. Посебно прашање е: *Зошто жената чезнее да биде маж?*. Тоа е факт кој не може да се побие. Но, никако тоа не може целосно да се аргументира само со машката биолошка конституција и за неа приврзаната сексуалност. Овде голема тежина носат причините од социјален карактер. Посакувањето на жената да стане маж ја аргументира нејзината инфериорна положба. Таа го посакува она место во општеството што го има мажот. Од друга страна, пак, критиката на психоанализата С. де Бовоар ја завршува вака: „*Она што психоаналитичарите го подразбираат како идентификување со мајката или со таткото, тоа значи да се оттуѓиш во модел, повеќе да сакаш туѓа слика во спонтаниот развој на сопствената егзистенција, тоа е да си играш постоење.*“[71]

Во прилог на ова тврдење е гледиштето што го зазема еден од психоаналитичарите, Адлер. Тој некако ја преформулира основната теза на психоанализата што развојот на човечкиот живот го темели на чистата сексуалност. Според Адлер, човекот е суштество кое има извесни рационални цели, што, не секогаш, се подвижувани од сексуалноста. Тој им дава големо значење на мотивите, од кои посебно ја акцентира желбата за моќ што е придружена со комплекс на инфериорност што ќе ја доведе индивидуата до тоа да воспостави дистанца меѓу него и општеството, заради стравот од неуспех. Тој комплекс кај жената добива облик на срамежливо одбегнување на нејзината

71 С. де Бовоар, *Вториот пол*., 79.

женскост, што не произлегува од отсуството на пенис, туку од нејзината севкупна положба. Девојчето му завидува на фалусот само како на симбол на привилегиите што ги имаат момчињата: местото што таткото го зазема во семејството, општата надмоќ на мажјаците, образованието што ја потврдува идејата за машката супериорност.[72]

Во психоаналитичката теорија отсуствува поимот *вредност*. Тој е заменет со *авторитет* што својата идентификација ја наоѓа во таткото. Меѓутоа, не може да се објасни каков е тој авторитет и кој го создава. Јадрото на тој авторитет е една психолошка структура, т.н. *суперего,* која во основата е социјална конструкција произлезена од воспоставената рамнотежа меѓу сексуланите инстинкти и моралот, што имаат спротивни тенденции. Симболите, т.е. комплексите со кои терминолошки оперира психоанализата, всушност значат еден одреден однос со светот. Поединецот се дефинира во однос со светот, а не во однос на своето тело и сексуалноста. Средината е таа што го одредува значењето на машкиот пол и неговите симболи како посупериорни во однос на женскиот пол кој е инфериорен, не поради комплексот на кастрација, туку поради положбата што ја одредува општеството.

## 5. ПАТРИЈАРХАТОТ И МОДЕРНИТЕ ОПШТЕСТВА

Во општата определба на патријархатот беше истакнато дека тој претставува една социјална структура на односи што опстојува, се инкорпорира, се адаптира и се модификува во различни општества, при што не ја менува својата суштина како механизам кој ја генерира доминацијата на мажот во општеството.

Социолошко-историска опсервација на положбата на жената во општеството, која опфати повеќе социјални системи и идеологии, го наметна и прашањето за содржините на патријархализмот во модерните општества. Како што веќе беше споменато, многу е тешко да се даде одговор на сите оние прашања што ги поставува патријархализмот, а уште е потешко неговото следење во односите меѓу луѓето во современите општества. Овие тешкотии,

72 Ibidem, 117.

пред сè се предизвикани од самата природа на патријархатот како нелегитемен или разлеан социјален систем на односи, како и од неговата моќ да се слева и да се адаптира во легитимните општествени системи. Патријархатот нема своја сопствена појавност, своја автономна егзистенција, а тоа ги намалува шансите на неговото препознавање. Оттаму е и тенденцијата истражувачите да го избегнуваат при своите анализи, бидејќи тешко е да се докаже нешто што тешко може да се дефинира во однос на другите појави. Но, се чини дека за социологијата тоа не е неможно. Трагајќи по содржината на општествените односи, социологијата се оспособила да го согледа супстратот, есенцијата на општествените односи чиј содржини се повторливи. На тој начин се конституираат и општествените законитости како и типовите на општествата. Во спротивно, ќе беше неможно да расправаме овде и за капитализмот. Исто толку важен момент во заобиколувањето на прашањата за патријархатот е и состојбата во општествените науки кои многу доцна покажаа интерес за групирањето според полот. Кога станува збор за патријархатот и семејството нема дилеми, тука не е спорен, но при неговата операционализација во логиката на капиталот, профитот, претпријатието, менаџментот итн., се наидува на поголем број тешкотии.

Идустријализмот, како база на модерните општества, претставува една доста сложена структура со развиена логика, рационална и доследна. Исто така, индустријализмот имплицира нешто суштински ново, различно од претходните социјални структури. Меѓу другото, се има импресија дека индустријализмот ги руши сите патријархални врски и односи и воспоставува нови, базирани на една чисто економска логика.[73] Како, според тоа, во еден вака дефиниран рационален и логички состав, ќе се докаже делувањето на една идеологија која, како и секоја друга, тешко се одделува од општествената пракса?

Ако се појде од индикаторите што ја дефинираат положбата на жената во општеството, односно нејзината положба во семејството и одговорноста за целокупната репродукција, потоа положбата во сферата на производството каде што се регистрира една нерамномерна дистрибуција, како во поглед на хоризонталната поделба на занимањата, така и во поглед на вертикалната, или дистрибуцијата на моќ во претпријатието, исто така и во сферата на политиката каде што жените се малку застапени во политичките функции, ќе се постави

---

73 K. Marks, *Manifest komunističke partije,* Glavni radovi Marxa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1979.

прашањето: *Зошто е така?*. Во анализата што следува понатаму ќе се обидеме да одговориме на ова прашање, поврзувајќи го со патријархатот. Ќе направиме обид многуте факти што се поврзани со жената во општеството да ги доведеме во врска со патријархалните односи, кои, според нас, интервенираат во сите други социјални односи во кои како учесници се јавуваат жените. Меѓутоа, како посебна тешкотија, многу често истакнувана од аналитичарите на овој проблем, се јавува појавата на еден привид, а тоа е дека положбата на жената е лично одредена, или дека таа е нејзина приватна работа.

Потрагата по аргументи за присуството на патријархални елементи во делувањето на жената во економската област на општеството, односно, насликувајќи ја социјалната диференцијација според полот и истата лоцирана во економското живеење, треба да доведе до одговор на прашањето за патријархатот како систем со кој се воспоставува контрола врз женскиот труд.

Во рамките на едно вака глобално разгледување на проблемот на жените во општеството, односно делувањето на жените во економската област на општеството, интересно е да се спомене уште еден проблем што бил доста расправан во науката. Се работи за прашањето: *Дали жените, според она место што го заземаат во модерниот економски систем, чинат една посебна социјална класа во општеството*?. Ако вработените жени се поврзат со поимот класа, а имајќи предвид одредени определби за класите,[74] треба да се најде антиподот, односно класата која ќе се најде на спротивниот пол. Ако жените, според својата економска положба, чинат класа, тогаш тие се класа во однос на мажите од кои би биле потчинети, контролирани и управувани. Ова прашање, исфрлено од екстремните женски политички движења, социологијата го прифаќа како предизвик, но одговорот е негативен. Според содржината на поимот *класа* како социолошка категорија, жените не можат да сочинуваат посебна класа во општеството. Еве како во социологијата се гледа на тој проблем: *„Ако жените сочинуваат класа, тогаш кој е нивниот посебен интерес, спротиставен во однос на мажите, која е нивната посебна историја и минато? Нивната историја, нивното минато, работата и интересите, што денес веќе се откриваат, секогаш се поврзани со оние на мажот. Тие, за нив се прврзани*

---

74 S. Bowles, R. Edwards, *Razumevanje kapitalizma...*, *59.* Авторите даваат една интереесна определба на класата: „Класата не може никогаш да се определи во однос на самата себеси, туку секогаш во однос на некоја друга класа. Определбата на класите е секогаш еден релационен однос".

*како ќерки, сопруги, придружнички и тоа со живеењето, работата, економските интереси. Жените не се толку поврзани меѓу себе, спротивно, тие врски речиси и не постојат, освен инцидентно и стихијно*“[75].

Во иста конотација, Е. Сулеро ќе каже: „*Жените не чинат една заедница во која ќе можат да се регрупираат како еден колонизиран народ или една потчинета етничка група, ниту како подредена раса или експлоатирана социјална класа*“.[76]

Текот на анализата на жените во процесот на трудот во модерните општества нè обврзува да се осврнеме на некои од главните проблеми поврзани со карактерот на економскиот ситем кој од една страна го либерализира пристапот на жените кон основните извори на егзистенција, односно продуктивниот апарат, а од друга страна го лимитира тој пристап до границите на кои ќе се воспостави рамнотежа меѓу системот на продукција и репродукција. Тука патријархатот се јавува како еден од значајните механизми за регулација и контрола, генериран преку одредени социјални процеси и институции.

## *5.1. КАРАКТЕРОТ НА РАБОТНАТА СИЛА.*

Индустријализмот, односно капитализмот, се базира на слободна работна сила. Тој ја создава конкуренцијата не само меѓу капиталистите, туку и меѓу работниците. Ја создава и невработеноста како основа врз која понатаму ќе се репродуцира капитал-односот. Без оглед каков пристап ќе се заземе кон капиталистичката економија (марксистички, класичен, тродимензионален итн.), работната сила претставува клучна економска категорија од која ќе зависи порастот на профитите како основна мотивирачка сила на капиталот. Ниските надници, несигурното работно место и можноста секогаш да бидат заменети со други работници, што ги создава самиот систем, се значаен чинител на профитабилноста како основна економска мерка. Во овие рамки, женската работна сила со оглед на својата пониска вредност, но и со оглед на одредени природни способности, станува погодна за капиталистичка употреба. Всушност,

---

75 J. Laufer, *La feminité neutralisé...*, 173. Овде е дадена една многу убава мисла: "Elle est l' Autre au coeur d' une totalite, dont les deux termes sont necessaire, l' Une. a l' Autre" (Таа е другото во срцето на еден тоталитет, каде што двата термина се неопходни, едно во друго).

76 E. Sulerot, *Histoire et sociologie...*. 10.

како главен момент за вклучувањето на жените во сферата на капиталистичката продукција е економизирањето со работната сила. Имено, купувајќи ја работната сила, или работното време, капиталистот купува потенцијален работник, чиј интензитет на делување не може со сигурност да се предвиди. Но, затоа, на овој план, женската работна сила се чинела посигурна. Може да се заклучи дека капитализмот ги отвора ширум вратите за влегување на жените во продуктивниот апарат, што од друга страна значи либерализација на пристапите кон основните извори на егзистенција, како и начин да се стекне независноста на жената. На тој начин, се врши редукција на авторитетот и на оние социјални системи преку кои се репродуцирала зависноста на жената. Не толку во поткрепувањето на тезата за укинувањето на машките авторитети, туку пред сè со цел да се подвлече значењето и социјалните реперкусии од процесот на економското осамостојување на жените, интересно е укажувањето на К. Кауцки: *„Денес, во трката за индустријализација, вработеноста на жената значи зголемување на нејзиниот претходен товар за уште еден нов. Меѓутоа, не можат да се служат два господари. Домаќинството на работникот трпи секогаш кога неговата жена мора да помогне во заработувањето не секојдневното парче леб.*[77] Така, се чини, дека мажите добиваат конкуренција на пазарот на труд, олицетворена во нивните „*сопствени*" сопруги. Но, идентификацијата на положбата на жената во семејството и надвор, во фабриката и симиларноста на третманот на жената во обете сфери, упатува на констатацијата за постоење на две слични социјални структури или за провлекување на една единствена структура во семејството и во фабриката. Поприфатлива теза, сепак, со оглед на изнесените карактеристики на капиталистичката организација на трудот, е тезата за постоење на една единствена социјална структура што ги регулира односите меѓу половите во семејството и во фабриката.

Речиси во целокупната историја на индустријализмот се забележува дихотомија на работната сила - поделба на женска и машка работна сила, која за капиталот е значајна само доколку постои можност да се заработи на сметка на таа дихотомија. Значи, таа поделба е подржана од капиталот, но е одржана од самите работници. Ако капиталистите доминираат над работниците, тоа би можело да значи дека е постигната некаква солидарнсот меѓу нив, на

---

77 E. Sullerot. *Histire et sociologie du travail feminin...*, 26.

работниците им е доверена доминацијата со женската работна сила. Всушност: *„Капитализмот знаеше да ги примени модалитетите на потчинување на женската работна сила и подобро да ги искористи за своите интереси. Патријархатот му даде на капитализмот можност да ја диференцира и хиерархизира работната сила"*[78].

Меѓутоа, и покрај инфериорната положба што ја има женската работна сила во сферата на трудот, незапирлив е процесот на нејзиниот продор во истата. Тоа го покажуваат и податоците за процентуалното учество на женската работна сила во вкупната работна сила во светски размери и кај нас. Според податоците за земјите на ЕЗ во 1986 година, 57% од активната женска популација се вработени. Водечко место имаат скандинавските земји, каде што се вработени 70% од активната женска популација, со екстрмниот пример на Шведска каде што тој процент е највисок (80%) во 1988. Следува Англија - со 62%. Во светски рамки, висок процент на вработеност на женската активна популација е забележана во САД (65%) и во Канада (64%). Во поглед на застапеноста на женската работна сила во вкупниот број на работници, повторно на преден план излегуваат високоразвиените индустриски земји. Пример: САД со 42,4%, Јапонија со 38% (1980), или - 47 % од жените партиципираат на пазарот на труд. Тука е и Франција каде што 38% од работната сила ја чинат жените.[79]

Во 1992 година во Република Македонија 37,6% од вработените биле жени.

## *5.2. РАЗЛИКИ ВО НАЕМНИНИТЕ.*

Женската работна сила низ историјата редовно била помалку плаќана од машката работна сила. Меѓутоа, и студите што денес го покажуваат движењето на планот на наградувањето на женската работна сила изнесуваат на виделина податоци според кои постои сегрегација на пазарот на труд, пропратена со расчекор во наемнините меѓу женската и машката работна сила. Така, во земјите на ЕЗ жените во просек заработуваат од 20% до 40% помалку од мажите.[80]

---

78 D. Kergoat , *Les ouvrières...*, 16.

79 N. Aubert, *Comparaisons Internationales, Le sex du pouvoir, femmes, hommes et pouvoir dans les organisations. Paris, Desclée de Brouwer, 1986.* 50.

80 M. Meier, *La famme dans l' économie*, Rapport OCDE, L' integrations des femmes dans l' économie, 1985.

Постоечките студии за женската работна сила на запад (САД) покажуваат дека според возраста, стажот, професионалното искуство, според квалификациите што биле ригорозно еднакви кај мажите и жените, жените заработувале од 10% до 30% помалку од нивните машки колеги.[81] Интересен е податокот од едно истражување спроведено во банките, трговските претпријатија и осигурителните компании, каде што се споредувани платите меѓу мажите и жените на три нивоа. Констатирано е дека кај најниското ниво, неквалификуваните работници, разликата во платите е од 1% до 15%, кај средното ниво 20%, а на супериорните нивоа разликата во платите е 30%.[82]

Ако веќе станува збор за дихотомија во работната сила според полот (машка и женска работна сила), како нужност се наметнува прашањето на карактерот на односите меѓу овие два дистанцирани дела во работната сила. Имено, за какви сè релации може да стане збор? Половата диференцијација во сферата на трудот, како што беше претходно напоменато, иако има поприсутни елементи на надреденост (доминација, субордонација, инфериорност итн.), нема основи да се разгледува како класен однос. Меѓутоа, новите бранувања во женските движења денес,[83] и сè поголемите социјални раслојувања во бившите комунистички земји, бараат проблемот на положбата на жената во општеството да се поврзе со статусот или економската положба што семејството ја има во општеството. Оваа тенденција на истакнување на значењето на материјалниот стандард на семејството и положбата на жената во општеството, којашто беше поставена од класиците на марксизмот, а денес повторно разбранувана, покажува дека жените го носат товарот на продукцијата, а нивната положба се влошува секогаш кога продукцијата е загрозена. Оттаму и значењето што се дава на т.н. развојна еманципација која, обезбедувајќи напредок на општеството на сите полиња, ќе создаде основа за поголема слобада на жените во општеството.

Меѓу овие два дела на работната сила (женскиот и машкиот) не може да се зборува за односи на конкуренција во вистинската смисла на зборот, бидејќи интересите на женскиот труд не биле посебно артикулирани во склоп на производствениот систем. Доколку тие биле истакнувани како посебна група во

---

81 O. Burić, *Izmena strukture društvene moći: uslov društvene ramnopravnosti žene,* Sociologija 1975/2 .

82 N. Aubert, *Comparaisons Internationales, Le sex du pouvoir...*, 96.

83 R. Salecl, *Who is a woman a symptom of rights.* Psychoanalysis and Feminism, London 1994; *The fantasy structure of nationalist discourse,* The legacy of Post Communism 1994.

рамките на општествениот систем на производство, тоа било од аспект на загрозеноста на репродукцијата заради помасовното учество на жените во продукцијата, со што се отежнуваат условите за репродукција на работната сила (овде се мисли на законодавството што ги штити интересите на жените како мајки или идни мајки). Интересите на жената, доколку таа има посебни интереси во однос на мажите, никогаш не биле интегрирани со оние на мажите. Синдикатите, како работнички здруженија и противтежа на капиталот, се машки здруженија. Не постои пример во историјата на синдикалното движење што ќе ги истакне посебните барања и посебните интересите на жените во сферата на трудот. Тоа ја прикажува положбата на жената во сферата на продукцијата која мора да ги подреди своите интереси на интересите на целината, на општото, задушувајќи ја својата посебност и специфичност произлезена од нејзината припадност на еден род кој го одржува континуитетот на човечките генерации.

Исто така, податоците покажуваат дека мажите и жените на стартот имаат еднакви плати, а расчекорот се јавува подоцна, поради нееднаквите шанси во напредувањето, како и поради репродукцијата, која природно и по редот на нештата во општеството е приврзаната за жената.

## *5.3. РАЗЛИКИ ВО СОДРЖИНАТА И КАРАКТЕРОТ НА ТРУДОТ*

Од многубројните студии, што го опфаќаат карактерот и содржината на трудот во ерата на индустријализмот, не може многу да се сознае за содржината и карактерот на трудот што го извршуваат жените во индустриските работни средини. Социологијата на трудот еден долг временски период им беше посветила на карактерот и содржините на индустрискиот труд, третирајќи ги како „вистински“ проблеми на машинизмот. Така и се створија студиите во кои беше докажувана деградацијата на човечкиот труд предизвикана од примената на машината. Имено, машинското производство и нему својствената организација на трудот доведуваат до таква внатрешна поделба на трудот во претпријатијатијата, којашто не само што го деградира трудот, туку и личноста на работникот, сведувајќи го на „приврзок на машината“ кој е поставен тука за да ги корегира недостатоците на машината.[84] Ставајќи го занаетчијата, т.е.

[84] G. Fridman, *Kuda ide ljudski rad* Rad, Beograd 1964, 17.

мајсторот кој е симбол на еден комплетен и неотуѓен работник во центарот на своите анализи, таа во индустрискиот труд не виде ништо друго освен големо отстапување од она што се нарекува „*човечки труд*".[85] Така, трудот на човекот е раздробен, како таков бесмислен, монотон, а работникот мора да се чувствува несреќен и да чезнее по занаетчиските труд.

Прашањето што овде се поставува е дали постои разлика меѓу трудот што го извршуваат мажите и трудот на жените во едно исто претпријатие, во иста гранка на производство или во стопанството во целина? Според резултатите од истражувањата[86] може позитивно да се одговори на поставеното прашање, односно дека постојат значајни разлики во содржината на трудот што го вложуваат мажите и жените. Според хоризонталната дистрибуција на работните места што ги окупирале жените може да се констатира дека:

- трудот на жените во поголем број случаи е помалку интензивен и физички помалку напорен од трудот на мажите;
- трудот на жените е помалку комплексен и не е толку сложен, односно тоа се работи кои не бараат некои посебни специјалистички и технички знаења;
- репетитивни, испарцијализирани работи со голема брзина и долги серии;
- работи кои се извршуваат седејќи или со ограничени движења и изолација;
- работните места се без одговорност со што се намалени шансите за промоција.

Од ова може да се констатира дека работната сила е диференцирана и врз основа на содржината и карактерот на трудот, со што таа има различна употреба во претпријатијата. Имено, жените, во 60% од случаите, учествуваат во фабрикацијата, а поголем дел од мажите (68%) се наоѓаат на влез и на излез - односно регулација, набавка, управа и сл. На тој начин е констатирана поделбата на трудот според полот во рамките на внатрешната поделба на трудот во претпријатието.

---

85 P. Roll, *Travail et salariat ...* .

86 M. Guilbert, *Les fonctions des femmes dans l' industrie*, SNRS, Paris 1966. Истражувањето е спроведено во 130 претпријатија за обработка на метал во околината на Париз.

## *5.4. СЕМЕЈНИ НАЕМНИНИ*

Речиси секогаш во услови на поголема криза се јавува една идеја дека невработеноста ќе се намали ако поголем дел од жените се вратат дома и ако им се дозволи на нивните мажи да заработуваат доволно за семејството. Имено, оваа идеја е лансирана од теоретичарите на ситнобуржуаскиот морал, според чија содржина најидеален облик на семејство е оној каде што мажот работи и е единствен кој носи приход во семејството. Притоа, се истакнува дека ова не им оди на штета на жените, напротив, им оди во прилог, затоа што на тој начин ќе им биде овозможено да се занимаваат со оние работи во семејството што се во склад со нивната природа и си нивните способности.[87] Во економијата и политичките кругови оваа идеја е позната под името *семејна наемнина* и прв пат се јавува на почетокот на веков во САД, а денес живо се прифаќа во секоја кризна или рецесивна ситуација, со што се ограничува пристапот на жената кон основните извори на егзистенција. Сето тоа придонесува да се затвори границата меѓу сферата на репродукцијата којашто природата и историјата ја доделиле како судбина на жените, и сферата на продукцијата. Со тоа што е воспоставена контрола врз сферата на продукцијата, постојат можности да се одржи континуитетот на доминацијата, покажувајќи го условното учество на жените во оваа област. Така, на пример, првото масовно учество на жените во индустријата се забележува за време на Првата светска војна. Испразнетите работни места во сите т.н. *машки гранки* на производство, какви што се: металургијата, машинско-металната индустрија и сл., ги потполнуваат жени кои постигнуваат речиси еднакви ефекти како и нивните претходници. Жената може да доминира во производниот апарат само во ненормални општествени ситуации, кога мажите се окупирани со други цели при што привремено го напуштаат производниот апарат. Иста ситуација се забележува и за време на Втората светска војна.

## *5.5. ДИСПАРИТЕТ ВО ТИПОТ НА РАБОТИТЕ.*

Проучувајќи го трудот на жените низ историјата, М. Перо[88] ќе истакне дека *„секоја работа за која ќе се фатат жените се девалоризира“*. Во историјата на трудот постојат работи што биле посебно ценети, како на пример

---

[87] D. Kergoat, *Les ouvrières...*, *112.*

[88] M. Perrot, *Femmes et machines au XIX siècle*, Le romantisme No 41, Octobre 1983, 3.

секретарите. Меѓутоа, ова занимање во почетокот било исклучиво занимање на мажите. За секретарките и нивната улога денес не може да се каже истото. За тоа, исто така, сведочи и хоризонталната дистрибуција на професиите и занимањата што презентира полова сегрегација, односно го покажува натамошниот континуитет на одвоеноста на сферите на дејствување на мажите и жените. Така, поделбата на трудот според половите се спроведува и на пазарот на труд. Во некои научни кругови, особено кај марксистите, се сметало дека поделбата на трудот според половите, односно природната поделба на трудот, во модерните цивилизации е надмината. Меѓутоа, наведените, а и многу други моменти, покажуваат дека таа не е надмината, туку продолжува и натаму да егзистира прилагодувајќи се на промените во содржината и карактерот на трудот. Во модерните општества, голем дел од репродуктивните дејности во семејството се индустријализирани и пренесени во секторот услуги. Тие имаат интенција постојано да се зголемуваат заедно со новиот сектор на дејности т.н. терциер. Тоа значи дека голем дел од репродуктивните активности што се остваруваа во рамките на семејството се пренесени во јавниот сектор, што навистина значи големо олеснување на жената и редукција на дел од улогите. Меѓутоа, кога ќе се направи една анализа на тоа кој ги извршува тие дејности, сега пренесени во производниот апарат на општеството, ќе се види дека во најголем број случаи тоа се жени. Поголем број од вработените во секторот услуги се жени кои ги извршуваат оние работи што претходно ги извршувале во семејството, т.н. „*женски работи*“. Пр.: готвење, служење, чистење, шиење, нега, воспитување и сл. На социјалната хиерархија на занимања овие работи се наоѓаат повеќе кон основата, односно тие не се валоризирани во оној степен како што се на пример услугите на еден квалификуван автомеханичар, електротехничар, водоводџија итн., чија дејност исто така влегува во секторот услуги, но тие се добро платени. Овде може да се зборува и за т.н. дискриминација во пристапот на одреден тип на работа. Постојат многу барикади што ги спречуваат жените да навлезат кон одредени занимања што се сметаат за машки. Како што покажаа податоците, уделот на женската работна сила во вкупниот број на вработени постојано се зголемува. Но, продорот на жените во одделни гранки и во одделни занимања не го бележи истото темпо. На пример, во Република Македонија во 1992 год., женската работна сила учествува со 37,6% во вкупнот број на вработени (167.933). За 1991 година процентот на вработени жени во работоспособната женска популација изнесува 27,8%. Како резултат на

промените во економскиот систем, односно на трнсформирањето на социјалистичките претпријатија, како и формирањето нови претпријатија според поинакви економски основи и насоки на стопанисување (акционерски друштва, мешовити и приватносопственички претпријатија), се забележува една тенденција на намалување на бројот на вработените во вкупен износ:

| | 1990 | 1991 | 1992 |
|---|---|---|---|
| ВК работници | 507 324 | 468 372 | 446 117 |
| Верижени индекси | 100 | 92,3 | 95,2 |

Во вкупниот износ не постои значајно отстапување (92,0 за мажите и 92,3 за жените) на движењето на женската работна сила. Меѓутоа, во некои гранки на производство, како на пример во индустријата и рударството, верижните индекси покажуваат тенденција на намалување на бројот на вработени жени (во 1991 год. вработеноста на жените во оваа гранка изнесува 87,4 во однос на претходната година, или 80.2 во 1992 год. - во однос на 1991. Како што веќе беше напоменато, брзите промени во овој период не можат да се дофатат преку статистичките показатели. Тоа е така, пред сè, заради природата и динамиката на процесите што го немаат вообичаениот тек на случување, а како такви се непредвидливи и недофатливи за статистиката. Потоа, тука е еден огромен фонд на труд што ги надминува институционалните рамки, но кој беше повеќе од присутен во реалните економски движења пред кој статистиката беше исто така немоќна. И на крајот, како една техничка забелешка е инертноста (бирократизираноста) на центрите за водење на статистиката што не се во можност брзо да реагираат на промените. Со старите категории и номенклатури, голем дел од појавите останууваат надвор од статистичкото око. На пример, во овие анализи за вработенста во Република Македонија за овој период, можеме само да се нагодуваме околу бројот на стварно вработените лица во рамките на активната популација, бидејќи позначително беше, и уште е, присутна сивата економија што го опфати и пазарот на трудот. Така, голем е бројот на лицата кои работеа во приватни претпријатија, меѓутоа не беа регистрирани како вработени.

Исто така, податоците покажуваат дека бројот на невработените жени е доста поголем од бројот на невработените мажи. Тоа значи дека, наоѓајќи се на оние занимања што се први на ударот на кризите, се случува жените секогаш да

бидат побројни на пазарот на труд. Еден податок за ЕЕЗ[89] покажува дека бројот на невработените жени констатно се зголемува. Имено, 42,2% од невработените биле жени, за разлика од 1970 кога тој процент изнесува 27,9%.

Податоците за невработеноста во Република Македонија[90] покажуваат дека од вкупно 196.280 пријавени лица кои барале работа, 93.786 се жени, односно 47,8%.

## 5.6. КОНКУРС И КАРИЕРА

При конкурсите или лицитациите на работни места, во принцип добиваат оние кандидати кои поседуваат поголеми квалификативи, како претпоставка дека со нив ќе се оствари успешен спој меѓу работното место и работникот. Меѓутоа, не може секогаш да се направи оптимален спој. Овде можеме да го поставиме прашањето: *Дали при изборот за некое работно место, доколку се јават како конкуренти мажи и жени, критериумот е еднаков, односно дали полот игра некоја улога при селекцијата на кандидатите?*. Од праксата, а и од бројните проучувања, се покажува дека жените имаат помалку шанси да бидат избрани на некое работно место од мажите. Дури и во јавните конкурси, не така ретко, се истакнува дека предност за некои работни места имаат мажите. Зошто е така? Според едно објаснување, селекцијата на кандидатите кои конкурираат за некое работно место се нарекува **статистичка селекција или дискриминација.** Таа произлегува од несигурноста на претпријатието во поглед на продуктивноста на трудот на секој работник на одредени работни места и води потекло од политичката економија. Имено, се оди кон тоа изборот да се заснова врз одредени критериуми што би биле во прилог на очекуваната продуктивност на работникот. Тука можат да играат голема улога одредени објективни варијабли како што се: образованието (дипломите), староста, искуството, полот итн. Меѓутоа, изборот не е така лесен, ако кандидатот е една жена. Поврзувањето на објективните околности, што се измерени преку квалификациите што формално ги бара едно работно место и квалификациите на кандидатот од друга страна, со субјективните карактеристики, т.е. со способностите на секој поединец да се

---

89 V. Kandžija, *Žena u društvenom i ekonomskom životu EEZ*, Žena, 1/2 , Zagreb1987.

90 Републички завод за вработување. Извештај од 31.12.1994 год.

снајде во една одредена конкретна ситуација што за управата не е непознатица, навистина е една тешка задача. Така, на помош се повикува социјалното искуство, односно тежината на задачите и обврските што треба да се исполнат и што ги бара работата, потоа социјалното искуство надвор од претпријатието, важечките ставови, предрасуди вредности итн. Комбинирањето на сите овие моменти влијае да се заземе еден резервиран став спрема жените. Всушност, социјалното искуство е стекнато под одредени околности, помалку или повеќе традиционални, а тоа влијае однесувањето на жената да се поврзе со одредени стереотипи, како на пример: *жените се несигурни, нестабилни и површни и затоа не можат со успех да извршуваат некоја поодговорна функција*. Исто така, на помош се повикува статистиката и во бројките се бараат аргументи за поткрепувањето на оваа теза, а статистиката го дава тоа преку бројките на апсентизмот на жените. За жените многу често се приврзува т.н. кариера во домаќинството, односно грижата за семејството, храната облеката, негата, воспитување итн. Со еден ваков пристап, уште на самиот старт жените имаат помали жанси во однос на мажите. Значи, жените се селектирани, не според објективните критериуми, дипломите, способностите, спретноста за извршување на работните задачи, туку според критериумот *пол* и неговата општествена дефинираност. Полот ја стимулира инфериорната положба на жените на пазарот на труд. Во комбинација со другите чинители што ја предизвикуваат инфериорната положба на жената во сферата на трудот, нивната приврзаност за семејството станува уште поголема. На пример, со тоа што жените имаат пониски наемнини на пазарот на труд, за нив семејството претставува нужна зааедница на обединети приходи.

За можностите за напредување на жените во процесот на трудот, овде нема посебно да се задржиме, бидејќи понатаму следи една разработена анализа. Овде би ја дефинарале само основната теза дека шансите за напредување, шансите да се продре повисоко на скалата на социјалната хиерархија во сферата на трудот за жените се минимални. За тоа сведочи сосем малата застапеност на жените на раководни функции. Дури и во развиените земји, учеството на жените на повисоките функции е незначително. При еднакви квалификации и просечни способности мажите се во предност.[91]

---

[91] Уште на самиот почеток на анализата на проблемот на учеството на жените во управните структури, како главна тешкотија беше нивното опфаќање како посебна група. Како резултат на промените и инертноста на институциите што водат статистика од последниот попис на работна сила реализиран уште во рамките на СФРЈ во 1986 год., речиси и не

## *5.7. ПАРЦИЈАЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ.*

Промените во сферата на трудот, предизвикани од преместувањата што настануваат во трите големи економски сектори, односно од лоцирањето на поголем дел од работната сила во терциерот, како посебен проблем го раѓаат и проблемот на т.н. парцијално работно време. Всушност, ова е проблем кој станува сè поактуелен, а може да се каже дека е еден од најмногу истакнуваните проблеми што денес и се наметнуватат, не само на науката, туку и на општествената пракса. Неговата актуелизација е во осумдесеттите години, со што се наметна и потреба од негово попрецизно одредување. Според Меѓународното биро на трудот (BIT), работа со нецелосно работно време е онаа што е доброволно прифатена во времетраење кое е пократко од она што е нормално според законот. Тоа време е посебно нормативно регулирано и по својата суштина битно се разликува од она време што го вложуваат студентите за времетраењето на студиите или пак инвалидите. Поновите студии за женската работна сила обрнуваат големо внимание на овој проблем, што се должи на тоа што најголем дел од оние што го ефектуираат се жени. Имено, 2/3 од оние кои се вработени со скратено работно време во Франција, кон средината на 80-тите години се жени.[92] Уште во 1975 година Европската заедница искалкулирала дека 9,3% од платите водат потекло од парцијалното работно време (овде, 17,7% отпаѓа на Велика Британија, а 25% на Шведска). Денес, имајќи го предвид фактот што бројот на работниците со вакво работно време расте, се оди кон реорганизирање на работното време и негово нормативно намалување. За овој проблем доста било говорено во изминативе триесетина години. Уште во

---

постојат дополнителни податоци што ќе ги прикажат промените на овој план за овој период. Фактички, не постоеше инситуција во Република Македонија што води евиденција за кадрите, за нивната структура според образованието, видот на функцијата според нивото на хиерархијата или според функционалното ниво, големината на претпријатието итн. На друга страна се промените во називите на функциите и нивната неунифицираност на глобално ниво. Така, тие се некаде *директори*, некаде *менаџери*, *управници* и сл., што создава тешкотии при нивното класифицирање. Старата шема на управно-раководни кадри, како и нивната суштина воопшто не одговара на денешната. Така, во еден разговор со еден од претпоставените на Заводот за статистика на Републиќа Македонијам, беше истакнато: *„Ако сакате еден број на жени директори во Македонија, тогаш ќе добиете една бројка (околу 1/3 од вкупниот број на вработени жени) која не ќе ви служи за ништо. Голем број од декларираните ,директорки' во последниот попис на населението се фиктивни и не одговараат на фактичката состојба".*

92 N. Chantal - Drancourt, *Organisation du travail des femmes et flexibilité de l' emploi*, Sociologie du travail 2/90.

шеесетите години, П. Навил[93] го постави како потенцијална можност, со оглед на високиот степен на продуктивност на машините, и како начин со кој ќе се разрешат проблемите на невработеноста. Меѓутоа, до денес институализацијата на скратеното работно време не е реализирана никаде, ниту пак е постигнато скратување на работното време.

Масовното практикување на вработувањето со скратено работно време првенствено се должи на големата побарувачка на работна сила на пазарот на труд, потоа, на промените во организацијата на трудот каде што не се ефектуира работното време, туку квалитетот и квантитетот на завршените работи, потоа на промените во контролата итн. Сепак, може да се констатира дека практикувањето на парцијалното работно време најмногу ги подржува интересите на капиталот и тоа од повеќе причини:

- Работниците со парцијално работно време не ги уживаат истите права како и другите работници со цело работно врееме. Овие вторите се попривилигирани и нивниот степен на интеграција со претпријатието е поголем. Тие уживаат поголеми права и имаат поголеми можности да се организираат и да ги артикулират своите интереси преку легитимните форми на изразување итн.
- Начинот на плаќање. Навистина постојат ташкотии во утврдувањето на тоа кое време е „половина работно време" или колку е „четврт работно време". Всушност, овде не доаѓа до мерење на трудот, туку до мерење, односно до редукција на платата. Ако некој сака да ја извршува таа работа, тој ќе биде платен за половина помалку од оној кој според проценките седи временски двапати повеќе. Ова посебно се однесува на креативните работи или целовити проекти чија мерка не може да биде времето. Многу чести се случаите кога вработените со парцијално работно време ја довршуваат работата дома, бидејќи по нивна вина не успеале да ја завршат на работа. На тој начин, капиталот успешно го решава проблемот со контролата и квалитетот во работењето. Така, овие работници се многу поевтини, а посовесни од останатие.
- Најчесто, како работи што можат да се извршуваат преку вработување со парцијално работно време, се малите и помошни работи за

---

93 P. Navil, *U susret automatizovanom društvu*, Školska knjiga, Zagreb 1979.

кои не се потребни посебни квалификации. Главно, тоа се работи во услужните дејности, административни служби, трговијата и сл.

- Со оглед на тоа што најголем дел од вработените со парцијално работно време се жени, лансирана е една теза дека токму ова работно време е најповолно за жените, затоа што на тој начин можат да ги ускладат своите обврски околу семејството, а истовремено да извршуваат една платена работа надвор од семејството. Се чини дека на тој начин се елиминира социјалната изолација на жената, таа може да се вклучи во тековите на општествениот живот, но сепак да ја сочува непроменатa положбата во семејството.
- Вработените со скратено работно време, меѓутоа, имаат многу помали шанси на планот на општествена промоција преку трудот, бидејќи нецелосно и припаѓаат на оваа област.

Во рамките на разгледувањето на работното време, што претставува една од битните карактеристики на индустриската, односно на капиталистичката организација на трудот, интересно е да се наведат некои размислувања за односот на жените кон времето. Имено, често се истакнува дека работничките, ниту во организациите, ниту пак дома, немаат контрола врз времето. Студиите покажуваат дека системот на контрола е позасилен во претпријатијата каде што доминира женската работна сила. Жените се повеќе контролирани, отколку мажите.[94] Ова произлегува оттаму што жените не подлежат на иста класификација на времето, којашто обично прави во социологијата - на работно време и на слободно време. За жената, времето е повеќе дисконтинуирано време. Тоа не е технички линеарен континиум, како што се определува во индустриската епоха, туку она време за кое се истакнува дека било карактеристика на прединдустриските епохи. Тоа е време поврзано со одредени содржини, циклуси и сл. „*За работничките, доживувањето на времето е различно: за неа е невозможно да размислува за траењето на времето како во некои други случаи... Кај неа постои една глобална визија за употребата на секојдневното време*".[95] Меѓутоа, денес сè повеќе се зборува за реорганизација на работното време, за флексибилното работно време, за недефинирано време во кое ќе се изведува работата итн. Промените во сферата на технологијата и

94 Confederation Francaise democratique du travail, *Le tertiaire eclate...* .

95 Ibidem, 9.

нејзините импликации врз севкупниот начин на живеење предизвикуваат промени и во работното време. Се чини дека новите тенденции на овој план одат во прилог на жената и нејзиното доживување на времето, не како линеарно, механичко време, туку како време исполнето со содржини.

Како заклучок од ова поглавје може да се истакне дека учеството на жените во сферата на трудот е пропратено со многу димензии што не се карактеристични за машкиот дел од работната популација. Малку повеќе храброст околу заклучувањето на ова поглавје би ја донесло следната констатација: жените имаат различен пристап кон начинот на остварување на егзистенција, односно пристапот, како и функцијата на жените во продуктивниот апарат на општеството, е различен и специфичен. Голем е уделот на патријархализмот во креирањето на ваквата ситуација. Тој до максимум ја искористува природната разлика меѓу половите во конзервирањето на односите во кои жената има подредена положба. Така, патријархатот, од семејно заснован однос во епохите што му претходат на капитализмот, се трансформира во индустриско заснован патријархат.[96] Идеологијата на машката надмоќ во индустријализмот наоѓа материјална, идеолошка и психолошка база во капиталот, во чиј супстрат продолжува да се генерира историјата на патријархатот.

---

96 H. Hartman, *Nesrećni brak marksizma i...*, 208.

# ГЛАВА 3

## ВЛОГОТ НА ЖЕНСКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ПРОМЕНАТА НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ

Со самото влегување на жените во јавната сфера на општеството, тие, работничките, интелектуалната и ретката политичка елита меѓу жените, го присвојуваат поимот *еманципација* како поим со кој ќе бидат опфатени сите патишта за нивно ослободување во општеството. Оттогаш, нивното влијание во социјалните збиднувања станува перманентно, добивајќи не само во дисперзијата на формите на дејствување, во начините, во средствата, во организираноста итн., туку и во големите придобвки што битно ја менуваат положбата на жената во општеството.

На самиот почеток, движењата на жените се одвивале во сферата на моралот, што придонесува да се направи превид на вистинските причини за подреденоста на жените во општеството. Во текот на борбата на жените за стекнување на права се забележуваат и застранувања (некои струења во феминизмот), заради погрешно избраната основа на половата дифренцијација, каде што се акцентира природниот аспект со цел да се изврши целосно изедначување на половите. Со тоа, барањата за еднаквост меѓу мажите и жените предизвикувале големи реакции во јавноста, и тоа не само во конзервативните кругови, туку и во женските интелектуални кругови кои се повеќе се залагале за респектирање на природните разлики, наспроти нивното елиминирање или запоставување. Според тоа, за една научна анализа на жените во процесот на трудот сметаме дека е значајно накратко да се осврнеме кон сите оние општествени ферментации, збиднувања, научни и теориски текови, што извршиле значајно влијание врз промените на положбата на жените во општеството.

# 1. СОЦИОЛОШКО ВИДУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ: ЕМАНЦИПАЦИЈА, ДИСКРИМИНАЦИЈА, ЕДНАКВОСТ И НЕЕДНАКВОСТ

Пред да се премине на разработката на најзначајните струења што водат кон еманципацијата на жената во општеството, пожелно е да се упати на социјалната супстанца на овие поими и нивното лоцирање меѓу општествените и меѓу другите општествени категории.

Во рамките на движењето на жените за промена на нивниот статус во општеството, како еден од најупотребуваните поими е поимот **еманципација**. Како резултат на широката примена на овој поим се наидува на негова повеќезначност. Многу често тој се употребува за да се покажат некои одвоени сегменти како на пример: економско промовирање, сексуална или духовна слобода итн. Понекогаш тоа е некоја подолготрајна состојба, друг пат - некоја цел, или пак само една тенденција. Не така ретко терминот еманципација се употребува во една идеолошка конотација, концепт лишен од својата супстанца, врзувајќи се за одредени програми на политички партии, со што станува средство за придобивање на женскиот дел од гласачкото тело.[97] Слична ситуација се јавува и тогаш кога вешто се манипулира со формалните права што ѝ се даваат на жената, а притоа се запоставува нејзината реална положба во општеството. Во такви ситуации повторно се истакнува дека таа е еманципирана. Понекогаш, еманципација означува и индивидуален процвет - лична слобода на жената не зафаќајќи ја подлабоко нееднаквоста и положбата во општеството.

Меѓутоа, поимот *еманципација* упатува на подлабоки промени. Имено, еманципацијата е процес што води кон промени во општествената структура и дистрибуцијата на моќ, со што се создаваат можности една група, која има подредена положба во општеството, да дојде во поегалитарна положба со другите групи во општеството. Така, се зборува за еманципација на работниците, еманципација на одредени малцински групи, еманципација на жените итн.

---

97 Тоа може да се потврди со еден свеж пример од неодамнешната швајцарска политичка сцена, кога политичката левица за местото генерален советник предложи една жена, за прв пат во историјата на Швајцарија. Кандидатурата, нормално, ја шокира јавноста, после што следеа бурни дебати. Политичката левица, се чини дека, добро го оправда својот пораз, почнувајќи да шпекулира со подредената положба на жените во општеството. Тоа се реперкуираше и на планот на женското движење кое штотуку почна да се буди.

Понекогаш еманципацијата се однесува и на постигнување на поголем степен на автономија, не само на групи туку и на институции, на организации итн.

Спротивен поим на поимот еманципација е поимот *дискриминација*. Всушност, во дебатите околу положбата на жената во општество овие два поими се испреплетуваат. Дискриминацијата ги интегрира сите оние процеси што водат кон подредување, потчинување и зависност на одредени групи, поединци итн. Според Меѓународната организација на трудот (OIT 1958)[98], дискриминацијата претставува дистинкција, исклучување или преферирање базирано на раса, боја, пол, религија, политичко мислење, национална или класна припадност, што како ефект создаваат намалување на еднаквите шанси во третманот во областа на вработувањето или професијата. Во овој поглед, позната е Филаделфиската конвенција што се однесува на промовирање на еднаквоста на сите луѓе и тоа во: областа на образованието, во пристапот кон различити професии, во условите за работа, во платите итн.

Според марксистичкото сфаќање, дискриминацијата на жената претставува еден од облиците на експлоатација што се остварува во еден систем во кој залудно е да се посакува еманципација на жената надвор од еманципацијата на експлоатираните. Овде се воспоставува директна врска меѓу дискриминацијата и економската организација. Марксизмот ја врзува анализата на еманципацијата со еманципацијата на човекот како генеричко суштество кое треба да ги елиминира сите општествени блокади што му пречат да ја оствари таа суштина. Поимот еманципација кај Маркс е поврзан со улогата на работничката класа, односно „сталеж кој води кон укинување на сите сталежи, група на која не и е направена никаква посебна неправда туку неправда воопшто, која не може да се повика на историското туку на општочовечкото право".[99] Затоа, поимот *еманципација* е тесно поврзан со поимот *алиенација* и многу често во анализите еманципацијата води кон дезалиенација. Во марксизмот, присутниот економски детерминизам, преку значењето што ѝ се дава на

---

[98] Оваа организација е формирана во 1919 и нејзин основен домен се две полиња: 1. Условите за работа и 2. Правата на работниците. Значајна е Филаделфиската Декларација во која е прокламиран принципот *за еднаква работа - еднаква плата*, чија суштина е: *Секое човечко суштество, без оглед на верата, расата или полот, има право да остварува материјален прогрес и духовен развој во слобода и достоинство, во социјална и економска сигурност со целосно еднакви шанси.* По 1919 е позната Конвенцијата бр. 3 што се однесува на здравствено-социјалната заштита на жените, забрана на ноќната работа и на работи опасни по здравјето на бремените жени, како и на жените со мали деца.

[99] K. Marks, *Ekonomsko-filozofski rakopisi,* Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1979.

„*општествената база*", како фактор што ги детерминира сите други области од човековиот живот, се врши редукција на човекот во т.н. „*homo economikus*". Кај Маркс, сфаќањето на суштината на односот меѓу мажите и жените, како однос на природни суштества, се прекршува со интервенцијата на приватната сопственост.[100] На овој план, марксизмот е доста критикуван, на чиишто критики всушност и се надоврзува критиката по однос на женското прашање. Меѓутоа, и покрај издржаната критика, жестоките критичари заборааваат да ги истакнат и позитивните влијанија што марксизмот ги направи на планот на економското промовирање на жената во општеството. Од друга страна, не треба да се сфати дека релацијата меѓу дискриминацијата на жената и другите социјални нееднаквости е прекината. Во секоја анализа, кога се воспоставува оваа релација, треба прецизно да се дефинира социјалната содржина на нееднаквостите, зашто сите овие разлики се базирани на атрибути со социјално значење што ѝ се придодадени на индивидуата, притоа дискриминирајќи ја или привилегирајќи ја.

Со оглед на генезата на нееднаквостите меѓу луѓето, приватната сопственост и класната диференцијација, кај Маркс објаснувањето на потчинетоста на жената ја следи истата логика. Доколку богатството е поголемо, дотолку и прикованоста на жената кон нејзиниот сопруг и господар е поголема. Така, може да се констатира дека жената од работничкото семејство, која економски е принудена да се вклучи во обезбедувањето на средства за егзистенција, на истиот оној начин како и нејзиниот сопруг, е поеманципирана од сопругите на капиталистите. Имено, работничките имаат поголеми шанси да се вклучат во тековите на општествениот живот и да станат носители на општествените движења.

Како често употребуван поим при разглобувањето на женското прашање во општеството е поимот *еднаквост*, односно *нееднаквост*. Што всушност, како социолошка содржина, носи овој поим? Еве како, во една дебата околу суштината на овој поим, еден социолог го дефинира: „*Една разлика нужно не е нееднаквост* (притоа има предвид одредени биолошки дистинктивни моменти). *Нееднаквоста е еден релативен поим, таа е променлива од едно општество до друго според функцијата на нивните културни посебности, или според објективните услови што тие им ги обезбедуваат на своите членови. Нееднаквостите се разлики што се судени како интолерантни, разликите*

100 Ibidem.

*мораат да бидат констатирани и објективни, но само оние разлики, на кои им се придава посебно значење според вредносниот систем, се нееднаквости.*[101]

Социолошкиот поим на нееднаквоста значи нееднаквост во пристапот кон ресурсите или кон ретките добра што ги класификува поединците во одредена хиерархија. Доста е критикувана тенденцијата на социолозите дека трагаат по нееднаквостите уште од индиското кастиско уредување. Се истакнува дека, доколку се бара еден систем на диференцијација, тогаш е непожелно тоа да се прави со термини што се извлечени од сосема друг контекст, како и барањето на верифакација на нивното значење во различни средини, како што се прави со поимот нееднаквост.[102] Имено, западните општества се организирани околу еден систем на вредности што радикално е различен и оригинален, каде што од фактот на еднаквоста прави свој идеал. Ова не може да се пренесе на индиското кастиско уредување каде термините *еднаквост* и *нееднаквост* не можат да се преведат. Со ваквата констатација се наметнува дека западните капиталистички општества создаваат категории, средства и институции што потоа се бараат во другите општества. Анализите на другите општества, особено на старите цивилизации, не можат да се совладаат со модерниот категоријален апарат. Западната, граѓанска култура, како своја битна претпоставка ја има апстрактната еднаквост пред Законот. Тоа значи дека одредени разлики, инторелантни во претходниот систем, се воопштени и пренесени во Законот. Но таа општа, апстрактна граѓанска еманципација, се однесува само на одреден вид разлики, за буржоазијата и пролетеријатот. Меѓутоа, требало многу време за да се постигне тој општ принцип за овие категории, зашто се знае дека право на глас во почетокот имале само луѓе од повисоките социјални слоеви. Долните слоеви бавно се вклучувале во општествените процеси. Апстрактната општост, во која се изнесува политичката еманципација на еднаквост и демократија, е рестриктивна спрема жените. Според тоа, женското прашање е под границите на општоста, жените во општеството се поставени како посебно нешто, од каде што доаѓа и идентификацијата спрема полот и насоката на оштрицата на жените во борбата за својата еманципација.

Во досегашните проучувања на дискриминацијата на жената е констатирано дека таа се остварува во два домена: во семејството и надвор од

---

101 Y. Lemel, *Stratifikation et maobilité sociale*, 30. A. Colin, Paris 1991.

102 L. Dumont, *Homo Hierachicus. Essai sur les problemes des castes*. Paris, Gallimard 1966.

него. Факт е дека жената може да биде истовремено изложена на влијанијата во јавниот сектор и во семејството, при што се зборува за т.н. атрибуција на задачи или екцес од задачи, кумулација од улоги и сл. Двете полиња на делување на жената се мошне значајни за одредувањето на положбата на жената како и за перспективите за надминување на истата.

Во англосаксонската литература се употребува терминот *сексизам* како аналогија со терминот *расизам*, со цел да се прикаже длабочината на нееднаквоста што постои меѓу половите. Во овој поим е пренагласено значењето на природните разлики, а тоа секогаш имплицира тенденција на владеење на еден пол со спротивниот.

Во литературата[103], при разгледувањето на еманципацијата на жената се прави разлика меѓу **објективна еманципација** и **субјективна еманципација**. Објективна е онаа еманципација кога се бара еднаквост во правната регулатива и учество на жената во значајни домени од општествениот живот. Подлога на објективната еманципација е објективната дискриминација или статистичката дискриминација. Се работи за објективни, мерливи параметри што јасно упатуваат на положбата на одредена група во општеството. Такви објективни параметри можат да бидат законите, потоа бројките што ја покажуваат релативната застапеност во значајни домени на општеството, особено на инстанците на моќ, како и бројките што покажуваат отстапување во многу други општествени процеси. Субрепрезентацијата на жените, на пр. во политиката, на универзитетите, во одредени сектори од стопанството и др., се манифестира во две димензии: *вертикална* - во поглед на поседувањето на моќта, и *хоризонтална* - која уште се нарекува и *гетоизација* што значи концентрација на жените во одредени формаации т.н. *„женски“*.

Субјективната емаципација како подлога ја има субјективната дискриминација, односно, и покрај прокламираните права, како факт се регистрира нееднаквост во третманот. Поинаку кажано, жената ја доживува својата субордонираност еднаш како генерална субордонација, а друг пат како лична субордонација во доменот на реализацијата на својата професија, образованието или политиката. Можеби спорна, но секако и интересна е забелешката на еден автор што ја дава по повод дискриминацијата: *„Треба да се*

---

103 R. Lévy et H. Thomas, *La femme, la famille et la societé: enquete sociologique sur la situation en Suisse, Vevey, Delta, 1975.*

*подвлече дека воопштеното расудување за дискриминацијата на жената помалку зависи од припадноста кон одредена социјална класа, а повеќе од конкретното и лично искуство.*[104]

## 2. ПОЛИТИЧКА И ЕКОНОМСКА ЕМАНЦИПАЦИЈА

Многу често, како индикатор со кој се мери продорот на жените во јавниот живот е квантитативното учество на жените во политиката. Така, се презентира една состојба што ја покажува многу ниската застапеност на жените во политичкиот живот.[105] Дури и кога жените се занимаваат со политика, се смета дека тие не умеат да се занимаваат со општите општествени проблеми, туку се занимаваат со проблемите на половите. Често се истакнува дека, кога жената е на власт, таа како да го претставува својот пол.[106]

Наспроти прогресивниот продор на жените во економската област, во политичката сфера ситуацијата не е така поволна. Некои од причините за ваквата ситуација можат да коиндицираат со оние што се истакнуваат за економската сфера. При расправата за вклучувањето на жената во сферата на трудот, во ерата на капитализмот, беше истакнато дека промените во трудот што ги наметнува капитализмот се еден од основните услови што го овозможува промовирањето на жената и во областа на политиката. Меѓутоа, политиката сè уште останува затворена за жените. Секако дека карактерот на политиката има голем влог тука. Политиката е една од најконзервативните сфери во општеството, во која длабоко е вкоренет традиционализмот и нему својствените стереотипи што го блокираат влезот на жената во политиката. Така, според исказите на политичарите, на жената не ѝ е местото во политиката, има места каде што таа може да се докаже.[107] Од друга страна, политичките структури се бирократски, крути и инстиктивно вклопени во една шема. Како такви, во нив

---

104 R. Lévy, *La famme, la famille et la societe'...*, 32.

105 Во раководствата на политичките партии во Република Македонија само 9,68% се жени. На челните места во партиите нема ниту една жена. Во парламентот жените се застапени со 3% (односно, има само 4 жени). На два ресора од министерствате се жени (образование и наука). *Скопски плуралистички тренд*, Скопје. Ноември 1990; *Пулс*, Ноември 1994.

106 S. Leinart Novosel, *Žene i politika u višestranačkim političkim sistemima.* Žena 6/1988.

107 S. Leinart- Novosel, Žena, 6, Zagreb 1988, 9 (Презентација на проект со наслов *Razlozi o nedovljnom učešču žena u procesu društveno političkog odlučivanja).*

нема голем простор за промени или за продор на промените што се случуваат во останатите области на општеството. Со оглед на тоа, продорот на жените во политиката значително заостанува и покрај бројните успеси на други подрачја, каде што отвореноста е поголема. Исто така, треба да се напомене дека главна содржина на политиката е наметнување на одредени интереси, при што се случуваат разни „игри", неопходни се кампањи и други „средства на убедување" каде што жените се во дефаворизирана положба. Еден маж, во својата кампања како слабост на својот противник, ако тоа е жена, може да ги генерализира во неа сите човечки слабости, односно да истакне дека таа не е погодна за таа функција само затоа што е жена. Жената, свесна за овој став и за можноста тој да биде употребен против неа, ретко кога се кандидира. Една жена не може да каже за својот противник дека тој не може да се кандидира затоа што е маж. Овде се наоѓа еден од позначајните моменти на политичката дискриминација.

Постои една теза која долго време доминираше на овие простори, а таа е дека економската еманципација ќе доведе до политичката еманципација, т.е. вработеноста на жената корелира со нејзината општествено-политичка ангажираност, која засега не е доволно аргументирана. Сепак, може да се констатира дека сферата на трудот може да биде отскочна даска за поголем ангажман на жените и во политичкиот живот. Податоците од едно истражување спроведено во Словенија покажале дека оние жени кои биле на повисока положба во работниот процес биле во поголема мера политички ангажирани.[108] Меѓутоа, во рамките на истражувањето што се спроведе во нашата средина, поголем дел од испитаничките[109], запрашани за нивниот став спрема политиката и дали би се ангажирале во политичката област, категорично негираа кај себе една таква амбиција. Имено, повеќето од нив имале големи шанси да станат политички функционери, зашто биле подржувани од политичките структури, но тие не ја прифатиле кандидатурата. Значи, може да стане збор за еден вид отпор на жените спрема политиката. Во литературата често се напоменува овој вид на отпор кој се изразува преку реченицата: „Ние жените имаме многу поважни и посериозни работи отколку да се занимаваме со политика и да го губиме времето".[110]

---

108 T. Rener, *Upravljanje ženskih v delegotskom sistemu*, Raziskovalni Institut FSPON, Ljublana 1983.

109 Се однесува на истражувањето спроведено низ цела Македонија на примерок од 40 жени на раководни функции во стопанството, чии генералии ќе бидат понатаму детално изнесени,.

110 J. Moro SNRS, Paris, Предавање одржано на 22 Декември 1995 година. Филозофски Факултет Скопје.

Едно друго истражување, спроведено во Загреб,[111] покажало дека и кај мажите и кај жените постои висока мотивација за политичко ангажирање. Меѓутоа, се јавуваат разлики во подготвеноста да се вклучат во политичкото одлучување. Констатирано е дека жените се подготвени да дадат поткрепа, а мажите да ги изнесуваат своите ставови. Како најзначајни варијабли, што влијаат на политичкото ангажирање на жените, во рамките на ова истражување, се истакнати: семејството (93% од испитаните жени, кои се општествено-политички активни, ја следат линијата на политичката ориентација во семејството), пошироките општествени ставови содржани во владеечката култура која може да биде помалку или повеќе традиционално нијансирана, потоа, одредени карактерни особини тесно поврзани со социјализацијата, образованието, или, како што вели авторот: *„Жените на функции се како жените-возачи, внимателни, со помали грешки, неагресивни, но исто така оценети како најлоши возачи“*. Исто така, како значајна социјална варијабла е истакната кумулацијата од улогите што ги има жената, при што се јавуваат бројни тешкотии во нивното усогласување.

Од она што го прикажуваат некои истражувања за начинот на кој жените ја остваруваат својата политичка улога, може да се истакнат одредени специфичности.[112] Имено, жените се подлабоки од мажите. Тие брзо ги откриваат центрите на моќ кон кои нерадо се приклонуваат. Исто така, жените се подемократични од мажите, порадикални, а кога една жена не покажува интерес кон некоја тема - значи дека темата е неважна. Во содржината тие внесуваат повеќе грижа за обичните луѓе, за целината, за општото. Ако кај жените се забележува поинтензивно присуство на конзервативизам, тој е во тесна врска со возраста, односно конзервативизмот е одлика на помладите и порелигиозните политичарки (т.н. *генерациски артефакт*). Жените не можат да ги поднесат долгите, неплодни и манипулативни состаноци. Тие би го искористиле времето за позначајни работи.

---

111 B. Kuzmanovič, S.Radović, *Odnos žene i muškaraca prema angažovanju u samoupravljanju*, Gledišta 9/10, 1980.

112 S. Leinart-Novosel, *Razlozi o nedovolnom učešća žena...* .

## 3. ВЛОГОТ И НЕДОСТАТОЦИТЕ НА МАРКСИЗМОТ ВО РАЗГЛЕДУВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМОТ НА ЖЕНАТА ВО ОПШТЕСТВОТО

Веројатно, уште на самиот почеток од анализата за влогот на марксизмот во расветлувањето на проблематиката на жената во општеството ќе се постави прашањето за неговото ситуирање во контекстот на анализата на движењата на жените за стекнување на права. Одлуката - ова прашање да биде сместено во овие рамки - се наметна сама по себе. Тоа е оттаму што многу долго време марксистичкото гледање на појавите и процесите во општеството, гледиште што по својата суштина е еден критички пристап базиран врз една посебна варијанта на историцизмот и материјализмот т.н. историски материјализам, ги одредуваше насоките на многуте движења. Иницирајќи ги социјалистичките движења, креирајќи ја комунистичката идеологија како програма на идното бескласно општество, марксизмот стана популарен и во рамките на женските движења. За да се види зошто марксизмот изврши така големо влијание врз насоките на женските движења, како неопходност се наметна образложението на неколку општи поставки на марксизмот, пред сè на оние што се тесно поврзани со женското прашање.

На самиот почеток би истакнале дека во марксовите анализи на општеството не е директно поставено женското прашање, туку тоа е поставено во рамките на расправата за одредени витални проблеми на општествениот систем, како што е сопственоста,[113] потоа, производството на материјалниот живот на луѓето, вкупноста на производните сили како историски створен однос спрема природата, како меѓусебност на луѓето итн.[114] Меѓутоа, иако Енгелс и неговите анализи за „Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата“ се конзистентни на целокупниот систем, тие подиректно се однесуваат на женското прашање. Затоа, нема анализа што се занимава со прашањето на жената во општеството, а што не дава своја интерпретација на енгелсовите видувања на кои ќе се навратиме понатаму.

---

113 K. Marks *Ekonomsko Filozofski rukopisi,* Stvarnost, Zagreb 1979; F. Engels, *Poreklo porodice, privatne svojine i države,* Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1979.

114 K. Marks *Nemačka ideologija,* Glavni radovi Marksa i Engelsa Stvarnost, Zagreb 1979.

Во рамките на марксизмот, положбата на жената се разгледува како однос меѓу жената и економскиот систем, а сосем малку се поставува проблемот меѓу мажот и жената. Марксизмот го гледа решението на сите проблеми во општеството, во сферата на основните производни односи. Со преуредувањето на оваа сфера, каде што основен белег дава сопственоста, ќе се преуредат сите други односи во општеството. Проблемот на односите меѓу мажот и жената, како посебни групи во општеството, марксизмот децидно не го поставува. Жените, како интегрален дел на работничката класа, се подложни на влијанието на односот труд-капитал и тоа е всушност она што ја одредува нејзината положба во општеството.

Една од основните поставки на марксистичката теорија е дека еманципацијата на човекот е одредена од положбата што секој ја има во сферата на производството. Во таа рамка, борбата за остварување на рамноправност меѓу мажите и жените ја губи смислата за еднакви права, а се повеќе добива смисла борбата за заземање на клучни места во економската област на општеството.

Класиците на марксизмот воочуваат дека капитализмот голем дел од жените ги претвора во наемна работна сила, а на тој начин се разорува поделбата на трудот според половите. Современите марксисти, кога го воочуваат проблемот на жената, го лоцираат во секојдневниот живот на капитализмот. Изгледа како сè да се вклучува во егзистенцијата на капитализмот и неговото прилагодување на од внатре иницираните процеси на промена.

Како што веќе беше напоменато, едно од попопуларните дела користено при анализите на положбата на жената во општеството е енгелсовото дело „*Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата*". Енгелс, констатирајќи ја инфериорната положба на жената во општеството, трага по нејзините причини. Нив ги наоѓа во приватната сопственост што ги оформува роднинските односи, го институционализира моногамниот брак и на крајот доведува до тоа жената да ја загуби целата слобода. Притоа, појавата на моногамното семејство директно го изведува од матријархатот кој сам по себе се наметнува во реконструкцијата на етапите во еволуцијата на бракот. Според Енгелс, облиците на сродство се тесно поврзани со бракот и типот на семејството што потоа ќе се створи. Регулацијата и редукцијата на сексуалните врски и нивното прекршување низ одредени социјални варијабли, кои сè повеќе интервенираат во односите меѓу луѓето, доведуваат до сепарирање на двојки од кои понатаму ќе се легализира моногамното семејство што ја претвора жената во

роб. Всушност: *„Укинувањето на матријархатот било светско-историски пораз на женскиот род. Мажот го прикрадува стадото и куќата, жената ја лишува од нејзиното достоинство, потчинета и претворена во робинка на неговите страсти, таа станува средство за раѓање на деца“*.[115] Во сето ова, марксизмот е доследен на своите основни поставки за развојот на општеството врз основа на општествено-производните односи и нивната детрминирачка улога во трансформацијата на сите други домени па и на семејството. Но, во реконструкцијата на историјата што претходи на цивилизацијата недостасуваат фрагменти со што матријархатот не е доволно јасен, тој кај Енгелс единствено се однесува на одредување на сродниците по женска лоза поради нерегулираните сексуални односи во заедницата. Како пример, може да се наведе еден енгелсов став, кој може да предизвика дискусија за почетоците на моногамното семејство: *„Бахофен, понатаму е безусловно во право кога секогаш и секаде тврди дека премин од она што се нарекува „хетеризам“ и раѓање во разврат кон моногамија е извршен единствено благодарение на жените. Со тоа што традиционалните полови односи почнале да го губат примитивно-наивниот карактер, поради развојот на економските животни услови, на жените морало да им изгледаат тие односи несносни и понижувачки со што морале да бараат некакво спасување, право на невиност, право на повремен или траен брак само со еден маж. Овој напредок не можел да потекнува од мажот, поради тоа што нему никогаш не би им паднало на памет да се откажат од пријатноста на фактичкиот групен брак.“*[116] Понатаму, Енгелс сепак ќе констатира дека, за машките, групниот брак[117] продолжува и понатаму да постои и во рамките на моногамното семејство, тука тој гледа поле на манифестирање на потчинетоста на жената, но тој ќе додаде: *„дали може јаболкото да остане цело ако тоа е каснато од една страна“*, а тоа значи дека моногомијата е општествена фикција, кај Енгелс во функција на сопственоста и наследството.

Меѓутоа, голема придобивка на марксизмот е што причините за правната нерамноправност меѓу мажот и жената ги бара во економската угнетеност на жената. Тоа се случува тогаш кога настанува поделба на јавното и приватното, т.е. тогаш кога домаќинството станува приватна служба (жената станува прва

115 F. Engels, *Poreklo porodice, privatnog vlasništva i države*,1244.

116 F. Engels, ibidem, 1240.

117 Ibidem, 1255.

слугинка исклучена од учеството во општественото производство). Исто така, прв предуслов за ослободување на жената е воведувањето на целиот женски род во јавната дејност,[118] односно промената на односите во сферата на производството, кога приватното домаќинство ќе се претвори во општествена индустрија. Со тоа, ослободувањето од потчинетоста и воспоставување на целосна рамноправност во општеството поврзано е со укинувањето на класите и пренесување на репродуктивните функции од семејството врз целото општество. Се чини дека овде научниот пристап како да е разводнет, односно преточен во една визија што е во склад со тогашната револуционерна социјалистичка идеологија. Имено, „*победата на пролетеријатот врз буржоазијате ќе ги укине сите противречности, па и оваа*“.[119]

Во „*Германската идеологија*“ Маркс и Енгелс го издвојуваат раѓањето на децата како природна репродукција на животот од семејството и индивидуалното домаќинство како општествени односи. „*Во почетокот семејството е единствен општествен однос*“.[120] Овде анализите за положбата на жената во семејството се поврзани со анализите на поделбата на трудот и сопственоста. Така, првата поделба на трудот е поделба меѓу мажот и жената за да родат деца, а потоа настанува поделбата на трудот која се врши сама по себе или според „*природата*“. Маркс и Енгелс ја гледаат општествената димензија на човековото живеење во односите меѓу луѓето, што, од поедноставни и локални, стануваат сложени и меѓународни. Во рамките на општественото живеење на луѓето, семејството се јавува како најзначајна стопанска единица, се разбира во почетниот период. Меѓутоа, иако општественоста се огледа во меѓусебните односи на членовите на заедницата, сепак односите меѓу мажот и жената во сферата на трудот или во т.н. поделба на трудот во семејството се чини како да имаат статус на природна појава. Таа и се нарекува природна поделба на трудот. Но. Маркс општествениот однос го гледа на друго место, т.е.: „*Зародишот на сопственоста (која се смета како основа за првата класна противречност) се наоѓа во семејството, каде жената и децата се робови на мажот. Робувањето во семејството, секако многу сурово и латентно, е прв облик на сопственост, кој, всушност, уште овде совршено одговара на дефиницијата на модерните*

---

118 Ibidem, 1254.

119 F. Engels, Poreklo porodice... .

120 K. Marks, F. Engels, *Njemačka Ideologija*, 310.

*економисти, според кои тоа е располагање со туѓата работна сила*".[121] Маркс и во своите подоцнежни размислувања, дадени во „*Капиталот*" забележува: „*Порано работникот ја продаваше сопствената работна сила, располагајќи со неа како лице формално слободно. Сега тој ги продава и жената и децата. Тој станува трговец со робови*".[122] Маркс го регистрира фактот што покажува постоење на патријархални елементи и во рамките на работничкото семејство, но не коментира.

Кај марксистите е очевиден напорот да се истакне значењето на општествените моменти во разгледувањето на сите процеси и односи, што не е избегнат ниту во разгледувањето на односите меѓу половите. Меѓутоа, од големо значење секако е тоа што тие ја откриваат социјалната структура на патријархализмот и неговото значење во односите меѓу половите.

Со својата визија за надминување на подредената положба на жената во општеството, марксизмот ќе изврши големо влијание врз тогашните општествени движења. Всушност, марксизмот стана идејна основа не само на некои од движењата во некои индустриско развиени земји во Европа, туку и на вооружени борби за насилно сменување на капиталистичкиот систем. Во земјите, каде што настанаа социјалистичките преврати, марксизмот одигра прогресивна улога, пред сè заради економскиот детерминизам. Непобитен е фактот што социјалистичките револуции се случија во индустриски неразвиени, речиси феудални општества, чија цел првенствено беше економското воздигнување, создавање на работничка класа итн. Во овие општества, марксистичката идеја одигра голема улога и во поглед на промената на положбата на жената. Една од најголемите придобивки се однесува на постигнување на формално-правна еднаквост меѓу мажите и жените, како и постигнување можност за еднаков пристап во сите сфери на општествената практика. Навистина, во овие земји семејството не фигурираше како основна стопанска единица. Сè повеќе жени беа вклучувани во јавната сфера. Слики на жени со шлемови и работнички одела го потресуваа светот. Се разбира, се работи за еден многу крупен чекор и прогрес во разрешување на едно од виталните прашања поставени цела низа години пред тоа, од страна на женските движења. Правото на глас, правото на труд и еднакви плати, жените автоматски ги добија со правната конструкција на овие општества.

---

121 *Ibidem*, 311.

122 K. Marks, *Kapital*, Tom 1, Prosveta, BIGZ 1979, 351.

Но, подлабокото втурнување во животот на луѓето, кон секојдневиото, кон она што реално постои, дава една поинаква слика за положбата на жената во овие општества, иако за нив не можеме да зборуваме воопштено, барем не на овој план - на планот на животот. Но сепак, во доменот на правата на жените нема многу дилеми и разлики. Еднаквото учеството на жената со мажите во доменот на остварување на егзистенцијата во секој случај не пружа идилична слика. Моногамното семејство претрпи големи трансформации, но дали од баркот се елиминира „хетеризмот" и дали се исчисти општеството од проституцијата за која беа виновни мажите и приватната сопственост? Овде нема да навлегуваме во опширен одговор, тој е непотребен, зашто секој возрасен човек знае што значи „жена од источните земји". Превисоката цена на индустријализацијата, пред сè ја платија жените. Социјалистичкото општество им нанесе голема неправда на жените, со оглед на тоа што имаше нереспективен однос спрема сферата на репродукција. Ако сакаме да направиме критика на социјалистичкото општество од аспект на женското прашање, во него нужно се наметнува односот меѓу продукцијата и репродукцијата, јавното и приватното. Истиот превид се воочува и во теоријата.

Според современите аналитичари,[123] раните марксисти, иако свесни за подредената положба на жените во општествто, не се занимаваат со разликите меѓу машкото и женското искуство во капитализмот. Марксизмот, насочен кон една длабинска анализа на производниот капиталистички апарат, малку посветува внимание на јазот што капитализмот го воспоставува меѓу домот, семејството и приватниот живот, од една, и работното место, од друга страна. Според некои, тоа е конститутивно битна поделба на производството на капиталот што се базира на структурата на граѓанското општество, што ја презема, ја развива и ја фиксира историската поделба на машки и женски улоги.[124] Во рамките на ова, може да се надоврзе ставот на Е. Заретски кој, поподробно образложувајќи го местото на жената во економската област на капитализмот, во рамките на анализата на марксизмот ќе констатира дека *ако мажите се подредени затоа што се наемни работници, жените исто така се подредени, затоа што им е ускратен наемниот однос*. Жените ја репродуцираат работната сила, а тоа значи дека тие со тој труд во семејството повторно, на друг

---

123 H. Hartman, *Nesrećni brak*.... (Го изложува сфаќањето на E. Zaretsky).

124 N. Ler Sofronič, *Neofeminizam i socijalistička alternativa*, Radnička štampa, Beograd 1986, 81.

начин, работат за капиталот. Со тоа што капитализмот направи јаз меѓу општествениот труд и семејството, беше можен привидот дека жените, повлечени во сферата на приватното, како да не се вклучени во репродукцијата на капиталот. Репродуцирајќи ја работната сила, што не може да се изрази преку разменската вредност (а тоа е мајчинството, семејната нега и воспитанието на децата, целокупниот труд во домаќинството што произведува употребна, но не и разменска вредност) капиталот го одзема овој труд од вредноста на работната сила како *„природен подарок“*. Исто така, со тоа што тие се сопруги или ќерки на наемници (не навлегувајќи подлабоко во сите механизми на репродукцијата на работништвото во капитализмот, како и во експликација на сите полит-економски категории како што се: вредноста и употребната вредност на работната сила, реална или номинална наемнина итн.), жените стануваат дел од работничката класа, тие учествуваат во продукцијата на капиталот и во разменските капиталистички односи. Според марксистите, до промена на оваа положба ќе се дојде откако ќе дојде до реконцептуализација на системот на производство, кога ќе биде извршено укинување на поделбата на продукција и репродукција. Од анализите за положбата на жената во капиталистичкиот производствен систем се наметнува заклучокот дека причините за угнетеноста на жената се наоѓаат во самото семејство кое е разбиено и дезорганизирано, а како такво одговара на потребите на капиталот за евтина работна сила. Се чини дека како идеален модел е земено прединдустриското семејство каде што мажите, жените и децата заедно работеле во кругот на семејството и сите придонесувале за животот на заедницата.

Меѓутоа, и покрај недоволно развиената концепција за половата диференцијација во капиталистичкото општество, длабоко пенетрирајќи во системот на капиталистичката продукција, марксистите ја изнесуваат на виделина социјалната позиција на жената поврзувајќи ја со економската проблематика. Всушност, јачината на критиката на капиталистичкиот општествен систем, каде што доминираат класните односи, го прави неважен и споредeн овој проблем. Сето тоа е оправдано со оглед на нивниот глобален пристап.[125]

---

125 *Kapital*, Tom, *Mašini i krupna industrija...* .

# 4. СУШТИНАТА НА ФЕМИНИЗМОТ И НЕГОВИОТ ВЛОГ ВО МЕНУВАЊЕТО НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА ВО ОПШТЕСТВОТО

## *4.1. ОСНОВНИ ОБЕЛЕЖЈА НА ФЕМИНИСТИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ*

Имајќи го предвид фактот дека темелниот приказ и критичката оцена на основните вредности на феминизмот е премногу крупна задача за да биде овде обработена, ќе укажеме само на некои основни димензии. Меѓутоа, презентирањето на една општа слика за феминизмот е отежнато од причини што тој не претставува едно хомогено движење, една единствена организација каде што е фиксирана една единствена цел.

Во тенденцијата да се пронајдат општите обележја, може да се истакне дека феминизмот, без оглед во која варијанта или организациона форма се јавува, е движење на жените во општеството што произлегува од историските, економските, политичките, културните и од други услови во развиените капиталистички земји.

Кога станува збор за феминизмот, пред сè треба да се упати на постоење на два типа феминизам, што ги дели една историска дистанца. Тоа е т.н. *стариот феминизам* (old feminism) и *новиот феминизам* (neo feminism). И стариот и новиот феминизам имаат корени во широките општествени превирања. За целите на оваа анализа поважно е да се направи осврт на новиот феминизам што се појавува во средината на шеесетите години, и тоа после еден долг период (околу 40 години) на молк. Иако кон феминизмот пристапуваат различни организации, според формата на нивната организираност, според нивните цели и вредности, сепак би констатирале дека основна негова димензија е самоосвесувањето, т.е. освестување на колку е можно поголем број жени за нивната подредена и понижувачка улога во општеството. Кон ова, значително придонесува успехот на книгата на Б. Фрајден[126] што го изнесува „проблемот без име", проблемот што од внатре го нагризува митот за постигнатата еманципација на жените, потиснувајќи ја свеста за незадоволството во личното, индивидуалното, а не во политичкото разрешување. Посебно се истакнува постоењето на т.н. лажна свест што ја затвора жената во улогите на помалку вредно суштество.

---

126 B. Friedan, *The feminine Mystique,* Penguin Books,1965.

За подобро да се сфати суштината на феминизмот накратко ќе ги прикажеме основните тенденции што делуваат во неговите рамки. Најчесто феминизмот, всушност како и сите други движење, се дели на: *реформистички* (конзервативен) феминизам, кој се насочува кон специфични проблеми на еманципацијата на жената и ја истакнува борбата за еднаквост со мажите во рамките на постоечкиот систем, и *радикален* феминизам, кој ја заменува еманципацијата со ослободување и акцентирана еднаквоста на половите во општеството.

Всушност, она по што најмногу се разидуваат различните струи во феминизмот е третирањето на причините за вековното потчинување на жените. Така, според овој момент, се диференцираат две групи. Првата е онаа група што изворот на нејзината потчинетост го гледа во превласта на мажите. За втората група потчинетоста на жената се гледа во поширокиот општествен контекст во кој е вклучен и класниот аспект.

Постои и една друга типологизација на организациите што делуваат во рамките на феминизмот, инаку доста популарна и цитирана, а тоа е типологизацијата направена од Ш. Фејрстоун.[127]

1. Конзервативен феминизам - што се залага за организирано делување на жените во рамките на постоечките институции на системот. Имено, тоа пред сè се женски структурирани организации, чија основна цел е да оствари повисок степен на интеграција на жената со постоечкиот општествен систем.

2. Политикос - во кој спаѓаат групи кои претежно се врзани за левицата и кои делуваат според целите на лево ориентираните политички партии.

3. Радикален феминизам - во кој делуваат групи надвор од институционалниот систем. Тоа се неструктурирани групи кои повеќе личат на клубови во кои се разглобуваат одредени проблеми. Иако овде пред сè се работи за стекнување „женска класна свест", т.е. дека машко-женскиот однос не е од лична природа, туку од пошироки размери, сепак не е спорен нивниот психотерапевтски карактер.

---

127 Sch. Firestone, *La dijalectique du sex.....*

## *4.2. МАРКСИЗМОТ И ФЕМИНИЗМОТ*

Првичниот поглед кон еден ваков наслов ги наметнува прашањата: *Зошто еден ваков спој?; Од каде доаѓа интересот на феминистките за марксизмот?;* и *Што е она заедничкото што ги спојува и, се разбира, она што ги одвојува нив?.*

На самиот почеток, во една своја анализа за феминизмот, Х. Хартман вели: „*Бракот меѓу марксизмот и феминизмот личи како на брак меѓу мажот и жената опишан во англиското обичајно право: Марксизмот и феминизмот се едно, а тоа едно е марксизмот (односно мажот и жената се едно, а тоа едно е мажот).*[128]

Феминистичкото движење, според својата ориентација, често се врзува за марксизмот, т.е. еманципацијата на жената често се врзува со онаа на пролетеријатот. Прокламирајќи ја апсолутната еднаквост меѓу мажите и жените, марксизмот станува привлечен за движењето на жените за еднаквост. Со тоа, мета на на еден позначаен дел од феминистичкото движење станува, исто како и во марксизмот, капитиластичкото општество - како општество што се базира на доминација и експлоатација од секаков вид.

Како што веќе беше напоменато, основна содржина што го бојосува феминистичкото движење во сите негови прашања, се причините за сексуалната нееднаквост меѓу мажите и жените, односно тие се занимаваат со причините за доминацијата на мажите во општеството. Додека кај марксистите доминира сфаќањето дека жените, исто како и мажите, се експлатирани од капиталот и дека трудот на жената во семејството е повторно во служба на капиталот, феминистите, не отфрлајќи ја оваа теза, додаваат дека сепак во семејството жените работат за мажите.

Феминистичкото движење уште од самиот свој почеток води спор со прудонизмот, градејќи го на тој начин својот пристап како и диференцијацијата на проблематиката со која натаму ќе бидат окупирани. Имено, спротивно на прудонизмот, според кого жените и мажите не можат никогаш да бидат компетитивни, затоа што можностите и способностите на едните и на другите не се споредливи, феминизмот го става акцентот на еднаквоста.[129]

---

128 H. Hartman, *Nesrećni brak marksizma i feminizma...* .

129 *„Жените, со оглед на своите способности, не му припаѓаат ниту на економскиот ред, ниту на индустрискиот, ниту во редот на литературата, ниту во редот на филозофијата. Тие се развиваат и припаѓаат на сферата на субордонацијата и на*

Острицата на феминизмот пред сè е насочена кон патријархатот чија материјална основа се наоѓа во трудот на жената за продолжување на видот.[130] Така, постои дијалектика меѓу половите, која всушност претставува начин преку кој еден биолошки факт (раѓањето на деца) станува социјален феномен (род). Со самата своја природа, т.е. со раѓањето коешто природно е поврзано за женката, жената не е предодредена да биде во сферата на субординација, подреденост. Не навлегувајќи повторно во елаборацијата на природните особини на половите и социјалниот влог во дефинирањето на тие разлики, би констатирале дека за феминистичкото движење основна цел е да се елиминираат сите социјални пречки во дејствувањето на жените во општеството и тоа оние што се потпираат на природните разлики, односно да се создадат такви социјални услови што не ќе бидат рестриктивни во однос на жените, законодавство што ќе даде еднаков третман во сферата на вработувањето, образованието, социјалната и здравствената заштита, наследувањето итн. Со оглед на оваа ориентација што ја имаше фемиминизмот, апсолутната еднаквост меѓу мажите и жените, сакајќи или не, тој се доближи до марксизмот.

Едно од поинтересните барања, со кои се истапува во новите тенденции на феминизмот, е барањето да им се плати трудот на жените вложен во семејството.[131] Имено, се истакнува дека овој труд им служи на интересите на капиталот и придонесува за поголеми профити. Овде е интересна една случка т.н. Афера Блеин, која покажува колку вреди женскиот труд што се вложува во семејството. Се работи за еден маж кој ја загубил својата сопруга во сообраќајна незгода, по грешка на трето лице. Во тужбата за плаќање на отштета тој ги подредел сите оние активности што неговата госпоѓа ги работела во неговото семејство, при што била надмината вредноста на најскапо платеното занимање за една година.[132] Тоа е пракса на швајцарското законодавство во случај на губиток на работоспособен човек. Овој случај покажува дека женскиот труд во домаќинството има своја цена. Но, свеста за таа вредност во општеството се регистрира само како индивидуален случај.[133] Ваквото барање предизвика бурни

---

*семејството, како чувари на моралните вредности*" - истакнува Прудон (цитирано според E. Sullerot „*Histoire et sociologie du travail feminin*").

130 Sch. Firestone. *La dijalectique du sex*... .

131 M. Dalla Costa, *Womens and Subversion of the Comunity* ( H. Hartman)...

132 J. Bernstein Wevre *Valorisation du travail familial et domestique: comment. Le sex du travail...*

133 J. Bernstein - Wavre *Vaorisation du travail familial et domestique: comment Le sex de travail...*

дискусии, слично како и бранувањата што ги предизвикуваат речиси сите женски барања (правото на абортус, средствата за контрацепција, планирање на семејството и сл.). Всушност, нема придобивка на планот на движењата на жените за стекнување права што не се пропратени со големи булверзации, случаи, големи судења итн.

Според анализите направени во САД, пресметано е дека невалоризираните активности од општеството, што се реализираат во домаќинството, апсорбираат приближно онолку колку што изнесуваат вкупно регистрираните сектори во еконимијата. Феминистките, во овој контекст, го осудуваат т.н. „*дуплиран работен ден*“, давајќи му посебно значење на трудот во домаќинството. Тие бараат негова од страна на капиталот. Овој труд има посебно социјално значење, исто како и неговата приватна неопходност. Ако жените бараат тој труд да биде платен, и притоа ако одбијат да се вклучат на пазарот на труд, жените можат да му се спротистават на капиталот.

Марксистичкото крило на феминизмот, кога се во прашање женските движења и борбата за стекнување на права, доследно ја лоцира таа борба околу трудот. Меѓутоа, во феминизмот се поставува едно големо прашање: *Дали жените и мажите имаат исти интереси, цели и стратегија во своето дејствување*? Имено, за феминистките, социјалната содржина на трудот на жената во домаќинството е заради одржување на машката превласт. Тоа се контурите на патријархатот што им овозможуваат угоден живот на мажите.

Марксистичкиот феминизам исфрла уште едно име, а тоа е Џ. Мичел.[134] Кај неа постои обид да ја примени марксистичката метода во проучувањето на женското прашање. Така, поаѓајќи од онаа позната енгелсова поставка во предговорот од *Потеклото...* за продукцијата и репродукцијата, нејзината анализа се движи во рамките на трудот и капиталот. Малку подоцна, таа ќе констатира дека разликите меѓу мажот и жената се формираат на психолошко ниво, и тоа под влијание на патријархализмот. Патријархатот го посматра како основна идеолошка структура, исто како што капиталот е основна економска структура. Тоа се две паралелни структури кои некогаш се испреплетуваат. Секако дека е едноставно да се воочи и востанови егзистенцијата на патријархализмот и да се даде неговото значење, но проблемот речиси секогаш е присутен во неговата операционализација - како доаѓа до негова интеграција со целокупниот социјален систем? - аналитичарките се немоќни пред патријархатот.

---

134 J. Mitchell, *The Longest Revolution, New Left Review 1966, Psihoanallysis and Feminism. New York.*

Укажувајќи на големите влијанија што ги остварува марксизмот врз феминистичките движења, овде може да се даде одговор на претходно поставеното прашање: *Од каде доаѓаат овие големи влијанија на марксизмот*?. Можат да се наведат повеќе причини. Но, една од главните причини е неконцептуалната заснованост на феминизмот кој секогаш има потреба од нечија потпора. Така, марксизмот како една целосна и конзистентна концепција, дотолку попривлечна поради материјата за еднаквоста содржана во него, стана основа за делувањето на феминистките.

Меѓутоа, марксизмот во основата содржи антифеминистички ориентации. Марксизмот го гледа изворот на нерамноправноста во класните односи и овде се појавуваат настојувањата да се занемарат обидите за развивање на едно независно разбирање на положбата на жените. Класата се смета како правна рамка за разбирање на таа положба. Тоа е пристапот на марксизмот кон сите проблеми што се поврзани со одредени групи во општеството како што се: нациите, расите, студентските движења итн. Така, во една своја анализа В. Томчиќ истакнува: *„И младинското и селското, националното и другите прашања ќе бидат разрешени со пролетерска револуција"*[135] Феминизмот и другите женски граѓански организации се штетни за вистинското движење на жените, бидејќи тие заднички ги поставуваат барањата на жените од сите слоеви, одвоени од барањата на работниот народ. Со акцентирањето на заедничките барања на жените, наспроти оние на мажите, и со борбата против мажите, феминизмот ја прикрива класната основа на женското прашање и така ги одвраќа женските маси од борбата против капитализмот. *Феминизмот, како движење на либералната боржуазија, денес е во распаѓање...* - заклучува В. Томшиќ, одредувајќи го карактерот на феминизмот во однос на марксизмот. [136]

Меѓутоа, дали навистина сите проблеми во едно општество можат да се сведат на класни проблеми? Всушност, марксизмот како да не покажува чувство за новите движења како што е, на пример, движењето на жените што се одвива во целиот свет, потоа студентските движења, еколошките движења, движењата на малцинските групи за човечки права итн. Како реакција на доминантната црта во марксистичкиот пристап кон женското прашање се јавува една феминистичка струја тн.„борбен феминизам" кој својата концепција ја гради врз една

---

135 V. Tomšić, *Žensko pitanje i socojalistička alternativa...* .

136 Ibidem, 59.

сексистичка идеологија. Феминиските од оваа струја изворот на рамноправноста на жените го наѓаат исклучиво во машката доминација, со што нивната борба исклучиво е насочена кон мажите. Борбениот феминизам се однесува спрема мажите како лудистичкото движење на работниците спрема машините, нивниот отпор е насочен кон непосредното, сетилното искуство на репресија, а не кон нејзиниот извор. Во однос на оваа струја е интересна забелешката на Б. Деспот[137]: *„Но, секоја борба исклучиво против мажите како репрезенти на одредена култура е eo ipso останување на ,природните позиции на половите', на афирмација на ставот на машката култура и прифаќање на женската природа како константа"*.

Додека кај раните марксисти се забележува едно игнорирање на трудот во домаќинството, со нагласено учеството на жената во работната сила, во поновите пристапи се забележува спротивното, дека целосно е запоставено вклучувањето на жената на пазарот на труд.

## 5. ОСВРТ КОН ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА ВО СОЦИЈАЛИЗМОТ

Денес, посебно внимание во научните кругови побудува положбата на жената во општествата во кои беа воспоставени социјалистички односи. При една ваква анализа, во којашто се инсистира на одредени глобални видувања на положбата на жената, се наидува на голем број потешкотии. Имено, кога се презентира објективната еманципација, односно доменот на правата, може да се дадат одредени генерални видувања. Меѓутоа, за секоја земја посебно, дури и во рамките на една држава како конструкција на многу националности и испреплетени култури, постојат партикуларитети што интервенираат во одредувањето на реалната положба на жената. Така, на пример, иако се работи за иста земја, за ист општествен поредок, положбата на жената во Узбекистан и Русија не може да се споредува. Исто така, се работи и за различити варијанти во кои се појавува социјализмот, односно етатизам, самоуправување и други системски посебности што се јавуваат во одделни земји. Во таа смисла, се прави разлика меѓу етатизмот и самоуправувањето, кои имаат различен пристап спрема

---

137 B. Despot, *Žensko pitanje i socijalističko samoupravljanje,* Cekade, Zagreb 1987, 90.

многу прашања што произлегува од суштински различната концепција на општествената организација, потоа, спрема целите, средствата итн. Резултанта на тие разлики е поинаквото толкување на женското прашање и ред други моменти. Аналитичарите ги гледаат разликите во овие два различни системи, пред сè во степенот на индивидуалните слободи, односно во индивидуите и нивниот пристап кон „историското“.[138] Така, на пример, во основниот програмски акт на КПЈ, која е творец на идеологијата на социјалистичкото самоуправување како квалитативно поинаков однос во сферата на трудот, се истакнува дека „женското прашање“ се доведува во однос со класното прашање. Но, бидејќи марксизмот не е догма, туку теорија на општествениот процес, постојат можности за поинакво разбирање на женското прашање и класното прашање, од она што е поставено во етатистичкиот социјализам.[139] Креаторите на социјалистичкото општество сепак ја истакнале опасноста од редукцијата на женското прашање и негово слевање во класно прашање. Имено, кога се расправа за проблемите на жената во општеството, се употребува синтагмата „женско прашање“ кое речиси секогаш стои под знак-наводници како квази прашање. Всушност, самото поставување на женското прашање во рамките на класното прашање значи признавање на нерамноправноста на жената што се решава во нормативната сфера. Следејќи ја марксовата логика на односот меѓу природата и човекот, односно природата и историјата, Б. Деспот ќе истакне дека историјата влегува во природата преку човекот и неговото материјално производството, но и обратно, природата има голем удел во историјата, бидејќи историјата ја прават луѓето кои, пред сè, произведуваат заради нивните потреби.[140] „Самиот историски пат на работничкото движење низ авторитарните облици на трудот, техниката, науката, технологијата и политиката, во одредена смисла бил доста конзервативен“.[141]

---

138 Ibidem.

139 Програма на СКЈ.

140 B. Despot, *Žensko pitanje i socijalističko...* . Авторката тргнува од овој најопшт однос во анализата на индивидуата во различити општества. Притоа се образлага различната природа на останатите содржини на оваа општа рамка, како што се: производните сили, целокупниот апарат на материјалното производство, сопственоста, организацијата на работата итн. Најнепосредно со поединецот ја врзува категоријата слободно време која ја изведува директно од положбата на поединецот што тој ја зазема во апаратот на материјалното производство. *„Етатизмот е воспоставен на неразбирање на суштината меѓу природата и историјата, бидејќи почива на вулгарниот марксизам кој, пак, не ја воочува разликата меѓу историјата и материјализмот каде категориите се вечни“, 94.*

141 Ibidem, 95.

Анализата на реалната положба на жената во социјализмот би ја започнале од самите почетоци на воспоставување на овие односи, односно во рамките на движењата за нов, социјалистички поредок. што го потресуваа светот повеќе од еден век.

Првите контури на угнетувањето на жената во капиталистичкото општество се дадени уште со првите соцјалистички конгреси (1876, 78, 79 година). Во рамките на социјалистичкото движење, социјалните услови на работа на жените не беа дистанцирани од оние на мажите. Една од тенденциите, што уште раните социјалистички движења ја наметнаа, е интеграција на сите услови на работа на жените и обид да се креира една работничка идеологија на работничките. Меѓутоа, во праксата не е многу постигнато на овој план. Тоа говори дека, покрај сферата на трудот, постои едно друго подрачје - семејството, односно базичниот однос маж-жена што во поголема мера ја одредува насоката на полето со кое жените се идентификуваат. На тој начин, работничката помалку се гледа како припадник на одредена класа. отколку како мајка или сопруга, чија мотивација за работа стриктно е поврзана со семејството и околу семејството.

Меѓутоа, дури во 1914 година, со Првата светска војна, кога се забележува масовно вклучување на жените во индустријата. се наметна и прашањето за постигнување на „*еднаква плата за еднаква работа*“. Тоа укажува дека во почеток женското движење со остварува во сферата на моралното, т.е. надминување на сурексплоатацијата, без можности да се најде една пореална стратегија. Фразата „*за еднаква работа - еднаква плата*“ од самиот почеток инсценираше диференцијација. одделување од нешто што претставува некоја органска, т.е. разбирлива целина. Овие барања, како и барањето права за работа еднакви со мажите. го предизвикале гневот на мажите кои никогаш не се солидаризирале со женскиот дел од работната сила. Меѓутоа, и покрај ваквата состојба, идеологијата на работничкото движење била најблиска до содржината на барањата на жените, односно барањата за скратување на работното време, забраната на детскиот труд и барањето за минимум социјална сигурност итн.

Прокламираниот принцип за апсолутна еднаквост меѓу мажите и жените може да значи и една нова идеологија или религија базирана на еднаквоста што ги замаглува постоечките евидентни разлики. Вклучувањето на жената, како економски и животен другар. како работник, создава илузија дека таа ја надминала својата „женска природа“. Жените навистина влегоа во историјата,

учествуваа во револуцијата и во изградбата на социјалистичкото општество, но на „машки начин". Во рамките на „социјалистичката природа", која е сфатена како врска меѓу природата, индустријата и размената, се зборува за „социјалистичката природа на жената" како тенденција кон целосно добивање на човекот.[142] Всушност, тезата за егалитаризам секогаш зад себе остава простор да се разговара за разликите, односно таа ги признава разликите. Дволичноста на социјализмот се огледа токму на подрачјето на еднаквоста меѓу половите. Женското прашање се разрешува како рамноправност на жената во политичката и економската сфера, а од друга страна како грижа за семејството, за проблемите на вработената жена, мајка, и за другите проблеми поврзани со репродукцијата. Во социјализмот никогаш не се спомена грижата за вработениот маж, што секако може да се јави како проблем по прокламираниот егалитаризам на сите во општеството. Тоа значи дека жената и мажот во рамките на истата класа не ја делат истата судбина, еманципацијата на класата не значи и еманципација на сите негови делови. Во јавното право на модерните држави, принципот на еднаквост меѓу мажот и жената повеќе е поставен како постулат, иако овде не се работи за разлики во самата нивна природа, туку во поодделни законодавства, корегирана со одредени видови на социјална заштита. Така, во формалната егзистенција може да се каже дека еднаквоста е постигната. Меѓутоа, во „ниедна социјалистичка земја која ние ја познаваме, фактички, жените не биле еднакви со мажите" истакнува С. Де Бовоар, а Б. Деспот ќе додаде „поради економските закони, постојат можности за раздвојување на природата и историјата, што исто така се очитува и спрема природата на жената. Оставањето на жената во нејзината апстрактна природност ... видливо е во малото учество на жената во политиката, во самоуправните тела, во науката, во творештвото итн. Патријархалното и традиционалното во свеста ги задржа сите тие односи, дури и тогаш кога тие беа правно, и стварно надминати".[143]

Во социјализмот, и покрај интензивните интенции ориентирани спрема трнсформацијата на традиционалните општествени структури, во кои спаѓа и трансформацијата на традиционалната положба на жената, и покрај радикалното законодавство и државното форсирање, реализацијата на концептот на еднаквоста на половите наидува на многу тешкотии. Така, еден од авторите, чија

---

142 B. Despot, *Žensko pitanje i socijalističko...*, 97.

143 Ibidem. Мислата е преземена од едно интервју на С. Де Бовоар, 98.

заслуга е остварувањето на продорот на женското прашање во науката на овие простори, Д. Мирчев, по повод оценката на положбата на жената во општеството истакнува: *„Се покажува дека еманципацијата и субјективизацијата на жената не може да се постигне за ден или два, само со примена на револуционерно говорништво, легислатива и државна заштита. Не може да се постигне ниту преку идеолошките влијанија и пропагандата. Ова навистина беше голема илузија на многу револуционерни преврашнички системи.“*[144]

## 6. СОВРЕМЕНИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАНО ДЕЈСТВУВАЊЕ: ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ЖЕНАТА

По втората светска војна доаѓа до поголеми промени на општествено економски план. Техничките и технолошките промени, како и структуралните промени на капиталистичката економија, појавата на новите гранки на производство и ремоделирањето на старите како резултат на широката примена на новите технологии, предизвика и промени во половата структура на пазарот на труд. Брзиот раст на економијата до 60-тите ја наметна можноста за сè поинтензивно вклучување на жените во сферата на трудот. Движењето на капиталот во светски рамки, односно транснационалните компании, меѓународната трговија, меѓународни финансии и др., на некаков начин го глобализира и проблемот на жената во сферата на трудот.

Уште со формирањето на Европската економска заедница и т.н. *Римска конференција,* беа поставени и прашањата за женскиот труд, односно за регулацијата на односите што се создаваат по повод ангажманот на жената во сферата на трудот. Со тоа, проблемоте на жената и пристапот кон законското регулирање на оваа материја ги надмина националните рамки. Со член 119 од нормативниот акт на ова меѓународно тело се истакнува дека секоја земја членка на заедницата мора да ги спроведе законите за постигнување еднаквост на жените и мажите во економската област. За таква цел се формирани специјални комисии што ќе ја следат положбата на жената. Познат е т.н. *Европски социјален фонд* чија цел е непречено циркулирање на работната сила меѓу земјите членки

---

144 D. Mirčev, *Učešće žena u procesima društvenog odlučivanja,* Beograd, 1984, 120.

на заедницата. Веројатно е дека со конституирањето на европската Економска унија и со подинамичното и слободно движење на капиталот, во овие земји ќе настанат промени во легислативата што го регулира доменот на трудот на жените.

Во рамките на меѓународното поставување на женското прашање позната е „Меѓународната декларација за рамноправност на жената и нивниот придонес во развојот на мирот", донесена во 1975 година на Светската конференција во Мексико, кога е прогласена „Декадата на ОН за жената". „Декадата" се определува за три меѓу себе неразделно поврзани принципи: рамноправност, развој и мир. Рамноправноста не е сфатена единствено како правна рамноправност, туку можност и одговорност на жените за учество во развојот како активен двигател и како корисник (став 9 и 10). Развојот (што се остварува во сите подрачја на делување и на индивидуален план) може да се оствари во услови на мир и сигурност (став 12), односно: *„Миротѿ не йодразбира само оѿсусѿво на војна, насилсѿво и нейријаѿелсѿво во национални и меѓународни размери, ѿуку уживање на оиѿшѿесѿвена и економска ѿравда*". Во рамките на утврдувањето на стратегиите за натамошно делување во правец на остварување рамноправност на жените се истакнува дека тоа не можат да го направат програмите, нормативните акти, ниту програмите за контрола на раѓањето, поцелосното образование итн. Тој пристап е парцијален пристап, каде што повторно се врши редукција на проблемите на репродукција само на жените. Уште во 1974 година на Светската конференција за популацијата во Букурешт утврдено е дека најефикасната пилула за разрешување на женското прашање е „развојот". Со тоа се дава една универзална нота која повторно го насочува движењето на жените кон економската област, кон решавање на крупните економски проблеми и општи тенденции. „Декадата на ОН за жената" се резимира на конференцијата во Најроби 1985 година, каде што е донесена единствена платформа за долгорочна стратегија за унапредување на положбата на жената до 2000 година, каде што акцентот е ставен на земјоделството и производството на храна, на грижата за децата, на популационата политика и др. Глобализацијата на женското движење и надојдените проблеми од земјите ширум светот веројатно ќе изврши големо влијание врз натамошната ориентација, реконструкција на концепцијата и целите на женските движења. Меѓутоа, сепак треба да се истакне фактот дека овие насоки што ги дава глобализацијата го насочува интересот на женските движења кон економската

сфера на општеството, кон „мондиализацијата", односно кон развојот кој како нова идеологија се шири од еден центар, од развиените земји.

Значењето на интегралниот пристап спрема женското прашање од страна на Меѓународните организации се состои пред сè во формирањето на свеста за инфериорната положба на жените во различни општества, како и на свеста за последиците на општествен план од подредената положба на жените. Заради следењето на положбата на жената, формирани се бројни тела и комисии што изработуваат бројни програми, документи, извештаи итн., со цел да се даде еден интегрален пристап кој е многу повеќе од пристапот на поодделни земји или индивидуалниот пристап. Во глобализацијата на женското прашање посебно внимание е свртено кон сиромашните земји. Токму затоа, насоките се кон развојот, економското преструктурирање и активирање на човечките и материјалните ресурси. Се зборува за воспоставување на нов светски економски поредок и надминување на општата заостанатост во одделни земји, каде што положбата на жената, пред сè е одредена од сиромаштијата која пак е директна последица на империјализмот, апартхејдот, расизмот и на други пошироки, општествени, политички, културни и други факти. Интенција на Меѓународните организации е, преку донесувањето на општите акти, да се делува во промената на законодавството во поодделни земји и организирање на разни други активности за притисок врз јавното мислење, со цел да се истакне значењето на правата на жените како и значењето на нивното делување.

## 7. ПРАВОТО И ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА: СОЦИОЛОШКА СИНТЕЗА

Од направената историска ретроспектива за движењето на жените се дојде до една слика за една долготрајна борба и, може да се каже, до едно движење кое според начинот, формите и пристапот е доста специфично, чијашто специфичност го одделува од останатите движења во општеството. Овде се работи за најразновидни активности. Не може да се зборува само за остар отпор и фронтални испади, иако и такви не се исклучени, туку и за делување преку мали дискретни групи, револт на една интелектуалка за сопствената положба, како и за многубројни случаи и начини на користење на институциите на системот за да се актуализира проблемот на жената во општеството. Од сето тоа

се гледа дека жените во својата борба ги бирале секогаш оние средства што се чинале дека ќе ги остварат нивните барања. Изгледа дека проблемот на средствата и организацијата никогаш не биле присутни во нивната борба како што е вечната и уште нејасна тема *„За реформата или револуцијата“*.

Ако целта на овие движења на жените била да влезат во правната регулатива како еднакви со мажите, може да се каже дека нивниот успех е значаен. Во модерните цивилизации е постигнат доста висок степен на формална еднаквост. Во општите акти веќе не можат да се најдат видливи траги на дискриминација. Во нив основна единка за која се раправа се граѓаните на кои им се загарантирани сите права. Ако ваквата законска регулатива е предуслов за остварување на еманципацијата на жената, тогаш таа е постигната. Меѓутоа, во областа на другите права, посебно на правата што ги регулираат односите во сферата на трудот, во многу земји има неповолности во однос на жената. Особено е така таму каде што изостанува специфичниот третман на жената, со оглед на постоечките разлики. Така, можеби за нас ќе биде малку необичен фактот дека токму ова се случува во развиените индустриски земји, каква што е, на пример Велика Британија, каде што жените не примаат надоместок за време на породилното отсуство, дури според британското право по породилното отсуство жената нема право да стапи на работа. Во другите земји (Белгија, Холандија, Луксембург. Германија) примаат само 10%. Исто така, работното место не е загарантирано, а отсуството варира во различни земји од 3 до 6 месеци.

Во однос на овие специфични права, постои и едно друго видување. Имено, легитимирајќи ја специфичната положба на жената како мајка или идна мајка, со цел да се заштити репродукцијата, понекогаш, тие, во некои случаи можат да ја ограничат слободата и можностите за избор. Така, овие права можат да бидат една пречка во постигнувањето на еднаквоста и пристапот кон одредени професии што се забранети за жените (работа во рудници, ноќна работа итн.).

Сето тоа говори дека во претходните етапи, во правната регулатива на општеството, жената била рестриктивно третирана. Во законите била третирана биолошката разлика, со што била спроведувана редукција на способностите на жената што ја затворале во репродуктивната сфера. Добар пример за тоа може да биде англиското право според кое *„Мажот и жената се едно, а тоа едно е мажот“*. Така, според правните прописи, жените немале право да гласаат, потоа, немале право лично да поседуваат имот, да склопуваат договори, да се

образуваат, немале право на развод или абортус, пристап кон одредени професии и вработување, немале активно учество во правниот поредок итн. Дури и во кривично-правните норми се гледа дискриминација, затоа што жените биле построго казнувани за сторено дело од мажите.

Креирањето на правната регулатива што ги дефинира положбите во општеството е еден процес што, помалку или повеќе, санкционира и легитимира одредени положби во општеството. Тоа се однесува и на положбата на жените во општеството каде стекнувањето на правата се врши постапно. Така, на пр. во САД, тој процес, иако започнува доста рано, сепак, за остварување на поголеми права може да се зборува во периодот по Втората светска војна со т.н. *Закон за граѓански права* во 1964 год., со кој се санкционира дискриминација според пол и раса. Во 1972 се додава и амандман против дискриминацијата при вработувањето.

Кога во социологијата се воспоставува релација меѓу жените и правата што тие ги уживаат во општеството, како вистински проблем на анализа не е содржината на самите правни норми, туку каква е фактичката положба на жените во општеството во соднос со неговиот правен поредок. Всушност, дали за жените освојувањето на сферата *„de jure“* суштински се менува нивната положба *„de fakto“*.

Во многу земји, и покрај прокламираните права, положбата на жената не е суштински изменета. Така, на пр. во Индија, која го предизвикува интересот на истражувачите поради целокупниот склоп на општествени односи, каде што традиционализмот сè уште има свој голем влог, со усвојувањето на Уставот во 1952 година загарантирани се еднакви права. Меѓутоа, вкоренетиот традиционализам во менталитетот не дава можности за сумирање на други улоги и напуштање на оние старите, со генерации наследувани.

Феминистичката критика на правото пред сè е насочена против специјалниот тртман на жената во правото, наместо еднаквиот третман. Имено, тие го поставуваат прашањето: *Што добива жената со еден ваков различен пристап, кога се работи за исти услови и иста ситуација?*. Правото што ги антиципира разликите води кон *„објективизација на жената“*. Тоа значи, тврдат припадниците на феминистичкото радикално крило, дека жените кои се борат за еднаков третман со мажите на работното место го запоставуваат мајчинството и семејството како битна детерминанта на положбата на жената. Така, тие бараат онаков третман за бремените жени, или за мајките на породилно отсуство, каков

што имаат мажите инвалиди.[145] Навистина, овде бие в очи тоа што состојбата на бременост се изедначува со инвалидитет.

**Правото на глас за жените** најпрво е воведено на Нов Зеланд 1893, Австралија 1902, Финска 1906, Норвешка 1915, Германија 1919 итн.

**Common Market Treaty** е меѓународна организација која е формирана во 1957 година, што ја третира материјата на дискриминацијата во платите базирана според полот. Имено, донесува општ закон според кој се забранува дискриминација во платите, базирана на одредени природни детрминанти, со допуштање секоја земја да го операционализира според условите што постојат во нив.

---

145 Zdravko Grebo, *Žena*, 1/2, Zagreb 1990.

# ДЕЛ 2

# *ГЛАВА 1*

# *СОЦИЈАЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРУДОТ*

## 1. ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА НА ЖЕНИТЕ И СОЦИЈАЛНАТА МОБИЛНОСТ

### *1.1. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКА СИНТЕЗА*

Како социолошка категорија, општествената положба е доста сложена категорија. Овде намерно би го избегнале давањето прецизни дефиниции за вакви доста сложени категории, зашто во обратен случај би се наметнале многу дилеми што не би биле во функција на разрешување на проблемот, туку би претставувале проблем за себе какви што секогаш се дискусиите околу фенотиповите и генотиповите во науките.

Во анализите што беа направени во претходните глави, всушност се работеше на тоа да се дефинира една положба што ја имале жените во различни општествени систуации. Со поврзување на многубројните концепции, факти, идеологии, движења итн., може да се создаде една претстава за положбата што ја имале жените во досегашните општества, но и за начинот на кој се гледало на жените низ тековите на општествената мисла. Секој аналитичар, пред да навлезе во подлабока анализа на еден ваков проблем, за кој се поврзани различни концепции и контрадикторни факти, се соочува со многу дилеми и тешкотии. Една од тешкотиите, како што веќе беше истакнато претходно, е од методолошко-концептуален карактер, т.е. од начинот на кој сите тие факти, аргументи, теории и заокружени концепции, што се користат како приод кон проблемот, ќе се интегрираат во една единствена анализа. Секако, тоа бара

заземање на еден агол, конституирање на една концепција што ќе го регулура натамошниот тек на анализата. Така, на пример, како ќе се направи спој меѓу концепциите што ги акцептираат природно-биолошките разлики меѓу половите, редуцирајќи ги можностите за делување на жените во општеството, што имаат жестоки поборници и, се разбира, доста аргументирани образложенија што се движат од евидентни факти за биолошките разлики, разлики во физиологијата, физички, психолошки разлики, до разлики во способностите, желбите, мотивите, интересите итн., со една феминистичка конструкција која биолошките разлики ги апстрахира како небитни за делувањето на жените во општеството како и во односите меѓу половите? Исто така, дискутабилна може да биде и интеграцијата на едно психолошко гледиште какво што е фројдовото, кое суптилно навлегува во длабочината на човековата психа, давајќи една психолошка конструкција на разликите меѓу половите, при што ниту дава, ниту бара аргументи. Во истиот тој контекст, на пример, како еден социјален факт, како што е поделбата на трудот според половите, која стриктно ги респектира биолошките потенцијали, ќе се спои со антрополошките факти за постоењето на поделбата на трудот според половите, но чии содржини не се поклопуваат во различни култури?[146]

Концептуалната неизграденост на овој проблем ја наметна потребата од една поширока анализа. Сето тоа доведе до потреба од „вдлабување на речното корито" по кое ќе се одвива текот на натамошната мисла. Во таа смисла, овде ќе констатираме дека концепската основа, врз која понатаму ќе се проучува проблемот на продорот на жените во општеството, се состои од прифаќање на разликите меѓу половите произлезени од одредени природни или репродуктивни разлики меѓу нив. Меѓутоа, животот во одредени општествени заедници покажува константна тенденција на социјализација на сите човечки природни функции, поврзувајќи ги со целокупниот општествен склоп на делување на луѓето, со што и функциите по кои се разликуваат мажот и жената добиваат социјално значење и се поврзуваат со останатите текови и општествени придобивки. Развојот на општеството, со целокупната негова интелектуалност и инфраструктура, овозможува да се воспостави висок степен на контрола врз

---

146 Антрополошките истражувања на предцивилизациските култури укажуваат на различни содржини на поделбата на трудот според полот. Така, ако како аргумент за содржината на природната поделба на трудот се наведе слабата физичка конституција на жената, раѓањето и сл., во многу култури сепак не се респектира ова природно правило. Постојат култури каде жените носат тешки товари и работат ред други тешки работи што заедницата им ги доделува (Според: *Антропологија Данас*).

определени природни процеси и појави. Во тој контекст, исто така, може да се зборува за воспоставување на висок степен на контрола врз природните репродуктивни функции. На тој начин, на жената ѝ е овозможено да ги контролира природните ритмови и да ги усклади со определени норми на своето општествено делување. Но, овде, како главен проблем не се јавува природата, бидејќи моќта на човекот спрема природата значително е зголемена, туку се работи за општествена моќ и за интересите на општеството да воспостави контрола врз репродукцијата на луѓето, која природно е поврзана со жената. Така, жените ослободувајќи се од природата до еден одреден степен колку што ѝ го дозволува нејзе приврзаниот мајчински инстинкт, паѓа во канџите на општеството, во кое никогаш целосно не припаѓала. Врз основа на овие најопшти претпоставки за специфичната природа на жената и карактерот на општеството за чие определување се претресуваат сознанијата систематизирани во социолошките науки, понатаму, во текот на целата анализа ќе се конструира концепција за положбата на жената во општеството како и насоките на нејзиното делување.

## *1.2. ЦЕЛИ НА АНАЛИЗАТА*

Оваа анализа не претендира да го најде клучот за разбирањето на разликите меѓу половите, ниту ќе бара некое компромисно решение. Горното образложение за неподготвеноста на социологијата во концептуален, методолошки, терминолошки и содржински аспект да го интегрира проучувањето на овој проблем, ги определува целите на истражувањето. Всушност, се работи за повеќе цели што се диференцираат според нивото на зафаќање на проблемот. Затоа што еден дел од анализате ги опфаќа општите детерминанти на положбата на жената во општеството во едно доста глобално зафаќање, овде целта е да се даде дескрипција на факторите што ја одредуваат положбата на жената во општеството, притоа респектирајќи ги биолошките разлики, како и социјалните мултипликатори на тие разлики. Социјалната локација на жената во општеството е темел што ќе ја овозможи надградбата, односно попродлабоченото проучување на дејствувањето на жената во еден многу важен сегмент на општеството, каков што претставува подрачјето на трудот.

Второто ниво на анализа го сочинува специфичната социјална ситуација креирана по повод вклучувањето на жените во процесот на трудот. Целите на научната анализа и овде се експликативни. На ова ниво главниот напор се состои во опфаќањето на социјалниот амбиент во кој се извршува процесот на трудот од страна на жените што ќе ја овозможи операционализацијата, т.е. приближувањето кон непосредната цел. А како непосредна цел на оваа анализа, е длабочинското продирање во иницираниот однос меѓу одредени општествени фактори и напредувањето на жените во процесот на трудот. Така, напорите овде ќе бидат насочени кон изнаоѓање на причинско-последичниот однос меѓу одредени општествени детерминанти што ќе бидат попрецизно дефинирани понатаму, во релација со вертикалната мобилност на жените во претпријатијата. Меѓутоа, за да се даде поцелосна слика за раздвижувањата што настануваат во сферата на трудот, како неопходност се наметнаа двете првично поставени цели, бидејќи подвижноста значи изминување на одредена дистанца од едно место до друго, а не ќе може да се следи подвижноста, ако не се тргне од она место од каде што почнува движењето. Така, самата анализа нè доведе до почетокот, до местото, односно до положбата што општеството ја предодредило за жената. Во натамошната анализа треба да се утврди интензитетот и насоките на промената, потоа начинот на кој таа се остварува, како и ефектите од овие промени што се одвиваат во социјалниот простор. Имено, имајќи ја како непосредна цел вертикалната подвижност на жените во сферата на трудот, која претставува изминување на одредени социјални пунктови на кои општеството им дава различно значење, според важечките вредности во него, како неопходност во тој процес беше поставувањето и на другите две цели. Ова доаѓа оттаму што се работи за навистина посебен проблем, а таа посебност ја чинат од една страна, веќе изнесените методолошко-концептуални забелешки, а од друга страна сложеноста на самиот проблем во кој се испреплетени биолошките, психолошките и социјалните супстрати на човековото живеење. Оттаму, доколку се апстрахира само еден од овие аспекти, тогаш постои опасноста елаборацијата, ако не неможна, да биде парцијална. Така на пример, ако во анализата на вертикалната мобилност на жените во општеството се појде стриктно од начинот на кој таа се врши во социологијата, преку вообичаените постапки за нејзино следење, ќе се увиди дека тој начин не е соодветен. Анализата мора да тргне од самите жени, ако сака да ја прикаже нивната реална ситуација, а не од нивните сопрузи, како што досега била таа прикажувана. Концептот на вертикалната

мобилност во социологијата, каде што жените се земани како аналитичка единка во сенката на нивните мажи, или воопшто не се земени, на некаков начин ја покажува положбата на жената во општеството како и нејзиниот третман во науката во која не може да се негира присутниот патријархализам.

Засилената тенденција на жените се повеќе да се вклучат во општеството, како и тенденција да станат актери на општествените збиднувања, сè повеќе го истакнува прашањето за нивното потекло, за патиштата на нивната промоција и условите за личниот просперитет. Имено, може да се каже дека својствено за секоја човечка единка е потребата од личен развој и коегзистенција на одредена индивидуална структура во рамките на сложената структура на релации што постојат во општеството. Меѓутоа, тој индивидуалитет и потребата од личен развој на жената во општеството бил оспоруван во текот на историјата, а и денес е спорен.

Присуството на сè поголем број жени на општествената сцена, посебно на клучни позиции во сферата на трудот, го поставуваат под „микроскоп" готовиот факт, кој некритички ја постави зависноста на жената како социјално битие во однос на социјалните квалификативи на нејзиниот сопруг. За тоа сведочат бројните студии за мариталната подвижност на жените во општеството, односно стекнување социјални квалификативи преку бракот, т.е. со посредство на сопругот. Денес, студиите за вертикалната мобилност, воопшто, сè повеќе се заплеткуваат со проблемот на вертикалната подвижност на жените. Така, денес, на местото на старата шема за маритална подвижност на жената се нуди концепт за социопрофесионална мобилност на жените, каде се земаат личните белези и квалификации што потоа се споредуваат со другите структурни елементи на целокупната општествена структура.

Социопрофесионалната структура на жените претставува крупен чекор напред во легитимизацијата на нивната новостекната положба во општеството. Меѓутоа, овде како посебен проблем претставува интегрирањето на жените во целокупната општествена структура. Тоа значи дека и покрај тоа што тие се категоризираат според одредени социјални критериуми како што се професиите, занимањата и сл., тие сè уште не се доближиле до основниот критериум според кој е издиференцирана општествената структура, а тоа е моќта. Во тој поглед се наметнува и дилемата за начинот на кој ќе се изврши интегрирање на жените во целокупната општествена структура. Попрецизно, се работи за односот меѓу професијата на жената и социјалната структура и за тоа колку овие промени на

професионален план на жените ќе предизвикаат промени во шемите на социјалната структура или интеграција во рамките на општествената структура. Ова прашање е мошне важно со оглед на целта да се продре во социјалната суштина на подвижувањето на жените во вертикалната димензија на општествените супстанции или продирањето на жените кон инстанците на моќ во прозводственат сфера на општеството. Меѓутоа, и покрај окултниот проблем на моќта и групирањето на општествената структура околу оваа социјална суштина, сепак, неодминливо е следењето на социопрофесионална дисперзија, што, како резултат ќе го даде групирањето на жените во поодделни сектори, што реално ќе го покаже местото на жените во сферата на трудот. Проучувањето на моќта е едно од најпровокативните прашања во науките, дотолку повеќе што во овој случај се прави еден спој меѓу една категорија на единки во општеството – жените, за кои имало место само во комедиите во молиеровски стил.

## *1.3. МЕТОДИ*

Според одредените цели, натамошната операционализација на двете поставени варијабли, т.е. на социјалната околина во која се остварува делувањето на жените и насоките, интензитетот и обемот на тоа делување или вертикалната подвижност, нè наведува кон ограничување на полето на анализа, односно подетално дефинирање на проблемот. Вертикалната мобилност претставува еден процес, во кој како актери можат да се следат поединци или групи. Значи, станува збор за социјално подвижување на една аналитичка категорија, а во овој случај тоа се вработените жени во сферата на стопанството[147]. Тоа подвижување може да биде по нагорна и по надолна линија на хиерархиската скала, односно промовирање на жените и заземање места што се повисоко на хиерархиската скала и обратно, каде што, од местата што се повисоко на хиерархиската скала, доаѓа до заземање на места што се подолу на хиерархиската линија која коинцидира со една вертикално поставена линија. Поради бројноста на луѓето на долните места, што е најчест случај на организирање на модерниот труд, таа добива облик на пирамида. Оттаму доаѓа и употребата на терминот *хиерархиска пирамида*.

---

[147] Или сектор на стопански гранки во кој, според една вообичаена економска категоризација, спаѓаат оние гранки каде што се создава вредноста, т.е. доходот.

Барањето за востановување на причинско-последичен однос, во случајов меѓу одредени општествени моменти и вертикалната мобилност, ја наметнува потребата од воспоставување на една длабока врска меѓу одредени општествени варијабли како што се: организацијата на трудот, образованието, квалификациите, состојбата во семејството, правните норми, културните и редица други варијабли од формална и, пред сè, од неформална природа, со местото што жените го заземаат во процесот на трудот. Вака определениот проблем бара и соодветни патишта во приоѓањето кон истиот. Накратко, ќе укажеме на некои за кои сметаме дека се најсоодветни.

***Значењето на статистиката.*** За да се одреди подобро положбата на жената во општеството, секако дека е од голема помош статистиката. Имено, тоа е еден начин, т.н. објективен начин за мерење, со кој се мери нумеричката дистрибуција според една инстутуционализирана социјална структура. Статистиката поаѓа од одредени, веќе дефинирани положби во општеството, или категории, во кои ги сврстува поединците според нивните белези. На тој начин се одредува местото на секој поединец во општеството. Иако статистиката не го дава вредносното значење на овие социјални категории, ниту донесува заклучоци за редот на некоја хиерархија, сепак таа ја легитимира хиерархијата. Така, според мерките што ја лоцираат жената во овие дефинирани социјални категории, може да се одреди положбата на жената во општеството. Доминацијата на жените во одредени сектори во рамките на социопрофесионалната структура, или во економската структура на општеството, ќе овозможи да се донесат извесни заклучоци за положбата. Така, бројките за малата застапеност на жените (во однос на мажите) во политичката сфера, потоа управувањето и раководењето со претпријатијата, во воениот комплекс итн., каде што всушност е сконцентрирана голема количина на социјална моќ, креира еден факт кој покажува дека одредени положби во општеството не се пристапни за жените. На науката ѝ останува да го поврзе овој факт со многу други факти за да се дојде до една научна вистина. Само суровите (изолирани) факти, кои некогаш тенденциозно се исфрлаат во стварноста, можат да и одат во прилог на владеечката идеологија, но не и на науката. Науката е многу повеќе од еден статистички показател, тој е само почеток во една анализа. Токму во една ваква диспозиција ќе укажеме дека улогата на статистиката во оваа анализа е само испомош во влезот на проблемот. Исто така, статистиката дава една состојба на социопрофесионалните категории, на кои мобилноста не може целосно да се потпре. Дали промената на

социопрофесионалната положба значи и промена на социјалниот статус? Во последно време аналитичарите на вертикалната мобилност, сакајќи да се коригираат во однос на претходните анализи, во кои социјалната мобилност на жените беше целосно апстрахирана, го најдоа излезот во следењето на мобилноста преку социопрофесионалната мобилност. Се работи за крупен чекор, но сепак, во поновите студии за мобилноста се укажува на недостатоците на овој пристап.[148]. Доколку, на пример, анализата се направи според социопрофесионалната структура, тоа значи затворање во едно поле на социјалното, со што може да дојде до запоставување на сите оние други полиња низ кои социјалното поминува како трансферзала.[149] Дескриптивните категории што ги дава социопрофесионалната структура можат да се земат како помошно средство, *„класифицијата значи и да се дефинира"*. Меѓутоа, статистиката е немоќна пред индивидуалните случаи, а кога се работи за подвижноста нив ги има многу. Посебно прашање е дали секој поединец со своите социјални карактеристики може да се пронајде во понудените шеми со кои се оперира во статистиката. Исто така, каде ќе можат да се класифицираат жените кои немаат своја професија, жените кои се невработени, а такви се поголемиот дел од женската популација.

***Квалитативни методи***. Другиот начин, врз основа на кој се суди за положбата на жената, како и за социјалните чинители што ја детрминираат, се личните перцепции и индивидуалните карактеристики, т.е. како групата ги перцепира сопствените можности и аспирации.

Врз основа на избор на една типична група жени раководители, кон кои се пристапува со еден длабоко развиен анкетен прашалник, со оставен простор да се појави и некоја интервенирачка или непредвидена варијабла, може да се дојде до материјал што ќе продре во причинско-последичниот однос. Иако се користи само анкетата, сепак, според длабочината на поставените прашања што се распостираат низ одредени моменти од детството, семејството, околината, потоа образованието, детали од професионалниот живот итн., станува збор за еден биографски пристап, кој, при проучувањето на одредени малцински групи (каква

148 A.M. Daune- Richard, *Les facteurs d'emergence de trajéctoires de sexe atipiques: le cas de jeunes filles dans les formations industrielles de téchnicien superieur liees aux nouvelles téchnologies (coloque), Economie du travail feminin, Paris 1988.*

149 Ibidem, 75.

што претставува групата жени-раководители) дава големи ефекти.[150] Примената на еден ваков пристап може да се оправда и со претходно изнесената теза за карактерот на поставениот проблем - вертикалната мобилност. Имено, социјалната мобилност на жените треба да се поврзе со еден поширок социјален контекст, во кој би се овозможило изразување на социјалното, а не само на економското, како што е случај со социопрофесионаланта категоризација. Тоа е разбирливо, ако социјалното се сфаќа како „*трансферзала*" на сите полиња на социјалното. Карактеристично за положбата на жените во општеството, што не треба никогаш да се изгуби предвид, е тоа што не се работи за чисти социјални односи мерени само според тежината на социјалниот тас. Всушност, односите меѓу половите не се одредени само од продукцијата (образование, активност, занимање), туку и од репродукцијата (положбата во семејството, бројот на децата), потоа карактерот на културата и сл. Овде немаме чисто економска ситуација, ниту можности да изолираме само една социјална ситуација. Трудот, посебно на жените, не може да биде опфатен само со капиталот. Социолошкото значење што се дава овде е чувството, т.е. репрезентациите што актерите им го даваат на заземеното место, и тоа едни наспроти други. Главната тешкотија овде е што, и покрај целокупната сложеност на овој проблем, тој сè уште го нема местото на научно достоен проблем.

Во рамките на проучувањето на социјалната мобилност, како многу често применуван метод е факторската анализа. Овој метод се состои во тоа што најпрво се изолира одредена група на фактори чие дејство понатаму перманентно се следи. Недостатокот на овој метод е што го става акцентот врз самите чинители, факторите што ја предизвикуваат појавата, при што се губи предвид самата појава која, од друга страна, има своја релативна автономија имплицирајќи одредени ефекти во околината. Меѓутоа, кога станува збор за проучување на социјалната мобилност на една појава, станува збор за каузалитет од посложен ранг. Ретко кога може да се зборува за еден дисконтинуиран причинско-последичен однос. Така на пример, ако како доминантен фактор кој би требало да ја детерминира мобилноста се земе образованието, т.е. ако се воспостави директна врска меѓу образованието и социјалниот статус, тогаш може да се каже дека положбата на поединецот е одредена од образованието. Навистина, постои висок степен на взаемност меѓу високиот статус во

---

150 M. Blagojević, *Biografski metod u sociologiji*, Zbornik radova, Filozofski Fakultet, Beograd 1994.

општеството и образованието. Меѓутоа, ако се постави прашањето: *Дали пред сите поединци во општеството стојат еднакви шанси за образование?*, ќе се види дека овде се испреплетени повеќе фактори. Така, на местото на последицата доаѓа причината. Социјалниот статус на поединецот се јавува како значаен фактор што влијае на можностите за образованието.

На проблемот на нееднаквите шанси пред образованието посветени се бројни студии.[151] Во многу од нив е констатирано дека не постојат еднакви шанси на сите пред образованието. Дури образованието е оној социјален механизам што ги репродуцира социјалните статуси. Децата на работниците се ориентирани кон оние училишта што даваат такви дипломи кои на пазарот на труд можат да се пласираат како работници, и обратно, на пазарот на труд постои една хиерархија на работни места што се креирани според одредени компетенции. Оваа формална шема, која всушност ја претставува социјалната структура, се чини дека е неутрална во однос на индивидуите. Меѓутоа, и со самата своја форма таа ги условува поединците, а изгледа дека таа и нема друга содржина од нееднаквостите што ги дефинира и репродуцира. Во модерните општества образованието за секој поединец е голем предизвик, но како што многумина ќе напоменат во анализите на збиднувањета на современиот свет.[152] образованието е еден од најуспешните механизми што го репродуцираат системот и идеологијата, дотолку е поефикасен, бидејќи почнува да делува од најраната возраст кога детето учи да биде дисциплинирано, да седи во клупа и на одреден знак да стане итн. Детето го учи системот кој однапред е креиран и базиран на нееднаквости. Сепак, овде треба да се потсетиме дека индустриското општество не е базирано на привилегиите, на честа или на воените заслуги, како што беа случаите во општествата што му претходеа, туку на трудот, знаењето, а тоа значи дека ги респектира продуктивните способности што му се неопходни како инпути во неговото опстојување. Поради сето тоа, некои зборуваат за социјалната отвореност на индустрискиот систем, односно за индустриското општество како отворено општество. За надарените, способните или за оние на кои им оделе во прилог случајни околности како индивидуални судбини, овој систем ги отвора своите прегради и ја прави циркулацијата поголема.

---

151 Повеќе за ова кај: П. Георгиевски, *Социјалната структура на студентите во СР Македонија и нејзиното влијание врз изборот на висока и виша школа, другарувањето меѓу студентите и успехот во студирањето,* Докторска дисертација, Скопје 1981; R. Boudon, *L'Inegalite des chances. La mobilite sociale dans les societes industrielles.*, A. Colin 1994.

152 Повеќе кај: A. Tofler, *Treći Talas...*, 70.

# 2. ХИЕРАРХИЈА И МОБИЛНОСТ

## 2.1. *ТИПОЛОГИЗАЦИЈА НА ХИЕРАРХИЈАТА ВО СОЦИОЛОГИЈАТА*

Анализата на хиерархијата во социологијата речиси секогаш е интегриран дел во анализите на социјалната структура. Следејќи ја оваа логика, како термини со кои се оперира при овие анализи се јавуваат термините: социјална положба или социјален статус, социјална улога, слоеви, групи, класи итн. Сето тоа упатува на една хиерархиски склопена социјална структура, а положбата, односно статусот, улогата и сл., би го означувала местото што еден поединец или група го зазема во така структурираната средина.

Во социологијата постојат повеќе гледишта за тоа што ја одредува социјалната положба на хиерархиската скала. Така, социолозите за кои нееднаквоста во општеството е во функција на самиот систем, односно функционалистите, сметаат дека улогите што се дистрибуирани во општеството, и коишто имаат различна вредност и значење во системот. ја одредуваат социјалната положба. За некои тоа е моќта, потоа угледот и др. Значењето на овие моменти е различно во различни општества. За некои, особено за понеразвиените општествата, значаен е престижот. Во индустриските општества посебно значење добиваат материјалните богатства итн.

Меѓу сфаќањата за димензиите на хиерахијата се издвојува сфаќањето на М. Вебер. Според Вебер, моќта, престижот и материјалните богатства се три основни демензии што ја фондираат социјалната хиерархија. За бирократските општества, според идеалниот тип кој го изгради М. Вебер, ќе биде значајна власта. Улогите и начинот на кој им пристапуваат поединците ќе бидат значајни за одредена фаза, кога за развојот на општеството е многу битна неговата отвореност, каква што е либералната фаза од капитализмот.

Според тоа, основни димензии на социјалниот статус[153] на поединците би можело да се истакнат следните:

- Политичкиот аспект - припадност кон одредени политички моќни групи;
- Економските богатства - располагање со материјални богатства;

---

153 D. Merllié, J. Prèvot, *La Mobilité socialé*, Ed. La découvert, Paris 1991.

– Професионалната припадност - извршување на професии што се високо вреднувани, експерти и сл.

Овие три димензи се тесно поврзани меѓу себе. Имено, иако не е правило, богатството често оди со политичката моќ и со престижот. Економските моменти се солидна база за стекнување на поголема професионалност и повисоко образование, како и придобивање на политички моќните групи. Но, може да се зборува и за самостојност, односно за автономност на секој од овие моменти. Така, богатството не мора да значи и висок степен на професионалност или политичката моќ со останатите итн.

Според очекувањата на оваа анализа, како и според подрачјето што таа го опфаќа - сферата на трудот и социопрофесионалната хиерархија, како најсоодветни термини со кои се дефинира хиерархијата се чинат термините: *моќ*, *контрола*, *субордонација* и *сумисија*, *управање* и *извршување* и други.

За моќта, како социолошка категорија, може да се зборува многу. Таа е една од централните категории што е присутна во речиси сите студии за општеството. Овде определбата на моќта ќе ја разгледуваме од аспектот на поставениот проблем, а во таа смисла би ја презеле определбата на моќта дадена во една студија за моќта на жените во сферата на трудот.[154] Во рамките на оваа студија моќта се одредува како:

а) Капацитет да се провоцира одреден факт, активност, динамика.

б) Влијание што го има поединец или група врз другите. Не се работи само за можност туку за реално влијание што се остварува врз основа на авторитет, командување, донесување на одлуки или посуптилна психолошка пресија.

Така, оние кои се наоѓаат на врвот од социјалната хиерархиска пирамида заземаат повисока социјална положба и збирната величина на социјална моќ тука е поголема. Поголема количина на моќ значи и можност да се воспостави контрола врз однесувањето на оние кои се подолу и истото да насочи кон остварување на одредени цели, однапред фиксирани од страна на моќната елита. Иако постојат различни хиерархиски системи што се разликуваат според изборот на средствата во реализацијата на целите, сепак како заедничко обележје за сите нив е нерамномерната дистрибуција на моќта. Според сето ова, социјалната положба на жените би го означувала она место што тие го имаат во една

154 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé...*, 25.

определена хиерархиска структура и со количината на моќ со која тие располагаат, односно, колку тие се во состојба да влијаат на општествените збиднувања и да го насочуваат однесувањето на другите луѓе во склад со однапред промислените насоки.

## 2.2. СУШТИНАТА НА ПОИМОТ СОЦИЈАЛНА МОБИЛНОСТ

Социјалната мобилност во социологијата се одредува како промена на социјалниот статус на поединецот во рамките на една конституирана социјална структура. До промена може да дојде доколку дојде до промена на некои објективни варијабли на кои средината им дава одреден степен на значајност. Тие варијабли варираат од една средина до друга, од една култура до друга, од еден систем до друг. Тие исто така се менуваат и во времето. Така на пример, според едно гледиште[155], во традиционалните општества постои висок степен на хомологија меѓу семејните структури, од една страна, и економските и социјални структури, од друга страна. Со тоа, во овие општества статусот во семејството е основна детрминанта на социјиалниот статус. Но, со развојот на индустриско-општествената структура значително се усложнува, со што и односите меѓу социјалниот статус, семејството и поединцот стануваат посложени. Како резултат на тоа се јавуваат и различни сфаќања што поинаку ги толкуваат овие односи. За поборниците на индустрискиот систем прифатлива е идејата за отвореноста на ова општество во кое социјалнниот статус не му е наметнат на поединецот, туку тој се стекнува во зависност од индивидуалните компетенции. Според тоа, развојот на индустриското општество сè повеќе ќе води кон олабавување на врската меѓу социјалниот статус и социјалното потекло. Ова гледиште е доста разработувано во студиите за мобилноста и отвореноста на индустриското општество, така што, покрај многубројните аргументи што го потврдуваат, постојат многу факти што го покажуваат спротивното. Всушност, не може да се види чиста врска меѓу нивото на економскиот развој и тенденцијата за авторегрутација на општествената хиерархија.[156] Веројатно, социјалната мобилност и отвореноста на едно општество се тесно поврзани со

155 R. Boudon, *L inegalite des chances...*, 39.

156 Ibidem, 79.

самиот период од изградбата на односите на одреден социјален систем. Во почетокот на креирањето на односите, каква што ситуација постои во периодот на буржуаските и на социјалистичките револуции, отвореноста на општеството е поголема, со што движењата на хиерархиската скала на статусите е поизразена. Некои ја одделуваат мобилноста во вакви динамични социјални ситуации од онаа што се остварува во стабилни услови, нарекувајќи ја *изнудена мобилност*.[157] Социјалните услови, преку кои се регрутираат поединците за одредени места во општествената хиерархија, не се константни.

Мобилноста претставува еден релативен однос, таа покажува промена во однос на некого и нешто. Во општите студии за мобилноста најчесто воспоставен однос преку кој се следи мобилноста на еден поединец е споредувањето на неговиот статус со статусот на неговиот татко. Тоа е т.н. **интергенерациска мобилност.** Секако дека овој начин на следење на мобилноста дава големи ефекти и речиси општа е согласноста околу тоа какви и колкави се можностите на синот да ја надмине положбата на својот татко.[158] Во рамките на оваа релација, можно е да се согледаат факторите што доведуваат до промена на положбата на поединецот, да се следат влијанијата на објективни социјални параметри што интервенираат во дадено време. Покрај интергенерациската мобилност, постои и **интрагенерациска мобилност.** Тоа е мобилност која се остварува во рамките на една генерација. Подвижувањето на поединецот од едно до друго место во текот на неговиот активен период е многу близу до социопрофесионалната мобилност, односно до промените што настануваат во положбата на самата професија во текот на еден професионален живот. Може да се каже дека во современи услови професијата станува една од основните критериуми преку кои се следи социјалната подвижност, интергенерациската и интрагенерациската. Најчесто, кога се зборува за социјална подвижност во социологијата, пред сè, се има предвид интергенерациската подвижност. Меѓутоа, не помалку е значајна интрагенерациската мобилност која ја покажува динамиката на општеството во еден временски важен исечок на општеството. Исто така, и кога се следи мобилноста во сферата на трудот, се наметнува потребата сите инстанци на поединецот, низ кои тој ќе помине во професионалниот живот, да се споредат со некоја база, а тоа секогаш е статусот или професијата на неговиот татко.

---

[157] D. Sekulić, *Socioprofesionalna mobilnost u Jugoslaviji, Sociologija,* 1/2, Beograd1983, 69.

[158] R. Boudon, *Les inegalites des chances..., 40.*

Во анализите за мобилноста се зборува исто така и за т.н. **економска мобилност.** Во економската мобилност маркантно место добива доходот, кој не покажува висок степен на поврзаност со професионалните групи. Кај професионалната мобилност како главен момент се јавува професијата, односно промените што ќе настанат во статусите на поединците при извршување на една одредена професија. Имено, промената на занимањата, потоа промените на работните места во рамките на поделбата на трудот, можат битно да ја променат положбата на поединецот во претпријатието, но и пошироко. Следејќи ги овие подвижувања во сферата на професиите, можат да се изведат значајни заклучоци за карактерот на општеството, како и за перспективите на овој мошне значаен ресор на индустриското општество. Меѓутоа, при прикажувањето на движењата во социопрофесионалната структура, се наидува на некои ограничувања. Посебно се истакнуваат проблемите кога се прави една вертикална хиерархија на занимањата, која значи прогресирање или регресирање на хиерархиската скала на занимањата. Проблемот е, всушност, во самата категоризација и можноста за опфаќање на сите категории и нивно поредување во единствен поредок. Исто така, во категоризацијата не влегуваат и невработените лица. Овде може да се напомене и примерот во нашата категоризација со случајот на домаќинките, кои како невработени лица и лица без професија вметнати се на крајот од еден ранг на социопрофесионални категории, потоа инвалидите како и лошата категоризација на невработеноста. Во врска со категоризацијата на занимањата, како често наведуван проблем е категоризацијата на одредени занимања како што се: службеник, работник, земјоделец, сопственик и сл., кои се исто толку структурирани и хиерархизирани. Уште еден пример, преминот од еден занает кон друг, не покажува професионална подвижност, иако доаѓа до значајни промени. Тие се опфатени во категоријата занаетчии, а всушност може да дојде до промена на некои социјални параметри, како на пример, од занаетчија-наемник во занаетчија-сопственик, иако се работи за иста дејност. Како, на пример, ќе се одреди мобилноста на еден млад работник, штотуку вработен, во однос на неговиот татко кој е пензионер.?[159] Слична ситуација имаме кога се споредува положбата на еден млад работник, пред кого стојат многу промени од една социјална положба до друга, кој е на почетокот на својата кариера, со неговиот татко службеник. Тоа би значело мобилност кон долу, бидејќи во

---

[159] D. Merlié, J. Prèvot, *La Mobilité...*, 17.

основа условите на еден службеник се рангираат повисоко отколку кај еден работник, иако овој е на почетокот од својата професионална активност.

Со оглед на изнесените определби за мобилноста, може да се заклучи дека мобилноста значи подвижување на поединецот на линија горе-долу на хиерархиската скала. Оваа мобилност уште се нарекува и вертикална мобилност и таа го покажува степенот во кој поединците можат да напредуваат или шансите да ги изгубат еднаш стекнатите позиции. Покрај вертикалната мобилност позната е и т.н. **хоризонтална или географска подвижност.** Оваа подвижност, покрај тоа што означува промена во физичкиот простор, движење во рамките на одредени национални граници и надвор од нив, исто така се однесува и на меѓусекторски движења во сферата на економијата, промена на претпријатието и сл. Иако овде повеќе се мисли на физичкото разместување, не треба да се намали и социјалното значење на оваа хоризонтална структура. Ова посебно се однесува на социопрофесионалната мобилност кај жените чија хоризонтална дистрибуција, уште како, покажува на одредени социјални карактеристики. Кај А. Турен, на пример, географската мобилност се зема како дистинктивен момент во социјалната подвижност, која според него е: *тенденција што е вреднувана и насочена од еден актер*. Тој го поткрепува тоа со начинот на кој се врши преминот од земјоделско кон едно работничко занимање. Имено, како прво, се врши депласирање (преместување). Едно претпријатие во близина на селото овозможува вработување без да се напушти селото. Потоа, поаѓање - емиграција кон еден индустриски центар и перцепција на напредувањето што е важна варијабла за социологијата. Според тоа, за социологијата е многу поинтересна вертикалната мобилност и, кога станува збор за мобилноста, пред сè се мисли на неа. Меѓутоа, сепак треба да се нагласи дека хоризонталниот премин од една форма кон друга не е назависен од шансите за социјалното подвижување назад или напред. Географскиот простор не е социјално неутрален.[160]

## 2.3. СОЦИЈАЛНАТА МОБИЛНОСТ И СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

Социјалната мобилност, како што беше напоменато, претпоставува една социјална диференцијација како релативно стабилна социјална структура, а тоа

160 D. Merllé, J. Prèvot, *La mobilité sociale...*, 18.

значи дека постојат и одредени критериуми според кои се врши таа диференцијација. Мобилноста, всушност, претставува премини меѓу границите што постојат меѓу категориите што ја чинат таа структура. Ретко во историјата ќе се наиде на општество или на групи каде односите меѓу нив се дефинитивно фиксирани, без можност за било какви промени. Дури и кастите кои се одредени како најзатворени групи толерираат еден минимум на мобилност.[161] Слично на кастите е организиран и редот (свештенството) во средниот век, меѓутоа, избирајќи го клерот меѓу другите свештеници, покажува дека сепак постои подвижување дури и премин кон аристократските положби во општеството.

Како критериум кој често се користи во социјалната стратификација се професиите. На тој начин се добива една слика за општеството која најчесто е дадена во три нивоа, и тоа: супериорно ниво - оние кои се наоѓаат највисоко на хиерархијата на занимања, средно ниво и ниско ниво.

Кога станува збор за мобилноста и социјалната структура, често се истакнува дека во рамките на социологијата постои тенденција социјалната структура да се прикаже како една скаменета слика што ја губи врската со стварноста. Социјалната структура речиси секогаш е дадена како една шема која од друга страна ги намалува шансите да се согледа динамиката во стварноста.[162] Меѓутоа, стварноста е преполна со релации што се поставуваат меѓу различни групи кои делуваат во општеството. На неколку наврати веќе беше укажано на тоа какви ќе бидат ефектите при проучувањето ако се остане во рамките на постоечката шема што го детерминира текот, а со тоа и резултатите, или, ако социјалната пракса се групира според одредени детерминанти, истата таа ќе се гледа како рефлексија на тие детерминанти.[163] Фактот дека секоја анализа за социјалната мобилност поаѓа од една одредена шема за социјалната структура, од која понатаму ќе се следат процесите на разместувањето, нужно го наметнува и проблемот социјалната структура.

Како посебно прашање при пручувањето на социјалната мобилност на жените е терминолошкото прашање. Имено, дали овде можат да се преземат вообичените поими како на пример: класа, професија, квалификација и други потсистеми кои се типични во проучувањето на социјалната структура? Во

---

161 Ibidem, 12.

162 D. Kergoat, *Plaidoier pour une sociologie des rapports sociaux*, Le sex du travail...

163 P. Roll, T*ravail et salariat...*

проучувањата вршени на запад[164] се истакнува дека жените се наоѓаат надвор од оваа структура. Тоа е така, пред сѐ, заради примената на два критериума и тоа: сопствената професија и, доколку таа не се поседува, се врши идентификација со професијата на мажот. Така, жената се вметнува во социјалната структура според професијата на мажот. Дилемите и сомневањата навистина се нормални во една ваква ситуација. Уште поголема тешкотија при проучувањето на социјалната структура и мобилноста на жените предизвикуваат социјалните критериуми. Бидејќи жените долго време се наоѓале на маргините на општеството и надвор од социјалната мерливост, многу е тешко тие да се интегрираат во општествената структура. Но, дали е оправдано луѓето без сопствена професија да бидат избришани како социјална категорија? Кон ова придонесува и тоа што категоријата *жени* е некохерентна категорија, со што се создаваат тешкотии на планот на конституирање на единствен поим во кој ќе биде означена социјалната суштина. Според тоа, категоризацијата на жените, како социјална група, тешко се постигнува, што се должи на една реално постоечка ситуација во општеството во која се наоѓаат жените.

## 3. ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ КОН ПОИМОТ СОЦИЈАЛНА МОБИЛНОСТ

Во многубројните проучувања за општествента стратификација, односно за мобилноста на членовите на една општествена заедница, како фактори што влијат на заземената положба во општествента хиерархија се истакнуваат: слојната припадност на семејството, потоа, образованието или пристапот кон образованието, вредносниот систем на слојот на кој припаѓа единката, културното милје на блиската околина итн.

Постои една теза, според која, во модерните општества добар дел од социјалната мобилност е' поврзан со политичката организација на општеството.[165] Оваа идеја се поврзува со името нам В. Парето и т.н. „циркулација на елитата". Според него, политичката елита има тенденција да го задржи јадрото на моќта на политичкиот врв, т.е. да се репродуцира преку

---

164 A. Michèl, *Le sex du pouvoir...*, (Introduction generale).

165 D. Merllié, J. Prèvot, *La Mobilité Sociale...*,12.

наследството. Но, во рамките на таа тенденција за задржување на положбите, се поставува прашањето за наследноста на способностите, т.е. дали способностите за извршување на една ваква функција се пренесуваат рамномерно. Поборниците на генерациската трансмисија на социјалните способности сметаат дека групите се репродуцираат сами по себе и се застапници на редуцираната мобилност. Но, заради можните грешки во однос на биолошкото наследство, репродукцијата на елитата дозволува извесен степен на мобилност како корекција.

**Маркс за социјалната мобилност.** Во марксовите анализи на социјалната структура не се зборува многу за мобилноста. Маркс ја прифаќа класната поделба во општеството како факт, а во концептот за класната борба отсуствува мобилноста, со што класната поделба е сведена на кастинска поделба. Но, според А. Турен, марксовиот концепт за општеството ја имплицира мобилноста, притоа не се нагласува поединечната, туку колективната мобилност што се остварува преку класите. Кај Маркс, акцентот е ставен на процесите, т.е. на средствата со кои ќе се предизвикаат промени во општествената структура.

**Функционализмот и социјалната мобилност.** Меѓу првите социолози кои се зафаќаат со проблемот на мобилноста е П. Сорокин[166]. Според Сорокин, мобилноста претставува преместување на поединецот во социјалниот простор. Како термини со кои ја опфаќа социјалната мобилност се: *социјален простор*, *социјална дистанца* и *социјална положба*. Тој, слично како во физиката, ја одредува мобилноста како насока на движењето на поединецот одредена од влијанијата на социјалните сили. Изворот на силите, аналогно на силите во физиката, се наоѓаат кај други тела, а изворот на социјалните сили би се наоѓал кај одредени поединци, вклучувајќи ги и оние од минатото. Социјалната мобилност се однесува на временски и просторни елементи што можат да бидат индивидуални или групни. Мобилноста во географскиот простор, односно преместувањето на еден физички простор е само метафора за да означи движење во еден социјален простор.

Според функционалистичкото толкување на општествената структура, а со тоа и на мобилноста, општеството има тенденција да се репродуцира. За да се оствари тоа, според Сорокин, општеството создава механизми на селекција и механизми на репродукција што треба да ја одржат социјалната структура и покрај континуираниот флукс на поединците. Така, како прв механизам на

---

166 Според: R. Boudon, *Les inegalites des chances*, Armand Colin, Paris 1994.

контрола, односно инстанца на ориентација, е семејството. Семејството дејствува како подсистем и затоа кај него ќе се јават истите механизми на репродукција и континуитет што ќе се овозможи преку кочењето на мобилноста на поединците, како кон горе така и кон долу.

Меѓу позначајните имиња во рамките на функциналистичкото зафаќање на проблемот на социјалната мобилност се С. Липсет, Р. Бендикс и Н. Смелсер. Овде би било занимливо сфаќањето на Смелсер за формите низ кои може да се пројавува и следи мобилноста во општеството. Така, таа не се ограничува само на движењето на индивидуите, туку и на движењето на колективитетите (семејството) класите, подвижност предизвикана од промени во структурата како и од промени на целокупната структура. Кога станува збор за индивидуалната мобилност, постои разлика во нејзиното остварување со оглед на социјалната диференцијација. Имено, во полидиференцираниот општествен систем движењето на поединецот може да се оствари во однос на сите улоги и тоа: економски, политички, етнички и сл., со што може да се оствари сегментарна мобилност, односно да се оствари економски успех без да се оствари повисока политичка позиција итн.[167] На тој начин, се чини дека индивидуата се оддалечува од своето социјално потекло.

Нема попретресувана и покритикувана теорија за општествената структура во социологијата од функционализмот. Од аспект на мобилноста нему му се префрла дека под плаштот на мобилноста всушност се крие една ориентација кон имобилност, т.е. кон она што ја кочи подвижноста, или: *„тоа е една замка каде што промената се користи за да се покаже нејзината непожелност, мобилноста е онаа состојба во општеството која е аномична“*.[168]

Кај функционалистите е пренагласена вертикалната димензија, односно идејата за нееднаквост, преку која општествата го обезбедуваат исполнувањето на значајните функции од страна на најквалификуваните и најспособните членови.[169] Мобилноста произлегува од функцијата на општествената структура да ги мотивира способните членови на општеството да дојдат на повисоки

---

167 Повеќе за ова кај М. Ташева, *Стратификација и мобилност: Функционалистичките сфаќања на промените во општествената структура,* Зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 1990/91.

168 R. Boudon *Les inegalites des...*, 92.

169 М. Ташева, *Стратификација и мобилност...*, 253.

позиции, со што ќе го овозможат функционирањето на самиот систем, добивајќи за возврат награди во вид на материјални богатства, моќ и престиж. Мобилноста, според критичарите, претставува една посложена игра. Така, во таа игра учествуваат хоризонталната и вертикалната димензија, а веројатно има и други деминзии што ќе влијаат на статусот на поединецот и на промените што ќе настанат во овој правец. Еден од примерите, што веќе беше посочен, е примерот според кој може да дојде до промена без да се оствари промена во позицијата или преместување во вертикалата.

## 4. СОЦИЈАЛНАТА МОБИЛНОСТ И ЖЕНИТЕ

Како голема дилема при аналитичкото пристапување кон проблемот на социјалната мобилност на жените се наметнува генералниот пристап, односно дали, ако се појде од некои концептуални претпоставки и категории што ги користи општата теорија за мобилност, ќе се дојде до очекуваните сознанија. Всушност, дилемата е во тоа дали може да се зборува за една универзална теорија на мобилноста. Во прилог на разрешување на дилемата може да се истакне фактот дека во скоро сите простудирани анализи за интергенерациската мобилност се наидува на релацијата таткко-син, а не татко -дете или на пример татко-ќерка. Со оглед на тоа, се наметнува констатацијата дека, при проучувањето на мобилноста на жените во процесот на трудот, општиот пристап не задоволува, и тоа не само во терминолошко-категоријалниот апарат, туку и заради одредени суштински елементи.

Во анализите за социјалната мобилност отсуствува анализата на мобилноста на жените. Доколку во некои студии за мобилноста се расправа за проблемот на социјалната мобилноста на женитте, тогаш е јасно видлив еден поинаков пристап.

Социјалната подвижност на жените најчесто се следи преку бракот, односно се споредува социјалното ниво на семејството на сопругата пред бракот со нивото што го стекнува со мажачката. Така, овде, кога се зборува за социјалната мобилност на жената, таа директно не се однесува на жената, туку на можностите на еден општ премин од една социјална категорија во друга, со посредство на бракот. Овде станува збор за т.н. **маритална мобилност,** која значи одредување на статусот на жената според социјалното ниво на членовите не само

на потесното, туку и поширокото семејство. Како резултат од овие анализи се наметнува поимот *хомогамија* кој значи идентичност на статусот или на социјалното потекло меѓу сопружниците, т.е. дека постои тенденција на избор на супружниците од ист социјален статус. Доколку има мешање на хиерархиските нивоа, податоците од повеќе анкети покажуваат дека тоа се прави меѓу две соседни нивоа. Всушност, при мариталната подвижност не се земаат личните белези на жената, врз основа на кои ќе се направи мерење на подвижноста на жените, туку се споредуваат социјалните средини од кои потекнуваат сопружниците. Во семејните ќелии, т.е. во експлицитните и имплицитните правила на социјалната композиција на бракот, има еден суштински момент во промената на социјалнните статуси помеѓу генерациите. Меѓутоа, и покрај тоа што преку мариталната мобилност се признава пасивната положба на жената во општеството, таа може да даде значајни сознанија во материјата на општиот концепт на мобилноста и социјалната стратификација. Социјалната положба на брачниот другар е интересна, затоа што, давајќи информации за социјалната подвижност преку бракот, ги расветлува условите за премин од еден во друг статус, врз основа на наследството од родителите. Брачната заедница, која се состои од сопружници кои потекнуваат од групи чиј статус е различен, е доста посложена за идните поколонија. Анализите на мариталната мобилност придонесуваат да се дојде до одредени сознанија што не би биле безначајни за проучуваниот проблем, односно за вертикалната мобилност на жените во процесот на трудот. Тие покажуваат дека, сепак, семејството се јавува како најрелевантна средина за општествениот ангажман на жената. Исто така, интересна е констатцијата дека во поголем број случаи жената преку бракот го менува социјалниот статус, што не важи и за нејзините браќа. Имено, како некое непишано правило е жената да стапи во брак со маж од повисок социјален ранг. Веројатно оваа тенденција е пореално присутна во потрадиционалните општества. Оваа теза го наметнува и проблемот за носивоста на социјалниот статус меѓу сопружниците, односно, доколку сопругата потекнува од повисоките нивоа, дали таа може да го одреди социјалниот статус на семејството, што се поставува како мошне важно прашање за жената и општествената структура.

И покрај идеолошката заднина на мариталната подвижност при проучувањето на социјалната мобилност кај жените, неспорен е фактот, а тоа ќе се види и понатаму, дека мобилноста на жените навистина е многу тесно поврзана со условите во семејството.

# 4.1. МОБИЛНОСТ НА ПОЛОВИТЕ

Терминот *мобилност на половите* настанува како резултат на користењето на концептот на мобилноста во категоризацијата на половите. Како таков, тој предизвикува една интелектуална дилема. Имено, современите процеси на продирање на жените кон оние професии, занимања или положби во работниот процес, што се одредени како типично машки, како и спротивниот случај, ја наметнува потребата од креирање на нова терминологија. На тој начин, се дојде и до терминот *мобилност меѓу половите*. Овде се врши растопување или насилство на едно наследено, заедничко чувство, преземено и интернализирано во свеста како полово групирање во одредени сфери на општеството. Така, точно се знае, според тоа наследено искуство, на кои полиња од социјалното припаѓаат мажите, а на кои жените. Половите категории долго време се гледале како еден природен факт кој бил поставен еднаш за секогаш.

Социологијата претендира да создаде еден концепт за социјалнта мобилност како една прецизна конструкција. Тоа значи дека таа поаѓа од одредени дефинирани социјални (социопрофесионални класи, групи и др.) категории во кои се сврстени поединците, а потоа го следи нивното разместување на скалата од дадените социјални категории кои се подредени во одреден поредок според одредена социјална логика. Овој поредок, како и вкупноста на елементите што се артикулираат меѓу нив, ја имплицира општествената организација. Социјалната логика на организирање на луѓето, досега ги групирала нив околу двата пола.

Според едно истражување[170], каде што се испитува еден случај на млади девојки запишани на машки школски формации, како што се електрониката и информатиката на индустријата, класите и половите се земени како пример во конститирањето на фундаменталните социјални односи, структуранти на општеството во целина. Со оглед на тоа што еден социјалнен однос нужно опфаќа две категории, односно два пола, се наметнува проблемот во опфаќањето на оние категории што се наоѓаат на средината (средните класи, жените кои отстапуваат од типологизацијата и сл.). Овие категори уште се наречени *мобилни*, т.е. оние кои најмногу можат да инклинираат кон еден тип или кон друг.

---

170 A.M. Daune-Richard, *Mobilité sociale et rapports sociaux*, Laboratoire d'economie et sociologie du travail, 1988, 63.

При правењето на класификациите за жените, се забележува дека тие имаат можност да бидат носители во класификациите и мобилноста во школскиот систем, во системот на професиите како и во еден систем конструиран по повод половите.[171] Од наведеното истражување, каде што на анкетен примерок од 47 девојки запишани на Академија за механика, елктроника и информатика во индустријата, во кои машките отсекогаш биле доминантна категорија, се донесуваат интересни заклучоци во однос на т.н. социјална логика и мобилноста. Во истражувањето се тргнало од констатацијата дека општествено валоризираните техники отсекогаш биле јадро за поделбата на трудот според половите, од кое не е исклучено нити индустриското општество. Со оглед на ваквата претпоставка, целта била да се види како се врши репродукција на одредени полови категоризации какви што се „masculin i feminin"кои се означени како социјално конструирани категории според еден општествен стандард. Генерална хипотеза била: кога жените ќе изберат една типично машка професија, според местото што половите го имаат во социјалното, се наметнува еден процес на разместување во конституираните односи меѓу половите каде се излегува од една инфериорна положба на жените и од машката доминација. Тоа ја наметнува потребата од воспоставување на еден друг социјален критериум, професиите, интересот кон занимањето итн.

Исто така, во анализите за социјалната мобилност на жените се покажува дека полот и образованието немаат еднакво значење. Логиката на образовниот систем покажува зависност од семејната стртегија. Во поглед на социопрофесионалната мобилност, една индивидуална ориентација истовремено може да претставува и инверзија во однос на половите. Социопрофесионалната ориентација може да добие и едно друго социјално значаење кое потекнува од содржините на социјално конституираните категории. Во рамките на оваа инверзија на полот, како и во мотивите што стојат во неговата основа, се презентираат различни ставови. За некои во основата на мобилноста на половите е школскиот систем, т.е. школските титули и професијата, за други во игра влегува семејното наследство во смисла на еден атипичен пол кој постои во семејството и др. Мобилноста на половите покажува дека постојат одредени процеси во општеството што вршат промени на една наследена социјална материја по однос на половите. Од друга страна, овој поим се користи како

---

171 Ibidem.

експериментално средство во анализата на мобилноста на жените кои се повеќе продираат кон домени кои биле типично машки.

## 4.2. СОЦИОПРОФЕСИОНАЛНА МОБИЛНОСТ КАЈ ЖЕНИТЕ

Мобилноста во социопрофесионалниот живот на жените претставува следење на движењата, т.е. на промените што настануваат во текот на остварување на една определена професија. Социопрофесионалната мобилност е мерка што ја покажува динамиката во сферата на трудот, и тоа: динамиката во хоризонтална линија и динамиката во вертикална линија. Така, следењето на промените во хоризонталната линија го покажува интензитетот на движењата во географскиот простор (флуктуацијата на работната сила), потоа, промени во професионалната ориентација. Како резултат на хоризонталното следење на категориите поврзани со професионалниот живот се доаѓа до една професионална структура, на чие значење веќе на неколку наврати беше укажано. Со вертикалната димензија се опфаќа динамиката што се остварува во рамките на една професија, промените во занимањата, работните места и сл. Хоризонталната и вертикалната димензија на професионалната мобилност се тесно поврзани меѓу себе, пред сè поради социјалните значења на професиите. Така, на пример, хоризонталните разместувања можат да имаат и друго социјално значење. Флуктуацијата на работната сила е тесно поврзана со вреднувањето на средината, работното место, или со самите меѓучовечки односи. Од друга страна, вертикалната подвижност значи и дислокација од едно на друго место итн.

При анализите на социопрофесионалната мобилност на жените се упатува на одредени ограничувања на кои веќе беше упатено. Овде не се работи само за несоодветноста на критериумот преку кој ќе следи мобилноста на жените, ниту пак тоа е постоењето на двоинствена професионална структура на која некои укажуваат, туку тоа е фактот што поголемиот број на жени се исклучени од оваа сфера или се привремено исклучени. Поради сето ова, во анализите на социопрофесионалната мобилност многу ретко се осврнуваат на социопрофесионалната мобилност на жените. Може да се заклучи дека оскудноста на сознанија за ова прашање, пред сè во западната литература, се должи на ситуираноста на жената во социопрофесионалната сфера на овие

општества, во кои нејзината професија се смета како споредна во однос на професијата на сопругот според која најчесто се категоризираат семејствата, а со тоа и жената. Кон ова придонесува и привремениот карактер на извршувањето на некое од занимањата што ги имаат жените, со што се потенцира нејзината диспозиција спрема сферата на репродукција, а не спрема сферата на продукцијата која е претставена во еден социопрофесионален систем.[172]

Многу често, при анализите на професиите на жените, се врши споредба меѓу нивните професии и професиите на нивните сопрузи или татковци.[173] Овој пристап е доста критикуван. Имено, овде се доведува во врска нешто што не може да се поврзе, компарација на две социјално различни категории, т.е. ќерката и нејзиниот татко. Според овие сфаќања, треба да се компарира професионалниот пат на жените со професионалниот пат на нивните мајки, како што се врши компарирање на професионалниот пат на синот со оној на таткото. Овој вид на компарација на социјалните положби на ќерките со положбата на нивните мајки може да укаже на промените во социјалниот контекст во кои делуваат жените. Меѓутоа, овој пристап, и покрај тоа што може го прикаже интензитетот на промените, не може да го дофати сложениот сплет на околности што влијаат на положбата на жената, како и можностите за нејзиниот продор во општеството. Затоа, поголем ефект во доловувањето на причинско-последичниот однос во вертикалната подвижност ќе се постигне ако се евидентира севкупната ситуација во семејството, по таткова и по мајчина линија, потоа, социјалната ситуација на семејството на сопругот како и кореалацијата со сопругот и ред други објективни околности. Значи, во следењето на вертикалната подвижност на жените не може да се земе само една релација, туку мноштво на релации во кои ќе се бара интервенцијата на општеството врз положбата на жените. Треба да се дистанцираат оние социјални фактори од коишто се иницира движењето и се врши пробивот на специфичните општествените барикади кои низ целата историја се испречиле пред жените.

Самиот концепт на општествената мобилност е недоволен во поглед на прикажувањето на мобилноста на жените. Тој концепт тргнува од општествената структура во која е имплицирана одредена слоевитост и граници меѓу слоевите, кои поединците или групите ги преминуваат, при што понекогаш се менува и

---

172 M. Chaudron, *Sur les trajéctoires sociales des hommes et des femmes. Strategies familiales de reproduction et trajectoires individualles*, Le sex du travail..., 190.

173 Ibidem, 194.

целокупната структура. Овој концепт би бил реален и во случајот на проучувањето на жените, меѓутоа, само во случај да биде елиминирана половата структура. Постоењето на две испреплетени структури за жените значат двојни прегради. Првите се преградите што ги воспоставува половата структура чија содржина ја чинат сложениот сплет на односи меѓу општеството и репродукцијата, а вторите се преградите на општествената структура со сложениот сплет на односи меѓу општеството и продукцијата. Сè додека жените не го надминат делувањето на првата структура, т.е. на половата структура, тие не можат да станат рамноправни чинители на општествената структура.

Рефлексијата врз социјалните односи меѓу половите покажува дека: социјалната судбина околу извршувањето на одредена професија за жените и мажите не е еднаква и дека обавувањето на одредена професија нема еднакво чувство за еден маж и за една жена. Така, положбата во сферата на професионалното, на припадниците на женскиот пол не е единствено одредена од законитостите што постојат во истата или од припадноста кон социјалниот слој, како што се претпоставува при социјалната мобилност. Овде е голема е интервенцијата на т.н. *полова структура* дефинирана спрема сферата на репродукцијата.[174] Така, на пример, пристапот на жените кон оние положби во општеството е оневозможен не како припадници на одредени социјални слоеви, туку заради тоа што се жени. На жените од високите општествени слоеви исто така им е оневозможен пристапот кон високите позиции на општеството.

Со оглед на сето ова може да се заклучи дека првична цел во анализата на вертикалната мобилност на жените во сферата на трудот е да се одреди односот спрема општеството и спрема сферата на репродукцијата, а не веднаш да се премине на споредување на одредени категории, како што се прави во општите шеми на следење на социјалната мобилност. Дури и кога би се споредувале споредливите категории, како што некои сметаат дека тоа се мајката и ќерката, не би се постигнал виден напредок, бидејќи на тој начин би се избегнале влијанијата на општеството ѝ би се останало во рамките на еден затворен стратум.

Во следењето на социопрофесионалната мобилност, со оглед на погоре изнесеност, како прво треба да се укаже на интензитетот на пробивот на жените во продуктивниот апарат, т.е. нивната реална положба во социопрофесионалната

---

174 F. de Singly, *Racines et profils des ouvriers et des cadres superieurs*, XXVII, Janvier 1986, RFS.

сфера. Во еден реалативен контекст, во односот со мажите на овој план, може да се добијат значајни показатали. На тој начин се добива слика за дефаворизираната положба на жените на професионален план во однос на мажите. Така, на пример, според професијата што ја извршуваат, жените се лоцирани во одредени економски сектори, кои, според нивното економско значење во општеството, не се многу профитабилни, ниско акумулативни и базирани на пониски квалификации. Хоризонталната дистрибуција на женскиот труд, односно податоците за половата дистрибуција според одделни сектори во индустријата, секторот услуги или јавните служби, речиси секогаш го потврдуваат тоа. Така, постојат индустриски гранки во кои над 80% од работната сила ја чини женската работна сила, како што во текстилната индустрија (во 1992 год. 81% од вработените биле жени) потоа доаѓа индустријата за производство на кожени обувки и галантирија (68,37%), хемиската индустрија (45%) итн. За услужните дејности и не треба посебно да се зборува. Тие во некои области речиси целосно се ефектуирани од женската работна сила. Така, во здравствено-социјалната заштита 70,20% се жени, во банкарството 51,9%, во трговијата 48,74%. Според податоците, може да се заклучи дека одделни сектори од одредени индустриски гранки се целосно затворени за женската работна сила, а додека таму каде што тие се присутни заземаат нискоквалификувани работни места или услужен персонал. Имајќи ја предвид фактичката состојба околу положбата на жената во сферата на трудот, често пати се донесуваат контроверзни заклучоци. Всушност, жените се таму каде што се, бидејќи имаат пониски квалификации и несоодветното образование што не дава поголема можност тие да се вклучат во сите домени подеднакво. Според тоа, исти би биле и причините поради кои жените се послабо платени. Последниве констатации можат да се употребат како пример за тоа дека положбата на жената во сферата на трудот не може да се објасни доколку се остане во овие рамки. Имено, ниските квалификации и несоодветното образование се факт кој, ако се прифати, тогаш нема што понатаму да се истражува.

Од податоците за хоризонталната дистрибуција на жените во сферата на трудот, степенот на квалификациите и дистрибуцијата на работните места може да се изнесат некои почетни размислувања за вертикалната мобилност на жените што понатаму ќе бидат пошироко образложени. Имено, овие податоци говорат за една релативно константна дистрибуција на жените кон оние професии и занимања кои традиционално биле поврзани со поделбата на трудот според

полот. Така, може да се зборува за феминизација на одредени професии. Имајќи го предвид претходно кажаното за социјалната валоризација на професиите и нивниот поредок во социопрофесионалната структура, може да се каже дека се работи за помалку вреднувани и слабо платени професии и занимања. Причините за ваквата ситуација, во поглед на професионалното кај жените, се комплексни и залудно е да се бараат во сферата на економскиот живот, тие тука само се имплицираат.

Анализата на работните места што ги заземаат жените покажува дека учеството на жените е најбројно на работните места околу подножјето на социјалната скала во организациите. Мал е бројот на жените кои успеале да се искачат на повисоките скалила и да заземат поодговорни работни места и високи функции. Со тоа можеме да заклучиме дека постојат големи пречки во вертикалната промоција на жените во сферата на трудот, односно слабо изразена мобилност, и покрај големите промени што се случуваат на општествен план и тоа во поглед на образованието, демократизацијата на односите и граѓанските права, техничко-технолошката развојна динамика итн. Тоа значи дека во однос на моќта жените се наоѓаат на периферијата или на маргините, со тоа тие немаат можност да влијаат на збиднувањета во економската сфера на општеството.

Во проучувањето на социопрофесионалната мобилност на жените, покрај погоре наведените моменти во однос на хоризонталната и вертикалната мобилност, постои и едно сознание за тоа дека професионалната определба на жените е помалку зависна од потеклото, отколку што е тоа случај со мажите. Анализирајќи го подлабоко ова тврдење, Ј. Голдторп[175] укажува на постоење на две професионални структури. Женска професионална структура, со хиерархија на занимања која е покрута и позатворена отколку што е структурата на занимања кај мажите. Во женската структура на занимања се забележува помала зависност од социјалното потекло, меѓутоа, во рамките на таа женска структура. Но, што попрецизно би значело тоа? Всушност „ќерките“, според тезата за социјалната неутралност во однос на потеклото во професионалната положба кај жените, имаат помали шанси да ги наследат своите татковци на раководни функции отколку нивните „браќа“. Може да се заклучи дека жените се изложени на поголема социјална селекција, отколку мажите, при стапувањето на некоја од погорните функции, и дека тие треба да поминат низ сите постоечки критериуми.

---

175 J. Goldthorp, *Social mobility and Cllas Structure in Modern Britain*, Clarendon Press, Oxford 1980.

Фактот кој ја покажува малата застапеност на жените на високи раководни функции, и покрај значителното присуство на жените во сферата на трудот, упатува на размислување околу интервенцијата на други социјални моменти, кои во една чиста анализа на професионалната подвижност не би биле дофатени. Во потрага по тие фактори, засега единствено можеме да констатираме дека тие, иако тесно поврзани со сферата на трудот, се провлекуваат низ нејзините рамки и се разлеваат во широкиот социјален контекст.

Наспроти тезата за „социјалната неутралност според потеклото во однос на вертикалната подвижност на жените во сферата на трудот" постои и тезата[176] за високиот степен на поврзаност меѓу социјалната положба на родителите и жените на повисока општествена положба. Тоа значи дека социјалното потекло има еднаква тежина, како врз професионалната судбина на мажот, така и на жената.

Истакнување на поимот *женска професионална структура* покажува дека сепак постои некоја разлика што ги одвојува женските професии од машките. За некои постои и социјална разлика на исти занимања што ги извршуваат, во едни случаи жени, а во друг случај мажи. Така, службеничката по својот статус е поблиску до работничката, отколку службеникот во однос на работникот. Исто така, развојот на женските занимања овозможува машките занимања да бидат повисоко валоризирани. Според ова тврдење, мобилноста на мажите кон повисоките места е овозможена и од сè поголемото учество на жените во сферата на трудот, така што мажите како пофаворизиран пол, дури и во секторите наречени *женски*, имаат повисоко вреднувани работни места.

[176] M. Blagojević, *Društveni položaj žene stvaralaca,* Žena, Zagreb, 3/1985.

# ГЛАВА 2

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ЧИНИТЕЛИ НА ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРУДОТ

## 1. ОРГАНИЗАЦИСКИОТ ПРОСТОР

### *1.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА*

Долгата традиција во функционирањето на организациите не само во сферата на трудот, туку и во сите други области на човековото делување, креира еден цел систем од формални и неформални правила, институции и улоги со кои се регулира однесувањето на луѓето во нив. Уште на самиот почеток би истакнале дека овде нема да се занимаваме со една систематска анализа на закономерностите, односно со формалната или неформалната структура на организациите, како и со нивното функционирање, туку ќе биде укажано само на оние белези на организациите што се релевантни како социјална околина во вертикалната мобилност на жените. Со оглед на насоките на посакуваната анализа, како работна определба на организациите би ја истакнале следната: *организациите се коликтивитети составени и структурирани од* ***материјални*** (*опрема од технички и друг карактер, материјали од природно или синтетско потекло итн.*) *и* ***човечки ресурси*** (*работната сила со нејзината квалитативна страна, т.е. со квалификациите, занимањата, вештините, способносите итн.*) *со кои би се дошло до посакуваните цели, односно резултати антиципирани со самата идеја за формирање на една организација.* Или, ако акцентот се стави врз економскиот момент, организацијата ќе биде прикажана како комбинација на продуктивните фактори чија вредност се дефинира според различни пазари, т.е. според пазарот на капител, пазарот на труд и според пазарот на суровини. Поимот *организација* овде се однесува на една структурирана целина чиишто структурни елементи функционално се поврзани меѓу себе, на начин оптимално оценет во остварувањето на целите на организацијата.

Поради распостранетоста на организациите во различни области на човековото делување, постојат различни типови на организации, меѓутоа, за сите нив е карактеристично што се базираат на поделбата на трудот, како на општествената, така и на техничката, што го диверзифицира работниот процес во поглед на луѓето[177], потоа, начинот или методот на организирање на трудот кон една одредена цел со помош на одредени средства. Различните пристапи кон организациите укажуваат на постоење на различни издиференцирани структури во нив. Така, може да се зборува за социјална структура и за техничка структура, потоа, за формалната и за неформалната структура итн. Различните пристапи кон организацијата говорат за големиот интерес на науките за ова подрачје, но и за сложената природа на самите организации.

Карактерот на организацијата во голема мера е одреден од нејзината внатрешна структура за која може да се каже дека е динамична и изложена на промени. Организациите ја прилагодуваат својата внатрешна структура кон околината во која дејствуваат, а таа е непредвидлива и недефинирана. Не постои универзален модел на организација. На динамичниот карактер на организациите упатува постоењето на различни организациони модели што се јавуваат во праксата и во теоријата на организациите. Постојат организации кои се доближуваат до оној модел кој го креираше Ф.В. Тејлор со една стриктна, рационална и хронометрирана поделба на трудот, потоа моделот т.н. „Humens Relations", социотехнички систем итн., каде што акцентот се става на социопсихолошката мотивација, на неформалните односи итн. И покрај интенциите да се даде една општа слика за организациите, треба да се истакне дека секоја организација има свои специфични белези на која и даваат печат одредени технички, културни, географски па дури индивидуални карактеристики на луѓето кои конкретно делуваат во нив.

Но, како модел на организација во современи услови на дејствување на организациите се смета една отворена, неавторитарна и флексибилна организација која ги респектира сите оние ресурси што ќе овозможат поголема профитабилност на истата. Се работи за организација која делува во специфични услови, во кои продуктивноста на трудот го постигнала својот лимит, а конкуренцијата се одвива во квалитетот на производите и услугите. Овде иновацијата се состои во една соодветна комбинација од порано познатите

---

177 M. Stroobants, *Sociologie du travail*, Ed. Hathnan, Paris 1993.

ресурси, со што акцентот се става на флексибилната техника базирана на новите технологии, како и на флексибилната работна сила. Тоа е организација која не подлегнува на стеререотипи и клишеа. Современите организации функционираат на менаџерски систем кој го заменува патроналниот авторитарен систем. Овде се манифестира еден премин од хиерархиска структура кон молекуларна структура, помалку или повеќе автономна и константа интеракција, кон авторегулаторен систем што дава можност хиерархиските односи да се заменат со кооперативни односи. Во овој облик на моќ не се наредува туку се дискутира, веќе не се бара послушност, туку се преговара. Флексибилната организација не се заснова на стриктна поделба на задачи и улоги. Покрај поливалентноста на работната сила, карактеристична е мобилноста и интерзаменливоста на задачите. Ова, пак, ја наметнува потребата од надминување на тесната специјализација што ја наметна индустријализмот и формирање на т.н. *интегриран работник* кој ќе има увид во целината на процесот.

Овие промени на планот на организацијата се пропратени и со други промени, на пример промени во семејството и поделбата на семејните улоги, потоа со тенденции во изградување на личноста и тоа во поглед на инвестициите што се полагаат за да се стекнат повеќе способности, вештини исл (се оди на курсеви за јазик, други специјалистички курсеви, патувања, спортски активности со кои се засилува тенденцијата кон индивидуалниот успех и компетитивните способности). Како посебнв вредност во овој изменет социјален контекст е да се биде „горе“, да се биде успешен во сите домени (социјални, интелектуални, афективни итн.). Ова би значело негација на патријархалната структура што ја развива авторитарноста и послушноста. Сите овие промени одат во прилог на изедначување на шансите за еднаков пристап кон одредени позиции на различите групации по пол, раса и возраст, што делуваат во организациите. Според некои, тоа е нова фаза на западниот индивидуализам т.н. **персонализација** или пермантна револуција на секојдневието на поединецот.[178] Но, дали стварноста секогаш се поклопува со еден модел? Иако моделот претставува реална можност, тенденција или начин на работење што им се наметнува, или организациите самите го наметнуваат за да делуваат успешно, сепак реалноста покажува значајни отстапувања од моделот. Студиите за организациите, во најголем број случаи го воочуваат постоењето на една авторитарна, хиерархиска

---

178 M. Stroobants, *Sociologie du travail,* Ed. Hathan, Paris 1993.

структура или структури од тејлористичкиот тип, добро познат во организационите науки каде што се генерира една формална моќ, кој, носејќи го бремето на трдицијата и патријархалната идеологија, останува ригиден, со помали шанси да ги искористи можностите, т.е. предностите во современиот начин на делувањето на организациите. Кога станува збор за организациите во сферата на стопанството, кои овде ќе бидат предмет на анализа, мора да се напомене дека први и основни принципи што владеат со истите, односно со оние поради кои и самите организации се оформени и кои ќе го овозможат нејзиниот опстанок, се економските принципи. Така, голем дел од институционалниот систем на организациите, од формите и содржините на трудот, како и од однесувањето на луѓето во нив, се детерминирани од економската логика. Всушност, организациите по својата основна суштина претствуваат средства со кои ќе се овозможи координација, синхронизација, контрола на мноштвото испарцијализирани и специјализирани дејности што ја чинат структурата на самата организација, кои водат кон остварување на една единствена цел. На тој начин, организациите вршат поделба на задачите во техничко-технолошка смисла, кои потоа ги дефинираат, интегрираат и ги усклaдуват меѓу себе како што функционира единствениот организам. Со оглед на ваквата природа на организациите, социјалниот момент има голема тежина, т.е. голема носивост, која доаѓа до израз при поврзувањето на работни задачи, работни места, квалификации итн., со делувањето на конкретните луѓе во нив.

Сите односи во организацијата не можат да се подведат под рационалната логика на дејствувањето на организациите. Кај човекот постојат многу други социјални наслаги стекнати надвор од организациите, во самата околина, културното наследство, семејството итн., кои во дадена ситуација повеќе или помалку го детерминираат неговото однесување, индивидуалните цели и мотиви, личната стратегија итн. Така, може да се забележи дека во организациите, покрај реализацијата на основните цели на организациите, како и на рационалните економски принципи, се реализираат и одредени индивидуални цели, мотиви и сл., кои, не секогаш, кореспондираат со оние на организацијата. Се разбира, еден од основните мотиви за делување во организациите во современи услови на поставеност на трудот и постоењето на пазарот на труд, е самата паричен надоместок. Иако во западната литература на инструменталните мотиви не им се придава посебно значење, сепак тие се подразбираат. Всушност, како што истакна познатиот француски социолог П. Рол, мотивацијата за работа во

капитализмот е лажен проблем, бидејќи воопшто не може да стане збор за тоа дали работникот сака или не сака да работи, за формите што трудот ги поприма во индустрискиот систем, за организацијата на трудот, па и за самото вработување од кое се очекува да се добијат средства за живот, а тоа прав самиот труд да стане централен мотив, состојба со посебна вредност. Со оглед на тоа, во капитализмот ретко кога се зборува за плаќањето или за парите како мотивација, па така се има привид дека парите не се некој важен мотив за работниците.

Организациите не се само поле на кое се постигнува материјална сатисфакција, туку и сатисфакција од психолошка и социјална природа. Со тоа, заземањето на една позначајна положба во организацијата не пружа само една посигурна материјална перспектива, туку и активирање на други мотиви од психо-социјален карактер.

## *1.2. ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРИНЦИПИ*

Како што веќе беше напоменето, организациите имаат и своја хиерархиска структура. Дури и најдемократски прокламирани организации, каков што беше системот на целосна партиципација на работниците во управувањето, се структурирани според одредени хиерархиски принципи, без оглед дали таа ги прокламира, ги легитимира или не. Таа хиерархиска структура значи дека постои еден издвоен дел од организациите, лоциран на врвот на хиерархиската пирамида, кој има високи компетенции и тоа не само во техничко технолошки поглед, туку, пред сè, во социјален поглед. Тука е концентрирана голема количина моќ, која според својата суштина е социјална категорија, односно се аплицира во доменот на човечкиот фактор. Со поимот *моќ* тесно се поврзани и поимите авторитет, контрола, одговорност и сл.

За организациите, според начинот на кој функционираат, може да се каже дека се безлични, а тоа значи дека нивната формална структура ги наджинува конкретните поединци кои делуваат во даден момент. Од актерите, кои делуваат во неа, се бара однесување што ќе доведе до реализација на основните економски принципи, какви што се: рационалноста, економичноста, профитабилноста, конкурентноста и други. Однесување, што имплицира висок степен на идентификација на поединците, како и манифестирањето на основните

вредности на кои таа почива, се нарекува **деловност**. Деловноста, исто така значи и одреден сплет на индивидуални карактеристики иницирани од самата организација и од заземената положба во неа. Таа посебно се однесува на луѓето со повисока положба од организацијата. Дури е изграден и посебен кодекс на однесување во деловниот свет кој не претставува само стил на работа, туку и стил на живеење. Во зависност од поширокиот социјален контекст и културната матрица, се формира и модел на деловен човек, и секој оној кој претендира да дојде на одредена позиција се труди со неговото однесување да ги задоволи нормите на тоа ниво, односно да се идентификува со моделот. Така, како конкретен пример може да послужи еден елегантен господин кој преку својата облека ги манифестира своите амбиции да оствари кариера. За спортски облечените службеници може да се приврзе само спортска кариера.

За тесната врска меѓу деловните форми и индивидуалниот карактер говорат резултатите од едно истражување. Така, луѓето што извршуваат високи функции во комуникацијата, и тогаш кога не се расправа за деловни проблеми,[179] употребуваат речник во кој се забележува поизразена доза на агресивност и милитантност. Како најчесто употребувани термини биле: бојно поле, битка за пласман, добиена битка, добар борец, стратегија, тактика, команда, одговорност итн. Сето тоа укажува на влијанието што го врши професијата врз личноста, однесувањето, погледите, врз стилот на живеење итн. Но, доколку би се барала и спротивната врска, т.е. врската меѓу одредени индивидуални карактери и деловноста, веројатно би се пронашла.

Како посебен принцип што го наметнува организацијата е **професионалноста**, т.е. одржување на врските, комуникацијата и содржините што се однесуваат на работата, додека приватниот живот е поместен на втор план. Професионалност, исто така, може да значи и висока стручност во извршувањето на некоја професија, специјализација, преданост кон одредена работа и др. Со оглед на целите на анализата, се прифаќа онаа определба на професионалноста во која се одразува една вредносна димензија на односот меѓу поединецот и организацијата, имплицирајќи одреден степен на идентификација на поединецот со организацијата. По повод професионалноста, често пати се поставува прашањето: *Зошто еден маж менаџер или повисок службеник на еден дел од своето биро ја има сликата од своето семејство, а кај ниедна жена-*

[179] N. Aubert, *Le povoir usurpé...*, 46.

*менаџер не е забележан ваков случај на симболично претставување на сферата на приватното во сферата на јавното?*. Тоа е само еден пример за начинот на восприемање и доживување на јавното, т.е. на професијата. Тој начин кај жената е доста поинаков кај мажот. Жените се стремат да го дофатат идеалот на професијата. Со тоа нивното однесување во организациите претежно е одредено од оваа нивна тенденција.

Како посебно значајна димензија на трудот наметната во епохата на индустријализмот, димензија чие значење до денес постојано се зголемувало, е **времето.** Не случајно Б. Франклин, согледувајќи ја логиката на времето во кое живее, рекол: *„времето е пари“*. Во епохите во кои доминирал земјоделскиот труд и занетчиството, времето на работа не се дистанцирало од она што било резервирано за семејството. За некои индустриската револуција не започнува со парната машина, туку со механичкиот часовник изумен во 14 век. Оттогаш времето мерено со сезони, т.н. циклично време, определено според одредени природни ритмови, е заменето со едно механичко, апстрактно време. Многу од принципите на организацијата како своја содржина го имаат времето. Така, на пример, економските категории како што се: економичноста, продуктивноста, интензивноста на трудот и др., како основна мерка го имаат времето. Со тоа, времето станува и содржина на луѓето од модерниот свет, посебно важен момент за деловните луѓе.

Во некои случаи, особено во некои облици на трудот во кои спаѓаат административните (бирократски) работи, на времето му се дава едно предимензионирано значење. Така, времето од аспект на работата, станува основна содржина на работата и се трансформира во фиктивно време. Тоа може да се нарече и фетишизација на времето. Во овој контекст можат да се наведат бројни примери на деловни луѓе кои постојано се претрупани со хартии, кои постојано некаде брзаат, кои немаат време за никого и за ништо, кои многу работата. Овде се гледа дека нивниот објект на работа е апстрактен колку што е и самото време.

Во однос на времето се издвојува еден основен принцип на организациското делување, а тоа е **диспонибилноста**. Таа значи дека личноста на одредена положба е диспонибилна во однос на времето, а тоа значи дека во било кое време таа е подготвена да се посвети на проблемите што ги наметнува организацијата. Овој принцип е многу важен за делувањето на жените во сферата на трудот, бидејќи, како што е познато, многу од нив пред сè се

предодредени за семејството, а многу помалку за организацијата. Жените делуваат во сферата на трудот, но времето на нивното делување е точно познато и лимитирано. Недостатокот на диспонибилитет кон организацијата претставува значаен фактор што го ограничува продорот на жените кон повисоките функции во организацијата, каде што диспонибилноста е важна претпоставка.

Со тоа што во основата на организациите стојат целите кон кои тие се стремат, целокупната структура на организацијата, т.е. испарцијализираните дејности, се доведуваат во еден соодност со одредени поединци. Според некои автори[180], мотивите за заземање повисока положба лежат токму во парцијализацијата на работата. Испарцијализираниот труд, кого го извршуваат испарцијализирани индивидуи, наметнува една природна тенденција да се дојде до една повисока положба во која се интегрираат различни дејности. Организацијата на поединецот му нуди една серија претстави за самата неа, за другите, како и за самиот себе. Ова во теоријата е познато како „имагинарна организација“[181], т.е. како заедништво на презентации и слики што актерите на една организација ги имаат. Овие слики се составени од повеќе елементи, со можност тие да се регрупираат во три групи.

Првата слика го презентира идентитетот на организацијата. Оваа претстава се состои од елементи на системот на кој му припаѓа поединецот. Тоа се психолошки претстави со кои се воспоставува врска меѓу себе и организацијата, покажувајќи го степенот на идентификација на поединецот со организацијата.

Потоа, проценка за самиот себеси, за своите способности и за аспирациите во самата организација.

Исто така, постои споредба со другите во организацијата или надвор од неа. Дефинирање во однос на другите.

Вакво едно гледање на односот меѓу организацијата и актерите кои делуваат во неа е мошне корисно за оваа анализа. Имено, поголем број студии покажуваат дека жените поинаку ја доживуваат организацијата, отколку мажите. Така, на пример, кај жените степенот на идентификација со организацијата е помал. Наоѓајќи се на самата периферија на организацијата, кај нив свеста за припадност кон некоја организација бавно се развива. Потоа, жените се помалку

---

180 N. Aubert, *Le povoir usurpé...*, 17.

181 Ibidem.

сигурни во себе. Тие се престроги при оценката за самите себеси и ретко кога самите ги истакнуваат своите способности, што е доста негативно при компетициите какви што се конкурсите за повисоки работни места. Тие се нерешителни и неповерливи спрема самите себе. И на крајот, во дефинирањето на другите, тие се доста реални.

Резултатите од повеќе анкети покажуваат дека жените пред сè се ориентирани кон работата, тие добро ја познаваат работата и покажуваат способност и подготвеност за извршување поодговорни функции, како и способност да го оценат вистинскиот авторитет.[182] Меѓутоа, кога на жените-менаџери од понизок ранг им било поставено прашањето: *Дали би сакале да вршат функција на генерален менаџер?,* тие категорично негирале. Што се крие зад сето ова? Зошто жените не ги сакаат позициите во кои е концентрирана поголема количина моќ?

Пристапот кон моќта е доста сложен процес. По правило, на врвот на организацијата се наоѓаат компетентни луѓе со одредени способности и со квалификации неопходни за водење на организацијата. Моќта редовно носи ривалство, компетенции, конфронтации, односно остава широк простор за борба на групи кои ќе пројават различни интереси. Може да се каже дека борбата за моќ е доста жестока, без правила за игра и, доколку правилата постојат, нив ги диктира помоќната група или помоќниот поединец.

Според една анализа игрите за моќ се базираат на двојна основа, и тоа:

а) Формирање на група на истомисленици од кои се бара подршка и

б) Прогресирање во хиерархијата, односно конфронтирање со рамни на себе во организацијата кои ја имаат истата цел.[183]

За тоа што жените сè уште се држат подалеку од оние места во кои е концентрирана голема количина моќ, постојат повеќе причини што можат да се групираат во три основни групи:

а) *Карактерот на моќта олицетворен во еден машки авторитет.* Таа сè уште претставува машки свет, окултен, затворен и непристапен за жените;

б) *Патиштата што водат до овие положби.* Средствата и методите се претежно оддалечени од жените кои се наоѓаат дефаворизирани на овој план;

---

182 M. Heninng, A. Jardim, *Madame Cadre (traduction d'anglais), Press de la Renaissence 1978.*

183 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé...*, 18.

в) *Емоционалната приврзаност кон други подрачја*, со што се намалува значењето на оваа сфера со што тоа негативно се перцепира.

## *1.3. КАРАКТЕРОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ*

Имајќи преглед на некои од карактеристиките на организацијата на трудот, во натамошната анализа следува нивно поврзување со одредени квалификативи што се тесно поврзани со делувањето на жените во организациите. Имено, постојат институции, формирани односи, карактери итн., што го чинат специфично делувањето на жените во организациите. Така, аналитички се одделува една структура од социјалните односи во организацијата, чиишто белези влијаат на карактерот на организацијата, на водењето, контролата итн., кои го олеснуваат или го отежнуваат делувањето на жените во нив. Обидот да се продре до социјалната суштина на тој спецификум на организациите е доста сложен процес, бидејќи, покрај присутноста на одредени објективни организациски моменти, постојат многу други, би се рекло, длабоко вкоренети тенденции на луѓето во организацијата. Се работи за испреплетеност на мноштво различни социјални аспекти.

Може да се случи анализата на жените во организацијата да добие израз на фрагментарност, и тоа пред сè заради барањето на некоја посебност во делувањето на жените. На некој начин, тоа ги одделува жените од целината, наметнувајќи едно чувство на недовршеност, произлезена од екстракцијата на голем дел од социјалното во Универзумот, претставен во женскиот свет. Но, тоа, од друга страна, покажува дека делувањето на луѓето во организацијата не е единствено одредено од нормите на организацијата, туку и од личното, индивидуалното, судбинското, психолошкото или од биолошкото искуство. Нецелосноста или неразвиеноста на социјалното е основно обележје што го следи женскиот универзум и тука се верифицира основниот проблем. Ако човечкиот универзум е составен од био-психо-социјални моменти и ако истиот се претстави во една единствена мерка, а тој е таков, тогаш тежините мораат да бидат изедначени. Ако мажот својата тежина на балансот ја постигнува преку социјалното, тогаш на другата страна останува тежината на другите моменти на универзумот. Само така човековиот универзум може да биде во рамнотежа. И покрај тешкотиите на овој план, во една ваква пропорција на факторите

социологијата е принудена, слично на хемиските анализи, да направи анализа на составот и на структурата, за да види каков е влогот на социјалното и биолошкото во фактите што претставуваат симболичко претставување на одредено човечко искуство.

## *1.4. ХИЕРАРХИЈА И КАРИЕРА: ХИЕРАРХИЈА ВО ХИЕРАРХИЈАТА*

За традиционалната организација на трудот[184] може да се каже дека таа се легитимирала преку својата апстракција, односно рационалност и способност да ги зема предвид само формалните карактеристики на работните места според хиерархијата на компетенциите. Така, во персонален поглед таа би требало да е неутрална. Со оглед на тоа, пристапот кон одредени места во организацијата теориски е можен за сите оние што ги поседуваат бараните квалификативи за одредено работно место. На ова ниво не може да се зборува за т.н. *објективна дискриминација*. Меѓутоа, во дејствувањето на конкретните организации, во реализацијата на формалните и рационални принципи, се забележуваат дискриминаторски тенденции што претежно имаат субјективен карактер. Постојат одредени облици на дискриминација во сферата на трудот, што не се спорни. Квалификационата структура во организациите, направена според полот, потоа, содржината и карактерот на работните места што ги пополнуваат жените, бројот на жените кои имаат поодговорна функција итн., покажува на понеповолната ситуација во која се наоѓаат жените. Статистичките показатели креираат факт за дискриминација во сферата на трудот според полот, и тоа во поглед на квалификациите, работните места, функциите и сл.

При разгледувањето на причините за дискриминацијата на жената во сферата на трудот преовладува едно лаичко резонирање. Кон положбата на жената во општеството се пристапува аксиоматски. Тоа е така затоа што отсекогаш било така и секој знае зошто е тоа така. Се работи за општи вистини. Поинаку кажано, за проблемот на жената во општеството постои една догма, т.е. патријархатот, според кој жената е таму каде што е, едноставно, само затоа што е жена. Оваа догма е длабоко интернализирана во свеста и низ неа поминува секое

---

184 Се има предвид суштината на организациите од тејлоровско-веберовски тип.

расудување на жената, секој конкретен случај. Може да се констатира дека при експликацијата на било кој проблем поврзан со жените ретко кога се даваат факти или пак се размислува околу причините. Дури и тогаш, кога ќе се наведат добро засновани факти, се јавува сомневање. Со тоа, потрагата по одговорот за дефаворизираната положба на жените во организациите поаѓа од едно мало, може да се каже невидливо јадро од кое започнува еден процес сличен на верижната реакција во нуклеарната физика. Имено, размислувајќи околу сето, претставите за она што ја одредува положбата на жената во општеството, се доближија до оние претстави креирани по повод нуклеарната фисија каде што реакцијата се случува во едно јадро и верижно се распостранува, активирајќи ги сите други делови. Во анализата на положбата на жените во организациите, можеме со сигурност да констатираме дека тоа јадро не се наоѓа во организациите. Не е безначајно местото на изворот на верижната реакција, но секако е позначајно што секоја единка, атом или секоја општествена институција е извор за некоја друга врз кој се пренесува реакцијата. Со тоа, организацијата станува место каде што се овозможува и се регенерира процесот на ексклузија на жените. Значењето на организациите во овој поглед станува поголемо, бидејќи тие го претставуваат основниот извор на егзистенција во современи услови на живеење. Еден од најсуптилните облици на дискриминација на жените е неможноста тие да управуваат со овие битни услови за човековиот опстанок.

Вертикалната структура, како што претходно беше истакнато, не треба да се сфати како права линија, туку како една разгранета мрежа на односи, функции, аспирации и на интереси на поединци и групи. Хиерархијата, исто така, функционално е поделена според различни сектори што немаат еднакво значење во организациите. Така, на пример, комерцијалниот, финансовиот, оперативниот или производствениот сектор немаат иста тежина во организацијата.

Во организационите науки постои поделба на функциите и тоа од: вертикален аспект - според количината моќ каде одлуките се движат од горе кон долу со делегирана надлежност кон долу и со концентрирана одговорност кон врвовите на хиерахијата; потоа од функционален или хоризонтален аспект во зависност од големината, сложеноста и целите на организацијата. Исто така се прави разлика меѓу надгледување, контрола или раководење во една техничко-технолошка смисла, и управувањето, односно менаџментот како посебна функција во која главна содржина е квалитативниот аспект на водењето. Во првиот случај се работи за раководење со рутинските и предвидливи работи и тоа

во добро позната средина, каде што моќта, во вистинскаа смисла на зборот, ретко се употребува. Односите меѓу подредените и надредените од овој ранг повеќе наликуваат на семејни односи, отколку односи на спроведување крут авторитет и контрола.[185] Исто така, проблемите со кои се судираат претпоставените не можат да предизвикаат големи промени во функционирањето на организациите како целина, последиците се локални. Карактерот на управните или менаџерските функции е поинаков. Овде предметот, насоките и средината на делување не се јасно дефинирани и однапред предвидливи. Особено е значајно, од ова ниво на организацијата, да се има увид во целата екипа, т.е. во целокупната организација, да се сознае за добрите и лошите страни на екипата, да се воспостави рамнотежа без да се предизвикаат деструктивни моменти. Или: *„треба да се направи сите играчи да играат така што екипата ќе постигне успех, иако сите не се еднакви по своите способности.*[186] Како многу важен аспект на оваа функција е следењето на фазите во остварувањето на целите, потоа подготовка на стратегија и интервенција во секој момент кога ќе се укаже потреба за тоа. Тука припаѓа и креирањето на една деловна, маркетиншка или кадровска политика. На тој начин, оваа функција може да се одреди како кумулација од квалитативни аспекти на водењето, поради што овде е сконцентрирана голема количина на моќ, закда може да се делува врз луѓето, насочувајќи ги кон реализацијата на целите на организацијата.

При анализите на вертикалната мобилност, неопходно е да се дефинираат инстанците на моќ, т.е. да се дефинира хиерархијата. Постојат различни места во хиерархијата што се разликуваат според видот, содржината и според количината моќ, односно според карактерот, опсегот и според насоките на одлуките што циркулираат во организацијата. Самиот термин *градење кариера* покажува дека се работи за еден процес на поминување низ повеќе етапи. Иако не секогаш, но често, кариерата се започнува на пониските инстанци, односно водењето на рутински, предвидливи и други технички работи што бараат повисок степен на технички знаења во разрешувањето на проблемите.

При градењето на кариера кај жените е карактеристично што таа се прави во едно претпријатие. Ова произлегува од неколку причини. Анализите

---

185 M. Heninng A. Jardim, Madame Cadre..., 46.

186 Ibidem , 87.

покажуваат дека кај жените на одговорни работни места, пред сè стои ориентираноста кон работата и коректно извршување на истата. Доминантниот интерес за самата содржина на работата и педантноста во нејзиното извршување бара поголема стручност од иста личност, подолго време на прилагодување, усовршување или стекнување на компетенции. Оттаму, на жените на одговорни места во организациите им се забележува дека, ориентирајќи се кон содржината на работата, се оддалечуваат од мрежата на односи со колегите на исто и на повисоко ниво. Тие како да забораваат на содржините на категоријата *моќ*, која пред сè се насочува кон регулација на односите меѓу луѓето и во која секогаш мора да се одреди сопствената положба и да се делува во склад со тоа. Поради една ваква ориентација, во која не се води доволно сметка за односите меѓу луѓето и недоволно се инвестира на овој план, жените многу ретко се одлучуваат да ја променат организацијата. Тие тешко го напуштаат оној веќе воспоставен начин на комуницирање во организацијата, иако имаат можност да дојдат на повисока функција во некое друго претпријатие.

Исто така, постои една теза дека жените не ги посакуваат високите инстанци на хиерархијата туку дека се задоволуваат со средните нивоа во хиерахијата. За средното ниво е карактеристично тоа што тоа повеќе се однесува на техничките аспекти, на содржината и проблемите што ќе настанат по повод работата итн., така што и одговорноста на ова ниво е тесно поврзана со пополнување на задачите, добро познавање на техниката и други специјалистички сознанија, што одговара на претходно опишаниот карактер. Одењето, напредувањето кон повисоките инстанци, значи напуштање на техничките и содржинските аспекти на работата и преокупација со некои поапстрактни моменти како што се: цели, планови, рокови, политика, стратегија и сл. На ова ниво, поединечните задачи и проблеми се надминати, се има предвид целината и начинот на кој треба да се осигури ефективната работа. Ако се има предвид она што пред малку беше образложено за ориентираноста на жените кон содржината на задачите, може да се заклучи дека средните нивоа најмногу им одговараат на жените и дека на повисоките нивоа нивните компетенции престануваат. Судејќи според статистичките показатели, оваа теза може да биде и точна, бидејќи повеќе од 80% од жените на раководни функции во организациите се наоѓаат на средните нивоа.[187] Но, за некомпетентноста на

---

187 N. Adler, *Žene u menadžmentu širom sveta*, Žena, Zagreb, 2 198.

жените на високи функции сè уште непостојат податоци. Совладувањето на социјалните компетенции неопходни за апликација на моќта во организацијата не е условено со припадноста кон одреден пол, туку во игра влегуваат и други димензии во кои, покрај социјалната, посебно значење добива и психолошката, а за жените и нивната биолошка димензија.

Градењето професионалната карира, т.е. искачувањето до највисоките ешалони на хиерархијата, зависи од преминот од техничко раководење до првите кругови на управувањето каде што се бара посебен карактер, каде што во игра влегуваат не само способностите и начинот на кој се извршувале задачите на едно пониско ниво, туку пред сè се бараат некои персонални особини што ќе ја олеснат адаптацијата кон еден нов облик на одговорност. Според едно истражување,[188] анкетираните жени одговорале дека тие се сметаат подеднакво способни да ги извршуваат оние функции што ги извршуваат и мажите. Тоа значи дека нивната сопствена перцепција во однос на високите функции не е негативна. Но, ако податоците покажуваат една контрадикторна ситуација, каде што жените ги посакуваат средните нивоа на хиерархијата, може да се заклучи дека тие негативно ја перцепираат самата ситуација и сопствената проекција во неа, и тоа со оглед на сопствените психолошки или карактерни особини, социјалното искуство стекнато во самата организација или со согледување на ситуацијата надвор од организацијата, семејството итн.

Воочена е разлика меѓу мажите и жените на самиот старт на професионалната кариера. Податоците покажуваат дека кај жените по завршувањето на Универзитетот не постои професионален концепт или проект за реализација на професијата, како што е воочено кај мажите. Податоците од истражувањето, што се спроведе заради целите на оваа анализа, покажаа дека, иако се работи за жени кои се искачиле високо во организациската хиерархија, кај нив не постоела свест за кариера, ниту некои посебни амбиции. Како еден од поиздржаните аргументи за состојбите на овој план може да се истакне дефаворизираната положба на жените на пазарот на труд, каде што тие не се во состојба да бираат или да дојдат до работни места соодветни со нивното образование и квалификации, со што тие, уште на самиот почеток на градењето на кариера, се наоѓаат во една дефаворизирана положба.

---

188 N. Aubert, *Le povoir usurpé...*

Мотивацијата за работа кај мажите и жените не е иста. Погоелем број на истражувања го покажуваат тоа. На пример, во Словенија, искористувајќи го анкетниот прашалник од јавното мислење за периодот 1981, 1982, 1983 и 1984, со вкрстување на прашањата е дојдено до констатациите дека:

- кај жените е поизразен ставот дека трудот е задоволство;
- кај мажите се забележува повисок степен на хедонизам;
- трудот е социјална сигурност повеќе за жените отколку за мажите, што ја покажува социјалната несигурност на жените во однос на нивната егзистенција.[189]

Интересот на оваа анализа е насочен кон највисоките инстанци на организациската пирамида т.н. *супериорни нивоа*. Тоа се оние положби во организацијата што имаат доста широк опсег на моќ и и широк спектар на различни дејства како полиња на донесувањето на одлуките поврзани со функционирањето на организацијата како целина. На ова ниво, носителите на моќта се во состојба да влијаат на однесувањето на поголем број луѓе, односно, одлуките и реперкусиите од одлуките донесени на ова ниво ќе се однесуваат за поголем број луѓе. Исто така, станува збор за стратешки одлуки од кои ќе зависи иднината на организацијата, чии последици ги надминуваат локалните рамки.

## *1.5. ДЕЛУВАЊЕТО НА ЖЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ПРЕДРАСУДИТЕ*

Експлицирајќи ги постоечките сознанија за жените во сферата на трудот, односно во организациите, може да се констатира дека жените во организациите најчесто се наоѓаат на оние функции што бараат употреба на карактеристики што традиционално се нарекуваат женски. Такви се на пример: мајчинска грижа, советувањето, негата, чувството за организирање, средување итн., односно, квалитети со кои се осигурува перманентност во активностите. Според тоа, жените се наоѓаат на оние места во организациите каде се врши соединување на техничките системи, или надополнување на техничките системи, потоа асистенцијата, советување и сл. Всушност, станува збор за помошни и маргинални места што при технолошки иновации или други преорганизации се

---

189 M. Jogan, *Štrajkovi i ženskim kolektivima*, Žena, Zagreb 2/1982.

први на удар. Така, може да се заклучи дека жените во организацијата заземаат маргинални положби, при што поголеми се можностите за нивно елиминирање од организациите уште во првичниот бран на промените. Ова посебно е засилено во услови на криза кога жените први ќе го почувствуваат налетот на кризата, и тоа во поглед на редукцијата на работните места или платите, зголемување на опсегот на работата, засилена контрола итн.

Фотографијата што ја покажува дистрибуцијата на жените според одредени места ја потврдува, во глобални размери, поделбата на трудот според половите. Така, постојат одредени дејности, занимања и работни места што се предодредени за жените. Кога се зборува за сите овие дејности, занимања и работни места што претежно ги имаат жените, се истакнува природната диспозиција на жените за таквата предодреденост. Притоа, се запоставува социјалната детрминираност, т.е. дека овие дејности, занимања или работни места се пониско вреднувани, помалку платени, монотони и несигурни места што ги избегнуваат мажите, токму заради нивната таква предодреденост. Значи, не се жените предодредени за тие места, туку обратно. Во овој контекст може да се наведе едно истражување[190] каде што машките истакнале дека функции во организацијата, што најмногу ѝ одговараат на жената, се оние во административниот или во финансовиот сектор, а помалку и одговараат функции во техничкиот или комерцијалниот дел на организациите. Јасно е дека во општеството постојат сили што тежнеат да ги кантонализираат жените во оние подрачја на организациите што се пooддалечени од моќта и од креирањето на процесите во самата организација. Поголем број жени на раководни функции се регистрирани во банкарството, во осигурувањето и во образованието, а многу поретко на некои оперативни функции, особено на места каде што се неопходни контакти со клиенти, односно командување во хиерархијата.

Доминантен е ставот, а тоа е покажано и преку ставовите на една група директори (мажи), според кој жената не може да одговори на барањата и динамиката на високите функции, бидејќи тие се статични.[191] Тие се согласуваат со тоа дека жените можат да бидат специјалисти, но повторно во еднаединамична состојба. Меѓутоа, испитуваната женска популација не го потврдува

---

190 J. Laufer, *La feminité Neutralisé...*, 46.

191 Ibidem, 46.

овој став. Испитаничките покажале голема желба за акција, разновидност и динамика во работата .

Кога се врши анализа на жените во организациите, посебно кога се работи за заземање повисоки функции, често надоаѓаат предрасудите или стереотипите како дедуцирани ставови од поширокиот социо-културен контекст. Тие овде се јавуваат како идеологија која помага да се дефинира предметот. Така, идеологијата овде не помага да се види она што се гледа, што постои, односно праксата, туку она што треба да се види, што е во суштината на секоја идеологија. За стереотипите и за нивната улога во создавањето и нијансирањето на социјалната клима, како битна претпоставка за делувањето на жените во организациите, понатаму ќе се навратиме повторно.

Анализата на проблемот на напредувањето на жените во хиерархијата речиси секогаш се врши компаративно, т.е. се врши споредба со можностите и начинот на напредување на мажите кои имаат исто образование и квалификации, приближно еднакви способности итн. На тој начин, се воочуваат специфичности во напредувањето на жените како и во формацијата на специфична клима која се создава по повод тоа.

Уште во самиот почеток јасно е видлива испреплетеноста на факторите што ја чинат социјалната ситуација во која дејствуваат жените. Во организацијата постојат многу моменти што неа ја чинат да биде автономна кон пошироката околина, но исто така забележливи се влијанија од надвор, преку кои се прекршува делувањето на рационалните организациски принципи и законитости. Сето тоа создава една специфична ситуација за жените во организациите. Овде, како посебност можат да се издвојат ситуациите во однос на моќта и можноста жените во организацијата да дојдат до неа. Во однос на ова, занимлива би била забелешка на Е. Сулеро: *„Жената може да прави сè, да турка количка, да носи камен, и тогаш таа станува херој, тука е прикажана нејзината способност да прави се итн. Но, кога ќе ја начне моќта која традиционално е столб на машкиот идентитет, тогаш таа станува закана, напаст итн.“*[192]

192 E. Sulerot, *Histoire et sociologie du travail feminin...*, 102.

## 1.6.. РЕПЛИКА КОН ИСТРАЖУВАЊАТА НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ

Проблемот на моќта и жената во досегашните анализи на жените во организациите до сега не бил многу разработуван. Како најразработен проблем, кога станува збор за жените во сферата на трудот, се јавува проблемот на апсентизмот кај жените, т.е. проблемот на зачестените отсуства на жените. Не навлегувајќи подлабоко во овој проблем, неговата позначајна присутност во социолошката проблематика може да не охрабри во една констатација која понатаму ќе биде значајна во поткрепувањето на една од посебните хипотези. Имено, тоа може да нè упати на еден факт, а тоа е дека организацијата, без оглед дали ги толерира зачестените отсуства на жените или не, го истакнува подрачјето за кое жената е посебно приврзана. Се работи за семејството и целокупниот „семеен систем на активности", кој, иако варира од едно општество до друго, од една култура до друга, има огромна мотивирачка сила за жените, мобилизирајќи ги за делување, пред сè во оваа насока. Значи, жените со своите многу почести отсуства од работните места покажуваат дека сферата на репродукцијата, т.е. ангажманот околу репродукцијата, има првенствено значење за нив. Секако дека една ваква отсечна констатција не значи дека за мажите е помалку значајно семејството. Можеби емоциите за семејството битно не се различни за жената и за мажот, но она што сакаме да го подвлечеме се различните улоги за мажот и за жената што општеството ги наметнува во однос на семејството. Различните пристапи кон семејството, од чии резултати произлегуваат и различни општествени улоги на мажите и жените, се сметаат за основни причини и за различниот пристап на мажите и жените во сферата на продукцијата, особено при заземањето одговорни места во истата. Така, на пример, ретки се случаите кога еден маж отсуствува од работа кога тој не е болен. Дури и тогаш, кога кај еден сопруг постои добра волја да земе отсуство, тој не може да ги прескокне високите социјални огради поставени меѓу улогите. Така, на пример,[193] еден сопруг, сакајќи да и помогне на својата сопруга на која и се укажува прилика да напредува, бара од сопствената организација да му се одобри законски дозволеното отсуство за бебе. Но, неговата директорка го

193 Тое е лично искуство на една од испитуваните директорки на функција *финансов директор во прехранбената индустрија.*

советува да не го прави тоа бидејќи е срамно за еден маж да земе породилно отсуство. Примерот не ќе беше интересен ако овој официјален општествен став не го дефинираше една жена. И уште повеќе, овие мажи се презрени од околината, осудени, со што се намалуваат нивните шанси за напредување. Се чини дека човечката репродукција е нешто многу понижувачко, со што секој оној кој се посветува на оваа област ги губи општествените позиции.

При анализата на жените на високи функции во претпријатието, тие, како и сите други мајки, силно ја истакнале биолошко-психолошката врска со своето дете. Така, воопшто не беше чуден одговорот што го даде една од испитаничките: *„Ја нема таа сила којашто може да ме натера да останам после три часот во претпријатието. Јас му припаѓам на моето семејство, мојата љубов кон децата, мојата грижа и моето следење не може да ги замени никој, и покрај огромната спремност на мојот сопруг*"[194] Се чини дека жените се диспонибилни во секое време и во секои услови не за организацијата, туку за семејството.

Во повеќето студии, што се обидуваат да навлезат во причинско-последичниот однос за социјалната блокажа на жените кон местата во кои е сконцентрирана поголема количина на социјална моќ, не е направено повеќе од регистрација на оваа состојба и нејзино поткрепување со статистички показатели, безболна тенденција за сите истражувања. Тоа е уште еден доказ дека се работи за навистина тешко дофатлива проблематика која бара различни пристапи. Квантитативните показатели, иако не можат да ја дофатат суштинската страна, се доста драгоцени, бидејќи секој нов чекор, секој нов резултат е голем и значаен прилог. Така, во едно истражување за жените на функција, направена е една опсежна анализа за присутноста на жените на одредени раководни нивоа во претпријатијата. Резлтатите укажуваат дека постои локализација на жените кон одредени функции и одредени сектори.[195] Имено, 84,2% од жените раководители во Франција ги опфаќаат следните четири нивоа:

- Раководители на различни интелектуални категории (основни училишта);
- Административни средни кадри;
- Медицински и социјални кадри;
- Професори и членови на литературни професии.

---

194 Една од испитаничките на функција *финансов директор во трговско претпријатие.*

195 M. Heninng. A, Jardim. . *Madame Cadre*, (A.M. Vincensini Увод на француски јазик), 15.

Ретки се случаите на жени со одговорни функции во техничката сфера, односно во индустријата. Повеќето од жените-инжењери работат во документациони или во истражувачки одделенија.

Според едно истражување[196] што опфатило 420 компании во 9 западно-европски земји, 49% од испитуваните менаџери одговориле дека никогаш не вработиле жена менаџер, а 15% одговориле дека не би вработиле жена на таа функција. Според податоците од ова истражување, најмногу жени-менаџери има во Франција (20,9% од вкупниот број на менаџери), а во Германија 20%. Денес, на овој план предничи САД со 21%. Во различни средини, препреките што го оневозможуваат продорот кон високите функции се различни. Меѓутоа, за некои средини можат да се издвојат одредени карактеристични детрминанти. Така, на пример, во САД, она што блокира е правниот поредок, во Јапонија тоа се културните обрасци испреплетени со конфучијанизмот и традицијата, во муслиманските земји - религијата итн.

## *1.7. РАЗЛИЧНА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ФУНКЦИЈАТА*

Од испитуваните случаи на жени на високи функции[197] е заклучено дека, кога жените се наоѓаат на функции поврзани со моќта, поинаку се однесуваат од мажите. Тие поинаку ја доживаат моќта, при што доаѓа до различно перцепирање на функцијата и авторитетот. Всушност, содржината на самата функција и на авторитетот се идентификува со содржината на работата. За нив, функцијата е збирка од задачи, што треба така да бидат организирани за да дојде до нивно конечно решавање. За жените функцијата и авторитетот не се нешто со коешто се манифестира, и нема никакво посебно значење надвор од просторот што го чинат работните обврски. Меѓутоа, познато е дека околу моќта нема секогаш чиста ситуација, тоа не е само работна обврска, туку умешност да се води комуникација со многу лица во организацијата и надвор од неа, да се тактизира, да се менува планот и стратегијата, тенденција да се продре во нечии намери итн.

---

196 N. Adler, *Žene u menadžmentu širom sveta*... Податоците се преземени од Menagement Centre Europe 1982.

197 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé*..., op. cit.

Според она што досега беше изложено, за жените и нивните тенденци во кои се нагласува значењето на работните обврски се чини дека жените при извршувањето поодговорни функции се построги, крути и сериозни. Несоодветната примена на моќта, од една страна, и несоодветниот пристап кон „игрите“, што не се ретки околу позициите на моќ, од друга страна, можат да бидат дел од причините за малата застапеност на жените на овие позиции. Посебно прашање е од каде потекнува неспремноста за конфронтирање со моќта. Со оглед на тоа, меѓу луѓето често може да се слушне дека „жена и политика, или жена и власт никако не одат заедно“. Овде е видлива намерата да се истакне несовршеноста на жената, како и неподготвеноста на жената да ги води работите исто како и мажите. Веројатно, во начинот на водење на жените се апплицира еден посебен стил што не одговара многу на вообичаените правила на однесување. Исто така, една жена ретко кога води кампањи за избор или пак е објект во реализацијата на интересите на некоја група. Една жена ќе прифати кандидатура за повисока положба, доколку е сигурна дека ќе биде избрана, и тоа без големи драми околу изборот.

Ориентираноста на жената кон задачите се чини дека доаѓа од фактот што се очекува во секој еден нејзин потфат таа да покаже слабост, да погреши или да напушти одреден проект. Оттаму, жените на функција, од кои се очекува да го водат претпријатието, акцентот го ставаат на задачите, на нивната реализација и целиот свој напор го насочуваат на овој план, сметајќи го неважен формалниот авторитет.

Кај мажите, во најголем број случаи, персоналната идентификација и интересот се поврзани со професијата. Тоа, од друга страна, значи дека целокупната нивна енергија, како резултат на претходната едукација и социјализација, е насочена кон професионално ангажирање, и уште од самото раѓање на машкото му се определуваат одредени положби или занимања во општеството, што се на врвот на хиерархијата. Така, за мажот, градењето на кариера е природна состојба, нормална ситуација кон која се стреми. На тој начин, се врши персонална идентификација преку професијата. Кај жените ситуацијата е поинаква. Идентификацијата на жената многу ретко се врши преку нејзината професија. Нејзината персонална идентификација се остварува како нечија сопруга или мајка, а тоа се постигнува преку целокупната социјализација. Во таа смисла, Н. Обер ќе каже: „*Кога една жена има моќ, тоа значи дека таа извршила узурпација на моќта. Моќта што ја има еден маж во*

*претпријатието носи легитимитет, тоа е право, а моќта што ја има една жена речиси секогаш носи сомневање*".[198] Самото поставување на прашањето за жената и моќта потврдува дека во тој спој има нешто „неприродно", ианаку, зошто тоа би се поставувало. Никогаш досега не било поставено прашањето за мажите и раководењето, мажите и моќта итн.

Како посебно значаен момент во анализата на градењето кариера е идентификацијата со улогата. Идентификацијатаа претставува психолошка подлога што во голема мера влијае на начинот на кој ќе се извршува улогата.[199] Така, според шемата за психолошкиот процес на воспоставување на една врска меѓу поединецот, улогата и околината, може да се заклучи дека шансите на жените да ги дофатат содржините на една машка улога, каква што е управувањето, како и очекувањата на самата околина која веќе има изградено една слика за улогата, се навистина мали.[200] Според таа шема, постојат 4 положби и тоа:

А - Слика за самиот себе;

Б - Слика за самиот себе според она што другите мислат за него;

В - Дефинирање на улога;

Г - Дефиницијата на улогата самиот си ја дава според тоа како другите ја дефинираат.

Кај мажите, проблемот на улогите и начинот на нивното реализирање никогаш нема да се јави. Никогаш нема некој да рече за еден маж дека тој не може да ја заземе таа функција затоа што е маж. Оваа шема покажува дека улогите се вредносно условени според одредени општествени обрасци на однесување. Социјалното наследство и социјалните наноси врз одредени улоги, чии содржини апсолутно не мораат да бидат врзани со полот, чинат тие улоги да бидат перцепирани како женски или како машки. Тоа не се однесува само за мажите кои не можат да ги замислат жените на високи функции, тоа важи и за самите жени кои исто така не можат да се замислат и дас се наоѓаат на високи функции. Така, секторот В е еден од најчувствителните во прифаќање на една интринзична мотивација за повисоки функции кај жените. Ова може да има големо значење на планот на сигурноста, што личноста на висока положба треба

198 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé*.... 20.

199 M. Henning, A. Jardim *Madame Cadre*...

200 Ibidem, 120.

да ја има. Во повеќе проучувања, во кои се укажува на рестрикциите што стојат при градењето на кариера на една жена, посебно се истакнува значењето на предиспозициите од психолошка природа во која спаѓа интеграцијата на способностите и интелигенцијата со чувство на психолошка сигурност со која се настапува во околината. Доколку овој момент отсуствува и некритички се примаат реакциите на околината во која една жена делува, тогаш сомневањата се неизбежни. До несигурност може да дојде и поради неусогласеност на аспектите што со себе ги носи заземањето одредена улога. Според едно истражување, спроведено во Словенија[201], при кандидирање на жените за управна функција 17,5% се одлучиле сами, на 65% им сугерирала управата, под сугестија на соработниците се кандидирале 5%, а семејството сугерирало само во 5% случаи. Овие податоци ја прикажуваат положбата на жената во организацијата и нејзината несигурност во поглед на заземањето некоја функција.

**Различна стратегија.** Кај мажите и жените се разликува стратегијата во водењето на работите, како и начинот на аплицирање на функцијата. За мажите стратегијата значи победа, остварлива цел, проект нагоре.[202] Мажите, речиси секогаш го поставуваат прашањето: *Кој е мојот дел?*. Тоа прашање всушност дава значење на иднината. Кај мажите актуелното дејствување е водено од долги рокови, со однапред пресметана цел. Мажите, во контактите и комуникацијата, одат свесно. За нив тоа е една инвестиција од која понатаму очекуваат добивка. Всушност, доаѓа до инструментализација на односите. Треба да се придобие некоја личност на висока позиција кон која се покажува доверба и подготвеност за продлабочување на односите. Многу често овие деловни врски се претвораат во роднински, т.е. личноста на висока позиција станува кум, со тоа што се осигурува трајна заштита. Кај жената персоналната стратегија е поинаква. Кај нив битна е организацијата, изнаоѓање на најдобар начин да се реализира работата. Кај нив отсуствува елементот време. Анкетираните жени одговарале: *„За да го добијам тоа и тоа работно место, јас го направив (односно го изработив) тоа и тоа".* [203]

При градењето на кариерата кај жените, како посебна тешкотија се истакнува стекнувањето на легитимитет во организацијата. Легитимитетот

---

201 A. Kanjuo, *Žene menađeri u Jugoslaviji i Indiji*, Žena, Zagreb 1995.

202 M. Henning, A. Jardim. *Madame Cadre...*

203 Ibidem, 62.

всушност значи признавање на способностите за извршување одредена функција. Тоа прашање не го поставува само околината, т.е. организацијата, туку го поставуваат и самите жени. Оттаму доаѓа и потребата постојано, преку резултатот, да ги докажува своите квалитети, а тоа значи и тенденција да се остане на она ниво на решавање на задачите, што е одлика на пониските инстанци, техничките. Всушност, жените нерадо прифаќаат ситуации во кои делуваат многу варијабли што не можат да се предвидат.

Често пати разликите во поглед на делувањето на жените и мажите се бараат во минатото, односно во социјализацијата што различно ги гради машките и женските карактери. Така на пример, машките играат фудбал, што е типично машка игра и се игра во една поголема екипа. Се смета дека со тоа момчињата многу рано го стекнуваат значењето на екипата и припадноста кон истата. Мажите овде научуваат како да се искористи екипата за да се постигне личен успех, или, како да се искористи славата на другите во тимот за свое лично воздигнивување. Екипата може да биде и добар параван за прикривање на оние кои не се многу способни и надарени. Значи, во рамките екипните активностите можат да се стекнат одредени карактери како: компетитивност, кооперација, комуникација, солидарност, прифаќање на критика. Меѓутоа, кај девојчињата, стекнатото животно искуство во младоста е доста различно. Девојчињата повеќе се занимаваат со индивидуални игри (тенис, пливање, гимнастика). Овде се оди кон индивидуална кондиција, тие не играат за да победат. Всушност, не треба посебно да се образложува какви реакции се јавуваат кога една жена игра фудбал во машка екипа или кога е тренер на женска фудбалска екипа. Градејќи ја стртегијата врз еден посебен поглед на светот, таков каков што е, кај мажите доминира целта да се пробијат во него, а не да го менуваат. Кај жените пак се јавува спротивнаа тенденција - да го променат светот, да го направат таков каков што треба да биде. Од една ваква ориентација произлегува и разликата во стратегијата како и во употребуваните средства во остварувањето на целите. Така, голем дел од испитаничките во истражувањето истакнаа дека нивните очекувања не се оствариле, дека имале многу идеи и многу замисли, но никогаш не наишле на разбирање од околината. Еден интересен пример може да ја збогати анализата. Имено, една жена, која станува директор во една фаза кога фабриката е пред стечај и кога секој момент се очекува нејзината сопственичка трансформација, не ја губи надежта. Веднаш се зафаќа со правење концепција за анимација, промени, разместување. Нејзиниот одговор беше следниот: *„Кој и да*

*беше друг на моето место ќе настојуваше да останат работите такви какви што се до конечното разрешување на сопственичкиот статус, како што се прави во многу други слични претпријатија. Но, не можам да седам со скрстени раце, морам нешто да превземам, мора да има решение некаде*".[204]

**Прифаќање ризик.** Познато е дека ризикот е една од основните белези на претприемаштвото, односно на донесувањето на одлуките.[205] Ризикот претставува однос меѓу очекувањата, постоечките средства и сили, пресметаните влијанија на околината што се ставаат во игра за да се постигне некоја цел. Секоја одлука носи извесна доза на ризик, односно превид во проценката на очекуваните резултати. Жените и мажите немаат ист пристап кон ризикот. За мажите ризикот претставува или добивка или загуба, тоа е еден или друг крај, позитивно или негативно. За жените ризикот е загуба, опасност. Мажите го перцепираат ризикот преку иднината и преку сопствениот удел во таа перспектива. Жените го набљудуваат ризикот преку сегашноста, т.е. преку сè она што се поседува и шансите истото да се изгуби ако се оди во ризик. Овој страв да не се изгуби стекнатото ги намалува шансите да се стекне подобра положба во иднината.

Има таков обичај во праксата, жените на висока функција да се гледаат како нешто посебно во поглед на способностите, карактерот, начинот на однесување и друго. На нив се гледа како на пожртвувани жени, амбициозни, рационални, жени со неограничена енергија и слично. Оваа слика на жени на функција значајно отстапува од сликата на една просечна жена.[206] Тоа се навистина посебни карактери, амбициозни истрајни и пред сè карактери што можат да внесат поголеми жртви. Резултатите од едно истражувањето, меѓутоа, упатуваат на заклучок дека кај овие жени постои цикличен семеен живот каде што доминираат два модела.[207] Првиот модел е жена која не заснова семејство до 35 година од својот живот, жена која упорно работи на своето професионално напредување дури и со извесни предности пред мажите. Вториот модел, кој е потипичен за нашата средина, е жена којашто порано заснова семејство и стагнира до својата 35 година, а потоа континуирано да ѝ се посвети на својата

---

204 Генерална директорка на една текстилна фабрика.

205 J. Županov, *Marginalije o društvenoj krizi*, Globus, Zagreb 1983, 63.

206 M. Blagojević, *Društveni položaj žena stvaralaca*, Žena 3/1987.

207 Ibidem.

професија. Овде се присутни и прекини што доаѓаат од обрските во семејството, кои понекогаш ја дефоваризираат во однос на мажите. Во овој контекст се јавува и проблемот на диспонибилноста. Жените се помалку диспонибилни од мажите. Нивното време не е целосно резервирано за професијата која за повисоките функции наметнува додатни норми. деловни состаноци, деловни вечери и сл. Така, во едно друго истражување[208] со примерок од 2500 испитаници[209], констатирано е дека во извршувањето на професијата кај мажите не постојат руптури, а доколку ги има, тие се резултат на одредени несреќи при работа или случаи на невработеност. Наспроти ова, кај жените во секој момент како да се очекува тие да отсуствуваат. Многу често работата е прекинувана од одредени обврски спрема семејството. Тоа е една од причините поради кои тие се расподелуваат на периферни работни места.

Во последно време во поразвиените земји, како резултат на промените во делувањето на организациски план. предизвикани се и промени на планот на диспонибилноста. Имено, состаноците, деловните обеди и склучувањето на договорите се реализираат во текот на работното време и во работните простории, со што на некаков начин се елиминира факторот диспонибилитет кој за жените сè уште претставува голема пречка во заземањето поодговорни функции.

**Отсуство на модел.** Пред жените, при градењето на кариера често се испречува како тешкотија е немањето референтна група или поединец кој може да послужи како пример или случај од кој ќе се преземе одредено искуство. Оваа пречка произлегува од малиот број жени на високи функции.[210] Поради тоа што жените немаат соодветен модел со кој би се идентификувале и од кој можат да црпат искуство во извршувањето на функцијата. тие истапуваат индивидуално, со што тешко може да се изгради еден модел на жена-раководител, какви што се на пример моделите на раководители дадени во теоријата и праксата на раководење.[211]

Во случајот на жените, пред да се заземе некоја функција, претходи еден припремен период т.н. компетитивен. Овој период е подолг за жената, отколку за

---

208 M. Barrere-Maurisson. F. Battagliola. B. Becalli *Structures familiales et systeme productif, Le sex du travail...*

209 Ibidem, 320.

210 N. Aubert. *Le pouvoir usurpé...*, 70.

211 P. Drucker. *Praksa rukovođenja...*

мажите. Во него жената е ставена под „микроскоп“, се следи секоја нејзина активност, карактер, направените грешки итн.[212] Според едно истражување, спроведено во САД,[213] се покажало дека мажите во организацијата имаат негативен став спрема жените на раководно-управни функции. Тие се сомневале дека жените можат добро да ја извршуваат оваа функција и да ја ускладат истата со „примарните“ обврски во семејството. Само 1,2% од мажите немале негативен став, односно им дале предност на жените со исти квалификации. Во едно други истражување во Италија[214] (1977 год) голем дел од мажите истакнале дека не сакаат да добиваат наредби од жени. Меѓу другото, сето тоа влијае мажите да стартуваат во борбата за високи места со поголем број предносни поени во однос на жените. Во прилог на ова е и констатацијата дека при изборот на една жена сосем мала улога имаат програмите, плановите и сл. Се има предвид само она што жената го остварила зад себе - резултатите. Познато е дека изборите се засноваат на разни програми, проекти и сл., со што се антиципира некоја идна активност во која личноста што го прави програмот се проектира себе си и своите идни активности. Така, мажите се избираат според иднината, а жените според минатото.

Со оглед на сето ова, може да се заклучи дека и тогаш, кога една жена пројавува амбиции за повисока позиција, таа не е подржувана не само од мажите, туку и жените во организацијата.

Според спроведените анализи во организациите, постојат одредени места што културно-организациски се предодредени за мажите.[215] Тоа пред сè се раководно-управните структури на организацијата што се претставени во еден машки авторитет. Доколку некоја жена се најде на оваа функција, таа, во своето однесување, во облекувањето, во гласот и сл. би требало да се прилагоди на овој машки модел на авторитет. Оттаму, за жените на функција често се истакнува дека тоа се жени „мажи“ или *машкуданки* (во нашиот јазик). Условувањето по презиме покажува дека жената и мажот формално се на исто ниво, всушност, жената е замена за еден маж, бидејќи во многу од западните јазици, на пример во англискиот и во францускиот, презимето не се прилагодува според полот, како

---

212 A. Kanjuo, *Žene menageri u Jugoslaviji i Indiji.* Žena 3/4, Zagreb 1995.

213 N. Adler, *Žena u menadžmentu širum sveta.* Žena 3/4, Zagreb 1990.

214 Ibidem.

215 Ibidem, 71.

што е кај нас, туку тоа ја одразува припадноста кон мажот односно, кон семејството номинирано според еден машки член. Сето ова создава големи проблеми на планот на идентификацијата на жените во организацијата. Имено, тенденцијата да се потисне женскоста која е природна одлика, како нешто непожелно за организацијата, може да предизвика ред други ефекти.

Организациите можат да се одредат како место каде што се докажува машкоста, т.е. поле на афирмација на машкиот идентитет кој пак се идентификува со одредени принципи. На тој начин се легитимира постоењето на два идентитета, машкиот - кој е во тесна врска со остварување на целите на организацијата и кој се изразува преку термините: динамика, прецизност, строгост, одлучност, диспонибилност, авторитет и слично, наспроти еден женски идентитет што со себе носи други карактеристики. Во машките принципи можат да се препознаат принципите на организација, кои принципи истовремено се декларирани како машки карактери.

Можностите жената да дојде до повисоки функции исто така се одредени од содржината и карактерот на трудот. Се смета дека карактерот на трудот во една гранка на производство го задржува карактерот на односите што постоеле во времето на нивното формирање.[216] Во поглед на ова се наведува примерот на текстилната индустрија. Иако во оваа гранка на производство жените се многубројни, ретко кога како раководител од повисоко ниво е жена. Сите стручно-технички активности, водењето и управувањето, пласманот итн., претежно ги обавуваат мажи. Во многу постари гранки на производство, како што се автомобилската индустрија, металургијата, машиноградбата и други, пристапот за жените е лимитиран. Во почетоците на индустријализацијата, а таа како што е познато почнува со текстилната индустрија, голем хендикеп за жените било тоа што оваа дејност, која дотогаш тие ја извршувале, е конфискувана од страна на индустријата. Всушност, класичните индустриски гранки се непристапни за жените. Новоформираните гранки на производство како што се: хемиската индустрија, микроелектрониката, електрониката, и др., како и новоформените дејности во секторот услуги (терциерот) се разликуваат во однос на пристапот на жените. Присутноста на жените во нив покажува дека тие се поотворени за нив. Продирањето во содржината и карактерот на трудот во овие гранки, потоа, следењето на промените во структурата на моќта итн. ќе

---

216 A. Eggebrecht, J. Fleming. *Povjest Rada od Starog Egipta do danas*, Grafički zavod Hrvatske 1987.

упатат и на причините за нивната отвореност, како и на влијанието врз целокупната општествена ситуација, што претставува тема за некоја друга, посебна анализа.

Мажите на висока положба се еден идеал. Тие се респектирани од околината и тие се „вистинските мажи", а додека на жената на висока положба се гледа со извесен скептицизам, резервираност, како нешто што отстапува од нормалното. За успешната жена не ќе се рече дека е „вистинска жена" туку „вистински маж". Така, се смета дека жените на високи функции се лишени од женственоста, тие се агресивни, тврди, студени. Кај жените на функција како да се врши неутрализацијата на полот.[217] Тие можат да дојдат до одредени функции не според она што се, туку според условно одредени машки критериуми. Една жена, која има успех како жена, според ова правило не може да биде успешен директор. Затоа, жената навистина мора да ги докажува своите способности, или е веќе докажана како добар стручњак пред да дојде на функцијата.

Еве како, според едно истражување, мажите ги гледаат жените во организацијата: „*Жените треба да бидат кревки и тоа е важно за нив. Јас веднаш го менувам мислењето кога ќе видам една жена која не е таква*".[218] Или, во истиот тој контекст: „*Многу е комотно да се има еден маж за соработник, но тоа од друга страна е многу неутрално. Но, со жените имам помалку неутрални релации. Жените, физички, сексуално или интелектуално, ме привлекуваат... Она што многу ме вознемирува е една жена која сака да се прави маж, која ја отфрла својата женственост. Работата со жени оди многу добро кога се работи во екипа во една нехиерархиска структура. Во едно истражувачко одделение, на пример, можете да имате социолози или математичари, сеедно, но нема хиерархија. Мислам дека жените се многу строги кога се на функција*".[219]

Овие неколку ставови за жените во организацијата, всушност го одразуваат доминантниот став во организацијата. Жената станува непријатна и закана тогаш кога ќе посегне по моќта која е предодредена за мажите. Од жена, од која се очекува кроткост и разбирање, тешко е да се очекува строгост, да наредува и сл. Можеби мажите вршат една аналогија со семејните ситуација, каде

---

217 J. Laufer, *La feminité neutralisé...*

218 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé...*, 171.

219 Ibidem, 171.

што, целосно препуштајќи им ја на жените одговорноста за семејството и домаќинството како женски ресор, тие даваат отпор во организацијата како неприкосновено поле на своето владеење. Дали жената ќе ја води организацијата на ист начин како што го води домаќинството, односно дали одлуките што се донесуваат за семејството се со иста тежина со оние што се донесуваат во организацијата, е посебно прашање. Аналогијата побудува страв кај мажите.[220] Така, кога жената наредува и удира по маса, таа е еден ужас, хистерична, фурија и сл., а кога истото тоа го прави еден маж се вели дека е строг, дека бара дисциплина и дека сака да ги доведе работите во ред. Сето тоа значи дека одредени организациски принципи никако не можат да се поврзат со една жена, истата таа социјална тежина забранува жената да се однесува автократски. После една долга традиција на функционирањето на организациите и исклученоста на жените од нив, се создала таква ситуација во која организациските принципи станале машки принципи, односно организациските принципи се идентификувани како машки принципи. Со тоа, кога една жена зазема една од овие функциии, на кои биле отсекогаш поставени мажите, се истакнува дека таа треба да ги усвои машките принципи наместо организациските принципи и принципите на деловното работење. Во анализите, кога станува збор за жените на функција, односно жените-мажи, не се води сметка за овој момент. Тие, начинот на кој жените се однесуваат во организацијата го земаат како факт, како жени кои се идентификуваат со машкиот авторитет, а не со организацијата. На тој начин, можеби, аналитичарите се фаќаат во сопствената стапица. Во тој контекст жената е прикажана како закана за организацијата, односно закана и загрозување на машкиот идентитет или неможност да го постигне тој идентитет. Овој став не значи и негација на двојниот идентитет. Напротив, тој влегува како факт. Она на што треба повеќе да се обрне внимание е тој двоен идентитет, или многу почесто - машки идентитет кај жените на функција. Ако се остане само во рамките на организацијата, одговорот на ова прашање би бил фрагментарен. Ова прашање не може да се одвои од многу други поставени прашања во однос на жените во кои е изразена сумисивноста, супресијата на жените во општеството. Оттаму се и потешкотиите при анализите да се изолира еден момент или само еден фактор. Во една дескриптивна анализа на жените во организациите може да се остане во овие аналитички рамки што не се доволни за да се дојде до

220 Став изразен кај С. Де Бовоар, *Вториот пол...*

вистинските чинители во промоцијата на жената во општеството. Со тоа, аналитичката рамка нужно се проширува кон оние општествени области од каде што и почнува воочениот тек на овие социјални процеси т.е. раздвижувања на жените низ социјалниот простор. Тие области се претставени преку: културата - којашто значајно го обојува социјалниот простор, образованието - коешто станува еден од најзначајните фактори на промоција и преку семејството - како главна институција на социјализацијата. Дејството на секој од овие фактори, кога се набљудува изолирано во однос на другите, наликува на сенка од некоја фигура, која е проекција на самата фигура, но без деталите и наличјето. Се има чувство дека нешто се гледа, но тоа не дава основа за да се донесат прецизни заклучоци.

Тешкотиите на планот на опфаќањето на релевантниот социјален амбиент и ралевнтните социјални чинители ја детерминираат анализата. Во секој случај, анализата наликува на еден мозаик направен од многу случаи, видувања, ставови и судбини. Можеби во даден момент ќе се добие чувство на несреденост и површност, но токму некои мали и навидум случајно нафрлани моменти го овозможуваат континуитетот на анализата. Во контекст, или заради континуитетот, еве еден став за тоа како еден маж доживува една жена како деловен партнер. *„Во контактите со клиентите постојат и персонални моменти. Разговорите не се сведуваат само на професионални моменти. Овде има многу лично. Треба добро да се познава личниот живот на својот клиент. Контактите, всушност се многу деликатни. Од одредени причини (емотивни) една жена не може да ја извршува оваа работа. Постои голем ризик, имајќи ја предвид интимноста. Една жена во едни вакви јаки врски би добила друга улога.“* [221]. Во претпријатието во кое се вработени повеќе мажи се јавува голема реакција при изборот на жена за раководител на сектор, каков што е секторот *меѓународна размена*, каде се контактира со клиенти од целиот свет. Така, на пример, во една фабрика, што во тој период исклучиво работела за извоз на Блискиот Исток, била предложена жена[222] да го води извозот. Реакциите на нејзините колеги биле жестоки во смисла: *„Доколку таа стане директор, бидете сигурни дека ние ќе пропаднеме како претпријатие. Ниеден клиент од земјите со исламска вероисповест не ќе сака да склучува деловни договори со една жена“*. Може да се каже дека во перцепцијата на жената доминираат

---

221 J. Laufer, *La feminité neutralisé...*, 175.

222 Една од директорките на трговско претпријатие, сектор *извоз*.

половите аспекти, затоа кај мажите не се воспоставува деловен однос како рамноправни партнери, туку како сексуални односи.

Во нашата средина, со новите социјални текови, што настанаа со демонтирањето на социјализмот и со почетоците на приватизацијата, дојде и до промени во положбата на еден значителен дел од женската популација. Самото име на новите деловни процеси „Балкан-бизнис“ укажува на многу специфичности што не се познати ниту во економската теорија, ниту пак во деловната пракса на развиените земји. Во оваа специфичност, меѓу другото, спаѓа и начинот на кој жените се вклучуваат во деловните односи, како и нивната „деловна улога“. Во фаза на конституирање на односите во економската област на општеството, во односите меѓу економските актери доминираат неформалните односи. Од друга страна е презаситениот пазар со работна сила, каде што се нудат доста високи квалификации. Во овие услови, жената се наоѓа во една нерамноправна положба со оглед на високата конкуренција. Но, се случува жените да се вклучат во сферата на трудот врз една друга основа, а тоа е половата основа. Имено, не можејќи да се пробијат во оваа сфера со помош на своите социјални квалификативи (образование, квалификации и сл.), тие се пробиваат врз основа на одредени природни карактеристики што посебно се барани на овие поднебја. Врз основа на овој природен критериум, тие, влегувајќи во претпријатијата, и понатаму делуваат во истиот тој стил и со шарм и со заводливост влијаат на текот на деловните процеси. Така, во овој преоден период, како едно од најчесто понудените места е местото на секретарка, домаќинка, келнерка исл. Во „Балкан бизнисот“ не се робува на рационалните и крути формални правила, а тоа значи дека на човекот му се дава првенствено значење.

# 2. КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ФАКТОРИ ВО ВЕРТИКАЛНАТА ПОДВИЖНОСТ НА ЖЕНИТЕ

## *2.1. НЕДОВОЛНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ РАМКИ*

Обидот да се даде одговор на прашањето за влогот на организацијата како релативно автономна целина во креирањето на социјалниот амбиент, релевантен за вертикалната мобилност, покажа одредени ограничувања при

изолирањето на одредени организациски принципи. Имајќи ја предвид само организацијата, нејзините карактеристики или начинот на нејзиното делување, може да се опфатат само одредени моменти какви што се на пример. природата и пристапот кон моќта, окултната и заткулисна борба на поединци и групи, принципите на деловното работење и сл., чиј удел е значаен во мотивацијата на поединците за повисоки функции. Положбата на жените во организациите како и нивниот став спрема организациите, потоа мотивацијата. желбите и интересите не произлегуваат единствено од организацискиот простор. туку и од многу други моменти, на пример: претходното воспитание, положбата во семејството, образованието, квалификациите и др. Сите овие фактори испреплетено делуваат. Уште еднаш овде би ја изнеле констатацијата за недоволноста на економскиот аспект при објаснувањето на делувањето на жените во организациите, а уште повеќе при објаснувањето на вертикалната мобилност на жените.

Покрај ваквото видување на организацијата, меѓутоа, не треба да се сфати дека се негира уделот на организациите во општествената промоција на жените. Промените што перманентно се случуваат во организациите. како места во кои се остварува процесот на трудот, сè повеќе ги отстрануваат објективните пречки при заземање поодговорни функции од страна на жените. Во крајна инстанца, организациите се базираат врз организациските принципи што се универзални и апстрактни во поглед на некои персонални особини. На тој начин, на жените формално им е овозможен пристап во сите места во организацијата. Оваа констатација преставува една причина повеќе за да се излезе од организацискиот контекст. Останувајќи во рамките на организацијата не ќе може да се даде одговор на прашањето: *Зошто организациските принципи станале машки принципи, и зошто жената за да се одржи во тие услови е принудена да ги усвои како машки принципи?*. Во потрагата по кариките што недостасуваат за да се поврзе синџирот на факторите што влијаат на социјалната промоција на жените во сферата на трудот и за оформување на поцелосен социјален спектар од оној кој што го пружаат организациите. неопходно е нивното функционирање да се поврзе со нивното окружување. Пред сè се мисли на културно-историското окружување што има голема социјална тежина врз однесувањето на луѓето во организацијата, оформувајќи го нивниот менталитет и нивните ставови, што вршат модификација на рационалните. безличните принципи во делувањето на организациите.

Во анализата што имаше цел да го прикаже односот меѓу организацијата и жените во организацијта, правецот на анализата постојано имаше тенденција да ја напушти самата организација. За пример можеме да ја земеме категоријата диспонибилитет. Диспонибилитетот навистина, иако произлегува од самата организација и обврските што таа ги наметнува, се дефинира во однос на една друга сфера. Да се биде диспонибилен за нешто значи ексклузија на сите други моменти. На тој начин се придава значење на еден сегмент. Но, диспонибилноста ја претпоставува и другата страна. во случајот на диспонибилноста кон работата, тој сектор е секторот на приватното. Проблемот на диспонибилноста во поголема мера е поврзан со општествениот ангажман на жената. Имено, поради обврските и одговорноста што жените ја имаат во сферата на приватното, што се јавува како антипод во дефиниенсот на организациската диспонибилност, тие не можат да преземат поголеми обврски и поголема одговорност во организациите. Со тоа се намалува нејзиниот диспонибилитет кон организацијата. Диспонибилитет може да значи и еден вид конвенција меѓу жените и општеството за рамномерен ангажман во обете сфери. Така се добива импресија дека општеството математички го пресметува времето за кое таа ќе ги изврши обврските кон двете сфери. Оваа основна двојбеност на улогите го создава проблемот на диспонибилитет на жената. Од друга страна пак, токму на оваа раскрсница на идеи, како посебен проблем се издвојува проблемот на улогите во контекст на кои се зборува за т.н. двојни улоги на жената, мултиплицирани улоги, машки и женски улоги итн. Во тенденцијата да се дофатат содржините на улогите и причината за определената дистрибуција на улогите се доаѓа до културниот контекст и јачината на традицијата, потоа до семејството, воспитанието, образованието и др. Сето тоа покажува на бројноста на кариките што ги поврзуваат социјалните фактори во еден единствен синџир, во кој е претставен причинско-последичниот однос во делувањето на жените. Овде каузалитететот нема еднонасочна тенденција, каква што постои во природните науки, туку се работи за каузалитет од посложен ранг кој веќе симболично го претставивме како една верижна реакција.

Многу од студиите што се занимаваат со проблемот на жената во општеството поаѓаат од експликацијата на улогите. Се чини дека улогите се доста погодна категорија при преминот од индивудалното кон општественото и обратно. Така, поединците се набљудуваат како носители на комплекс улоги во кои се содржани одредени општествени норми на однесување. Всушност, улогите

претставуваат заокружени форми на однесување кои поединецот треба да ги интернализира како свои и да постапува во склад со нив. Меѓутоа, најважно е тоа што содржината на улогите, нивната дистрибуција меѓу членовите во една заедница, како и вредносниот поредок на истите, потекнуваат од општествено-културната средина. Со тоа, улогите стануваат пожелни обрасци на однесување преку кои се овозможува функционирањето на општествената заедница. Поделбата на улогите на машки и женски е во функција на одржувањето на човековите заедници како социјални конструкции. Во општествената валоризација на улогите, содржините на женските улоги во кои доминира биолошката репродукција на човекот, чинат овие улоги да се најдат на дното од поредокот на улогите. Дали на некој начин тоа не значи признавање на човечката несовршеност на биолошки план и тенденција на општеството да го оддели овој супстрат од неговиот социјален супстрат, одделувајќи ги на тој начин и оние под чија надлежност е создавањето и очовечувањето на човечките единки. Таа несовршеност на човечкото суштество, т.е. големата зависност во фазата на очовечувањето т.н. социјализација, ги девалвира и жените, оддалечувајќи ги од големите улоги, т.е. од врвните цели и од возвишените идеали на човековата цивилизација. Но, општеството мора да се обнови и во двата дела, во својата природно-биолошка егзистенција која, помалку или повеќе, е статична и непроменлива, и во својата социјална егзистенција. Поделбата, значи, се состои во тоа што на жената ѝ е доделен првиот облик на човечката репродуакција, а за таа цел пропишува соодветни улоги. Доменот на социјалното го присвојува мажот кој инаку по своите содржини и форми низ кои се појавува е динамичен супстрат од кој произлегува огромно богатство можности за делување, а со тоа и мноштво разновидни улоги. Оттаму, често произлегува определбата на жената како статична, инертна или пасивна, бидејќи таа се идентификува со традиционално доделените улоги кои навистина не можат да бидат поинакви, затоа што се предодредени од природата на човечкото суштество. Јачината на социјалната варијанта во човековот суштествување, меѓутоа, се состои во тенденција на општеството да реагира и до извесен степен да ги корегира биолошките лимити. Во таа смисла, во право се оние кои зборуваат дека и во самиот породување биологијата веќе не е одлучувачка, тука интервенира човекот, уште повеќе во понатамошниот фази од развојот. Поопштествувањето и институционализацијата на многу од репродуктивните содржини води кон

укинување на голем број женски улоги, со што се зголемува организациската диспонибилност на жените.

Како заклучок, овде можеме да истакнеме дека: улогите се социјални формаци, односно социјални наслаги врз поединците, стекнати со социјализацијата и интернализацијата на пожелни обрасци на однесување во дадена општествена средина. Постои еден развиен општествен механизам на дистрибуцијата на улогите, за секоја единка општеството како да води грижа, поединечно сместувајќи го во својата социјална мрежа. Така, улогите што жените ги имаат во општеството се општествено детерминирани, и покрај биолошката предодреденост за раѓање. Навистина, колку биологија има во сите оние улоги што ги има жената во семејството, пример: во готвењето, во средувањето, во негата и во низа други дејности што мора да ги извршува.

Овие улоги, иако многу бавно, сепак се менуваат. Промените овде се реакција на промените што настануваат во другите области на општеството, пред сѐ во начинот на остварување на егзистенција. Денес сѐ повеќе се зборува за културно растопување, односно за тенденција кон раскинување на традиционалните елементи што ја држат секоја култура на она ниво на кое таа настанала. Делувањето на културниот трансфер е непобитен.

Механизмот на делување на културата врз можноста жените да напредуваат во организациите се состои од социјалното искуство на поединците, стекнато во одредена култура, што помага во идентификација, дефинирањето или идентификувањето на одредени појави, процеси или односи во организацијата. Тоа социјално искуство придонесува жените во организацијата да бидат негативно дефинирани, потоа, идентификувани не според мерките на организацијата и организациските улоги, туку според сферата на репродукцијата, од што бидуваат негативно селектирани. Сето тоа значи дека при селекцијата, а тоа е секогаш неопходна постапка при изборот на луѓе за поодговорни функции, на помош се повикува социјалното искуство, при што се врши идентификација со минатото, наместо идентификација со иднината во која треба да делува поединецот. Тоа социјално искуство и традиционалната дистрибуција на улогите, ја става жената во една неповолна положба. Изборот на една жена на висока функција се поврзува дури и со нејзиниот „првобитен грев“ монтиран од страна на една конзервативна идеологија каква што е религијата. Неможноста да се ослободи од овие социјални наслаги ја прави мобилноста на жената во секоја димензија на социјалното, вклучувајќи ја тука и сферата на трудот, многу бавна и

тешка. Патријархатот и неговата вкоренетост во општеството чинат тешки окови за жената што и го забавуваат движењето, односно ги намалуваат шансите да оди во чекор со оние што ги немаат.

## 2.2. *ПОДЕЛБАТА НА УЛОГИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО*

Со оглед на погоре изнесеното за културата, може да се каже дека таа претставува значајна околина која влијае врз начинот на однесување на луѓето. Но, во поново време, а тоа го покажуваат темите во проучувањата на процесот на трудот, на културата се гледа како на многу значаен фактор за успехот или неуспехот на организациите, на начинот на управување и раководење, на аспирациите на работниците, потоа, на техничката отвореност или затвореност итн. Така, културата на трудот претендира да заземе значајно место во социолошките проучувања на работниот процес.

Со оглед на тоа што интервенцијата на културата во промоцијата на жените во општеството се следи преку улогите преку кои се дистрибуираат општествените содржини, различно валоризирани според вредностите на културното милје, како неопходност се наметнува пообразложна експликација на самите улоги.

Диференцијацијата на улогите во општеството често се разгледува во рамките на еден општ концепт за општествената диференцијација и интеграција, односно за поделбата на трудот во општеството во функција на самиот систем (Диркем).[223] Со цел да се истакне врската меѓу социо-културната средина која е структурирана, структура која преку системот на улоги ги вклучува поединците во општеството, интересен би бил самиот процес на формирањето на улогите како и содржините на улогите како граници на однесувањето на поединците. Подготвителниот период, во кој општеството ги насочува поединците кон заземање одредени улоги, се нарекува социјализација. На тој начин, доаѓа до креација на терминот социјална улога, наспроти биолошките улоги. Имено: *„Социо-културните механизми преку кои се формулира социјалната улога на половите и начините на кои се обезбедува нивното усвојување на поединечно и групно ниво се толку многу мистификувани што допринесува за стабилноста*

---

223 V. Rus, V. Arzenšek, *Rad kao sudbina i kao sloboda...*, 34.

*на ставот за нивната биолошката заснованост.“*[224]. Социјалната улога на полот ги носи во себе содржините, вредностите и целите на одредена култура, или тие се интрнализирани содржини на една идеологија и ги носи противречностите на целокупната општествена структура. Социјалните улоги, според тоа, претставуваат функционализација на индивидуалните пракси, каде што доаѓа до израз фетишкиот карактер на улогите, креиран од односот меѓу поединецот и општеството, каде што всушност се овозможува репродукцијата на целокупната општествена структура. Постои една тенденција во рамките на системот со што или се врши редукција на индивидуалната пракса на поединечното поле на делување или се прикажува како единствен можен начин на распределба од аспект на природата на човекот и животот во општеството. На социо-културната условеност на улогите укажува нејзината дефиниција, т.е. нормативно регулирано однесување на личноста во еден конкретен процес на взаемно дејствување на конкретни партнери (Парсонс), потоа, улогите како одреден начин на однесување што околината го очекува од поединци кои имаат одреден статус во средината (Н. Рот) или научени однесувања со помош на кои поединците и групите ги уредуваат меѓусебните односи во општеството во склад со нивните примарни задачи ( М. Мид).[225]

Во овој контекст може да се зборува за т.н. репресивна социјализација[226] како еден од процесите преку кои поединците прифаќаат одредени улоги според принципите на пожелното од општеството и непожелно или асоцијалното, тенденции наметнати од самото општество со цел да се изврши репродукција на постоечката структура на односи. Така, на пример, може да се постави прашањето: *Зошто отпорот на жените кон сопствениот пол е поголем отколку кај мажите, дали тоа е реакција на биолошката инфериорност на женскиот пол, или пак на инфериорноста на нејзиниот културен и социо-економски статус?*. Одговорот е следниот: тоа е отпор кон одреден поредок, отпор кон една континуирана структура на улоги што е наметната од традицијата. Не треба посебно да се објаснува реченицата што многу жени ја изговараат: *„Да бев машко, ќе можев да го направам тоа и тоа“*. Сето тоа ја покажува потребата од промена на статусот и редефинирање на улогите, а не

---

224 N Ler- Sofronić, *Neofeminizam i socijalistička alternativa*. Radnička štampa Beograd 1986, 11.

225 Ibidem, 30.

226 Ibidem, 40.

потребата од промена на полот, какво што е, на пример, толкувањето на психоаналитичарите.

Во поделбата на улогите се забележува една антагонистичка содржина која произлегува од можноста половите улоги да се врзат за автентични човечки особини, т.е. за природната взаемност меѓу мажот и жената како целина од био-психо-социјални моменти, или за императивите на човечките потреби. Така, овој вид општествена принуда, остварена во половата поделба на улогите, е мистификувана, со што се чини дека таа поделба е доброволно прифатена. Некои од улогите што ги има жената се разбирливи, бидејќи произлегуваат од нејзината природа да раѓа. За такви улоги се сметаат улогите произлезени од биолошката врска меѓу мајката и детето. Тука се работи за една длабока емотивна врска. Но, анкетите спроведени на жени кои имаат мали деца, покажале дека жените имале малку време за нивните мали деца со што би ја задоволиле претпоставената емотивна врска со сопственото дете. Тие, како резултат на бројните обврски во семејството, немале големи шанси да бидат со своите деца. Така, упатувајќи на емотивната врска меѓу мајката и детето како првобитно поставена функција со која парадираат конзервативните кругови, има сосем други побуди. Ова може да се аргументира доколку се тргне и од другата страна, т.е. од страната на машките улоги. Имено, никој не може да ја оспори емотивната врска меѓу таткото и детето, но општеството го осудува оној татко кој го чува своето бебе, кој готви, шие, пере, пегла итн., дури и тогаш кога тој доброволно го прифаќа тоа. Разликата е во тоа што жената доброволно не ги прифатила овие активности. Во овие рамки, исто така, треба да се напомене дека содржината на улогите длабоко се интернализира во личноста, што придонесува самата личност да се идентификува според улогата, како и емотивно да се поврзе со неа.

За половите улоги приврзана е перзистенцијата на стереотипите што во голема мера влијаат на перцепцијата на одредени улоги. Стереотипите се идеолошки заблуди или културни механизми преку кои се врши репродукција на одредени односи. Тие влегуваат длабоко во свеста на поединците не само преку неинстуционалните канали, туку и преку институционалните, меѓу кои спаѓа и училиштето. Кај стереотипите карактеристично е тоа што тоа се ставови за карактерот на одредени групи што имаат инфериорна положба во општеството, при што тие ставови се поврзуваат со некои нижи биолошки особини, со што се оправдува таквата положба, како што е случајот со црнците и со жените. Во едно

истражување[227] голем дел од испитаниците кон жените и црнците изразиле ставови дека кај нив постои биолошки инфантилизам, т.е. дека тие биле карактеризирани како неинтелигентни, агресивни, без капацитет за индивидуален развој, неспособни да работат со пари, имаат желба за убава гардероба итн. Но, овие ставови останале без аргументи, како што обично бидува со стереотипите. За да се поткрепат овие и слични на нив ставови, вршени се тестирања на интелигенцијата, при што резултатите покажувале дека не постојат разлики во интелигенцијата меѓу мажот и жената. Разлики во интелигенцијата постојат, но само во тоа колку на едните, а колку на другите им е овозможено со неа да се служат. Меѓутоа, не треба да се негираат разликите во способностите, па дури и во интелигенцијата, бидејќи тие се очевидни. Разликите треба да се истакнуваат, но тие не секогаш резултираат од биолошката природа, врз нив големо е влијанието на начинот и стилот на живеење, вредностите и поставените цели, импулсите на околината итн.

Во прилог на погоре изнесените размислувања за стереотипите може да се посочи и еден пример за конкретен стереотип. Имено, се работи за стереотипот според кој жените немаат способност за просторна ориентација. Овој став може да биде и точен, но би се однесувал на оние жени на кои во детството им било ограничено движењето во просторот, или пак движењето било под придружба, што е типично за сфаќањата во некои култури. Во некои средини им е забрането на жените да се движат сами, а тоа ја намалува потребата од просторна перцепција, што може да се одрази врз нејзиното просторно снаоѓање. Со тоа, стереотипите ја легитимираат инфериорната положба во општеството, која не е резултат од биолошките разлики, туку резултат од одредени постоечки структури на односи. Доказ за тоа дека не постои некоја цврста логика во нив е нивната контрадикторност. Така, на пример, за жената постои еден став дека таа е физички слаба, но истовремено се тврди дека таа е поиздржлива од мажот, потоа, дека жените се нежни, емотивни суштества и истовремено агресивни, фурии, како неинтелигентни и глупави, а се возвеличува нивната итрина и духовитост.

---

227 N. Ler-Sofronić, *Istina o ženi*, Pregled, Sarajevo 2 1977.

## 2.3. БИОЛОШКИОТ ВЛОГ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ УЛОГИ

Со оглед на тоа што за жените се надоврзани најголем дел од репродуктивните функции, односно раѓањето, доењето, негата, воспитанитето и ред други активности поврзани со подигање на една нова генерација на луѓе, се јавува тененција сите овие улоги да се набљудуваат како биолошки предодредени. На тој начин, положбата на жената во општеството е аргументирана со нејзината биологија. Сето ова не е без импликации и врз однесувањето на жените, а како резултат на тоа се јавува и едно специфично однесување кај нив, кое уште од античкиот период го предизвикува интересот на мислителите. Жените го прифаќале овој став на општеството спрема нивното суштествување, претежно биолошко, некритички, како готов факт, прилагодувајќи се на тој начин на потребите на општеството, според кое еден дел од човештвото нужно мора да биде повлечен од општествените настани, за да може да се посвети на репродукцијата.

Според некои, жените во социјалната историја на трудот влегуваат со едно однесување, т.е. со една професија, а тоа е проституцијата.[228] Инаку, на проституцијата се гледа како на црна дамка во професионалната историја на жената. Овде, не навлегувајќи во поголема расправа за овој проблем, ќе се изнесе едно размислување што произлегува од контекстот на оваа анализа. Всушност, жените, прифаќајќи го сопственото изобилство на биолошки карактеристики како факт со кој општеството ги осудило за инфериорни во однос на други социјални обележја, станале свесни за својата положба во општеството. Доколку жените како единки настојуваат да се вклучат во општеството што ги признава само како биолошки битија, тогаш тие го нудат она што го „поседуваат" или она што општеството го бара од нив. Затоа, проституцијата, како занимање, односно начин на остварување на егзистенција на некои жени, значи биолошки влог во постигнување одредени социјални придобивки. Врз основа на апстракцијата на са́мо еден дел од биолошките особини (репродуктивните), се конституира една професија која во историјата, иако била осудувана, цело време била поткрепувана.[229] Лоцирајќи ја жената во семејството, постоеле и мислења според кои жените што работат надвор се потенцијални проститутки. Така жената,

---

228 С. де Бовоар *Вториот Пол...*

229 Позната е изреката на Св. Августин: „Укинете ја проституцијата, па така целото општество ќе го претворите во ѓубриште" Според: С. де Бовоар, *Вториот пол...*

немајќи друг начин да влезе во одредени социјални релации, го користи својот шарм и својата надворешност за да реализира одредени цели во средината. За појасно, жените ја чинат онаа група во општеството што е дефаворизирана во поглед на можностите за образование и стекнување одредени квалификации со кои би се вклучиле во поделбата на трудот. Нивната ситуација особено се влошува кога тие останувaат без средства за егзистенција, а нивниот пристап кон основните извори на егзистенција е ограничен. Немајќи свое место во економската област на општеството, нејзината егзистенција станува неизвесна, а тоа влијае таа да ја прифати положбата на подреден член во заедништвото базирано врз машката доминација.

Позната е улогата на жената како владетел во сенка, како сива еминенција, која суптилно ги наметнува своите цели. Интересно е искажувањето на еден маж за ваквата положба на жената во моќта.[230] *„Кога се работи со еден маж, тогаш се развиваат односите на ривалство што се многу заморни, дотолку повеќе ако постои поголема осетливост кон барањата на околината. Го нема истото чувство ако работите со една жена, бидејќи таа ја чува димензијата на комплементарност. Таа не се истакнува како ривал, туку како помошник кој доброволно го прави тоа“.*

Позната е тезата дека жените не се мотивирани да пристапат кон повисоки функции, односно тие немаат аспирации кон врвовите на хиерархијата. Имено, таа ги посакува оние места што нема да ја нарушат нејзината рамнотежа како жена, места што не се оддалечуваат премногу од традиционалниот модел, а сепак учествуваат во распределбата на моќта. Оваа моќ уште се нарекува и „вечна“ моќ или заводливост. На прашањето каква е улогата на шармот и заводливоста во извршувањето на деловните комуникации, повеќето од жените одговорија дека, без оглед дали се работи за маж или жена, шармот може да игра важна улога во деловните комуникации, особено во почетокот на некоја деловна комуникација.[231] Но, доколку се остане само на шарм, без да се покаже спремност, стручност и длабочина во водењето на деловните процеси не може може да се постигне голем успех. Испитаничките тврдат дека, доколку една жена е шармантна, а ги поседува и бараните квалитети за извршување на работата, шармот навистина ќе ја олесни нејзината работа. Тоа се однесува и за мажите.

---

230 N. Aubert, *Le pouvoir usurpé*, 211.

231 Се мисли на испитаничките од нашето истражување.

Меѓутоа, т.н. *вечна моќ* или *сива моќ* е од поинаков вид, таа исчезнува веднаш штом ќе исчезне нејзиниот легален носител. Се работи за моќ што се остварува врз еден поединец, а не е моќ врз стварите, дејностите.

Забраната на абортусот и користење на разни други контрацептивни средства е еден вид биолошка редукција што ја спроведува општеството, односно општеството во името на некои идеологии. Затворена во биолошката прокреација, жената се оддалечува од можностите за социјална прокреација. Сето тоа не значи ништо друго, туку поделба на улогите каде што се искористува еден биолошки факт кој како природен закон делува и таму каде што општеството изградило еден развиен систем на односи. Кога општеството забранува, значи дека тоа води една политика во името на целината на интересите на човечкиот род .

Многу често од страна на мажите се слуша дека „*жената е само жена*". Оваа квалификација има свои длабоки корени што произлегуваат од идентификацијата на жената со нејзините улоги. Така, и во работните организации, наместо таа да се идентификува со нејзините работни улоги, таа се идентификува како жена. Овој идентитет не се губи ни тогаш кога жената зазема високи функции, т.е. кога таа е премиер, министер или директор. За мажот, проблемот на идентификација настанува тогаш кога тој делува во една, исто така, атипична сфера за својот пол, т.е. во женска сфера. На пример, маж кој се окупира со децата, спружува алишта или работи во кујна, изложен е на потсмев и го губи статусот на машки пол, не само во свеста кај мажите, можеби, уште повеќе кај жените.

## *2.4. КУМУЛАЦИЈА НА УЛОГИ ИЛИ АСУМАЦИЈА НА УЛОГИ*

Специфичната ситуација што се креира кога жените градат кариера била предмет на проучување на повеќе истражувања.[232] Во тие анализи, на преден план излегува набљудувањето на жените не само како личности кои делуваат во организациите и нивните способности на овој план, туку и како личности чија структура е одредена од мноштвото улоги што чинат еден мозаик од обврски и активности што се неопходни за репродукција на самата личност во одредени

232 M. Blagojević, *Društveni položaj...*

околности. Во секоја анкета големо значење им се дава на прашањата што го опфаќаат квалитативниот и квантитативниот аспект на улогите или на улогите што биле отфрлени заради избегнување на конфликтните ситуации што се честа појава кај личности кои носат голем број улоги. Имено, констатирано е дека жените доброволно се откажуваат од голем број улоги од јавната сфера заради неможноста да ги ускладат со своите семејни обврски, но и спротивно, многу од жените кои одлучиле да напредуваат на професионален план не биле во состојба да прифатат некои семејни улоги од различни причини. На пример, заради успешно развивање на нивната професија, некои жени не прифатиле еден цел комплекс улоги што се поврзани со склучувањето на бракот и на мајчинството. Влогот на овие жени е навистина голем. Ттие биле принудени да се откажат од својата природа и од својата женскост за да можат да и се посветат на професијата. *Дали може да се најде еден ѿаков случај кај мажиѿе кои, оѿределувајќи се да ѓрадаѿ кариера, не засновале семејсѿво заради ѿоа?* Напротив, за мажот кој гради кариера како посебна вредност се истакнува семејството. Во прилог на ова интересна би била мислата на Е. Сулеро[233]: *„Дали жениѿе можаѿ да ѿраваѿ кариера? Да, ако ѿие ѿрифаѿаѿ да ја ѿлаѿаѿ ценаѿа за ѿоа. А сеѿо ѿоа се однесува на: ѿоседување диѿлома за високо образование, исѿо како и мажиѿе со кои ѿреба да се ѓради еквавиленѿна кариера, да се ѿосакува една функција шѿо ѿрадиционална е ѿредодредена за мажиѿе, да се надмине мизоѓиносѿа и да се докажаѿ соѿсѿвениѿе сѿособносѿи. Понаѿаму, да се однесува како еден маж на оваа функција, да се биде ѿодѓоѿвен за сиѿе оѓоварања и афери ...“.* Тоа значи дека полињата за борба, на кои жената мора да однесе победа доколку сака да постигне поголем успех, се навистина бројни. Но, тоа не е сè. Тука е и семејството. Секој скандал околу семејството носи негативни поени. Но, како едно од поважните полиња е полето на моќта што е дефинирана според машки критериуми, што е сосем разбирливо, бидејќи во праксата секогаш улогите поврзани со моќта им припаѓале на мажите. Улогата на моќ може да доведе до осуетување на половата улога, на која беше претходно укажано.[234] Доколку една жена изразува авторитет и агресивност, нејзиниот углед опаѓа во очите не само на мажите, туку и на жените. Тезата дека жените не се амбициозни и немаат аспирации да одат нагоре, што некои анкети и ја потврдуваат, може да

233 E. Sulerot, *Histoire et sociologie du travail feminine...*, 34.

234 J. Laufer, *La feminite Neutralise...* 117.

се рационализира токму со свеста што жената ја има за овие високи функции и стравот премногу да не се отстапи од сопствената природа, од припадноста на полот. Оттаму доаѓа и насоченоста кон средните нивоа каде што постојат поголеми можности за усогласување на организациските улоги со другите улоги. Така, жените на пониските функции, во кои таа повеќе е помошник, асистент во практикувањето на моќта, модератор и сл., се доближуваат до оние карактерни особини што срединита им ги припишува ним, т.е. конформизам, пасивност и услужност.

Според сето ова, може да се констатира дека за жените постојат две алтернативи:

Да презентираат еден женски универзум, различен од оној на мажите во истата средина (организацијата). Така, на пример, во одредени организации, каде што се бара женската префинетост, како што е случајот во конфекцијата или во индустријата за козметика, на раководни места можат почесто да се сретнат жени. Веројатно се тргнува од претпоставката дека жените во овие области ќе ги аплицираат претпоставените женски квалитети. Меѓутоа, конзервативниот карактер на одредени гранки на производство и присутната традиционална организиација на трудот, како што прикажа споменатиот пример со текстилната индустрија, машиноградбата и сл., ги принудува жените сè повеќе да се доближат до начинот на делување на мажите во организацијата, со што би дошле до израз нивните компетенции и можност да се идентификува со организацијата.

## *2.5. ПРОМЕНА НА УЛОГИТЕ*

Со промените што се случија не само на планот на организациите, туку и во другите форми на човековото живеење, дојде и до промени во начинот на кои се остваруваат женските улоги, како и до создавање на нови улоги. Новите улоги до одреден степен го неутрализираат влијанието на традиционалните улоги што ја затвораа жената во рамките на репродукцијата. Модификацијата на улогите е значаен фактор што влијае врз можноста на жените поактивно да се вклучат во сферата на репродукцијата и во апликацијата на новостекнатите улоги. На тој начин се врши слевање на поделбата на машки и женски улоги. Ова растопување на улогите придонесува да се изгуби оној модел на маж, сопруг кој е строго посветен на организацијата, кој наоѓа една совршена поткрепа во својата сопруга

пожртвувана за семејството. Напротив, денес не се ретки случаите на пожртвуван маж кој се окупира со семејството, додека сопругата е на деловен состанок или службен пат. Всушност, и кога не се работи за замена на моделите, постои една порамномерна дистрибуција на репродуктивните активности. Овие промени, од друга страна, повратно делуваат врз организацискиот контекст. Во рамките на претходно определената флексибилна организација кај која се забележани промени, пред сè во поглед на авторитетот, каде што командувањето е заменето со тимското договарање и одлучување, чистата рационалност е испреплетена со многу други моменти. Сето ова предизвикува промени на улогите што жените ги имаат во организациите. Тоа во голема мера влијае на однесувањето на жените во организациите и до формирање еден нов модел на жена на висока функција. Идентификацијата со машкиот модел станува непожелна, а сè повеќе се заговара едно спонтано однесување на сите членови во организацијата, што ќе биде во функција на остварување на целите. Овие промени на организациски план се многу значајни за делувањето на жените, со што се зголемуваат можностите за заземање работни места повисоко во хиерархиската скала. Во овој поглед, постојат интересни ставови што се интересни за разгледување.

Во поново време, во проучувањето на проблемот на жени-менаџери се укажува на постоењето на два модела, односно на два модела на улоги што жените ги имаат во организациите. Првиот модел е т.н. модел на непристрасност, а вториот е моделот на комплементарна контрибуција.

Во првиот модел, моделот на непристрасност, се претпоставува една професионална идентичност меѓу мажите и жените. Според тоа, жените можат да имаат еднаков придонес како и мажите во организацијата. Имено, жените влегувајќи во еден свет, во кој до неодамна доминирале мажите, покажуваат тенденција за идентификација со мажите. На тој начин, настанува асимилација на жените во овој машки свет. Овде успешноста се мери со машки норми и секое друго однесување е недозволено и санкционирано. Овој модел е насочен кон квантитативно прикажување на величините, каде што, со помош на статистиката и релативните показатели, се мери придонесот на жените-раководители во однос на одредени параметри.

За разлика од првиот модел, моделот на комплементарна контрибуција тргнува од фактот дека мажот и жената се различни. Нивните разлики можат да доведат до комплементарност во нивните различни потенцијали и на тој начин да

се искористат различните предности. Се оди кон изнаоѓање на еден синергиски начин на комбинирање на машките и женските придонеси во организацијата. И машкиот и женскиот ангажман овде се подеднакво валоризирани, но проблемот настанува токму околу нивната валоризација[235]. Според овој модел, жените не мораат да се однесуваат, да се облекуваат и да ги емитираат мажите, туку напротив, тие се повеќе свртени кон сопствената природа. Во овој модел акцентот е ставен на квалитативната проценка, а придонесот се мери според нивото на остварени цели. Според тоа, организациите еднакво ги наградуваат и ги охрабруваат и мажите и жените за еднакво остварените цели.

## *2.6. РАЗЛИЧЕН СТАВ СПРЕМА ИСТА УЛОГА*

Кон една иста улога мажите и жените пристапуваат различно. Во врска со ова се зборува за два стила: *десна рака* и *суивисш*. Во првиот случај станува збор за оние личности кои покажуваат висок степен на активност при извршувањето на одредени улоги, со што се манифестира желбата секогаш да се најде при рака кога треба, давајќи докази за својата иницијативност. Кон истата улога може да се пристапи и на еден друг начин, пасивен. Личноста ги следи директивите, не одбива извршување, се потчинува на редот. Првиот стил е оној што им се припишува на мажите и тоа е еден вид доближување (наметнување) до ставовите на претпоставениот, според логиката на неговите очекувања. Вториот стил им се припишува на жените, кои повеќе тежнеат кон својот сопствен идентитет, отколку да го пронајдат она што е пожелно за нивниот претпоставен, да понудат некој свој став или решение што би импресионирало итн.

Во својот однос кон работата, жените на прво место го поставуваат квалитетот на односите што се воспоставуваат со другите. Кон оние улоги што се поврзани со моќта, жените пристапуваат различно. Во односите меѓу мажите на функција како да постои некој договор, т.н. играње во кое постои толеранција и можности за усогласување на интересите. Мажите судат за другите врз основа на сопствената концепција што ја изградиле. Кај жените не се воочува таков однос. Тие судат брзо и не водат сметка за својот интерес. Жените дивергираат од самите нив и се стремат кон дофаќање на некој објективен критериум. Ако

---

235 N. Adelr, *Žene u menadžmentu širom sveta*, Žena, Zagreb 3 4.

енергијата е насочена кон извршување на задачите, тогаш на подолг рок може да се изгубат предвид тајните врски чие влјание во градењето и одржувањето на кариерата можат да бидат позитивни и негативни.

Степенот на идентификација на жената со нејзината професија, кога е на пат да изгради кариера, е поголем отколку кај мажите.[236] Во едно истражување, како основна хипотеза се поставило прашањето колку одредени категории жени се идентификуваат со својата професија.[237] Резултатите покажувале дека кај помалку квалификуваните и помладите жени доминира економскиот мотив, со што степенот на идентификација со нивната професија бил понизок. Тие својата работа ја сметале како помонотона и неинтересна. Жените од повисоките нивоа посериозно приоѓаат кон функцијата во споредба со мажите, тие тежнеат кон перфекционизам, а тоа значи зголемена контрола и будност, дури се во состојба самите да ги извршат работите, доколку некој од нејзините подредени не го сторил тоа, само работата да оди напред. За некои тоа е и извесен степен на недоверба, што е карактеристично за жените.

Во различниот пристап што го имаат мажите и жените кон одредени улоги, неспорно е влијанието на приодните особини. Кај жените постојат одредени особини што се резултат на женственоста и што можат, во одредени случаи, да бидат искористени како компаративна предност. На пример, се укажува на тоа дека жените имаат поразвиено чувство за мода и за козметика, и обично се поставуваат како раководители на одделни сектори за кои се потребни определени вештини. Но, тоа не значи дека такви вештини не се сретнуваат и кај мажите. Што се однесува до компетенциите и способностите, се претпоставува дека тие се еднакво распределени, но разликата е во поткрепата и охрабрувањето на околината.

---

236 D. Ronci, *Ouvrieres entre la maison et l usine* Le sex du travail...

237 Ibidem.

# 3. ВЛОГОТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО СОЦИОПРОФЕСИОНАЛНАТА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНИТЕ

## *3.1. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ВО СЕМЕЈСТВОТО*

При разгледувањето на варијаблите што влијаат на социо-професионалниот живот на жените, речиси секогаш анализата скршнуваше кон семејството како посебна социјална група, т.е. како специфична општествена појава , судбински приврзана за жената.

Вообичаен тек на една социолошка анализа за семејството е оној што започнува од определбата на семејството како био-социјална група, на историјатот, на функциите, на типовите семејства, на крајот да се изнесат перспективите на семејството. Во рамките на оваа анализа нема да се следи вообичаениот тек. Не навлегувајќи подлабоко во социолошката теорија за семејството и неговиот историјат, би истакнале дека посебното значење што му се дава на семејството во општеството произлегува од неговите основни функции поврзани со основните човекови потреби, од една страна, и, од друга, тоа е основна ќелија во која се репродуцираат општествените односи. Од интерес за поставениот проблем ќе биде анализата на социјалната структура на семејството која поседува перзистентна, најцелосноо антрополошки прилагодена, длабоко врежана и мистифукувана општествена поделба на улогите меѓу половите. Начинот на поделбата на улогите во семејството презентира една структура на моќ, што е израз на противречностите што постојат во глобалната општествена зедница.

Уште на самиот почеток би истакнале дека начинот на кој семејството влијае врз градењето на професионална кариера на жените може да биде набљудуван од два аспекта:

1. Семејството во кое единката се раѓа, семејството што има одреден социјален статус и во кое единката го оформува своето образование, својот карактер и својот поглед на свет.

2. Семејството што се заснова со бракот во кое се истакнува улогата на сопругот, материјалната положба на семејството, бројот на децата и др.

Иако овде овие две семејства се земени рестриктивно. едно наспроти друго, нивната врска е несомнена. Самото склопување на бракот и изборот на брачен другар тесно е поврзано со семјството, т.е. со стаусот на семејството и со другите белези на семејството. Исто така, и по мажачката влијанието на првото семејство не престанува, особено кога се работи за жените кои градат кариера. Тоа влијание пред сè се однесува на поткрепите што овие семејства им ги даваат на своите ќерки во помош за подигање на децата, помош во домаќинството, како и поткрепа од психолошка природа што е многу важна во реализацијата на индивидуалните цели. Во овој контекст често се напоменува и сфаќањето на Т. Парсонс за т.н. *семејна солидарност* кај масите во урбанта средина, каде што се реализира тенденцијата да се задржи или да се дофати одреден статус. За вработените жени кои имаат деца е основен проблем како тие да се згрижат. И покрај развојот на општествените институции во прифаќањето на децата. сепак во нашата средина најпрафатлива за семејствата се институцијата „баба и дедо". Кога станува збор за жените од кариера, ситуацијата е уште поспецифична. Заради претпоставениот организациски диспонибилитет, нивната грижа околу децата безусловно треба некој да ја преземе, а неа, во општествени услови со недоволно развиен систем на нега и општествено згрижување на децата, најбезболно ја преземаат најблиските членови на семејството.[238]

Кога станува збор за жените на високи функции генерализациите се мошне отежнати, што произлегува од нивната мала застапеност во групата на раководни кадри, но и во групата жени. Со тоа што на така мал број јавувања се наидува на многу индивидуални ситуации што варираат од случај до случај. при анализата на жените на функција се има импресија за ирелевантноста на социјалните варијабли, всушност како да станува збор за индивидуални судбини. Оттаму. жените на високи функции како да се личности што ги исфрла историјата, а не производ на социјалната ситуација и многубројните фактори што делуваат во неа.

Овде може да се постави прашањето: *Зошто семејството се издвојува како една од социјалните варијабли што во најголема мера ги одредуваат насоките на движењата во професионалниот живот на жените?*. Ако се навратиме на анализите за социјалната мобилност, веднаш ќе биде разбирливо

[238] За ова повеќе кај Б. Петроска. *Семејството во Македонија во XX век:* Материјали од научната трибина *Положбата на жената во современите општества*, Скопје 1994.

зошто семејството игра така важна улога во социјалната промоција. Социјалната мобилност, презентирана како итергенерациска и како интрагенерациска, за основа има одредени социјални белези на семејството што ќе се земат како почетна основа во подвижувањето на поединците и групите во општеството. И не само тоа, во вертикалната подвижност на жените треба да се земе предвид целокупниот социјален контекст во кој се одвива социјализацијата, едукацијата и формирањето на личноста во целина, за што одговор се бара токму во семејството. Со оглед на тоа, тврдењето дека семејството е драгоцена варијабла во проучувањето на вертикалната мобилност на жените не бара посебна аргументација, потребно е само да се укаже на начините на кои тоа делува.

Значењето на семејството се зголемува и со оглед на тоа што се јавува како место каде што се остварува човековата репродукција. Овде репродукцијата не се сфаќа во нејзиното потесно значење како биолошка репродукција, т.е. само раѓање на деца, туку процес што опфаќа најразновидни содржини од биолошки, психолошки и едукативен карактер, што се содржини на социјализацијата или на подготвувањето на една човечка единка за живот во определена општествена заедница. Иако во модерните општества се развиени редица институции што преземаат многу витални функции од општеството, сепак, семејството сè уште е место каде што се извршуваат или се довршуваат процесите што општеството само ги започнува. Еден дел од активностите што се извршуваат во семејството се стриктно поврзани со самата природна предодреденост на жената да раѓа, да дои, со емотивната врска меѓу мајката и детето, но многу други му припаѓаат на секојдневието, на повторливите потреби што пред сè го репродуцираат човекот како биолошко суштество. Тоа се активностите од видот: подготовка и набавка на храна, средување на домот, постелината, подготовка на децата за училиште, работа со нив итн. Треба да се истакне дека активностите, што по својата содржина припаѓаат на сферата на репродукцијата, не се статична категорија. Развојот на општеството не може да се мери само според разгранетата мрежа на дејности во сферата на продукцијата, туку и според растот на различни потреби кај луѓето што се покриени од различни дејности. Во таа смисла, се забележува константна тенденција на зголемување на овие активности, со што и квантумот на активности што се извршуваат во семејството се зголемува. Пример, усовршувањето на децата и посетата на разни курсеви, занимавање со спорт и сл., креира една нова обврска за родителите - да ги носат и да ги чекаат своите деца во соодветните установи. Тоа е резултат на варијацијата на потребите во

различни општествени средини. Кумулативното зголемување на активностите во семјството значи поголем товар за жената. Во нашава средина овој товар е уште поголем со оглед на следниве причини:

а) Слабата материјална развиеност на општеството, што не дозволува да се купат некои видови услуги (готова храна, перење, пеглање и сл.), со што најголем дел од репродуктивните активности се извршуваат дома. Овде треба да се напомене неорганизираноста на општеството и неизграденоста на продуктивниот апарат за поинаков облик на репродукција.

б) Присутноста на традиционалниот менталитет кај поголем дел од популацијата, при што се блокира продорот на елементите на новото, практичното и брзото, како што е во другите модерни цивилизации. На пример, трошењето на пари за исхрана во ресторан во оваа средина е нешто што се нарекува расипништво. Жените кои дома не се придржуваат кон традиционалните норми на подготовка на храна се осудени од средината, а незадоволството кај мажите расте, бидејќи тие сакаат нивните сопруги да готват како нивните мајки. На тој начин, економијата на времето, што е вистинска мерка на економијата, отстапува пред традиционалниот начин на живот.

Не треба да се сфати дека товарот на репродукцијата го носат само жените од модерните, индустриски цивилизации, напротив, неретки примери даваат антрополошките проучувања за товарот на репродукцијата што го носат жените во неиндустриските цивилизации.

Реализацијата на репродуктивните активности се врши во рамките на одредена социјална организација во која се воочува една диференцирана социјална структура. Имено, може да се зборува за социјална структура на семејсвото во кое е воспоставен одреден систем на моќ, потоа, за процес на донесување на одлуки, одговорност и др. Така, моќта во семејството би се однесувала на тоа кој одлучува за суштинските промени во семејството. Меѓутоа, семејството, како општествена група по својата структура на моќ, одговорност, контрола итн., не може да се споредува со социјалната структура и моќта во организациите или во општеството. Иако станува збор за хиерархија, за систем од улоги и за одговорност, тука постојат извесни разлики што произлегуваат од самата природа на односите меѓу членовите, од поставеноста на родителите спрема децата, сопружничките односи итн. Чистите социјални односи што овде ги бараме се прекршуваат преку една психолошка структура на членовите на семејството, преку емоциите, и многу тешко се доаѓа до нив. Но, сепак, од

односот на жената спрема моќта во семејството, од содржината и од кумулацијата на улогите што ги има, степенот на одговорност, кој е тесно поврзан не толку со моќта, колку со карактерот на улогите, ќе зависи положбата на жената во семејството.

**Положбата на жената во семејството е дел од една постабилна и повторлива структура. Таа не е резултат на став на некој член на семејството или на индивидуална семејна ситуација.**

До денес најраспостранет е еден облик на семејство чија социјална структура може прецизно да се одреди. Станува збор за патријархалното семејство во кое моќта е целосно во рацете на мажот. Тој врши контрола над сите членови во семејството, ги одредува улогите и нивните содржини, донесува одлуки за витални проблеми во семејството, но одговорноста ја префрла врз членовите на семејството. За патријархатот и за неговата социјална природа, корените и влијанијата врз општеството веќе стана збор. Овде би напоменале дека и покрај големите промени на односите во рамките на семејството, патријархатот и натаму живее во менталитетот на луѓето, во искажувањето на нивните ставови, во односот кон работата, во прифаќањето одредени улоги, во начинот на кој се сфаќа семејството итн. Влијанието на патријархатот е присутно насекаде во општеството, но највидливо е во семејството.

## *3.2. МОРФОЛОГИЈА НА МОЌТА ВО СЕМЕЈСТВОТО*

Кога се зборува за положбата на жената во семејството се дистанцираат две димензии:

- вертикална - поделба на моќта и
- хоризонтална - поделба на улогите.

Меѓу овие две димензии не постои паралела, туку нивните влијанија се испреплетни. Така од карактерот на моќта ќе зависи и дистрибуцијата на улогите во семејството, како и вреднувањето на поодделни улоги.

Вертикалната и хоризонталната димензија на семејството се одредени од повеќе чинители. Тука посебно би ги истакнале социјалните детрминанти како што се: социјалното потекло на семејството, културата, возраста, бројот на децата, професијата и занимањето на сопружниците, местото на живеење и др. Така, на пример, правило е при склучувањето на бракот жената да е помлада од

мажот. Возраста во некои средини носи право на авторитет и респект кој, не секогаш. е поврзан со знаењето или со искуството. туку со одредени социјални, културни или морални норми што постојат во одредена средина. Поделбата на моќта во семејството многу ретко е институционализирана, меѓутоа на индиректен начин преку другите норми во општеството (на пр. вработувањето, бременоста, породилните отсуства итн.) на некој начин таа е содржана.

Исто така, семејството е група што е тесно поврзана со општественото окружување, со оглед на кое, може да се зборува за влијание на поширокиот контекст врз содржините на моќта во семејството. Така, на пример, раѓањето, според традиционалните сфаќања на механизмите на репродукцијата, спаѓа во ресорот на индивидуата или интериндивидуалните односи на двојките. Меѓутоа, раѓањето и бројот на децата во семејството во голема мера е одреден од фактори како што се: професијата на жената, нејзините аспирации, материјалната положба, а во некои средини директно лимитирана или стимулирана од страна на општеството. Според сето ова, може да се констатира дека моќта во семејството не е независна варијабла која слободно ги дефинира односите меѓу членовите, туку во обликувањето на односите, положбите и улогите интервенира општеството, поради што тоа и се нарекува општествена група.

Воспоставувањето контрола врз раѓањето од страна на жената е почетна точка кон егалитарна дистрибуција на моќта во семејството, како и кон промена на општествената положба. Оттука. првобитно поставените цели на феминистичките движења се насочени кон остварување на право на обортус, употреба на средства за контрацепција и сл. Всушност, сите овие барања. како и други барања како санкционирањето на сексуалната злоупотреба на жената, значат потреба жените сами да воспостават контрола врз својата биологија, а не општеството. На тој начин ќе се отстранат основните пречки за вклучувањето на жените во општествените текови. Сето ова придонесува семејството да се трансформира и да стане инстанца што ќе учествува во креацијата на општественото, а не само инстанца за реализација на една одредена идеологија. И покрај големите придобивки на овој план, сè уште постојат многу други моменти што имаат удел во прокреативната политика на општеството, како и во контролата во таа област.

Постои една теза, според која моќта во семејството е рефлексија на моќта во сферата на продукцијата. Имено, капиталот ќе даде таква семејна форма. каква што нему ќе му одговара. Ако жените во сферата на продукција

имаат инфериориорна положба, тогаш иста таква положба ќе имаат и во сферата на репродукцијата, т.е. во семејството.[239] Инсуфициенцата на една ваква теза е очигледна. Пред сè, сферата на репродукција и сферата на продукција не се два паралелни система, туку два комплементарни система. Моќта во семејството не може да се споредува со онаа во сферата на продукцијата, социјалната подлога на моќта во семејството се разликува од онаа моќ во сферата на јавниот живот во целина. Всушност, борбата на жените за еднаквост се води на фронтот на општеството, а помалку во семејството.

На структурата на моќта во семејството влијаат и некои други фактори. Така, испитувањата покажуваат дека[240] доминацијата на мажот е карактеристична за семејствата од средно ниво. Доминацијата на мажот не е толку карактеристична за работничките семејства. Кога платата е пониска, тогаш моќта е подеднакво распределена во кругот на семејството. Како фактор што влијае врз моќта во семејството е и географскиот фактор. Така, на пример, во помалите градови, во кои бројот на активната женска популација е понизок, доминантен во семејството е мажот. Во овие средини не постојат оние фактори што го неутрализираат дејството на патријархатот, како што е во урбаните и високоиндустријализираните средини.

Врз дистрибуцијата на моќта во голема мера влијае професијата, односно занимањето на сопружниците. Традиционалната поделба на моќта е помалку застапена во оние семејства каде што жената има одредена професија. Ова придонесува, исто така, и кон преструктурирање на улогите. Во рамките на студирањето на моќта и семејството, се наметна едно прашање кое може да биде доста интересно. Имено, ако жената има професија што е повисоко вреднувана во општеството и ако има поголем општествен статус од мажот, тогаш дали ќе дојде до инверзна прераспределба на моќта во семејството, односно дали моќта што жените ја поседуваат во општеството ќе им обезбеди доминантен статус и во семејството?. Поопширна експликација на одговорот на ова прашање ќе се даде понатаму, кога подетално ќе се презентираат податоците од истражувањето. Овде може да се констатира дека професијата игра прогресивна улога во промените на положбата на жените во општеството и во семејството. Меѓутоа, ниту професијата, ниту положбата во занимањето не може да ги елиминира сите

---

239 F. Messant-Laurent, *Le sex de pouvoir...*

240 R. Lévy, *La femme, la famille et la societé...*

други социјални наслаги што ја ситуираат жената во семејството на она место на кое биле и нивните мајки. И покрај високиот углед на жената на професионален план, таа сè уште се наоѓа на оние места што нејзе ѝ ги одредува традицијата.

Со оглед на дистрибуцијата на моќта и на улогите, семејствата можат да бидат типизирани како: екстремно традиционални, авторитарно-патријархални, матријархални и егалитарни семејства.[241]

Во рамките на екстремно традиционалните семејства, без оглед на карактерот на одлуките, т.е. на тежината и на значењето на одлуките, постои релативна автономија на сопружниците во своите домени што се стриктно поделени според традицијата.

Во авторитарно-патријархалното семејство мажот е носител на моќта. Оваа форма на семејство уште се нарекува буржуаска и карактеристична е за периодот од крајот на 19 и почетокот на 20 век. Ова семејство е центрирано кон таткото, иако не мора да да е карактеристична една традиционална поделба на улогите.

Во матријархалното семејство моќта и припаѓа на мајката, иако во најголем број случаи распределбата на улогите е традиционална. Ова сепак е традиционална солуција.

Егалитарното семејство се означува како идеална форма на модерно семејство или како што уште се нарекува заедништво на партнери. Овде не постои традиционална поделба на улогите од функција на половите. Покрај прогресивните компоненти што ова семејство ги има во поглед на односите меѓу половите, како и поволната положба на жената, во поглед на заземањето на одредени екстра-семејни улоги, сепак тоа не треба премногу да се идеализира. Во рамките на ова семејство постојат големи можности за деструкција на семејството што доаѓаат од расчекорот меѓу улогите во семејството и улогите на професионален план. Имено, овде станува збор за т.н. асумација на улоги кои го раѓаат проблемот на пренадлежност и напорот да се воспостави склад меѓу различните уло́ги во семејството и надвор од него.

Што се однесува до улогите, тие бараат не само физички, психички и временски ангажман, туку и психичка енергија, внимание, организирање итн. Во анализите на времето се доаѓа до т.н. budget-temps каде се врши распоредување на активностите во текот на денот каде објективно можат да се воочат разлики меѓу

---

241 R. Lévy, *La femme, la famille et la societé...*, 67.

мажите и жените, како и меѓу мажените и немажените жени. Секако дека карактерот на т.н. budget temps е поинаков кај жените кои извршуваат една одговорна функција во својот професионален живот, со оглед на квалитетот на активностите кои овие ги извршуваат.

Анализата на проблемот на улогите во семејството е доста сложен процес. Не може точно, со математичка прецизност, да се одреди колку и какви се улогите на мажот или жената. Затоа, при анализата на улогите во семејството поедноставно е тие да бидат пропратени со анализите на моќта, што покажува на една потрајна тенденција. Имено, може да се направи поделба на улогите во две насоки кои всушност ја дефинираат дискриминацијата. Моќта, во однос на улогите, би била квалитет, наспроти квантитетот во однос на улогите. Така, мажот има една „голема" улога која најчесто е поврзана со обезбедувањето егзистенција. Мистификацијата на оваа голема, или вредна улога, води кон елиминирање на другите едноставни, рутински и репродуктивни активности што ги извршуваат жените. Откако ќе дојде од работа, мажот е уморен, му треба долг одмор за репродукција на својата улога. Дали на професионалната улога на жените исто така се гледа како на „голема" улога и дали таа може исто така пасивно да се однесува во семејството и да ги елиминира сите оние активности што ја чинат репродукцијата на семејството? Прашањето за ставот на семејството за професијата на жената е доста интересно прашање. Оставајќи ги деталите за понатаму, еден синтетички одговор би бил следниов: структурата на моќ во семејството е доста еластична и не се менува толку брзо со промената на некои од условите во семејството.

## 3.3. *ЖЕНАТА И НЕЈЗИНИТЕ УЛОГИ ВО СЕМЕЈСТВОТО ИЛИ ПРЕНАДЛЕЖНОСТ*

Со оглед на погоре образложеното, овде можеме да тргнеме од констатацијата дека за положбата на жената во семејството е карактеристична хоризонталната димензија или квантитативната дистрибуција на улоги тесно врзани со репродукцијата на семејството, домаќинството итн. Според тоа, жената е носител на многубројни улоги. Од овде се изведува поимот пренадлежност, кој покажува презаситеност на жената со улоги во рамките на семејството и надвор од него. Соодносот на улогите, т.е. хиерархијата на улогите, ќе зависи од повеќе

детерминанти, како што се: социјалниот статус на жената, нејзиното образование, професијата, културата, т.е. окружувањето, аспирациите, како и од многу други лични карактеристики и способности. Меѓутоа, без оглед на хиерархијата и значењето на одделните улоги, речиси сите улоги имаат голема носивост, т.е. големо значење. Така, за оние жени, за коишто професијата и професионалната промоција има поголемо значење, улогата на мајка, доколку таа е веќе мајка, нема помало значење. Всушност, сознанијата од психологијата и педагогијата укажуваат на значењето на улогата на мајката во психофизичкиот и емотивен развој на детето, потоа улогата на жената во семејството во очувувањето на интегритетот во семејството итн. На тој начин, кога се зборува за улогите што ги има жената, се зборува и за можностите за нивно ускладување. Неможноста да се постигне складност, бидејќи тие бараат физички, психички и временски ангажман, предизвикува состојби на „стрес“ или конфликт на улоги што ја отежнуваат состојбата на жената и во семејството и надвор од него. Тоа доведува до процесот на адаптација, т.е. на редукција или елиминирање на некои улоги. Во случај на конфликт на улогите на професионален план доаѓа до редукција или пасивизација на одредени улоги, со што жените професионално стагнираат, може да дојде дури и до напуштање на работното место, што е најчест случај во западните земји. Но и спротивно, жените кои имаат аспирации професионално да напредуваат се лишуваат од улогата на мајки, сопруги и од ред други активности поврзани со семејството. Голем дел од жените на високи функции истакнаа дека, доколку не бил нивниот ангажман на професионален план и борбата за кариера, можеби би имале повеќе деца. Она што уште повеќе го отежнува овој конфликт е што работата на жените кои имаат аспирации да напредуваат во професијата, мора да биде беспрекорна. Како што беше истакнато, таа работа нема толеранција за грешки, пролонгирање на роковите итн. Апсентизмот на жените, поради интрасемејните улоги, е една од поважните пречки за нивниот професионален живот.

Конфликтот на улогите е поврзан со возраста, со бројот на членовите во семејството, со материјалниот статус на семејството и др. Така, на пример, постои еден период претоварен со улоги и обврски кога децата се мали, период кога жената има потреба да се квалификува и професионално усовршува. За нашата средина карактеристично е едно поместување на старосната граница. По извесно време доаѓа до природно елиминирање на некои од улогите на жената, со што се менува структурата на буџетот, на времето и на потребата од

реорганизација на времето. Затоа, често се мисли дека зрелото доба од животот, кога настанува редукција на улогите, е најповолен период за градење кариера.

Количината моќ што жената ја има во семејството ќе зависи од можностите за избор, т.е. од нејзината независност. Доколку жената има поголем доход, наследство или можност да се премажи ако го напушти мажот, нејзината моќ во семејството ќе биде поголема.

## *3.4. ПООПШТЕСТВУВАЊЕ НА РЕПРОДУКЦИЈАТА*

Како резултат на промените што се случуваа во економската област на општеството и на насоките на развојот на стопанските гранки се оствари интензивен просперитет на услужните дејности и терциерот како доминантен сектор во економската структура на општеството. Сето тоа значи дека бројни активности што припаѓале на сферата на репродукцијата на луѓето, како неекономската сфера, стануваат пренесени во сферата на продукцијата, подведувајќи се на економската логика. Така, на овој план може да се зборува за установи за згрижување на деца и на други лица на кои им е потребна нега, појава на разновидни сервиси за работа во домаќинството (перење, пеглање, готвење, чистење итн.), разни технички помагала што ја олеснуваат и ја скратуваат работата во домаќинството итн. Не навлегувајќи подлабоко во причините за овие промени, бидејќи тоа е друга тема, би истакнале дека тоа се должи на еден верижен или сукцесивен сплет на промени што се случуваат во сферата на техниката и технологијата, на појавата на микроелектрониката и карактерот на самите социјални системи во кои се остваруваат овие промени. Фактот за учеството на сè поголем број жени во сферата на продукција, што е исто така условено од многу други детрминанти, влијае на развојот на услужните дејности и спротивно.

Во овој контекст, интересна е да се спомене и една доста силна социјална тенденција присутна во развиените капиталистички земји, т.н. **„Држава на благосостојба“**, каде, меѓу другото, преку социјалната политика се подобрува стандардот во семејствата, се стимулира развојот на општествените дејности што преземаат голем дел од семејните функции и сл. Но, и покрај функцијата на баланс, интервенцијата на социјалната политика во економскиот систем и во најразвиените земји во светот наидува на големи проблеми. Честите рецесии во

капиталистичкиот ситем, пропратени со брзиот раст на цените на услугите, со смалувањето на додатоците за згрижување на децата и на другите лица на кои им треба нега, голем дел од репродуктивните активности ги враќа во семејствто.

Но, овде повторно се наметнува прашањето за тоа дали сите овие промени на општествен план и развојот на техниката влијаат на промените на положбата на жената во семејството, односно дали доаѓа до промени на некои од улогите што ги има жената, односно, колку овие промени влијаат на содржината на улогите? Секако дека постојат големи промени на овој план и големи олеснувања за жените при реализацијата на постоечките улоги. Техничките помагала во домаќинството во голема мера ги олеснуваат работите и придонесуваат за една поефикасна организација на активностите. Но, тоа сè уште не значи редукција или елиминирање на улогите што ги има жената во семејството. Тие улоги и одговорноста во нивното репродуцирање и понатаму остануваат под надлежност на жените. Со тоа, семејството и натаму останува место каде што се врши репродукцијата и сите оние активности што таа ги носи со себе.[242]

За жената семејството не е средство за компензација, односно место како уточиште од проблемите на работното место и место каде што се разглобуваат и дискутираат истите. Жената е секогаш во семејството и е дел од него.[243] Таа ги разглобува проблемите на семејството на работното место, таа речиси секогаш мисли на повеќе работи. Времето не е едно време. Измешаноста на работата и семејството ја дисконтинуира концентрацијата кон едно нешто, кон кариерата. Ако таа мора да избира меѓу семејството и кариерата, тогаш нема дилеми, го избира семејството.

## 4. ОБРАЗОВАНИЕТО И СОЦИЈАЛНАТА МОБИЛНОСТ

Како еден од факторите што битно влијае врз професионалната промоција е образованието. Со оглед на тоа што структурата на модерните општества претставува скала на социјални статуси изразени преку одредени професи, занимања, квалификации итн., аналогно е претставена и една

---

242 O. Burić, *Izmena strukture društvene moći: uslov za društvene ravnopravnosti žena* Sociologija 2/1975.

243 M. Jogan, *Štrajkovi u ženskim kolektivima,* Žena 4/1989.

приближно соодветна структура на образованието. На образованието се гледа како на еден од најзначајните моменти при промената на социјалните статуси.

Образованието сè повеќе го привлекува вниманието на аналитичарите од различни профили, со што станува мошне значаен проблем меѓу проблемите со кои се занимаваат општествените науки. Така, во изминатиот период подрачјето на трудот фасцинираше со актуелноста на својата проблематика, денес тоа се одредени институции што се развија како резултат на современите општествени процеси меѓу кои е образованието, дискриминацијата, човековите права и сл. Всушност, омасовувањето на образованието, воспоставувањето на светски општествен поредок и многубројните движења за правата на луѓето ги внесуваат овие „дневни“ општествени потреби и во општествените науки што секогаш живо се заинтересирани да одговорат на секоја провокација која надоаѓа од општествената пракса.

Но, што се однесува до образованието, дебатите околу улогата на образованието во формирањето на општествената структура, започнати уште во минатиот век, не се завршени. Како резултат на тоа, се јавуваат и различни пристапи кон образованието и неговата општествена функција. Овие мислења се движат на линијата од потенцирање на зависноста на социјалниот статус од стекнатите компетенции, каде што се гледа една лабава врска меѓу социјалниот статус и социјалното потекло, до еден скептицизам во однос на образованието и еднаквоста на шансите пред образованието. Меѓутоа, без оглед на овие противречни мислења, образованието претставува значаен фактор во одредувањето на местото на поединецот во општеството. Училиштето ја презема улогата на значајна инстанца на ориентација во индустриските општества. Овде не треба да се запостави фактот дека преку образованието поединците се селектирани според една скала на вредности што го презентира социјалниот систем. Со тоа, образованието нема само функција на едукација, туку, во услови на олабавено влијание на другите механизми, како што е семејството, ја има функцијата на механизам на репродукција на социјалните структури. Така, според некои аналитичари[244], токму овде во образованието се создава привидот за промените во општествената структура. Овде е препознатлив функционалистичкиот пристап во видувањето на образованието и социјалната мобилност. Во однос на истиот проблем интересно би било и едно друго

---

244 R. Boudon, *Les inegalites des chances: La mobilite sociale dans les societes industrielle...*

видување во кое акцентот се става на разликите во ставовите и вредностите што одредени класи ги имаат кон образованието.[245] Според ова гледиште, кај припадниците на подолните слоеви не постои изразена врска меѓу она што се нарекува успех и образованието. Тие го перцепираат успехот повеќе како материјална сигурност, подобрување на конфорот, а помалку како лично напредување и изградување. Со тоа успехот се должи на фактори што не се резултат на личната контрола, односно тие успехот го толкуваат како среќа, судбина и сл., а не како еден план, концептуализиран и подготвен од одреден субјект. Овде може да се забележи присуството на волунтаризмот и рационализацијата од една страна, од друга страна - пасивноста и фатализмот. Тоа, исто така, може да значи и еден повисок степен на затвореност на општеството каде е прикажана немоќта на припадниците од долната класа да ги разбијат бариерите што стојат пред нив. При анализата на успехот и неговата перцепција. многу автори укажуваат на тоа дека успехот не може да биде објаснет со апсолутни термини, туку тој треба да се адаптира на положбата што ја имаат поединците. Во едно познато истражувањеод[246], каде е избрана една група работници кои реално немале шанси да напредуваат, се покажало дека тие поинаку ја перцепираат својата ситуација во поглед на успехот, истакнувајќи дека за нив успехот е реален. Но, кога биле запрашани за тоа што за нив претставува успехот, се констатирало дека тој бил скроен според одредени објективни услови и можности што го давал нивниот статус. Имено, тие истакнале дека за нив успех е да се купи нов автомобил, да се замени мебелот и сл. Според тоа припадниците на различни слоеви немаат еднаков став спрема образованието, но дали тоа значи дека тие покажуваат разлики во поглед на напредувањето и средствата да се направи тоа?

Исто така, интересно видување за нееднаквостите може да биде и она на Американецот С. Џенкс, според кого, ако платата и социјалниот статус се статистички зависни од социјалното потекло и од нивото на образованието, тогаш статистичкото влијание на овие последните е модифицирано. Тој истакнува: *„Ниту семејното потекло, ниту способностите и знаењата (мерени со тест), ниту образованието, ниту социјалната положба не можат многу да*

---

245 R. Boudon, *La dictionaire criticue de sociologie* (Се работи за гледиштето на Kahl i Hyman) Press Universitaires de France 1994.

246 R. Boudon, *Les inegalites des chances: La mobilite sociale dans les societes industriellle...*

*го објаснат расчекорот во платите.*"[247] Така, според него, професионалниот статус во најголема мера е поврзан со нивото на образованието, но сепак кај луѓето со еднакво образование постојат разлики во статусот. На тој начин, карактеристиките, какви што се семејната средина или резултатите од тестовите, можат само половично да ја објаснат нееднаквоста во професионалните положби меѓу луѓето. Студиите за нееднаквоста, што се спроведуваат во различни земји, поставуваат една хипотеза, која при одредувањето на социјалниот статус и платата, укажува на влијанието на такви варијабли кои тешко можат да се набљудуваат. Се работи за варијаблите како што се: амбициите на поединците, социјалните врски, *„а зошто не и среќата"* додава Р. Будон.[248] Меѓутоа, ова не се варијабли кои докрај ќе ги објаснат разликите, зашто сепак, воочена е позитивна корелација меѓу нив и социјалното потекло. Во контекстот на оваа анализа може да се заклучи дека социјалното потекло функционира како еден повластен билет за стекнување со повисоко образование, чија ефикасност да се употреби е 80%, и спротивно, нивото на образование функционира како еден повластен билет во процесот на заземање одреден статус.[249]

Кога станува збор за жените и можностите за нивна промоција во општеството, сè повеќе како еден позитивен фактор на овие тенденции се истакнува образованието. Направени се крупни чекори на планот на интегрирањето на жените како рамноправни чинители на социјалната структура. Комлицираната социјална мрежа, создадена преку маритална мобилност, сè повеќе се заменува со една образовна и социопрофесионална структура која понатаму се расчленува според полот. На тој начин, жените можат персонално да се пронајдат во рамките на социјалната структура, иако сè уште постојат многу пречки и тешкотии.

Најголемиот напредок на планот на еманципацијата на жените е направен во сферата на образованието. Првичните барања, со кои истапувале жените во своите политички ангажмани, се да се постигне еднаквост во образованието со мажите, односно еднакви шанси пред образованието во однос на полот. Денес може да се констатира дека, според формалните можности, постигната е еднаквост во образованието, но според реалната состојба во

---

247 C. Jencks *Inecquality.* Преземено од *Dictionaire critique de la sociologie*, 310.

248 R. Boudon, *Dictionaire critique de la sociologie*, 311.

249 Ibidem.

образовните процеси може да се воочи дискриминација и сегрегација според половата припаданост, како и според други белези како што е расата, социјалното потекло, дури и припадноста кон одредени географски региони и сл.

Како едно неизбежно прашање, што денес се поставува кога станува збор за влогот на образованието во промените на општествената структура, е прашањето за социјалниот карактер на образованието во рамките на социјалистичкиот општествен систем. Се разбира, покрај многуте други специфичности што беа одлика на овие општества, посебна специфичност беше системот на образование, односно општествената функција на образованието. Всушност, образованието беше основен фактор на социјалната мобилност. Во овие општества дипломата беше посебна вредност, бидејќи го одредуваше статусот на поединецот. Високо образовните кадри добро беа пласирани на пазарот на труд, ако може да се зборува за пазар на труд во овој период.[250] Но, во поглед на општественото значење на образованието, може да се забележи дека овде станува збор за оживотворување на онаа доста стара идеја на просветителството која се јавува во секој налет на револуционерните бранови.

Без оглед на многуте дискусии што можат да се водат по повод епохите и улогата на образованието во нив, сепак, многумина од аналитичарите на социјалистичкиот период укажуваат на една глобална позитивна тенденција во поглед на шансите пред образованието, односно можносите и протекцијата на пониските слоеви во општеството да се стекнат со повисоко образование. Со тоа, образованието стана основна потреба за целокупната популација. Така, меѓу другите експанзивни процеси во повоениот период, карактеристична е силна образовна експанзија, која својот плафон го достигна во периодот на последната криза. Дека образованието беше основна градба на тој систем сведочи тоталната промена на ставот непосредно по падот на тој систем. Имено, денес општественото значење на образованието е значително опаднато. Поединците не ги наоѓаат своите перспективи Во него, туку во некои други моменти, како што се парите, бизнисот, врските во владата и сл. Меѓутоа, образованието и

---

250 Иако во рамките на овој систем беше загарантирана потполна вработеност, тоа не ја негира можноста од постоењето на пазар на труд. Овој систем содржеше повеќе институции како супституција на пазарот на труд кои во склад со целокупниот систем спрема него имаа административен пристап. Со тоа работната сила беше предмет на посебни политики, акции и сл. Меѓутоа, дипломата не беше единствен критериум според кој се вршеше дистрибуцијата на работна сила, постоеја и други идеолошки и социјални критериуми кои интервенираа во можноста образованието праволински да делува во одредувањето на социјалната положба на поединците.

социјалистичкиот систем претставуваат едно големо социјална искуство чија присутност во сегашните текови е несомнена, а несомнено е и влијанието врз идните процеси. За посебноста на концепцијата на образованието во социјалистичкиот систем овде нема подробно да стане збор, иако можеби почетокот на анализата за образованието го бара тоа. Од значење би било укажувањето на одредени процеси што се тесно поврзани со одредени општествени промени како и со промените на планот на општествената мобилноста кај жените.

Како еден од клучните процеси што се случуваа во постреволуционерниот период на просторите на бивша СФРЈ се географските миграции или т.н. географска мобилност. Меѓутоа, трансферот од аграрот кон индустријата не значеше само промена во географскиот простор. Податоците од едно истражување за социјалната мобилност, спроведено 25 години по револуцијата, покажуваат дека се работи за едно отворено општество чија тенденција на подвижност е од долните статуси на социјалната хиерархија кон највисоките. Така, татковците на 52.3% од немануелните работници биле земјоделци, а татковците на 57,6 % работници во тој период исто така биле земјоделци.[251] Овде станува збор за тн „изнудена“ мобилност, а е изнудена заради брзите промени на економски план. Образованието стана генератор на мобилноста, а со тоа доби посебно место во вредносниот систем. Во една конфузија меѓу средствата и целите, според принципот еднакви шанси пред образованието за сите членови на заедницата, образовниот систем како никаде доби своја посебна автономија, а подоцна стана и мета во реализацијата на одредени политички и стопански реформи. Не навлегувајќи подлабоко во целокупниот сплет на социјални околности поврзани со еднаквите шанси за образование или со еднаквите шанси во пласманот на дипломите на пазарот на трудот и пласманот на повисоките места во социјалната хиерархија, овде ќе се осврнеме на некои специфичности што се поврзани со образованието и вертикалната мобилност на жените.

Кога станува збор за факторите што влијаат на вертикалната мобилност на жените во процесот на трудот, може да се направи аналитичка дистинкција меѓу два вида фактори. Првите се фактори на просперитет, или фактори на промоција чие дејство е позитивно во поглед на промените на положбата во

---

[251] M. Janićijević, *Međugeneraciska društvena pokretqivost u Srbiji,* Marksističke sveske 1/2 1972.

дадена општествена средина. Вторите се фактори на блокада што го кочат напредувањето т.е. движењето со тенденција да ги конзервираат односите и закораат статусите. Меѓутоа, дистинкцијата е само аналитичка, зашто истите фактори во одредени ситуации се јавуваат како фактори на промоција, а кога ќе го сменат предзнакот и насоката на делување тие стануваат фактори на стагнација и регресија. Интенциите на овој труд е да се прикаже целината на социјалниот контекст со јасно нагласување на начинот на кој овие фактори делуваат врз положбата на жената. Всушност, овде можеме да констатираме дека делувањето на факторите е заемно условено. Така, на пример, бледеењето на патријархалните односи влијае врз шансите за образование, но и спротивно, образованието врши редукција на патријархалните односи во одредени области на неговата егзистенција. Меѓутоа, образованието се смета како клучен фактор на т.н. развојна еманципација која во почетната положба ги изедначува жените со мажите. Образованите жени имаат еднакви шанси со своите машки колеги да конкурираат на работни места, доколку ги задоволуваат нормативните квалификативи, а со тоа подеднакво да влијаат врз развојот на општеството. Денес не постојат формални пречки жените да се образуваат на било која институција од било кој ранг. Дури, кај некои автори се употребува терминот „полова мобилност“ кој сака да ги прикаже промените што се случуваат во сферата на образованието, односно сè поголемото продирање на жените кон техничките, информатичките, индустриските и кон други домени[252], со што се разбива стереотипната мрежа околу образованието. Во овој контекст би биле интересни анализите што ги прави Ј. Корубин за промените во тенденциите на образовен и професионален план и надминувањето на „маскулинократијата“ која е аналогна на половата сегрегација, при што жените се побројни кон оние професии или образовни институции кои се на подолните скалила од општествената валоризација или, колку што е повисок статусот на професијата, толку е помал бројот на жените кои се занимаваат со таа професија.[253]

Но, и покрај големите придобивки на планот на образованието, сепак во сплет со другите околности на социјалната средина, во образованието се забележуваат ред рестриктивни моменти со кои се ограничува пристапот на жените, посебно кон оние домени кои традиционално биле резервирани за

---

252 A.M. Daune Richard, *La mobilite sociale et rapport sosiaux...*

253 Ј. Корубин, *Живиот песок интелигенцијата*, Просвета Куманово 1994, 118.

мажите. Кога станува збор за вертикалната мобилност на жените, образованието на жената е неопходно, таа треба да поседува повисоко образование или повеќе специјалистички дипломи за да заземе една поодговорна функција, што не е случај и со мажите. Чести се случаите на раководители кои, и покрај тоа што немаат соодветно образование, се наоѓаат на овие функции. Бидејќи во нашата земја нема специјализирана образовна институција за формирање на високи раководни кадри, како што е на пример Harvard Business School или American Graduate School of Internation Menagement, не би можеле да судиме за интересот на жените спрема овој вид на школи. Инаку, кога станува збор за овие школи (повеќето од студиите за жени менаџери ги земаат како пример), првата жена се запишала во 1960 год.

Една од констатациите што се провлекуваат во многу анализи е дека образованието кај жените не е поврзано со еден професионален проект. Кај мажите, односот меѓу образованието и професијата, т.е. професионалните аспирации се тесно поврзани. Одговорите од многубројните анкети покажуваат дека кон крајот на завршувањето студентките не покажале некои цврсти ставови во однос на својата идна професија или аспирации за кариера која би започнала со земањето на дипломата. Се чини дека дипломата е крајна цел, а натамошниот тек ќе зависи од случајности. Оттаму доаѓа и заклучокот дека дипломата за жените значи подобар пласман на пазарот на мајчинство.

Обично кога станува збор за сурепрезентација на жената во одредени домени, како што се на пример одредени домени во индустријата (машиноградба, металургија, енергетика и други, потоа во одредени работни места, во управата и сл., најчесто како одговор се слуша дека жените немаат соодветно образование или квалификации да заземат одредени места.[254] Тоа не е една банализација, туку еден факт што треба попрецизно да се образложи. Имено, во текот на социјализацијата кај жените се создава една ориентација кон оние професии кои ќе ја репродуцираат сексуалната поделба на трудот. Оваа ориентација има своја идеолошка позадина која се екстрахира и се лансира од самата средина со која се легитимира и стабилизира поделбата на трудот. Така, девојчињата се запишуваат на оние школи или на оние факултети кои средината ги нарекува „полесни“ и поприлагодени кон женската природа, притоа прифаќајќи како свој, еден традиционален став во однос на положбата на жената во општеството.

---

[254] D. Kergoata, *Les Ouvrieres...*

Интернализацијата на еден ваков став се случува многу рано, уште во детството, и понатаму се поткрепува и надоградува од институциите на системот. Децата уште од рана возраст слушаат што е добро да заврши еден маж, а што една жена. Тука образованието се јавува како феномен на блокада кој ги ограничува аспирациите на женските деца насочувајќи ги кон одреден тип школи. Овде веќе се работи за нееднакви шанси пред образованието.

Една витална содржина на социологијата на трудот претставуваат квалификациите. Овде би истакнале некои моменти што се поврзани со квалификациите на жените, токму заради нераскинливата врска на квалификациите со образованието. Се има импресија дека во социологијата доста површно се поминува низ овие содржини, најчесто квалификациите се земаат како формален аспект на трудот. Меѓутоа, треба да се прави разлика меѓу квалификации на работни места и квалификации на работниците. Првата се однесува на вкупноста од квалитети што се бараат од работната сила за да заземе одредено работно место. Тоа е една формална структура која ја легитимира поделбата на трудот и која повеќе е прилагодена кон една политика на управата, отколку кон техничките императиви, како што обично се презентира. Квалификациите на работниците упатуваат на образованието и искуството што работникот ќе го стекне во ефектуирањето на својата работа. Класификационата скала со себе носи идеолошка хиерархизација, т.е. диференцијација според една повисока и пониска вредност. Меѓутоа, квалификациите редовно се прикажуваат како објективни, технички параметри за поединците. Вушност се работи за затворен систем: образование-квалификации и квалификации-образование, каде квалификациите се претставени како оперативен израз на еден единствен образовен систем. Квалификациите во современи услови значат само потенцијална можност еден поединец, кој се стекнал со одредено образование, да извршува одредени задачи.

Условите во кои се извршува современиот труд, т.е. машините и парцијализацијата на трудот, го поставуваат на дневен ред проблемот околу квалификациите. За жените обично се бараат квалификативи како што се: манипулативност, брзина, умешност, чувство за детали и сл., што не се признаени како содржински елементи на формално дефинираните квалификаци и кои не може да ги даде ниеден школски систем, зашто тоа се, пред сè, природни особини. Тоа говори дека жените гравитираат околу институционализираниот систем на

квалификации со што е отежнато нивното продирање кон повисоките инстанци на хиерархиската скала на квалификациите.

## *4.1. ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО*

Кога станува збор за дискриминацијата во образованието се мисли на нееднаквата поделба на школските формации меѓу мажите и жените. Образованието се јавува како поле на кое се одвивала борбата на жените за стекнување права, односно барањето женските деца да добијат еднакви можности за образование како и машките. Во почетоците образованието било привилегија на жените од горните социјални слоеви и тоа главно се одвивало преку вонинституционални канали. Потоа, се формираат женски училишта кои отстапуваат од официјалните едукативни институции предвидени за момчињата. Долго време се мислело дека машките и женските деца се два различити света и затоа кон нивното образование треба да се пристапи диференцирано. На пример, се мислело дека мажот и жената имаат различен пристап кон природата. Мажите се склони кон анализа и оттаму произлегува моќта што ја имаат кон природата и затоа тие треба да ги проучуваат природните науки. Кај жената постои една друга склоност, а таа е да синтетизира, да резимира, со што жената не може да ја проучува, туку да ја доживува природата. Со тоа, во женските училишта биле застапени оние содржини преку кои жената подобро ќе ги научи своите женски улоги. Бидејќи *„жената е природа, т.е. религија, кај неа треба да се втиснат кроткоста, нежноста и трпеливоста, која ќе ѝ овозможи да им оддолее на сите тешкотии во животот*“ - истакнал Ж. Мишле.[255] Училиштето се јавува како трансмисионен механизам што ќе ја реализира владеечката идеологија во која жената има една инфериорна положба или нејзината контрадикција, „столб“ кој треба да биде толку цврст за да може да ги поднесе сите тешкотии.

Требало да помине долго време момчињата и девојчињата да почнат да учат во заеднички простории и на исти содржини. На формален план, денес во развиените индустриски земји постојат речиси еднакви шанси за образование. Не постојат училишта и униврзитети што се резервирани само за еден пол, освен религиозните едукативни формации кои даваат голем отпор на обидите жените

---

255 Ж. Мишле, *Жена...*

да добијат свое место во нив. Меѓутоа, и покрај овие тенденции, податоците за дистрибуцујата според полот на учениците во средните школи и студентите на универзитетите, покажуваат сегрегативни тенденции. Така, бројот на женските деца во средните технички училишта е изразито помал. Наспроти тоа, постојат учлилишта што се резервирани за девојчињата (медицински училишта, училишта кои формираат услужни работници, фризерско, козметичко, итн). Дали овде не се препознава тезата која пред малку беше изложена, дека девојчињата ги избираат оние школи преку кои ќе ги стекнат посебните (женски) квалификации и школи кои даваат такви професионални формации кои ќе можат подобро да се ускладат со мноштвото на улоги. Врз изборот на училиштето во игра влегуваат голем број фактори, но кога станува збор за женските деца пред сè значајно е да се избере она училиште, односно професија, преку која во најголема мера ќе можат да се ускладат професијата и репродуктивните улоги. Тоа го покажуваат и истражувањата кои укажуваат на лабавата врска меѓу образованието и подоцнежното занимање на жените.[256] Оваа состојба, меѓу другото, произлегува од слабата конјуктурност на нивните дипломи на пазарот на трудот, со што тие заземаат работни места кои не соодвествуваат на нивното образование. Тоа е уште еден аргумент за тоа дека образованието на жените не ја има како крајна цел професијата, а уште помалку професионалната промоција.

Во една анализа[257] сегрегацијата според полот во образованието не се толкува како резултат на затвореноста на образовните институции спрема одреден пол, туку како резултат на преовладувањето на одредени вредносни судови. Според ова истражување, постојат училишта каде ученичките се застапени од 76% до 100%, а како такви се: текстилните, економските, комерцијалните, услужните, здравствените, педагошките, трговските, културолошките и др., наспроти на училиштиата каде тие се застапени од 1 до 25% како што се металуршко-машинска, електротехнички, рударско-геолошка и сл. Сегрегацијата, според наведеното истражување, била поизразена во средните школи, отколку на факултетите. Како констатација може да се каже дека речиси во сите области жените се концентрирани на ниво на семипрофесии, што подобро го објаснува податокот за бројноста на жените во хемиските струки или

---

256 R. Lévy, *La femme, la famille et la societé...*

257 M. Blagojević, *Obrazovanje žena proizvodnja marginalnosti*, Žena, Zagreb, 3/1988.

во физиката, каде што повеќе од 2/3 се на ниво на техничари. Во една студија за научната интелегинција во Македонија[258], во која се прикажани податоци за половата структура на научната интелигенција по одделни научни подрачја, истакнато е дека во подрачјето на општествените науки обата пола се еднакво презентирани (32,8 % мажи и 32,9% жени). Тезата за сегрегација во науките се однесува на техничко-технолошките факултети, шумарскиот и земјоделскиот - за мажите, и медицинскиот факултет - за жените.

# 5. ХИПОТЕЗИ

Од она што досега беше претресувано како респективна, за вертикалната мобилност, социјална ситуација, даде можност да се синтетизираат одредени теориски заклучоци што ги чинат рамките на самата анализа. Освен рамките, т.е. границите на простирање на анализата, сам по себе се наметна и редот на содржините произлезени од фактите и нивно заокружување во една целосна концепција. Не вреднувајќи ја логиката на таквиот поредок во теориското истражување на проблемот на жените во општеството. должни сме да укажеме на влогот на личното социјално искуство и интервенцијата на авторот што во науката е респектирано. Неутралноста во општествените науки никогаш не е докажана. Кога една жена го истражува овој проблем не може само индиферентно да помине низ научната супстанца на припадничките на својот пол, таа ја доживува целокупната проблематика. Со тоа шансите за објективна анализа не се намалуваат, напротив...

## ***Генерална*** или ***прва*** хипотеза

Вообичаено е во методологијата на изложување на хипотезите де се појде од една глобална хипотеза. Нашата прва хипотеза, според тоа, би бил самиот наслов кој покажува иницијална врска меѓу група социјални фактори, како независна варијабла, и вертикалната мобилност на жените во процесот на трудот, како детерминирана варијабла. Имено, се тврди дека жените можат да напредуваат во сферата на трудот доколку се создаде една специфична ситуација која ја чинат група социјални чинители. Меѓутоа, суштината на проблемот не се

---

258 Ј. Корубин. *Живиот песок интелигенцијата* Просвета Куманово 1994.

менува ако оваа хипотеза се постави негативно, т.е. ако одредени социјални чинители делуваат како препреки во напредувањето на жените на социјалната хиерархија во сферата на трудот.

### *Посебни хипотези*

Во натамошната операционализација на почетната хипотеза, во разглобувањето на социјалната средина треба да се дистанцираат факторите од социјалната средина што во најголема мера влијаат на морфологијата и динамиката на појавата, односно на мобилноста на жените на хиерархиската скала. Така, како посебни претпоставки во сложениот социјален простор кој во најголема мера го одредува местото на жените во општеството, односно сферата на трудот се наметнаа следните:

**Патријархатот**, како систем кој ги регулира социјалните односи меѓу половите и во кој се репродуцира инфериорната положба на жената во општеството дејствува и во доменот на економските процеси. Во домените каде постои заедничко делување на мажите и жените, вклучувајќи ја сè повеќе и сферата на трудот како поле на заедничко делување, интензивната присутност на патријархалните односи го кочи просперитетот на жените и нивниот продор кон повисоките инстанци на општеството. Но и спротивно. Слабата присутност, или исчистувањето на односите меѓу половите од патријархалната супстанца, дава големи можности за една нормална динамика на жените во сите сфери на општеството.

**Репродуктивните функции**, што се целосно префрлени на жената, ја прават таа да биде инертна во посегнувањето на било каква позначајна општествена улога. Имено, репродукцијата, сфатена како еден цел систем на улоги, или кумулација од репродуктивни функции неопходни во создавањето на една човечка единка во одредени услови, се голема пречка во преземањато други улоги од други сектори, посебно на оние на кои општеството им дава посебно значење.

### *Поединечни (конкретни) варијабли*

Како конкретни варијабли, преку кои се воспоставува врска меѓу општите или синтетички претпоставки за вертикалната подвижност, се наметнуваат следните:

1. Организацијата на трудот, во рамките на својата структура (техничка и социјална), содржи елементи што се рестриктивни во однос на делувањето на жените, од една страна, а од друга страна, организацијата на трудот е базирана на одредени рационално-организациски принципи што не уважуваат одредени природни карактеристики на жената, посебно оние што се поврзани со мајчинството и со репродукцијата. Исто така, во организациите делуваат поединци чие социјално наследство и традиционализам во голема мера го кочат продорот на жените повисоко на хиерархиската скала.

2. Културата и културните обрасци на однесување преку одредени социјални механизми го регенерираат патријархалниот систем на регулација на односите меѓу половите. Притоа, како еден од најзначајните механизми е дефинирањето одредени улоги што потоа се доделуваат на машките и женските членови на заедницата. Содржината на овие улоги влијае на подвлекување на одредени способности и карактери кои потоа се дефинираат како женски и машки карактери. Голем дел од содржините на овие улоги се дедуцирани елементи на патријархалната идеологија која се пренесува во сите домени на делувањето на жените. Како индикатор можат да се наведат многубројните стереотипи што ги одредуваат и лимитираат способностите, како и карактерот на жената, лоцирајќи ја на одредено место во општеството.

3. Семејството со висок степен на значење влијае врз вертикалната мобилност на жената во сферата на трудот. И тоа:

а) Преку положбата на жената во семејството, односно преку улогите и целокупната одговорност во семејството што негативно се одразува врз напредувањето. Асумацијата на улогите води кон депривација на некои од улогите за сметка на другите.

б) Ставовите кон професијата на жената, што се креирале во рамките на првото семејство, т.е. во рамките на семејството пред жената да се омажи, како и социјалната положба на ова семејство.

в) Социјалната положба на семејството, како и положбата на семејството на нејзиниот сопруг, или маританата мобилност, е тесно поврзана со професионалната мобилност на жената.

4. Образованието е еден од факторите што правопропорционално делува врз вертикалната подвижност на жените на социопрофесионалната скала. Имено, жените со повисоко образование имаат поголеми шанси за продор кон повисоките врвови на хиерархијата. Меѓутоа, во образованието, поради

делувањето на одредени патријархални моменти, при изборот на видот на училиштето се врши рестрикција, односно сегрегација на жените кон одредени професии и занимања. На тој начин доаѓа до репродукција на поделбата на трудот според половите во која жената е редовно оддалечена од значајните домени за општеството.

# ДЕЛ 3

# ЖЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА- ПАТИШТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПРОМОЦИЈА ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ

## ГЛАВА 1

## ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

### 1. ЖЕНСКАТА РАБОТНА СИЛА ВО МАКЕДОНИЈА

Анализата на положбата на жената во Македонија ќе ја започнеме од една констатација што се наметна од претходната генерална презентација на жената низ општествата. Имено, положбата на жената во општеството е определена од општи, посебни и партикуларни моменти, чие заедничко дејствување креира една специфична ситуација во која може да се пронајде и да се расветли полето на дејствувањето на жените и нивната социјална локација. Според тоа, ако трагаме по глобалните аспекти на македонската ситуација, би требало да навлеземе во определени политички, економски и културни текови што ја изгравирале опачината на она што се нарекува *македонски социјален простор*. Начинот на остварување егзистенција на луѓето од овие географски простори, од една страна, и политичкиот егзодус на македонското население каде што голема „лузна“ втиснува петвековното турско ропство, од друга страна, не биле многу поволна почва за просперитет, а уште помалку за просперитет на жените.

Македонија, според конфигурацијата на земјиштето, е ридско-планинско подрачје што влијаело врз начинот на кој луѓето остварувале егзистенција. Според тоа, доминирале сточарско-аграрните дејности. Со исклучок на некои региони во југоисточниот дел на Македонија што претежно биле земјоделски, останатите делови биле сточарско-аграрни. Ваквата регионална поделеност во

начинот на остварување на егзистенцијата имплицира и соодветни разлики во социјалното миље. Така, се забележуваат извесни варијации во однос на определени аспекти на социјалните односи, односно варијации и во односите меѓу половите, и тоа во земјоделската варијанта на југ и југоисток и сточарско-номадската варијанта на запад. Меѓутоа, треба да се нагласи дека се работи само за релативна независност на условите за остварување егзистенција, бидејќи големи се интервенциите на политичките ситуации на овој план. Може да се зборува дури и за адаптирање на некои социјални форми на условите што биле диктирани од страна на странските власти кои имале своја доминација во Македонија.[259] Во рамките на една ваква глобална ситуација, жената зазема положба која „најсоодветно" е дефинирана од самиот народ: *„пусто женско суштество, или судбинско женско суштество"*[260], значи - суштество кое го носи севкупниот товар на репродукцијата, но и на продукцијата.

Денешната ситуација на македонската жена значајно е изменета. Но, и покрај тоа, во нејзината положба денес може да се препознае вековната суштина, товарот на животот што го носеле жените на овие простори. Се чини дека на ова поднебје условите биле такви што тоа претставувало солидна почва за потхранување на патријархатот. Голем придонес за ова има начинот на кој луѓето ја остварувале егзистенцијата, особено присутен во сточарско-номадската варијанта со елементи од земјоделието на запад, како и во ориенталниот елемент посилно изразен во овие региони, преку што, многу успешно се генерира патријархализмот. Во овие околности се наметнува прашањето: *Зошто сточарско-номадската варијанта со елементи од земјоделството е поповолна почва за владеењето на патријархалните односи, отколку другата варијанта?*. Не навлегувајќи во детален одговор, би истакнале дека тој начин ја стимулира поделбата на трудот според половите. Во таа поделба жената се занимава со куќата и со земјоделските работи, а мажот со стадото. Тоа влијае да се развие посебен однос на мажите спрема трудот, поточно - потценување на тешкиот

---

259 Интересен е аспектот во однос на формирањето на семејните задруги како основна општествено-организациона форма на ова поднебје. Имено, се смета дека тие биле формирани и заради заштита од востановениот систем на давачки и ренти, коишто селаните биле принудени да ги плаќаат, а и заради поголема сигурност од налетот на бандите кои пустошеле низ овие региони. За оваа проблематика повеќе во: Б. Петроска, *Семејниот живот, значаен фактор во општествениот живот на македонскиот народ,* Зборник на Филозофски факултет - Скопје, Скопје 1991.

260 Б. Петроска, *Семејството во Македонија во XX век,* Симпозиум „Положбата на жената во современите текови", Скопје 1994.

физички труд карактеристичен за земјоделството, што негативно се одразува врз положбата на жената, за разлика од земјоделскиот југ, каде што сите заедно, мажите и жените, работат по нивите. Се разбира, ваквото разглобување има функционална вредност во расветлувањето на поставениот проблем, но тоа не значи дека не постојат и други елементи што влијаат врз разликите меѓу источниот и западниот дел од Македонија, но тие тука не можат да се опфатат.

На прашањето: *Што носи патријархатот како содржина во односите меѓу половите?* не е потребно посебно да образложуваме. Но, за партикуларитетот во реализацијата на патријархалните односи што се во тесна врска со многу општествени збиднувања, со културата, со политичките влијанија, отпори на населението и сл., потребна е една анализа од поинаков карактер. За неа се неопходни историографски аргументи по кои сè уште нашата историска наука трага. При дефинирањето на положбата на жената во Македонија како најголем извор се користи народното творештво. Меѓутоа, и покрај прикажувањето на сегментите од социјалната пракса во овие народни творби, досега не е извршена селекција на сите аспекти што би можеле да бидат скапоцени при научните анализи. Се чини дека, доколку се направи една попродлабочена анализа на овие сведоштва за социјалниот живот на овие простори, ќе се надминат едностраните заклучоци за положбата на жената во патријархални услови на подрачјето на Македонија. Тоа ќе овозможи и поцелосно осознавање на формите и условите на општественото дејствување на жените.

Поважен општествен ангажман на жената на ова подрачје е забележан во периодот меѓу двете светски војни. Меѓутоа, тоа не значи дека пред тоа не постоело никаво вклучување на жената во општествените текови. Во нашата историографија го забележуваме учеството на жените во поткрепувањето на отпорот на македонскиот народ против Турците.[261] Всушност, станува збор за пасивно учество на жените во отпорот на македонскиот народ против турското ропство, како и за почетоци на определени форми на женско организирање. И покрај тоа што се наоѓала во сенката на општествените настани, сепак, според она што го нудат податоците, можеме да конструираме слика на жена која успева да се снајде во постоечките услови и да потпомогне во реализацијата на одредени

261 В. Весковиќ-Вангели, *Жената во ослободителните борби на Македонија* Култура, Скопје 1990.

цели и задачи. Од организационите форми на жените во овој период познати се т.н. *Неделни училишта* како на пример во Охрид, Струга ит.н., каде што жените се организирале под раководство на ретките интелектуалки. Често се истакнува и учеството на жените при организирањето на *Илинденското востание* како пренесувачи на пошта, на оружје, снабдување со храна и облека за револуционерите и сл.

Почетоците на индустријализацијата во Македонија коинцидираат со почетоците на политичкото организирње во рамките на одредени комунистички кругови кои прават напори да ги активираат и да ги придобијат жените во рамките на своите активности. Имено, Македонија во овој период е земја каде доминира ситното земјоделско производство и патријархалното земјоделско домаќинство. Според податоците, во 1931 година 84,6% од активното население го сочинуваат земјоделци, а само 10,7% од активното население отпаѓа на индустријата.[262] Кога станува збор за положбата на жената во македонското општество, нужно се наметнува анализата на старите семејни патријархални структури, како доминантни организациони облици на општеството. Семејните задруги се оригинална форма на општествена организација условена од специфичните економски потреби и од други општествено-политички услови во времето на нивното појавување.[263] Не навлегувајќи подлабоко во анализата на овој мошне важен феномен за нашата социологија, би укажале само на некои аспекти од овие, не така едноставни заедници, што се одликуваат со свој економски поредок, односно со поделба на трудот, со хиерархија, со систем на распределба ит.н. Еден од аспектите на семејните заедници, што ќе овозможи продирање во суштината на положбата на жената, е расветлувањето на положбата на жената што таа ја имала во нив, положба која ќе се рефлектира врз положбата на жената до најново време За оваа анализа е важно тоа дека на жената во овие семејни заедници се гледало како на значајна работна сила, а тоа е разбирливо со оглед на екстензивното земјоделство што бара голем трудов ангажман. Поделбата на трудот во овие заедници немала исклучиво природен карактер, туку варира од условите и организацијата на трудот што е под водство на еден од постарите машки членови на поширокото семејство. Положбата на

---

262 Л. Никодимовски, *Индустријализацијата и тенденции во развојот на работничката класа во Македонија.* НИО Студентски збор, Скопје 1987.

263 Б. Петроска, *Семејниот живот, значаен фактор во општествениот живот на македонскиот народ.* Зборник на Филозофскиот факултет - Скопје, 1991.

жената во рамките на овие заедници била незавидна. Таа била третирана, пред сè, како неопходна работна сила, таа го носела товарот и на продукцијата во рамките на овие заокружени семејни општества, но и на непрекинатата репродукција.

За подобро да се сфати положбата на жената може да послужи еден извадок од еден оригинален документ каде се вели: *„При тие еснафски, ситнобуржуаски, економски однесувања на луѓето во Македонија, жената е била само работна снага и продоложителка на човечкиот род. Таа се сметала за човек од втора категорија, а мажот како човек од прва категорија. Македонката, а особено македонската селанка, била многу ценета, се плаќало доста скапо и прескапо за неа при женидбата затоа што е претставувала солидна работна снага при женадбата.“*[264]

Непосредно пред Втората светска војна се забележува позначајно вклучување на жените во сферата на општествениот труд. Иако не постојат податоци преку кои ќе се следи движењето на женската работна сила во периодот меѓу двете светски војни, сепак постои општа согласност дека тоа нејзино учество е релативно мало. Во Македонија биле развиени оние индустриски гранки што соодветствуваат на нејзината суровинска основа: тутуно-преработувачката индустрија (66,4% од вкупната индустриска работна сила), прехранбената, текстилната (килимарството), метало-преработувачката и други гранки што биле незначително развиени. Од повеќе причини, меѓу кои посебно значајни се: недостигот на инвестициите, непостоењето домашна буржоазија како и геополитичката недефинираност на Македонија, се инвестирало во лесната индустрија, со цел да се искористи евтината работна сила и суровинскиот материјал. Може да се констатира дека се развиле оние индустриски гранки во кои традиционално се вработува женска работна сила. Така, индустријализмот во Македонија, со сите свои специфичности што резултираат од политичкиот и од културниот контекст, почнува да го оформува својот лик. Според некои автори, во Македонија во овој период не може да се зборува за класична индустрија, бидејќи од вкупно 116 претпријатија во 1935 година нема претпријатие што вработува повеќе од 50 вработени. Меѓутоа, пазарот на труд ја добива онаа вообичаена слика за капитализмот, каде што конкуренцијата е многу голема и

---

264 *За револуционерните традиции на жените во Македонија - Жените во Македонија во НОВ*, ИНИ (Редакција на В. Весковиќ-Вангели и М. Јовановиќ), Скопје 1976, 1.

каде што, поради ниската вредност на женската работна сила, жената има поголеми шанси да ги заземе местата во лесната индустрија. Условите за работа, особено во тутунските монополи биле многу тешки - се работело по 14 часа во денот. На сето ова, ако се придодаде мошне слабата организираност на работниците во работнички асоцијации, може да се каже дека во Македонија во овој период постојат еден вид колонијални односи со висок степен на експлоатација, како на работната сила, така и на суровините.

Интересно е, исто така, видувањето на работничките од страна на погоре цитираниот автор кој вели: *„По војните, а особено во последните години со вовлекувањето на жените од 'потполица, во фабриките и монополските складови во Македонија се создаде тип на жена- работничка. До првата Војна не беше познато жената да оди на работа со туѓи мажи по фабриките, но тоа сега се јавува. Множество од тие жени се млади момичиња, кои се жестоко експлоатирани. Влегувајќи во нови производни односи и подлегнувајќи на непосредна експлоатација - Македонката е принудена да се бори на економска база...“*[265]

## 2. БИТНИ АСПЕКТИ НА ПРОМЕНАТА НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА ВО СОЦИЈАЛИЗМОТ [266]

Меѓу многуте значајни промени што се случија во периодот по Втората светска војна, на политички, економски, културен и на другите планови, тука накусо би ги разгледале промените во сферата на трудот, особено во оној негов сегмент што се однесува на женската работна сила. Новата положба во која се најдоа жените се должи на глобалните промени што го зафатија целото општество. Основното јадро од кое почна да се развива овој систем на општествени односи е политичкиот систем и социјалистичката идеологија.

Основен материјал, вграден во севкупната идеолошка конструкција на овој систем, беше трудот. Всушност, трудот којшто бил презиран или понижуван

265 Ibidem, 2.

266 Со оглед на тоа што терминот *социјализам* може да предизвика оправдани реакции, пред сè заради неговата повеќезначност, ќе ја појасниме неговата употреба. Тој тука се користи како име (назив) за општествата во кои била наметната изградбата на социјалистички односи. Фактот што овие општества се нарекуваа социјалистички не може да се елиминира. Не навлегувајќи подлабоко во суштината на овој проблем, го преземаме ова како готов факт, а поради јасноста во анализата нема да се употребува додавката *т.н.*

во сите претходни епохи, во сите овие општества, добива една посебна важност. Глорификацијата на трудот беше во функција на промената на општествените односи, т.е. со тоа што ќе се овозможи во општеството главниот збор да го имаат оние кои работат и ги создаваат средствата за егзистенција ќе се изврши елиминација на односите на подреденост и надреденост, пред сè во економската област на општеството. Во рамките на тој политичко-идеолошки концепт се реализираше економското, политичкото и севкупното општествено дејствување на жените. Основен принцип, како и мера според која луѓето се вреднуваат беше трудот. Тоа овозможи старите вредности и мерки, при коишто положбите беа определувани според потеклото, националноста, полот итн., да се заменат со една универзална човекова мера. Во забрзаниот општествен развој, а тоа беше главна цел, посебно беше истакнуван трудовиот потенцијал на жените, како и потребата од економска еманципација што ќе го расчисти патот за поширок општествен ангажман на жените. Значи, клучот за остварување на рамноправноста беше во трудот.

Она што дава посебен белег на системот на социјалистичкото самоуправување е обликот на воспоставување контрола врз основните средства за остварување на егзистенција. Имено, се работи за една тенденција за прекинување на долготрајната историска пракса на елиминирање на производителите од контролата, регулацијата и организацијата со општествениот труд. Така, беше прокламиран системот на автоконтрола, саморегулација и спонтана организација на производството. Социјалистичкото самоуправно општество беше замислено како општество без хиерархија или општество на **„инверзна хиерархија"** во форма на превртена пирамида.[267]

Во својата конструкција, социјалистичкото општество се темелеше врз марксистичката теорија. Од аспектот на женското прашање, оваа теорија веќе беше доволно образложена. Меѓутоа, процесот на социјализмот што се одвиваше на овие простори беше обележан со многу специфичности произлезени од испреплетеноста на дотогашниот начин на остварување егзистенција, традиционалните облици на општествено живеење, културата, менталитететот на населението итн. Така, глобална тенденција, односно првична цел на социјалистичкото општество беше брзата индустријализација.

---

267 B. Horvat, *Politička ekonomija socijalizma...*, 160.

## 2.1. БРЗАТА ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈАТА - КАКВИ ПРОМЕНИ ВО ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА?

Индустријализацијата, како основна содржина на социјализмот, предизвика брзо преструктуирање во економската област. Како резултат на тоа дојде до брз пораст на индустриската работна сила.

Во однос на женската работна сила, почетниот период на социјалистичката индустријализација не беше многу значен. Затоа што во Македонија во повоениот период (1948) повеќе од 70% од активното население било земјоделско, тоа значи дека главна регрутна група за индустриската работна сила биле селаните. Миграциите село-град ја обликуваат социјалната фотографија од тој период, рефлектирајќи се врз сите социјални процеси, пред сè во начинот на остварување на егзистенција, т.е. во индустријата, концентрацијата во градовите, промените во семејството итн. Преголемиот ентузијазам за изградба на едно ново општество и идеолошката еуфорија, сепак, не можеа да го победат закоравениот патријархализам што бившите селани го носеа во себе, а сега индустриски работници. Мажите ги напуштаа селата за да се вработат во индустријата, оставајќи ги своите сопруги.

Во овој период, македонската жена, главно неписмена и потисната од патријархалниот морал кој ја држи прицврстена за домот и семејството, не е во состојба да ги пробие традиционалните барикади и да се појави во новите општествени текови. Таа се најде во уште поголема социјална изолација на работничките предградија, борејќи се да го коригира нискиот работнички стандард. Ова беше судбина на голем број жени кои, водени од желбата за чисти градски куќи и сигурност, со големи чекори брзаа да ги напуштат селските зачадени огништа. Така, тие формираат една посебна социјална група, најбројна во групите жени, т.н. *домаќинки*, која во номенклатурата постои токму да означи една група без професија и без доход.[268] Самото име на оваа категорија го покажува општествениот статус на тие жени - тие се домаќинки. Сепак, тоа е

---

[268] Статистиката во рамките на номенклатурата на професиите на крајот, по пензионираните лица, ја поставува категоријата *домаќинки*. Некој што не е доволно упатен може да помисли дека се работи за општествено признаена и валоризирана професија на лица кои извршуваат дејност во домаќинството. Всушност, во рамките на занимањата постои занимање *домакин*, но, тоа име се однесува на работното место коешто се грижи за инфраструктурата на некои објекти. А, во статистиката тоа е онаа категорија со која се опфаќаат сите жени кои не се во работен однос и се без професија.

една предност во однос на нивните *колешки* од другите општествени средини, бидејќи нив општеството ги регистрира како посебна категорија, легитимирајќи го нивниот статус. Иако е ова една од најинфериорните социјални категории, таа е секогаш на последно место од категоризациите, сепак тоа е чекор повеќе. Тоа е личен белег, бидејќи во други поразвиени средини не се води евиденција за статусот на мажените жени кои немаат своја професија, тие влегуваа во професионалната категорија на своите мажи.

Продорот на индустријализацијата на овие простори го има истиот оној белег што развојот на индустриските односи го имаше во сите други неразвиени земји. Разликата е во тоа што социјализмот овој процес го направи многу брз, прескокнувајќи определени етапи забележани во еволуцијата на индустријализмот.[269] Првенствено значење во развојот на гранките на индустријата доби тешката индустрија. Дојде до една молскавична екстракција на луѓето од дотогаш востановениот начин на остварување на егзистенција, без преоди или подготовки што се карактеристични во еволутивниот развој на индустријализацијата. Компензација за тежината на преминот беше идеолошката визија. Станува збор за една огромна мотивациска сила што ја наметна идеологијата, односно моќта на идеологијата да манипулира со најскриените тенденции на личноста како што е надежта, вербата, желбите, емоциите и сл.. Така, „сувите пиперки" по балконите како да ја покажуваа на некој начин носталгијата, и доскорешната култура на живеење на поголем дел од населението, но и тоа дека преминот не може да биде така брз и едноставен. Впрочем, социологијата на индустриската револуција го покажува тоа. Потребно е да поминат неколку генерации на индустриски работници за да се усвои логиката на индустрискиот систем.

Овие функционално избрани аспекти од положбата на жената во овој период укажуваат на тоа дека процесот на економската еманципација на жените е доста бавен. Необразовани и неквалификувани во првите децении на социјализмот, и покрај силната пропаганда на системот за рамноправност на жените со мажите, форсирањето на женските ограноци во комунистичките организации итн., жените се најдоа на периферијата од овој систем, во понеизвесна ситуација, оттргнати од органскиот патријархален систем на селските домаќинства.

---

269 A. Eggebreht, J. Fleming, *Povjest Rada...*

Во овој период од изградбата на социјалистичкото општество, според статистичките податоци од 1953 година, 22% од вкупната женска популација се активни, или 27,65% од вкупно активните лица се жени. Индикативен е податокот што најголем број од активните женски лица се на возраст од 15 до 24 години, а тоа значи дека се работи за релативно млада популација социјализирана и образована во повоениот период. Социјализмот не можеше, и покрај огромната идеолошка енергија, да ги разбие традиционалните барикади и да интегрира поголем број од жените во општествените текови.

Учеството на жената во органите на управата во претпријатијата, во овој ран период од социјалистичката изградба, е многу мало. Така, на пример, во 1954 година од вкупниот број вработени лица во општествениот сектор, 18,54% се жени, а од нив како членови на пошироките управни тела, какви што беа работничките совети, биле само 8,7% жени. Во управните одбори, како повисока инстанца на управување, жените биле застапени со 4,33%. Во рамките на овој временски исечок од развојот на општеството, но карактеристичен и за натамошните етапи, бил присутен еден специфичен критериум за избор на жените во повисоките општествени инстанци. Имено, се работи за критериумот т.н. *клуч*. Тоа знчи дека при изборот на лицата се водело сметка во определени структури да влезат и соодветен број претставници според националното или половото обележје. Така, жените не влегуваа по своја желба, или како функционален дел од самоуправните тела, туку едноставно како фигури задоволувајќи ја формата на идеологијата.

Структурата на женската работна сила по сектори, во овој период, ја покажува индустриски традиционалната дистрибуција на работната сила според полот. Така, најголем број жени биле вработени во текстилната (66,8%) и во тутунската индустрија (52,5%).

Во наредниот десетгодишен период се забележуваат промени во однос на продорот на женската работна сила кон сферата на трудот. Иако стапката на пораст на женската работна сила во вкупниот број вработени не е висока, сепак таа покажува едно пермантното зголемување. Во 1966 година жените во вкупната структура на вработени учествувале со 24,26%. Анализата на структурата на работната сила по дејности покажува дека жените се концентрурани во текстилната индустрија, што претставува 16,96% од вкупната женска работна сила или, 62,1% од вкупно вработените во оваа гранка. Во индустријата на тутун се забележува опаѓање на женската работна сила, тука

жените учествуваат со 48,84% во вкупната работна сила. Меѓутоа, во овој период се забележува зголемување на бројот на вработените жени во трговијата која станува една од гранките што во наредните периоди ќе стане сегрегационен центар на женската работна сила. Всушност, нестопанскиот сектор, посебно здравствено-социјалната заштита и образовнието ќе станат сектори што ќе апосорбираат значаен дел од работната сила.

Во периодот од 1966 до 1974 година стапката на порастот на работната сила е 1,4%, а стапката на порастот на женската работна сила е 0,71%. Тоа значи дека вработувањето на жените значително заостанува во однос на вработувањето на мажите. Треба да се истакне и фактот дека во овој период од развојот се иницирани бројни стопански реформи кои пред сè се однесуваат на организацијата на трудот и регулацијата на односите во производството. Во структурата на работната сила по сектори, во овој ист период, забележуваме пораст на вработени жени во текстилната индустрија чија стапка на пораст изнесува 2,9%. Наспроти оваа стапка на пораст во текстилната индустрија, која значително отскокнува од општата стапка на пораст на женската работна сила, се забележува негативен тренд во движењето на тутунската индустрија, а таа е -36% во однос на претходните периоди. Тоа укажува на структурни промени во сферата на економијата и тенденциите на движењето на работната сила. Имено, во глобалнните движења на работната сила во тутунската индустрија, која дотогаш била традиционална гранка на вработувањето на жените, се забележува едно незначително опаѓање на бројот на вработените, но, во однос на женската работна сила, оваа важност е многу поголема. Значи, жените се истиснати од овој, за нив традиционален сектор, а нивното учество е зголемено во трговијата, каде за период од 9 години тој се удвојува. Исто така, нестопанството станува сектор каде што сè повеќе се згуснува женската работна сила, со позначајна присутност во школите и во здравството. Со тоа се потврдува континуитететот на природната поделба на трудот. Имено жените инклинираат кон оние т.н. *женски занимања* за кои се мислело декá се поврзани со одредени природни особини, занимања што се тесно поврзани со традиционалните женски активности: облекувањето, негата, образованието, воспитанието и сл.

Ако повторно како период на анализа гоземеме следното десетлетие, повторно ќе се констатира еден нагорен тренд во движењето на женската работна сила. Од периодот по донесувањето на Законот за здружен труд (1976 година) кој требаше квалитативно да го измени економскиот систем и

стопанисувањето со општествените средства, се забележува еден голем пресврт во однос на жените и вработувањето. Имено, ако стапката на вработување од 1975 до 1985 е 1,5%, тогаш стапката на вработувањето на жените изнесува 2,1%. Тоа значи дека во овој период се вработувале повеќе жени отколку мажи. Иако не се работи за висока стапка на вработување, споредено со вработувањата во другите републики на тогашна Југославија, сепак за условите во македонското стопанство тоа има поголемо значење. Инаку, овој период е исполнет со големи промени на глобален општествен план, пред сè иницирани за да се разрешат натрупаните проблеми во економската сфера. Меѓутоа, како непосредна причина за воочената тенденција на планот на женската работна сила се забележува зголеменото вработување во администрацијата, која со оваа реформа значително беше стимулирано. Како причина, исто така, може да се истакне и печалбарството и емиграцијата на машката работна сила. Вработувањето во текстилната индустрија во овој период се движи со стапка од 1,6%, во трговијата и во образованието 1,9%. Може да се заклучи, со оглед на овие статистички показатели, дека овој период бил најповолен за жените. Секако дека ова движење на женската работна сила не може да се одвои од другите движења во сферата на стопанството чијшто детален преглед не можеме да дадеме овде.

Стапката на движењето на работната сила во натамошниот десетгодишен период покажува намалување на стапката на вработеноста. Таа изнесува 0,77%. Меѓутоа, она што привлекува особено внимание во овој период е движењето на женската работна сила, односно стапката од 0,68% која покажува една крајно негативна тенденција. Се работи за еден период на брзи промени, односно од една етапа на полет кој значеше повисока стапка на вработување на жените во однос на мажите, до етапа на длабока криза со многу слаб пораст на работната сила, што за жените бил крајно неповолен. *Дали со ова не се потврдува претходно поставената теза дека, во услови на економска криза, жените први го чувствуваат ударот на кризата?* Станува збор за еден период со длабоки превирања во општеството. Овој период на агонија претставува, и натаму ќе претставува, богат извор на сознанија за општествените науки. Во однос на ова, би дале само една констатација за очигледноста на социјалната руптура во системот, и на неговата дисфункција во сите области на социјалното. Истражувањето на причините за сето тоа претставува една од идните задачи на социологијата која веќе покажува интерес. [270]

---

270 Нашата општествена мисла денес не се впушта во потрагата по причините за кризата на социјализмот и Југословенското општество, како што се прави во другите републики на

Структурните промени во овој период покажуваат тенденција на поголема сегрегација на женската работна сила. Така, во текстилната индустрија стапката е позитивна и бележи тенденција од 2,2%, што во однос на општата стапка покажува дека наспроти периферизацијата на жените од другите сектори на економската сфера, тексилната индустрија сѐ уште апсорбира голем дел од женската работна сила. Таа е поврзана со една специјална политика на државата што го стимулира инвестирањето во оваа гранка на производство. Имено, текстилната индустрија како трудоинтензивна гранка на производството се јавува како поволен регулатор на социјалните тензии. Во овој период се забележува значителен пад на стапката во трговијата од -0,57%, во образованието 0,37% и во здравството од 0,72%.

## 3. *ЖЕНИТЕ НА РАКОВОДНИ ФУНКЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА*

Покрај социо-културниот контекст, како глобална рамка во која се остварува дејствувањето на жените во сферата на трудот, постои еден мошне значаен момент чиешто влијание во оваа област е големо. Тоа е карактерот на општествениот систем кој му даде посебен белег на економскиот систем. Во рамките на социјалистичко-самоуправниот систем, акцентот беше ставен врз поопштествувањето на управните функции. Се работи за внесување нова димензија во управувањето, со што тоа доби и поинаква социјална природа од онаа што се среќава во другите системи. Неопходно е, во оваа анализа на кадрите во Македонија, накусо да се укаже на неколку категории, односно на институционални рамки во кои се остваруваа управните функкии.

Според својата природа, самоуправниот систем е идеативна творба штоа е спротивна на хиерархиски поставените системи и според тоа во неговата теориска или формална поставеност не е легитимирана хиерархиската структура. Меѓутоа, иако идеолошки нелегитимна, сепа́к во теориската и практичната засновеност на овој систем воочена е една хиерахиска структура со специфична морфологија. Имено, овој тип на организација на трудот беше претставен како антипод на класичните хиерахиски ситеми од тејлоровски тип.

---

бившиот ЈУ простор. Во Србија е направено многу на овој план. Повеќе за ова во: S. Bolčić, *Tegobe prelaza u preduzetničko društvo,* Beograd 1995, *Društvene promene i svakodnevni život,* ISI. Filozofski fakultet, Beograd 1995, Sociologija 3/1992 Beograd и др.

Презентирана е една структура во форма на превртена пирамида, која го симболизира делегатскиот систем каде што се спроведува процесот на донесувањето на одлуките од најшироките слоеви кои се на врвот до оние малубројни инстанци на дното кои имаат извршна функција, реализирајќи ги барањата на мнозинството.[271] Така, според формалниот аспект, моќта и одговорноста се наоѓаат во базисот на пирамидата што симболично се наоѓа горе, а органите на управување се оние долу. Како органи на управување фигурираат колективните тела како што беше на пример колегијален работоводен орган, управен одбор, работнички совет и сл. Ако се прикажува самоуправувањето според формалните документи или програмски акти што го креираа како една идеја, тогаш малку ќе се допре од вистинската природа на овој систем. Ова произлегува од постоечкиот дуализам меѓу концептот и самата пракса, меѓу идеологијата и реалното живеење на системот. Само мал дел од одредени научни трудови укажуваа на процесите што се случуваа во стварноста.[272]

Во рамките на концептот за управувањето се правеше разлика меѓу раководењето како стручна техничка активност и самоуправувањето како институција за регулација на општествените односи. Оваа двојност на хиерархијата на стручен дел, односно технички компетенции што се одвоени од моќта, и моќ која не е одговорна за техничките аспекти, имаше свои импликации врз организацијата на трудот и ефикасноста на самиот економски систем.[273] Оваа анализа ќе беше побогата доколку можеше да се дадат повеќе сознанија за карактерот на самоуправувањето и неговото влијание врз можностите жените да напредуваат во сферата на трудот. Но, поради недостаток, пред сè на емпириски

---

271 J. Županov, *Samoupravljanje i društvena moć;* B. Horvat, *Politička ekonomija socijalizma.*V. Rus, V. Arzenšek *Rad kao sudbina i kao sloboda...*

272 Ова посебно беше прикажувано во: J. Županov *Samoupravljanje i društvena moć, Marginalije o društvenoj krizi* и др.

273 Не само терминолошко, туку и суштинско е прашањето за тоа што во себе содржи терминот *раководење.* Со оглед на тоа што не може да се следи старата пракса поради суштинските промени на природата на водењето во сферата на трудот, се наметна терминолошката дилема. Дилемите се уште поголеми поради непостоечка официјална номенклатура што ќе ги разграничи функциите на водење чиј број не е така мал. Тука се прифати терминот *раководење* како термин со кој се покрива општото значење на водењето во сферата на трудот, при што е консултиран српско-македонскиот речник од каде е преведен терминот *руковођење* кој во буквален превод значи 'води за рака'. Овој термин како таков влегува и во нашата научна терминологија и се чини посоодветен од терминот *работоводење* кој може да е посодветен за означување на техничките инстанци каде акцентот е ставен врз работата (процесот), а помалку на водење на луѓето.

испитувања и посистематизирани сознанија, оваа анализа е во многу нешта лимитирана.[274] Сложен е зафатот на систематизацијата на оваа проблематика и затоа тоа не може тука да се направи. Но, тоа не пречи во изнесување на согледувањата на некои тенденции забележани од извесна временска дистанца.

Во 1986 година, од 10316 лица на раководни функции, 1197 биле жени, односно 11,60% од раководниот апарат го сочинувале жени. Тука се опфатени сите функции во хиерархијата, севкупниот раководно-управен апарат. Студирајќи ги податоците за жените-раководители, воочуваме неколку тенденции. Имено, во текстилната индустрија, каде жените сочинуваат 72.37% од вработените, само 18,56% од раководителите се жени и тоа на пониски рамништа (бригадири, раководители на смени итн). Понатаму, во трговијата каде жените се застапени со 44%, на раководни функции на сите рамништа биле 8.8%, во образованието каде 49% од вработените се жени, 15% биле на раководни функции. Во здравствено-социјалната заштита се забележува една поповолна ситуација, каде се забележува мошне висок процент на вработени жени 70.2%, во раководењето со 28,57% од севкупната управна структура.

Податоците покажуваат дека најмал е бројот на жените на раководни функции во индустријата, каде просекот за сите индустриски гранки изнесува 9,66%. Така, на пример, во оние области кои традиционално вработуваат машка работна сила, како што се: рударството, електростопанството, црната и обоената металургија, машиноградбата и др., процентот на учеството на жените на раководни функции не е поголем од еден.

Иако прикажаните податоци се однесуваат за периодот од пред десет години, сепак можеме да донесеме некои заклучоци за фактичката состојба на нашиве простори во поглед на половата димензија на управните структури. Радикалните промени, т.е. економската транзиција, донесоа многу промени на планот на општествените односи во стопанисувањето, пред сè мерките за преструктрирање во еден поинаков (нов) економски систем. Дојде до целосна

274 Со големо жалење мораме да констатираме дека и покрај напорите да се дојде до понови статистички показатали тоа не можеше да се направи. Статистичките служби што треба да ја водат кадровската евиденција се соочени со бројни проблеми од организациони и техничко- материјална природа. Како посебен проблем ја констатираме конфузијата околу регистрцијата на кадрите според вообичаената номенклатура. Се очекува со пописот на работна сила што се врши секои десет години, а тоа би била 1996 да се дојде до одредени податоци и за раководните кадри. Затоа сме принудени да ги користиме податоците од пописот на работната сила од 1986 година со стариот категоријален апарат што прави една руптура во самата анализа и во заклучоците.

промена на општествените услови на стопанисување. Тоа се смени во формата на сопственоста, потоа организациското преструкутирање, внатрешната и надворешната политика и многу други моменти што ја прават сложеноста на новиот социјален контекст. Овие промени предизвикаа промена на социјалната природа на организациите, а заедно со тоа и промени на одредени организациски варијабли, меѓу кои посебно е значајна раководно-управната функција која во целост ја измени својата природа. Имено, заедно со промените во сопственоста, управувањето се трансформира во една менаџерска активност со сите прерогативи на менаџментот, односно со одговорноста, одлучувањето, со адекватниот тип контрола итн.

Меѓутоа, што се однесува до промените што настануваат во движењето и третманот на работна сила како и во пристапот кон менаџерските функции од страна на жените и на половиот диспаритет по однос на овие функции, не можеме во овој миг да дадеме прецизни математички показатели. Такви податаци, како што беше спомнато и претходно, не се креирани од страна на надлежните институции.

Имајќи ги предвид податоците од 1986 година, би констатирале една маргинална улога на жените во управните структури. Всушност, постои еден поразителен податок кој го покажува тоа, а тоа е дека само 0,67% од вкупно вработената женска популација се наоѓа на раководни функции, за разлика од мажите каде таа застапеност е неколку пати поголема, односно 2,81%. Најголемиот број од женската вработена популација зафаќа неквалификувани, нестручни и извршни работни места без големи можности за влијание врз економските текови во претпријатието, како и надвор од него.

Според еден примерок од 200 претпријатија кои не се во стечајна постапка би можело да се согледаат некои карактеристики на оваа појава во овој преоден период.[275] Така, во периодот на 1994 години во претпријатијата кои вработуваат над 200 вработени, имало само 4 жени на позицијата *генерални директори*. Но, тоа е на највисокото ниво, подолните нивоа покажуваат поголема отвореност кон жените, посебно кон ресорот *финансии*. Во рамките на истиот примерок претпријатија на функцијата *финансов директор* се наоѓале 24 жени. Не навлегувајќи во експликацијата на природата на оваа функција и зошто овој сектор е поотворен во однос на жените, отколку другите сектори, би

---

275 100 Најуспешни претпријатија, 1993 и 1994.

упатиле на оние констатации што беа дадени уште во теорискиот дел. Имено, се работи за една помалку динамична функција, која мошне успешно се извршува во рамките на претпријатието, не бара широк број контакти со клиенти, иако помага во креирањето на политиката, нема директно учество во тоа и сл.

# ГЛАВА 2

# ПАТИШТАТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ПРЕКУ ТРУДОТ

## 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА

### *1.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ*

Анализата на социјалните чинители во вертикалната подвижност на жените во сферата на трудот ќе биде направена според резултатите добиени од истражувањето во кое се опфатени главните сегменти на стопанството во Македонија, односно во индустријата и рударството, сообраќајот и врските, шумарството, градежништвото и во трговијата. Одлуката за еден ваков избор дојде како резултат од потребата истражувањето да се постави во определени методолошки рамки, кои пак од друга страна се тесно поврзани со природата на појавата. Имено, во рамките на стопанството и нестопанството постојат многу различни дејности според својот вид, односно постои такво разноличие на содржините на трудот, што е многу тешко тие да се споредуваат меѓу себе. Затоа, се чинеше посоодветно анализата да се ограничи на едно похомогено подрачје. За таа цел се послуживме со една класификација што ја користи нашата општествена пракса при класификција на разгранетата мрежа од активности што ја создава поделбата на трудот. Иако активностите во таквата класификација не се поделени според содржината на трудот, туку според определени економски параметри (доходот), сферата на стопанството како сфера во која се создава доходот е порелевантна за проучуваниот проблем, отколку сферата на нестопанството. Во неа, бројната застапеност на жената е значително помала, особено во одредени гранки на индустријата и трговијата каде што пристапот на жените е сè уште тежок. Но, тоа секако не значи дека ова подрачје е хомогено. Така на пример, ако се направи анализа на само едно претпријатие, ќе се види дека внатрешната поделба на трудот опфаќа најразновидни работни места, од извршен и управен труд, административен и производен, креативен, научен, манипулативен итн. Тоа дава погодности да се дојде до определени сознанија за природата на работата што ја вршат жените во овој витален сектор на

општеството. Од друга страна, овој сектор пружа погоден терен да се пресретнат одредени социјални варијабли во еден почист вид, бидејќи тука се јавуваат такви сектори како што се индустријата и рударството каде застапеноста на жената е многу мала со што се јавуват можности оние жени кои го направиле продорот кон повисоките инстанци да укажат на значајни моменти во напредувањето на хиерархијата. Всушност, тоа значи проучување на појавата таму каде што најмногу се манифестира. Од овие причини не беа опфатени жените во секторот *финансии* и *банкарски услуги*, бидејќи тука жените се застапени со повеќе од 50%, што е ситуација слична на онаа во здравството, образованието и сл. Во нестопанството продорот кон повисоките инстанци е поедноставен, на што покажуваат погоре наведените податоци. Ваквата редукција на предметот на истражувањето не донесе олеснителни околности, освен во елаборацијата на методолошката доследност. Имено, беше навистина тешко да се одржи теориски утврдената квота на примерокот. Претпоставката дека лесно ќе се дојде до една група жени (40) на високи функции во веќе маркираните области, во практиката се покажа како нереална. На овој план се испречија многу проблеми. Требаше да се испитаат речиси сите случаи, односно жените на врвните позиции (топ менаџмент), генерални директорки, заменици, технички директорки или директорки на производството и директорките за финансии. Тоа не беше едноставно со оглед на природата на нивната работа, нивните чести отсуства, но и самиот прашалник кој се состоеше од 78 прашања. Во изведбата се покажа дека анкетниот прашалник беше само теориска рамка која го насочуваше текот на разговорот, а всушност се работеше за еден отворен, длабок разговор кој ги допираше чувствителните подрачја на испитаничките, оние кои беа клучни за нивната кариера. Тој начин се чинеше посоодветен во склопувањето на мозаикот на социјалната ситуација и можноста да се елиминира сугестивноста на истражувачот во добивањето на одговорите. За текот на истражувањето не беше предвидена никаква темпорална рамка, од причина што времето немаше посебно влијание врз прибирањето на податоците. Меѓутоа, во текот на истражувањето, времето се покажа како битен фактор, бидејќи во брзите промени се случуваше составот на менаџерските тимови да се промени. Се доби чувство дека на ова поле се води најголема битка со времето. Најголемата тешкотија во текот на истражувањето беше токму тоа време, како да се дофати едно интермеџо во таа битка со времето и да се реализира нашата цел, односно враќањето назад.

Како што веќе беше спомнато, истражувањето се реализира во 40 претпријатија - 34 општествени претпријатија со над 400 вработени, и 6 претпријатија од приватниот сектор. Директорките од приватните претпријатија се именуваат како генерал-менаџери, и истите пред да дојдат на оваа функција извршувале одредени функции во општествени претпријатија во кои претходно биле вработени. Овие шест случаи од приватниот сектор анализата ја збогатија со нови моменти. Тоа, пред сè, укажува на промените на планот на современиот менаџмент во Македонија, потоа на проблемите во стопанисувањето со приватниот капитал и условите за работа на жените.

## *1.2. МЕТОД НА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ*

Специфичноста на методот на прибирање на податоците, квалитативната анализа, носи извесни тешкотии на планот на нивната интерпретација. Имено, квалитативната анализа која се базира на мал број, но *интензивни* случаи, прави големи наслаги од суров материјал. Со оглед на тоа, главниот проблем се состои во средувањето на сите информации како и во правењето коридор за нивно презентирање. Затоа, како прв чекор се наметна евидентирањето на секоја информација, потоа формирање на факти што не кореспондираат само со една информација, туку со повеќе, за понатаму да се изврши идентификација на контекстот кон кој тие припаѓаат. Реална опасност, при еден ваков пристап кон суровата евиденција, е лошата валоризација на информацијата, т.е. формирањето на фактот. или површно поминување преку многу информации. Поради тоа, како неопходност се наметна систематизацијата на секоја информација и нејзиното асоцирање во одреден факт. За таа цел беа формирани мрежи на информации кои соодвествуваат со одредени теми дадени како теориски претпоставки. Исто така, како момент кој го отежна средувањето на податоците ја забележавме воочената контрáдикторност на ставовите на испитаничките по однос на одделни прашања. Всушност, имајќи ја предвид природата на овој проблем. чувството на комплексност и контрадикторност беше неизбежно. Тоа доаѓа од различните улоги што жените ги имаат. Таква е контрадикторноста, на пример, меѓу улогата на мајка одговорна за своето семејство и осудата на оние жени кои ги запоставиле своите семејства, и од друга страна улогата на високопрофесионална личност која бара голем ангажман на овој план. Се чини дека овие жени имаат

тешкотија да се идентификуваат со едната или со другата област и улогите што тие ги наметнуваат. Во таа смисла, беа забележани грешки кои во методологијата се познати како „логички“. Но се чини дека општеството и природата во една „непринципиелна коалиција“ како да ја одзеле целата логика, за да ја постават на нејзино место жестоката борба, за истата да се надмине. Жените, свесни за нивните улоги во семејството, оние кои со едно име се прикажани како „столб на семејството“, ги осудуваа жените кои изневериле на овој план. Но, веднаш потоа се изложува ставот за потребата од професионална и лична промоција на жената и осудата на оние жени кои се чувствуваат само како „жени“. Во анализата на овој проблем, логичките грешки беа елиминирани како грешки, а товарот се префрла на една социјална конфузија што ги става жените во една специфична ситуација.

Исто така, при собирањето на целокупната социјална граѓа, аспектот на минатото претставуваше посебен проблем. Со оглед на тоа што групата испитанички се жени на просечна возраст од 46 години, односно жени на одредена возраст, кон минатото се однесуваа носталгично, со многу емоции. Детството и младоста се претставуваа со длабоки чувства, со што социјалната ситуација, што тие информаци требаа да ја прикажат, добиваше разни колорити. Реално гледано, во таквите ситуации е мошне тешко да се изврши неутрализација и да се дојде до чиста социјална ситуација. За тоа е неопходно многу повеќе од поседување на еден концепт за социјалното. Така на пример, една од испитаничките, сеќавајќи се на тековите на своето образование, реализирано непосредно по војната, застана на едно место, се сети на паричната награда добиена за најдобар успех и со растреперен глас и со солзи во очите долго раскажуваше колку беа значајни тие малку пари за нејзиното семејство. Се чини дека информациите кои следат во едно такво расположение немаат социјална вредност. Но, една подобро филтрирање може да донесе многу соодветни податоци за шансите на образование, за ставот на околината и на целото општество кон образованието, потоа, за карактерот на семејството, мотивацијата за понатамошно образование или дистинктивноста на ова време изразено преку исказот: *„Тоа беа други времиња, тогаш најмногу се ценеше што може човекот да направи, луѓето се викаа по име, а денес луѓето се викаат по презиме и по некои други ознаки кои го пакужуваат нивниот статус.“*[276]

[276] Тоа беше став на највозрасната испитаничка од примерокот, инаку на функција *генерал-менаџер* на приватно претпријатите.

Меѓутоа, иако длабоките емоции околу некои моменти можат да бидат репери за социјалното, односно за социјалната носивост на емоциите, тие некогаш можат да имаат сосема негативни ефекти, со што може да дојде до застранување во разговорот. Иста таква ситуација се создаде при изнесувањето на ставовите за првото вработување на женните. Длабоките емоции што ги следеа овие одговори го дефинираа значењето на подрачјето на трудот за жените. Во крајна инстанца, а истражувањето тоа и го потврди, кај жените односот кон трудот има елементи на емотивност. Жените емотивно ја доживуваат работата, работата за една жена не е само разрешување на сплет рационални околности. Ова важи за жените кои градат кариера која на значи само решавање на сплет рационални одлуки или напори, туку поднесување големи жртви на личен и семеен план и затоа тие никогаш не можат да бидат емотивно неутрални.

Целокупната евиденција е расподелена во неколку подгрупи и тоа:

1. **Мрежа на информации за семејството**. Тука се групираат оние информации од кои ќе се формираат факти кои ќе укажат на некои битни белези на семејството. Притоа, се јавува една подгрупа на информации за првото семејство, т.е. за детството и младоста каде што се бараат одредени белези за материјалниот статус, потоа за социјалниот статус, карактерот на семејството, бројот на членовите, окружувањето. Втората подгрупа на информации се однесува на второто семејство. Тука се акцентирани неколку битни моменти поврзани со сопругот, неговото образование, професија, положба. Во оваа серија како релевантни информации доаѓаат и ставовите на испитаничките за карактерот на нивното семејство, се разбира лични перцепции, потоа некои параметри за дисперзијата на семејните и на другите улоги на жената како и начините за нивно усогласување. Како посебно важни се истакнуваат перцепциите на жените за тоа како во семејството се гледа на нивната работа и на севкупниот професионален ангажман.

Од оваа мрежа на информации за семејството ќе се види колкав е влогот на семејството во можностите една жена да напредува на професионално поле.

2. **Втората мрежа на информации** опфаќе повеќе аспекти поврзани со средината во која жената ја врши својата професинална активност. Тука спаѓааат одредени белези што се однесуваат на бројот на вработените на претпријатието, на образовната структура, како и на половата структура на вработените, етапите во напредувањето во хиерархијата. Релевантни се и личните перцепции на

испитаничките за нивното напредување, за брзината, за пречките што им стоеле на патот и сл.

Како посебен блок овде се издвојуваат личните перцепции на функцијата, перцепција на моќта, авторитетот, односот кон вработените, односот со поширокота околина (политичките организации, женските организации). Како посебна мрежа на информации се издвојува ставот кон работата, пристапот кон работата како и начинот на решавање на проблемите.

3. Посебна мрежа на информации претствуваат информациите за пристапот на жените во светот на организациите. Информации за моделите на карактери на жени кои се наоѓаат на високи општествени положби, како и информации за патиштата на продор кон врвовите на општествената хиерархија. Тука се присутни и ставовите на испитаничките за стереотипите како и „феминитетот". На крајот се создаде една група информации за перцепцијата на промените на општествен план како и перспективите на жените во поглед на нивното напредување.

Сето тоа значи дека резултатите од истражувањето нема да бидат презентирани според редоследот на изложувањето на социјалните варијабли во теорискиот дел. Како посоодветен (поедноставен) начин се наметнаа погоре изнесените мрежи на информации за кои беа формирани и одредени теми. Како што може да се забележи, не се работи за големи измени. Во теорискиот дел појдовна точка беа разнородните факти од кои се конципира една концепција и на крајот една општа, хипотетичка рамка, како тенденција за изнаоѓање на одредени општи тенденции, односно правилности. Во излагањето на резултатите повторно се тргнува од конституираните факти за да се донесат општи заклучоци на крајот. Меѓутоа, фактите ќе бидат изложени во рамките на темите произлезени од нивното групирање.

## *1.3.. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ПРИМЕРОКОТ*

Во контунуитетот на излагањата за методолошките постапки користени при ова истражување беше образложено дека поради природата на предметот на истражување, каква што, на пример, претставува одделената малцинска група која ниту самата според својата внатрешна структура не е хомогена, е особено тешко да се добие еден репрезентативен примерок. Ова беше отежнето и од

неможноста да се добие една листа на сите жени на функција и тоа според видот на функцијата, големината на претпријатието, карактерот на сопственоста и сл. Затоа, се одеше на една комбинирана варијанта од намерно избрани јавувања, односно сите јавувања во двете највисоки хиерахиски нивоа на управувањето со претпријатијата - генерални директорки (9) и заменици (помошници) на генералниот директор (6), потоа жени на високи технички функции во пертпријатијата чиј број на вработени е поголем од 2000 (11) . Меѓутоа, за да се добие една порепрезантивна група за проучување на вертикалната мобилност, со намерен примерок беа избрани жени на функција *финансови директорки* чиј број е поголем во рамките на менаџерските тимови (8) и на крајот беа вклучени уште шест жени од приватниот сектор со функцијата *генералменаџер*. Изборот на случаите од последните две функции се вршеше по намерен пат. А тоа значи дека од финансовиот сектор се земени предвид претпријатија со голем број вработени (над 1000). Од приватниот сектор беше навистина потешко да се направи еден порепрезентативен примерок на успешни жени, бидејќи главно се работи за семејни претпријатија, каде функцијата *генералменаџер* формално ја носи жената, а работите ги извршува сопругот.[277] Со оглед на овој нерешен проблем, односно несовпаѓање на реалната и номиналната функција, и големиот број проблеми во нормирањето на приватниот сектор, се одлучивме на еден, можеби повеќе произволен чекор, да се испитаат оние жени кои во рамките на приватниот сектор се познати како успешни според економските резултати. Така, добивме примерок од шест жени кои дадоа значаен придонес во дистинкцијата на оваа мошне значајна економска област на нашата економија.

Од сето ова може да се заклучи дека жените на функција не се хомогена група. Идентификацијата и дефиницијата на различните стратуми добиени според социјален и функционален аспект, како и нивното поврзување во еден заеднички контекст, може да исфрли некои моменти што ќе потпомогнат во проучувањето на проблемите поврзани со промоцијата на жените во овие области.

Една анализа на податоците за хоризонталната мобилност, односно дистрибуцијата на испитаничките според местото на раѓање и местото на

277 Според податоците од Републичкиот завод за статистика, во 1992 година во Македонија биле регистрирани 30 000 приватни претпријатија од жени основатели или директори. Овој податок сам за себе говори за фиктивното значење на функцијата во приватните претпријатија.

живеење, упатува на извесни размислувања. Така, изразена е миграција на жените од помалите места кон главниот град. Тука е голема улогата на демографскиот фактор, т.е. на демографската концентрираност на половина од популацијата на нашата држава во главниот град. Истражувањето се спроведе во 27 скопски претпријатија и во 13 претпријатија од внатрешноста. Меѓутоа, тука е индикативно тоа што поголемиот број од испитуваните жени на функција, без оглед каде се тие вработени, водат потекло од јужна и источна Македонија. Имено, 12 жени се родени во Скопје, 18 жени во јужна и источна Македонија (Радовиш, Берово, Кавадарци, Гевгелија), а само 5 од нив во западна Македонија. Одговорот на ова прашање не е така едноставен. Тука можеме да дадеме повеќе претпоставки за културните, економските и историските разлики меѓу овие два региона, но, за да се дојде до еден поцелосен одговор кој ја побудува љубопитноста, треба многу поголем напор. Во даден момент се чини дека тоа се историските околности што го одвојуваат „патријархалниот запад", коегзистенцијата на повеќе различни религии и култури што меѓусебно влијаеле. Некогаш се чини дека различитите начини на остварување егзистенција влијаат на формирањето поинаков став кон семејните заедници и положбата на жената во нив. Но, тука нема место за дебати. Во прилог на поткрепување на воочените разлики меѓу овие два социо-географски региона може да се наведе еден пример даден од нашите испитанички: *„Бев веќе пред матурирање кога татко ми рече дека ќе биде подобро за мене да не студирам, туку да почнам да си собирам чеиз за да можам да се омажам. Ме чудеше една таква промена на неговото мислење, зашто сè дотогаш правевме планови за моето студирање кое беше сосема нормално, како што беше и за моите браќа. Таа промена беше резултат од присуството на мојот татко на веридба на некоја моја роднина која требаше да се омажи за момче од западна Македонија која го запознала на студии. Кога дошле сватовите од Прилеп, изгледало како за нив воопшто да не е важно каква е девојката, туку што нејзиното семејство ќе даде. Домаќините биле изненадени бидејќи во тој крај никогаш при веридба не се прашувало што ќе донесе жената со мажачката. Веридбата се растурила, двете семејства се чувствувале понижени. Татко ми само рече: Ќерко, народот се измеша, веќе не знам што да мислам, наместо парите да ги дадам за студирање..."*.[278]

---

[278] Генерална директорка на една фабрика.

## 1.4. СОЦИЈАЛНИ БЕЛЕЗИ НА ИСПИТУВАНИТЕ СЛУЧАИ

Статистичката манипулација со одредени нумерички белези, односно изведени средни големини за бројот на вработените со кои жените на определени функции управуваат, ја даваат следната ситуација:

| функција | просечен бр. на вработени | процентуална застепеност на жените |
|---|---|---|
| генерални директорки | **271** | **52%** |
| заменици (помошници) на генерален директор | **1978** | **35%** |
| технички директорки | **3074** | **36%** |
| финансови директорки | **1192** | **30%** |
| генералменаџери | **11** | **/** |

Табела 1: Нивото на функцијата што ја вршат жените според просечниот број на вработени и процентуалната застапеност на жените во вкупниот број на вработени.

Не навлегувајќи во подетално образложување на податоците, би констатирале дека функцијата *генерална директорка*, според бројот на вработените, се реализира во рамките на малите и средните претпријатија. Исто така, во оние претпријатија во кои за генерален директор е поставена една жена, бројот на вработените жени е значително поголем во однос на оние претпријатија каде тие се со пониски функции.

Посебни размислувања предизвикува функцијата *техничка директорка*, или директорка на технолошкиот процес на производството. Според карактерот, овиие функции се ориентирани кон организацијата на самиот производствен процес, тоа се технички функции со високи технички прерогативи и одговорност од технички карактер со несразмерно количество социјална моќ. За вршење на оваа функција е неопходна висока стручност, целовремена будност и голем ангажман, што тешко, според вообичаените стереотипи, може да се поврзе со една жена. Но, сепак, со поголемите производствени капацитети во Македонија управуваат жени. Жените успешно ја совладуваат техниката и внатрешната организација на претпријатијатијата, што ја покажува доминантноста на оваа група меѓу управните структури, како и просечниот број вработени со кои тие управуваат. Веројатно веќе се поставува прашањето: *Зошто е така?*. Одговорот ќе се даде понатаму, бидејќи тоа бара поголем простор од оној што овде општата рамка го дозволува.

Што се однесува до функцијата *водење финансии*, таа им е многу подостапна на жените. Тоа доаѓа од самата природа на оваа функција која многу

често е карактеризирана како нединамична или „функција во сенка". Тоа е аналитичка функција што бара одреден вид способности кои обично се врзуваат за жените, како што се на пример: педантност, способност за класификација, увид во хартиите за влез и излез итн. Но, се работи за една сложена работа каде вредносно се презентира целокупната работа на претпријатието. Оваа функција е отворена за жените и поприфатлива за самите жени поради тоа што се врши во рамките на претпријатието. Тоа е функција со редуцирани лични контакти, којашто влијае врз креирањето на политиката на претпријатието, но не учествува директно во тоа, функција која бара голема стручност и одговорност, а може да биде исто така динамична во брзо променливата социјална околина. Главно, тоа е функција што може да се реализира во рамките на едно фиксно работно време. За извршување на оваа функција не е важна половата структура на претпријатието.

Приватниот сектор, и можностите што тој ги дава во промоцијата на жените, се одликува со свои внатрешни специфичности. Тука повеќе важат определени економски параметри, како што е вредноста на капиталот, вредноста на обртот на капиталот во еден временски период, остварениот профит и сл. Начинот на организација, целите, мотивите и проблемите со кои се судираат претпријатијата од овој сектор го оддејствуваат од останатиот, поради што може да се постави прашањето за интеграција на информациите со останатите, добиени од големите претпријатија. Меѓутоа, не навлегувајќи подлабоко во специфичноста на социјалното милје што се плете во приватниот сектор, бидејќи тоа е сè уште ново и бара една поопсежна научна анализа, ќе посочиме на одредени мигови што се поврзани со дејствувањето на жените. Се наиде на една симиларна ситуација со што можеме да тврдиме дека социјалните услови, иако различни, сепак во доменот на нашиот интерес можат да бидат релијабилни. Како што се гледа од податоците, бројот на вработените не може да биде фактор за положбата на жените. Во овој, издиференциран дел од стопанството, според видот на сопственоста, владеат сосем други правила, сосем друга организација, еден поинаков вид авторитет, на што ќе биде понатаму укажано.

Ако се направи анализа на испитуваните жени, според нивната функција и гранките на стопанството во рамките на која се врши определената функција, може да се дојде до определени сознанија за хоризонталната дистрибуција, која овде има голема социјална тежина.

| гранка на стопанството | генерален директор | заменик директор | технички директор | финансов директор | генерал-менаџер | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| трговија | **2** | **/** | **1** | **2** | **4** | **9** |
| металургија и преработка на метал | **1** | **1** | **3** | **/** | **/** | **5** |
| текстилна инд. | **2** | **/** | **2** | **1** | **/** | **5** |
| хемиска инд. | **1** | **2** | **2** | **2** | **/** | **7** |
| фармацевтска инд. | **/** | **1** | **/** | **1** | **/** | **2** |
| тутунска инд. | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **1** |
| прехранбена инд. | **1** | **/** | **/** | **1** | **/** | **2** |
| градежна инд. | **/** | **/** | **3** | **/** | **1** | **4** |
| шпедиција и сообраќај | **1** | **2** | **/** | **/** | **1** | **4** |
| електростопанство | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** |
| вкупно | **9** | **6** | **11** | **8** | **6** | **40** |

Таб. 2: Дистрибуција на жените според функцијата и одделни стопански гранки

Во претходното вкрстување на функцијата со бројот на вработените беше евидентна една дистрибуција на жените во функција *генерални директорки* кон помалите претпријатија. Во однос на гранките на стопанството, највисоките функции инклинираат кон одредени гранки, како што се трговијата и шпедицијата. Исто така, поголем дел од функциите се концентрирани кон оние гранки во кои доминира женската работна сила. Во однос на ова, интересен е примерот со текстилната индустрија. Имено, како што е познато, во оваа гранка на производство во Македонија 81% од бројот на вработените го сочинуваат жени. Но, процентот на жени на функција во оваа гранка е многу низок. Според бројот на вработените жени, таа може да се нарече женска гранка, а сето тоа има одредена социјална заднина. Имено, се работи за гранка на индустријата со нискоакомулативна вредност, која ефектуира голема концентрација на работна сила, интензивен труд и мали плати. Основен ресурс за профитабилноста претставува работната сила. Поради тоа, таа не е привлечна за мажите. Веројатно тука има значење и видот на самата дејност - производство на облека која традиционално им припаѓала на жените. Но, почетоците на развојот на оваа дејност, како првична развиена гранка на индустријата во епохата на индустриската револуција, покажуваат дека тоа била машка индустрија според половата структура на работниците. Размислувањето на една од испитаничките на функција *технички директор* во еден голем текстилен комбинат е мошне интересно за таа проблематика: *„Индустријата е индиферентна спрема се*

*друго, освен спрема економскиот момент. Мажите бегаат од оваа индустрија заради нејзината економска слабост. Техничко-технолошките промени чинат концентрацијата на жени да биде уште поголема во овие гранки. Всушност, во времето на механичките машини имало потреба од квалификувани мајстори за одржување, а секогаш тоа биле мажи. Сега тоа се електроничари чиј број е значително помал".* Слична ситуација се забележува во хемиската индустрија, иако е таа високоакумулативна индустриска гранка. Тука, поголемиот број од вработените се жени, но тие во најголем број случаи заземаат „семи занимања" (полузанимања, занимања што не се поврзани со основната дејност, иако се во нивна функција, помошнички и сл.).

Образовната структура на испитаничките презентира стручен високообразовен кадар. Образложение на образовната структура на испитаничките ќе се даде на натамошните страници во споредба со образованието на нивните сопрузи.

| образовни институции | број на жени според видот на образованието |
|---|---|
| економски факултет | 13 |
| технолошки фак. | 8 |
| металуршки фак. | 3 |
| машински фак. | 3 |
| градежен фак. | 2 |
| електротехнички фак. | 2 |
| природноматематички фак. | 2 |
| правен фак. | 2 |
| филозофски фак. | 2 |
| фармацевтски фак. | 2 |
| средно економ уч. | 1 |

# *2. КАРАКТЕРОТ НА МАКЕДОНСКОТО СЕМЕЈСТВО И ВЕРТИКАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРУДОТ*

## *2.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО 50-ТИТЕ ГОДИНИ*

Со оглед на просечната возраст на испитаничките (46 години), како реферално семејство во рамките на кое се одвивал процесот на социјализацијата на жените кои денес се на високи функции во економската област, е семејството во педесетите години од овој век. Според добиените податоци можеме да конструираме одредени социјални димензии на ова семејство што ќе одат во прилог на поставената хипотеза, според која, карактерот на првото семејство и некои негови белези влијаат на натамошната ориентација на жените. Преку односот кон женските деца во овој период ќе се види и статусот на жените во тие семејства, односно нивните мајки, карактерот на воспитанието и ставот кон образованието што е мошне важна детерминанта за професионалниот живот. Но, како многу важни се јавуваат некои објективни белези, какви што се: социјалниот статус на семејството, образовното рамниште на родителите, професијата на родителите, бројот на децата, децата според пол и други.

Во рамките на анализата за влогот на семејството во продорот на жените кон повисоките општествени инстанци, треба да се доловат одредени карактеристики на семејството преку кои е извршено влијанието врз формирањето на личноста, прифаќањето на одредена ориентација, развојот на одредени способности, мотиви, аспирации итн.

### *2.1.1. Патријархално семејство.*

Од добиените податоци може да се констатира постоење на патријархални односи меѓу членовите на семејството. За поголем број од испитуваните жени (25) во семејството постоеле патријархални бои и расположенија. Меѓутоа, од двата посочени става кон патријархалноста: *негативниот* - каде што се потенцира авторитетот на таткото и *позитивниот* - каде што патријархалноста воспоставува хармонија во односите, испитаничките

го прифатија вториот. Тие во своите семејства забележаа хармонија и покрај патријархалниот поредок. Веројатно, за едно вакво гледање кон своето семејство придонесува големата временска дистанца. Сепак тоа е време на детството и младоста кое останува во добрите спомени. Кон ова придонесува и постигнатиот општествен успех на жените за чии семејства се зборува. Само во 8 семејства постои власт (сива или отворена) на мајката. Присутноста на патријархалните односи не изненадува, на неколку наврати во општите разгледувања за положбата на жената во македонското општество беше укажано дека традиционалните, односно патријархалните односи значајно коегзистираат и во денешно време, а за периодот од пред 40 години не треба посебно да се образложува.

Карактеристично е што во овие семејства интервенирале други моменти што го неутрализирале претпоставеното негативно влијание на патријархалните односи врз ориентацијата на жените. Не треба да се заборави дека во првото семејство се јавуваат само еден дел од факторите што придонеле за продорот на жените во сферата на трудот, во оваа анализа како средина со поголема важност за дејствувањето на жените се појави второто семејство и условите што постојат во истото. Доколку, во рамките на првите семејства, патријархалните односи се бараат во различниот третман на машките и женските деца, ќе се констатира дека таква форма на дискриминација не постои. Во еден незначителен број семејства (5) родени се само женски деца за кои можеме да претпоставиме дека ги зеле улогите на момчињата па затоа оствариле продор во „машкиот свет“. Останитите семејства се од мешан состав, и главно кон девојчињата во поглед на нивната ориентација и насоки не се постапувало диференцирано. Во семејствата им се дадени подеднакви шанси на сите деца кои тие подеднакво ги искористиле.

Како една од содржините на патријархализмот во семејството се согледуваат односите меѓу родителите, на таткото и на мајката меѓусебно, како и односот на родителите кон децата. Во изразито патријархалните семејства се забележува слика на строг татко кого мајката посебно го почитува и ја бара истата почит и од децата за него. Татковците во овие семејства бараат строга дисциплина и исполнување на обврските од страна на секој член. Кога беа прашани за тоа кој има поголем удел во нивниот успех, испитаничките повеќе зборуваа за нивните мајки. Тоа беше во стилот: *„Татко ми беше индиферентен спрема семејството. Не дека тој не се интересираше за нас, но тоа го правеше од голема далечина. Тој беше посветен на својата професија и немаше многу*

*време за нас. Ние бевме четири деца и сите завршивме на различни факултети, тоа е заслуга на мајка ми“.*[279] Тука може да се насети општественото влијание во семејството. Мајките ги подржуваат свиоте ќерки, ако тоа е одобрено од таткото, т.е. од општеството. Големиот расчекор меѓу образованието на мајките и на нивните ќерки ја опфаќа токму таа голема општествена промена, а мајката тука не се јавува како главна карика што го прави спојот меѓу општеството и семејството, туку тоа е таткото. Мајката е само онаа мала (помошна) карика со голема носивост која го сврзува општествениот синџир.

## 2.2. СКРОМНИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ

Доколку во анализата на карактерот на семејството од овој период не се земе предвид и поширокиот социјален контекст, анализата однапред би била осудена на апстрактност. Овде не би се навраќале повторно на оние аспекти на општественото на кои беше претходно укажано. За овој контекст би навеле дека се работи за период на еуфорична конструкција на една сосем нова социјална зграда. Мотивирачката сила и енергијата што се ослободува при оваа форма на мотивација е енормно поголема во однос на други периоди со континуиран тек. Таа енергија, како и налетот на некоја каква и да е сила, има моќ да подбере сè пред себеси и да носи во определената насока. Така, според добиените одговори за материјалната положба на семеството, тука имаме примерок од семејства со скромни материјални услови на живеење (25). Мал е бројот (5) на жените кои потекнуваат од семејства со многу добри, но и од семејства со мошне лоши материјални услови (3). Значи, поголем број од жените потекнуваат од семејства со средни материјални услови за живеење. Меѓутоа, треба да се истакне дека постои разлика меѓу вистинската мера за стандардот и субјективната проценка за материјалната положба. Исто така, мерилата за мерење на стандардот не се константна категорија. Одговорите на испитаничките упатуваат дека за тој период и не може да се даде чиста проценка на материјалната ситуација, бидејќи не се работи за општество каде што доминираат одредени економски вредности, туку повеќе социјално-психолошките како што се: егалитаризмот, сигурноста, визијата за изградба на некое идно општество итн. Затоа, многу е тешко при

[279] Директор на производство во еден текстилен комбинат.

вреднувањето на економските аспекти на семејството да се елиминира интервенцијата на другите.

## *2.3. ЕДНАКВИ ШАНСИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО?*

Ако се приближиме до вистинскиот проблем на вертикалната мобилност во социологијата, интергенерациската скала на следењето на општествените положби, би можело да се дојде до определени вредности за семејството. Тука, меѓутоа, не би можело да се фати движењето на скалата на општествените статуси со вообичаените постапки кои насоките на движењата ги прикажуваат со математичка прецизност. Може да се наведат повеќе причини за неможноста да се применат вообичаените социолошки постапки во пристапот кон социјалната мобилност. Тоа е така, пред сè, заради целите и предметот на истражувањето. Целите на анализата, изнаоѓањето на причинско-последичната врска меѓу определени социјални чинители и вертикалната подвижност веќе ја има дефинирано насоката на подвижноста. Истовремено го дефинира и предметот на истражување, една групација со одредена позиција во општеството. Значи движењето и насоките на движењето се познати, а останува да се види патот по кој е остварено тоа движење. Инаку, во анализите за социјалната мобилност, целта е да се утврди степеноот на раздвиженост меѓу одредени стратуми во рамките на општествената структура, потоа насоките на тие движења, при што условите за движењето се бараат дополнително. Исто така, во рамките на теориското разглобување на проблемот на вертикалната мобилност на жените, беа истакнати одредени ограничувања на општата шема, па во таа смисла дури и кога би го барале степенот на мобилност и насоките на движењето на жените во рамките на социјалната структура, би требало да се води сметка за ограниченоста на општиот концепт при интенциите тој да биде применет на една мошне хетерогена популација за која постојат други критериуми на интеграција во социјалното, како и други инпути на движењето.

Може да се истакне, по однос на проблемите што искрснуваат околу следењето на вертикалната мобилност на овие простори, дека при следењето на интергенерациската мобилност се наидува на поголеми тешкотии кои произлегуваат од релативно брзата промена на општествените системи. Така, може да се случи две генерации да припаѓаат на два различни система, односно на

две различити општествени структури, со што е отежнато нивното компарирање според поредокот на категориите. Меѓутоа, според сето она што го добивме како информација за генерацискиот континуитет, а за целите на нашата анализа, можеме да дадеме една споредбена слика. Така, табелата со податоците за образованието на испитаничките и нивните родители поттикнува определени размислувања за карактерот на семејството како и за некои глобални општествени односи:

| степен на образование | татко | мајка | ќерка | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| нецелосно осн. (неписмени) | **2** | **4** | **/** | **6** |
| основно образование | **12** | **24** | **/** | **36** |
| средно образование | **17** | **9** | **1** | **27** |
| високо образование | **9** | **3** | **39** | **51** |
| вкупно | **40** | **40** | **40** | **120** |

Таб. 3: Нумеричко прикажување на интергенерациската подвижност.
Споредба со оглед на образованието меѓу жените на високи функции и нивните родители

Податоците од табелата покажуваат дека жените на високи функции во Македонија според образованието на таткото потекнуваат од релативно образована средина. Тоа, исто така, ја објаснува тешкотијата при споредувањето на генрациите кои припаѓаат на два различни периоди. Во образовната структура на родителите доминираат татковците со средно образование (17) и мајките со соновно образование (24). Со оглед на тоа што веќе се констатира една патријархална структура во семејството може да се претпостави дека влијанието на татковците врз ориентацијата на децата ќе биде поголемо. Девет од жените имаат татковци со дипломи за високо образование, што според законот на дистрибуцијата на броевите би значело дека моќта за саморепродукција на овој слој не е така голема. Така, како рамниште од кое се регрутираат високообразовните кадри, се појавува средннообразовното. Не останувајќи на оваа гола математичка калкулација би додале дека, со оглед на општата развиеност на општеството од тој период, бројката од девет лица со високо образование значи многу повеќе, бидејќи во тоа време високообразованите кадари беа сосем ретки. Овој факт ќе имплицира еден друг, а тоа е дека лицата со средно образование биле многу повеќе ценети, отколку денес - кога се забележува една високо процентна инфлација не само на средното, туку и на високото образование. Тоа ќе ги одведе нашите заклучоци во друга насока, дека сепак жените кои успеале повисоко да се искачат на општествената хиерархија

потекнуваат од семејства со повисоко образовно ниво, дотолку повеќе што татковците со средно образование уште повеќе ги насочувале своите деца кон високото образование заради промените во вредностите кон образованието и продорот на сè поголем број луѓе со дипломи за високо образование, кои ги загрозувале нивните стекнати позиции. Набљудувани од аспект на проблемот на еднаквите шанси пред образованието, можеме да констатираме дека постои висок степен на отвореност на образовните институции за влез на лица од различни социјални категории. Всушност, 1/3 од од жените водат потекло од ниските образовни нивоа. Што се однесува до образованието на мајките, нивните ќерки отишле многу подалеку.

Во рамките на оваа анализа за образованието треба да се нагласи дека образованието е најзначаен фактор кој влијае на професионалната промоција на жените. Речиси сите жени имаат завршено високо образование, многу од нив имаат постдипломски студии и различни специјалистички курсови (стаж во странство, курсови и сл.). Тоа би значело дека преку образованието тие го смениле својот социјален статус и се нашле повисоко на скалата на вреднстите во хиерархијата на општествената структура. Меѓутоа, во нашата анализа мошне е значајно да упатиме на некои други социјални моменти што се испреплетуваат околу образованието на жените. Имено, веќе истакнавме дека при изборот на образованието на жените, покрај социјалните варијабли што се тесно поврзани со тенденциите на движењата во рамките на социјалната структура, постојат и големи влијанија на многу други чинители што не можат да се пронајдат во тие рамки.

## *2.4. СТИХИЈНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЖЕНИТЕ*

Од она што го добивме како информации за жените и изборот на образовната институција се искрӣсталлизираа факти што упатуваат на стихијност во изборот на училиштето, нејасност во ориентациите, односно конфузија во поглед на професионалната перспектива. Во поголем број семејства (16) била антиципирана одредена професионална положба на женските деца и тоа преку образованието. Тоа е многу позитивно во овој случај, зашто ги насочува женските деца кон сферата на јавното, кон заземање на некоја положба во општеството преку нивното образование. Така, вклучувањето во општествените

текови за жените претставува сосем нормална ситуација. Всушност, единствениот систем на образование стимулира развој на еднакви способности и сознанија меѓу учениците, како и развој на определени компетитивни однесувања за кои може да се каже дека претставуваат значаен дел од однесувањето на луѓето во текот на професионалнато дејствување. За многу жени нивното образование било нешто што само по себе се подразбира, еден нормален пат и перспектива. За тоа што претставувало образованието за жените може да покаже искажувањето на една од испитаничките: *„Ние бевме четири женски деца во семејството и татко ми не нè пушташе да се мажиме додека не завршиме факултет и да станеме свои луѓе."*[280] Во повеќе искази може да се воочи истиот став. Но, се разбира, не постоела стимулативна атмосфера во сите семејства. Се забележува и еден став на сомневање или повеќе страв на родителите од тоа женските деца да *заглават* со училиштето, особено со факултетот, страв од губење на времето и страв од реакциите на околината, како што вели една испитаничка: *„Веднаш по матурирањето татко ми ми купи работничка книшка. Се чувствував неподготвена било што да работам и реков дека сакам да студирам. Ме праша што сакам да студирам, а јас ниту тоа не го знаев. Економскиот факултет на татко ми му се чинеше најприкладен. Извинувајќи се ми рече дека од тој ден натаму мојата судбината е во моите раце, дека е немоќен понатаму било што да направи за мене."*

Како заклучок, што може овде да се даде, ќе речеме дека при изборот на образованието забележуваме присутност на голем степен на стихијност. Тоа значи дека поголем број од овие жени немале јасна претстава за карактерот на образованието и какви професии тие профилираат. За нив и за нивните семејства не било важно што ќе се заврши, туку само да се заврши. Ова се однесува како за изборот на средното образование, така и за изборот на видот на факултетот. Обично се избира она средно училиште што постои во местото на живеењето, за да не се инвестира во образованието. Потоа, се избира средно училиште што профилира ***„експрес професии"***, училишта што не траат долго, како и училишта со кои вработувањето е посигурно по нивното завршување. Само три од жените имаат завршено гимназија. Во основата на изборот на факултетот не може да се забележи позначајна врска меѓу професијата и образованието. Еден пример, се разбира неединствен во сите овие случаи, може да биде корисен за анализата:

280 Директорка за финансии во едно трговско претпријатие.

*„Кога дојдов во Скопје да се запишам на факултет, дојдов во комплексот на техничките факултети. Не знам зошто мислев дека е добро да се студира електротехника, и покрај дилемата на моите родители. Но, во тек од пет минути настана пресврт, откако сретнав еден роднина кој ми рече дека е подобро да се запишам на технолошки факултет, бидејќи ќе може да ми помогне при студирањето. Денес имам диплома за завршен технолошки факултет.“*

Од сето она што го прибравме како податок за образованието и перцепцијата на идната професија можеме да кажеме дека кај жените не постои визија за нивната идна професија, ниту пак таквите перспективи биле разгледани во семејствата. Во прилог на оваа теза е и фактот дека во однос на нив не се правеле проекти за нивната професија, а уште помалку за нивната кариера. Речиси сите жени истакнаа дека на почетокот од нивниот професионален живот ниту на крај од умот не им било дека ќе станат директорки.

Училиштето, како институција, покрај функциите да едуцира, образува, остручува за одредени професи итн., во однос на жените има и едно друго, помалку или повеќе потиснато значење. Се работи за тоа што поголем дел од жените се приврзале емотивно за одредени наставници. Одговорите за тоа кој оставил најсилен впечаток во нивниот живот тие не ги бараа во семејството туку во училиштето. Училиштето за една жена не е попатна станица низ животот, тоа е многу повеќе од средство за да се успее понатаму. Училиштето во случајот на жените е место каде што се врши еден процес на идентификација со одредени личности. Тоа е место на дружење, еден свет суштински различен од оној кој им се прикажува во семејството. Во училиштето им се презентира една поинаква иднина од онаа што им ја презентираат родителите на нивните женски деца. Училиштето е неутрално пред индивидуалните судбини, но ја афектира колективноста што за жената би значело една голема шанса за нејзината интеграција во општеството. Веројатно од таму доаѓа овој многу позитивен став кон училиштето, носталгичното навраќање кон своите наставници, професори, кои во некои случаи имале пресудна улога во ориентацијата на жените.[281]

---

281 „Не можев никако да го заборавам ликот на мојот учител. Пред три години го најдов и го посетив. Му бев благодарна цел живот. Мислам дека немаше ништо да направам, ако не беше тој и неговата подршка. Пешачевме по неколку километри до училиштето, слабо облечени и гладни, а тој нè дочекуваше со топол чај и леб“ истакна една жена *генерал-менаџер* на едно приватно претпријатие.

Интересно е да се спомне дека голем дел од жените се идентификувале со лица со одредени карактерни особини. Имено, тоа не била моќта, славата, богатството, ниту некој крут авторитет. За жените посебна вредност биле чесноста, правичноста, благородноста што ќе се јави како мошне значаен момент понатаму во нивното општествено дејствување. На тој начин, тие, жените, градат дистинктивен однос кон власта, моќта, авторитетот, кон политиката, оддалечувајќи се од важечките содржини на овие категории, со што жената, всушност, станува неподобна како општествен агент во која било област. Така, се чини како жените да не ја поседуваат мудроста на политиката.

## 2.5. *ДИСТИНКТИВНА МОБИЛНОСТ НА СРЕДНИТЕ СОЦИО-ПРОФЕСИОНАЛНИ ГРУПИ*

Еден компаративен пристап меѓу професиите на три генерации може да имплицира одредени промени, како и нивниот интензитет и насоките. Но, со оглед на тоа што имаме примерок на жени од едно определено социо-професионално ниво, споредбата повеќе ќе се однесува на претходните две генерации.

| професија | татко | мајка | дедо по татко | дедо по мајка |
|---|---|---|---|---|
| земјоделци | **4** | **1** | **22** | **12** |
| работници | **11** | **3** | **2** | **5** |
| занаетчии | **4** | **/** | **8** | **15** |
| раководни кадри (средно ниво) | **11** | **1** | **3** | **2** |
| стручњаци (инженери, лекари, економисти, правници) | **3** | **2** | **/** | **/** |
| интелигенција (професори, учители) | **4** | **2** | **3** | **2** |
| високи функционери, (партиски, државни и воени) | **3** | **домаќинки 32/** | **печалбари 3** | **1 (војвода) печалбари 4** |

Таб. 4: Интергенерациската социо-професионална мобилност

Со еден површен поглед кон табелата веднаш може да се забележи една недоследност во поредокот на категориите. Ние веќе укажавме на проблемите што можат да се појават при споредување на две генерации кои во други услови можат да бидат споредливи, но не и во нашите. Како второ, во номенклатурата

на занимањата се забележува двојство на критериумот и тоа во онаа смисла на која укажа Голдторп за машката и женската структура на трудот. Повторно, како дискутабилна во овие анализи, се јавува неактивната женска популација, со што е отежнато вклучувањето на жените во една единствена структура преку единствени категории. Според тоа, се чини непотребна колоната со која треба да се дефинира положбата на мајките во социо-професиналната структура. Нивното прикажувуње во рамките на нашата шема е оправдано заради оној број на жени кои реално припаѓаат тука. Иако тој број е мал и не може да ја има социјалната носивост, сепак може да укаже на одредени влијанија и да ги насочи размислувањата за влогот на мајките во вертикалната подвижност кон одредени насоки. Самата бројка од 32 жени домаќинки, односно мајки на жени кои имаат висока функција во општеството, укажува на големи промени во т.н. женска структура на занимањата, со што таа сè повеќе се доближува до другата структура со тенденција да бидат изедначени. Засега може да се зборува само за тенденции на овој план кои можеби ќе придонесат за интегрирање на жените во социјалната структура. Според добиените информации сè уште постојат големи сили кои се испречуваат пред интеграцијата на жените во рамките на единствената социо-професионална структура.

Од табелата се гледа дека фрекфентни се првите три категории кои можеме да ги синтетизираме во едно рамниште како општествени групи кои се најдолу на општествената хиерархија. Постои голема опасност при слевањето да се добие една социолошка категорија која ќе ја олесни анализата за социјалнато потекло на поголем дел од испитаничките, но притоа ќе се изгубат предвид многу важни моменти кои произлегуваат од разликите на овие три категории. Така на пример, неслучајно на врвот од табелата во категоријата *земјоделци* се најдоа мал број на јавувања. Содржината на односите во земјоделските, работничките и занаетчиските семејства значајно се разликува. За женските деца тоа може да биде пресудно. Селанецот поинаку би гледал на образованието на своите ќерки, ако има недостаток од работна сила, потоа оддалеченоста на образовните институции, ставот кон женските деца и сл. Всушност, само четири од испитаничките имаат татковци земјоделци. Исто така работничките и занаетчиските занимања се градски занимања, нивните семејства обично се во градовите каде што училиштата се подостапни со што образованието на женските деца добива еден нормален тек. Ако констатираме дека 19 жени од испитуваната група водат потекло од најниските скалила на хиерархијата, ќе

укажеме на еден значаен скок што тие го направиле прескокнувајќи неколку рамништа. Но, останува еден поголем дел (10) кои потекнуваат од високото рамниште, што покажува дека репродуктивната моќ на оваа група не е така малечка. За средното рамниште можеме да констатираме висок степен на мобилност кон горе. Тоа е онаа категорија којашто самиот систем ја создаде. Имено, работничката партиципација во одлучувањето создаде такви институции во кои беше неопходно да раководат луѓе од „базата", со што од работниците се оддели една посебна раководна елита со поголеми привилегии. Тие на некој начин беа во голем расчекор, со едната нога во работничкиот слој, а со другата во управувачката елита со големи аспирации кон горе.

Табелата 3 дава и други можности за заклучување. Пред сè тука е социјалното потекло на родителите на испитаничките. Голем број (22) од татковците имаат земјоделско потекло. Според податоците тука е остварена марита лна подвижност, бидејќи сопрузите на мајките на испитаничките водат потекло од повисоките слоеви (работничко и занаетчиско). На тој начин може да се изврши извесна корекција на социјалното потекло на испитаничките, со што се вклучува потеклото по мајчина линија чие влијание врз третата генерација може да биде хипотетично (не се знае каде ќе удри „генот"). Тука се забележува и една нова категорија - печалбарите. Тоа би можело да значи пренесувања на одредени влијанија од други поразвиени центри, со што се менуваат ориентациите, вредностите и сл.

Сè уште останувајќи во рамките што ги дава првото семејство, согледуваме дека покрај образованието, многу е важно социјалното потекло и социјалниот статус за да се разгледаат одредени моменти поврзани со социјализацијата на личноста. Имено, треба да се укаже на тоа за какви личности се работи. Всушност, при анализите на причините за успехот на жените многу често тие се бараат во начинот на живеење во текот на социјализацијата, дружењето, афинитетите на личноста и сл. Според исказите на испитаничките во однос на овие прашања можеме да направиме еден модел на личност во кој ќе бидат синтетизирани зачестените особини. Тоа пред сè се самоуверени личности на кои им пречи просечноста.

- Лидерството им е познат начин на однесување. Пример: *„Уште како на дете ми сметаше просечноста. Се трудев да не бидам како сите оние жени околу мене за кои се зборуваше како за инфериорни суштества. Сакав да го*

*докажам спротивното.“*[282] Или. *„Нашата куќа секогаш беше полна со деца, имав чувство дека сум важна личност“.*[283]

- Големи амбиции. *„Во училиштето постигнував добри резултати, бев активна на многу полиња. Имав посебен статус*[284] *и бев свесна за него, а тоа уште повеќе ми даваше сила и ме обврзуваше да одговорам уште подобро на обврските.“*

- Неавторитарност, односно непостоење на култ кон авторитетот и свртеност кон себеси. Сите жени, без исклучок, во одговорите за најважните особини што една личност треба да ја има за успешно вршење на оваа функција, ја истакнаа пред сè самодовербата, потоа дисциплината, смислата за организација и правичноста. На второ место дојде истрајноста и способноста да се биде трпелив. Од нивните одговори се искристлизира едно правило дека жената не треба да се бори за функција со истите средства со кои тоа го прават мажите, бидејќи однапред е осудена на неуспех. Борбеноста е позитивна страна, но не и тогаш кога се реализира фронтално. Само две испитанички истакнаа дека луѓето на овие функции треба да бидат покорни, благи, кротки.

- Висок степен на самоодговорност. Повеќето од жените во стихијноста на нивниот професионален пат самите одлучувале за изборот на образованието изразени во ставот: *„Моите родители немаа некои посебни ставови во однос на мене и оставаа јас самата да решавам за себе.“*[285] Ова е сосем нормална реакција од родители кои не знаат многу за образованието, бидејќи добар дел од нив се полуобразовани.

Значајна улога во социјализацијата на женските деца игра училиштето, каде што и момчињата и девојчињата учат исти содржини со што се развива компетитивноста меѓу нив. Така, уште во нижите училишта девојчињата имаат можност да сфатат какви „капацитети“ се нивните другари во поглед на учењето, работните обврски и сл. Според податоците, девојчињата покажуваат поголема супериорност во школските клупи. Истото се случува и во високото образование, каде што е забележена поголема успешност на студентките. Се поставува прашањето за идеологијата која отпосле ги убедува жените дека мажите се

282 Директорка на производство во една фабрика од градежната индустрија .

283 Директока на информатички центар во една фабрика од хемиската индустрија.

284 Генерална директорка на една фабрика од хемиската индустрија.

285 Заменик на генералниот директор во едно трговско претпријатие.

поспособни. Но, за жал тоа е голема вистина, дискриминацијата почнува со предзнакот „мајка", општествената немоќ на жената потекнува од нејзината моќ да раѓа. Во овој контекст, интересен е ставот на една жена *директор за финансии* во фабрика за производство на прехрамбени производи. *„Чувството дека припаѓам на еден дискриминиран пол го добив многу доцна, во моментот кога се борев со моите противници за поодговорно работно место. Тие, во тој случај, немајќи други аргументи, се служат со супериорноста на својот пол, а ние сите добро знаевме кој колку вреди уште од факултетските клупи."*

Начинот на поминување на слободното време, активностите, игрите, имаат исто така влијание врз ставовите што кај личноста ќе се формираат кон одредени сегменти од општествениот живот. Така, ако женските и машките деца играат заеднички игри и не припаѓаат уште од детството на два изделени света, постојат поголеми шанси за интеграција на жените во т.н. *машки свет*. Дружењето со момчињата може да придонесе понормално да се сфати тој машки свет и да ја намали илузијата за „супериорноста" на машкиот пол. Денес неретко може да се слушне од девојките за големото другарство меѓу различните полови, како на пример: *„Мојот најдобар другар или мојата најдобра другарка"*, како рамо за потпирање. Начинот на дружење, исто така, индицира некои разлики од следниот вид: *„Немав можност да се дружам со девојките од класот, бидејќи тие ме избегнуваа. Некако немав со нив што да разговарам, облеката и модата не ми беше важна и затоа повеќе се дружев со другарите."*[286] Или: *„Немав другарка, секој ден кај мене доаѓаше еден другар со кој најдобро се сложував во игрите. Мајка ми се подбиваше и занеше да рече - Ти дојде ли другарката?."*

Социјализацијата на половите го урива митот за „посилниот пол" кој бара „рамо за плачење". Овој напредок на психолошки план е многу важен во дејствувањето на жените. Тоа ја намалува несигурноста, стравот пред непознатото каков што до скоро изгледаше машкиот свет, бидејќи постоела огромна дистанца меѓу нив и не само од социјална природа туку и вистинско физичко растојание. Забраните за дружење меѓу припадниците на различни полови се минато. Сите овие елементи на кои укажавме беа иницирани од разговорите со испитаничките. Кај сите нив, од детството до денес, доминира еден став на полов респект и тоа како на сопствениот пол така и на спротивниот. Нивна девиза е: *„Ако се зазема правилен, респективен однос кон својот пол ќе*

---

[286] Исказ на генерална директорка на едно трговско петпријатие.

*може да се заземе нормален став и кон машкиот пол.*" Тоа веројатно води корени уште детството каде на природен начин е демаскирана идеолошката обвивка околу половите. Всушност, еве како тоа е доживеано кај една од испитаничките: *„Кога ја добив функцијата не добив ништо. Јас требаше да ги добијам йопрво работниците, а тие беа мажи. Долго време размислував како ќе пристапам на почеток, зашто тоа беше пресудно за мојата работа. Бев свесна дека сум жена, и дека како прво на удар ќе биде пресметката со полот. Така и се случи. Единствено што требаше да направам е да им покажам каде се, кој се, и зошто сум јас тука. Зад дрските погледи во „мачо" стил, всушност стоеја довчерашни селани, работници со загрозена егзистенција на кои им беше потребна голема поттора. Фабриката беше во голема криза и јас бев оптоварена со тоа како и тие. Решив да не глумам голем авторитети и да им кажам дека и мене ми е тешко, дотолку повеќе бидејќи сум жена и дека не ќе можам да работам ако тие не ми помогнат. Се воспостави другарски однос и отогаш не видов израз на машка заводливост. Сфатија дека тука сум за да работам.*"

Континуирана динамика. Кај повеќето од жените во детството постоела склоност кон динамични и групни игри. Голем дел од нив ги пополнувале местата во училишните тимови за ракомет или кошарка. *„Многу сакав да играм фудбал со момчињата, најголема желба ми беше да ја шутнамтопката толку многу далеку за да им покажам дека можам да играм со нив*"[287]. Исто така, се забележува една ориентација кон секциите од техничките предмети: моделарство, математика, хемија. Сето ова влијае на натамошните тенденции и освојувањето на оние занимања што околината ги нарекувала машки и кои биле одбегнувани од страна на жените.

## 3. СЕМЕЈСТВОТО И КАРИЕРАТА

Од податоците за брачната состојба на испитаничките (32 се мажени, 5 разведени и 3 немажени жени), можат да се добијат определени сознанија за карактерот на едно семјство во кое жената има поголем општествен ангажман. Пред сè, треба да се укаже на условите кои постојат во семјството како поволни

---

287 Директорка на погон во градежна индустрија

услови за градење кариера од поинаков вид од оној што е вообичаен за жените - кариера на домаќинка. Ако зад еден успешен маж постои „успешна жена" треба да се одговори на прашањето што се крие зад една успешна жена? Се работи навистина за едно широко поле на проблеми кое резултира со една голема дисперзија на улоги што се врзани за жената, со што како основно се наметнува прашањето како може една жена со толку многу обврски кон семјството да постигне и личен просперитет на едно друго поле кое бара исто така голем ангажман. Тоа наведува на мисла дека се работи за посебни жени, за жени со посебни способности, полни со енергија која на жените секогаш им недостасува.

Анализата, исто така, е насочена кон одредени односи меѓу супружниците и промените што се случуваат на овој план. Во тој контекст се поставува прашањето: дали кариерата на жените е само ефектуирање на моќта и високата позиција на сопругот кој е во улога на оној кој ја влече жената? И колку многу е важно прашањето за ставот на сопругот кон личноста на својата сопруга од што ќе зависи и ставот кон нејзината кариерата. Одговороот на сите овие прашања всушност ќе биде одговор на прашањето за влогот на семејството во дејствувањето на жените во сферата на трудот и пошироко.

## *3.1. НЕ ПОСТОИ ГОЛЕМА СПЕЦИФИЧНА ТЕЖИНА ВРЗ СПОСОБНОСТИТЕ КАЈ ЖЕНИТЕ НА ВИСОКИ ФУНКЦИИ*

Во тенденцијата да се дофати нешто што овие жени ги разликува од останатите, се наиде на отсечно одбивање на едно така насочено прашање. Испитаничките ја негираа тезата за постоењето на некои посебни вештини или способности во однос на другите жени, од оние кои се нормални за вршење на една поодговорна работа.[288] Она по што се разликуваат овие жени не се способностите или некој посебен вид талент, туку тоа е пред сè положбата што ја имаат тие во однос на положбата на која се наоѓа најголемиот дел од женската популација. Според податоците 37 од нив имаат семејства, (25 од нив имаат по две деца, останатие по едно) за кои треба да се грижат. Овие жени семејството не го

[288] Ситуацијата во поглед на способностите е слична како онаа кај мажите. За да се врши оваа функција потребни се некои способности, вештини и знаења кои ги немат сите луѓе. Но, не може да се каже дека жените на овие функции се нешто посебно, генијалки и сл. Сепак сите се во рамките на просечноста како и неопходните услови за успешното извршување на овие функции.

чувствувале како пречка за нивното напредување. Тоа е така, пред сè, поради тоа што во нивните семејства (16), меѓу членовите постои егалитарна ориентација и егалитарна поделба на задачите. Меѓутоа не е мал бројот на оние жени кај кои сите обврски во семејството паѓаат врз нивниот грб ( 10).

На овој план се забележува интервенцијата на една институција т.н. семејна солидарност, односно преземање на грижата околу децата од страна на бабите и дедовците. Тоа може да биде многу важен елемент. Како инаку ќе се аргументира фактот според кој ниту една од овие жени не користеле боледување поради болеста на нивните деца, а во праксата не е забележен голем број на татковци што биле отсутни од работа кога тие лично не биле болни. Сето тоа влијае на диспонибилноста на жената за која веќе беше констатирано дека е неопходен принцип во вршењето на некоја од високите раководни функции. Од друга страна, ако се земе предвид просечната старост на жените (46 години) и просечното време на вршењето на функцијата (4 години) таквиот став за семејството и кариерата ќе се чини појасен. Имено, тоа се жени чии обврски кон семејството во некоја мера се редуцирани, односно тие имаат повозрасни деца кај кои отсуството на родителите може да биде попожелно отколку нивното присуство. Според некои сфаќања е сосем нормално младите луѓе, како прво, да им се посветат на семејствата. Во семејството се стекнува еден вид зрелост, чувство на припадност, предодреденост за нешто и некого, лојалност. Затоа можеби на повисоки функции се наоѓаат и повозрасни луѓе кои веќе ги поминале големите „обврски во семејството“ и сега можат да им се посветат на општествените проблеми. Така овој проблем добива свое универзално значење и не треба да се редуцира само на жените и на нивната предодреденост за семејството.

Анализата на податоците упатува на заклучок дека **семејството не е пречка за напредувањето на жените,** туку, тоа е положбата што жената ја има во семејството. Егалитарното семејство не значи само една редистрибуција на улогите, односно семејство кое ја напушта старата конзервативна патријархална шема на поделба на задолженијата меѓу членовите, туку и елиминирање на определени социјални тежини што општеството им ги доделува на одредените негови членови. Тоа носи егалитаризам и во односите меѓу членовите на семејството, како меѓу супружниците така и меѓу децата. Се елиминира хиерархијата со што на преден план излегува личната иницијатива, потребите на членовите, перспективите и личното усовршување на секој нејзин член итн.

Всушност, во нашиот примерок на семејства е поприсутен последниот аспект, тенденција на сите членови кон персонален развој во чии рамки и кариерата на жената не се сфаќа како нешто ненормално и невозможно. Наспроти овие големи придобивки на планот на личните можности на жената, на планот на редистрибуцијата на улогите е направен само еден скромен чекор. Поголем дел од жените сè уште ги вршат дома сите оние работи, дури и на истиот начин, што ги вршеле и нивните мајки. Дека традиционализмот на ова поднебје тешко се искоренува, покажува начинот на приготвување на храната, кој сосем малку еволуира од оној кој се применувал во времето на нашите мајки и баби (крчкање, потоа употребата на различни видови теста кои не можат да се набават во трговијата и сл. за што е потребно подолго време). Тешко продира западниот начин на приготвување на храна кој, а тоа значи пред сè, економија на времето. Во прилог на ова оди и фактот за нискиот општествен стандард и неможноста жените да ги користат различните услуги како што тоа е пракса во економски побогатите општества, односно недостапноста на услугите и високата цена на полуготовите производи. Тоа, исто така, се должи и на климатските услови и изобилието од свеж зеленчук кој бара подолго припремање. Но, зад сето ова може да се препознае и присутноста на патријрхалниот менталитет кој ја држи сè уште жената цврсто приврзана кон овие традиционални активности. Во таа смисла една од испитаничките истакна: *„Дома сум роб, односно 'рмбам како жена, а на работа треба да бидам фина, да зрачам авторитет и сигурност. Ваквите квалитативни преоди понекогаш се чинат смешни."*[289]

Конструкцијата на вакви, и слични на нив односи, можеби не би се генерирале во тие димензии денес, доколку мажите не се борат грчевито за својата наследена положба која им дава голем комодитет во семејството и надвор од него.[290] Но, за генреирањето на патријархатот како и за местото каде неговите никулции се разлистуваат говори исказот на една од испитаничките: *„Јас се борам против дискриминацијата на жените во општеството, а познат ми е и*

---

289 Директорка за финансии во прехранбената индустрија.

290 Еден пример од една жена на највисоко раководно ниво:*„Бев неколку дена на службен пат. На враќање во возот цело време размислував за тоа што ме очекува дома. Го најдов мажот во ужасно расположение што резултираше од моето отсуство. Ми рече додека јас се шетам по светов, тој живее во неред и дека нè се оженил за да седи дома сам. Не отидов на работа под изговор дека сум уморна од патот, а дома се фрлив на правење разни јадења за да го повратам расположенитео на мојот сопруг. Иако бев навистина уморна знаев што му е потребно на мојот сопруг за да се чувствува добро: една мајчинска грижа, безгрижност во неговиот пристап кон семејството, богата софра."*

*изворот на неправдите. Апсурдот е во тоа што и јас на некој начин го збогатувам тој извор на дискриминацијата, воспитувајќи го мојот син како и сите други мајки. Не смеам да му нанесам, од друга страна, на мојот син неправда и да го направам таков за со него средината да се подбива. Жената тука постапува не во свој личен интерес туку во интерес на општеството, таа го има во себе чувството за општост, и покрај тоа што може да делува во своја корист ако тоа го сака, впрочем сите мажи на овој свет се донесени од жени, нивните мајки...“* [291]

Имајќи ги пред себе сите овие аспекти, се чини дека жените на високи функции како да се нешто посебно во однос на останатите, дека тоа се жени со посебна енергија, способности и сл. Но, тие го негираат тоа. Ако се зборува за посебност тогаш таа се однесува на пристапот кон работата, амбициите, целите. Тежината на домашните задачи кои мора да се извршат, по еден долг и динамичен работен ден, кај овие жени не беше потисната.[292] Напротив, сите тие, некои поотворено некои поскриено, некои индиферентни, а некои со поголема тага, зборуваа за личните жртви што нужно мораат да се стават како влог во нивниот зголемен ангажман на професионален план.[293] Така, посебноста на овие жени постои, а таа може да се пронајде во нивната ориентација, во целите што тие лично си ги поставуваат пред себе.[294] Тоа се жени кои немаат повеќе енергија од останатите, но тие умеат истата добро да ја организираат и да ја стават во функција на дневните и долгорочните активности. Со еден, збор тоа се жени кои успелае да се одлепат од „бош муабетите“ и дозволиле да ги повлече содржината на работната и индивидуалната желба да се успее. Се работи за посебен вид енергија која е произведена од специфичниот вид мотивација која ја има моќта да ја мобилизира енергијата кон полето на интересот.

---

291 Генерална директорка на фабрика.

292 *„За една вработена жена која има тешка и одговорна работа е вистински проблем усогласувањето на сите обрски на семеен и професионален план. Тоа е исто како да се вршат две многу сложени работни места, односно две работни времиња. Но, и уште повеќе, бидејќи семејството не може да се спореди со ниедна организација, за него се потребни многу различити квалификации. Затоа амбициите на жените на професионален план запајуваат, нивните барања на овој план се скромни.“*

293 *„Ми беше многу тешко. Условите за работа беа отежнати и требаше да се вложат посебни напори, состанчења, договори и сл. А, дома немаше никој кој може да го преземе делот на моите обврски. Не се прашував, и никогаш не размислував дали можам. Едноставно, работите беа работи кои стоеја пред мене.“*

294 *„Мора да се каже дека се нешто посебно, зашто ако една жена каже дека сите работи дома сама ги завршува и на работа е успешен директор, нема никој да ѝ поверува. Навистина изгледа неможно.“*

Како констатацијата од информациите за семјството на овие жени можеме да истакнеме дека во семејната средина настанале големи промени кои биле во прилог на ангажманот на жената на општествен план. Во тие промени треба да се нагласи редистрибуцијата на определени улоги кои во минатото единствено биле приврзани за жената. На тој начин настанува редукција на некои од репродуктивните активности во чие остварување учевствуваат сопругот и другите членови од семејството. Нема да има успешни жени ако тие се потполно оптоварени со обврските кон семејството. Еден интересен пример за тоа е следниов: *„Упатена во целата ситуација на препријатието што јас го водев одлучив да не одам на одмор. Тоа не му пречеше на мојот сопруг да ги земе децата и да замине на одмор.“*[295] Исто така. значајна е промената во положбата на жената во семејството, за која е платена многу висока цена од страна на жените кои успеале да ги внесат овие промени и покрај силните отпори од страна на општеството. *„Концептот за жената е многу тежок. Секоја жена треба да го бара личниот пат за своја промоција кој не е едноставен зашто општеството не прави многу за жената да биде успешна во јавниот сектор, напротив тоа ја стимулира да биде успешна во домаќинството, да биде добра послушна сопруга, сенка на личноста на својот сопруг.“* Овој став на некој начин значи и бунт, а такви реакции имаше многу повеќе, спроти сите оние жени кои се затвориле во својата „женска корупка“ во која владее нивната немоќ и сакаат да бидат само жени. Овој тип жени, според исказите на испитаничките, доминира во нашата средина. Тие доброволно ја прифаќаат својата сумисивна положба, положба на пасивни и незаинтересирани суштества за професијата, и покрај тоа што голем дел од нив имаат работно време.

Дали дилемите можат да се разрешат? Одговорот е негативен, зашто сè уште нема можности за исчезнувањето на семејството. Наспроти тоа, соочени со сите процеси кои ја предизвикуваат дезинтеграцијата на семејството како и сè поголемата апститненција во создавањето семејства (самечки домаќинства, вонбрачни заедници и сл.) сè укажува на потребата жената да се врати во куќата и да се грижи за семејството, *тaa е столб на семејството*.[296]

---

295 Директорка за финансии во хемиска индустрија.

296 Во овој контекст може да се изнесе ставот на еден наш познат автор, Ферид Мухиќ. во неодамна објавената збирка на статии за положбата на жената во општествените текови. Зголемениот ангажман на жените во јавниот сектор тој го поврзува со определени општествени промени кои во основа имаат негативен ефект врз семејството. Ослободувањето на женската креативност и придобивките на општествен план немаат

## *3.2. СТОЛБ НА СЕМЕЈСТВОТО*

Кај жените е всадена длабоко свеста за одговорноста кон семејството. Ако треба да се направи избор помеѓу семејството или кариерата тогаш тука нема дилеми. Семејството е на прв план. Она што преовладува во донесувањето на одлуката да се прифати една одговорна функција не се амбициите или подготвеноста на жените тоа да го направат, туку тоа е реакцијата на нивната семејна околина, односно подршката што сопругот ја дава. Беа предочени повеќе случаи на жени кои прифаќајќи ја функцијата на своја рака, при тоа сметајќи дека лесно ќе ги разрешат отпорите на сопругот, се судирале со големи проблеми, и по кусо време дале оставка од функцијата поради семејни причини. Мал е бројот на оние жени кои се решени по секоја цена да градат кариера и кои донесуваат одлука во истиот миг без да ги консултираат претходно своите сопрузи. Еден маж којшто добил понуда за висока функција сигурно нема да ја консултира својата сопруга, туку тоа ѝ го соопштува во соодветен миг, како унапредувањето да се однесува и на сопругата. Меѓутоа ниту еден сопруг не бил воодушевен и горд што неговата жена добила унапредување. На пример, една збунета жена на која ѝ било понудено да биде директор на еден сектор во претпријатието, безусловно сакала да продискутира со сопругот. Неговата реакција била: *„Прави што сакаш, само остави ме мене на мира.“*[297]

Речиси секогаш при разгледувањето на можностите жената да прифати определена функција се дискутира за тоа што ќе биде со семејството и кои фактори да се мобилизиираат за да да се одржи семејството, воопшто не станува збор за проблемите на професионален план. Жените самите истакнуваат дека семејството е она што стои зад нивниот успех, а притоа мислат на своите сопрузи кои им помогнале со тоа што им дозволиле слободно да се движат по орбитата на професијата. Споредено со она што постои во другите семејства, ова може да биде дистинктивен, и многу важен елемент. Имено, на поголем дел од жените им е ускратено правото да ги напуштат воспоставените прегради за движење во

---

равенство со редуцираната семејна активност. *„Судбината на општеството зависи од жената“*- констатира авторот. Така било во целокупната историја и нема причина тоа да не биде така и денес.“ Потоа апелира до жените да не им „одолеат на заводливите искушенија на вонсемејниот ангажман.“ Целокупната женска мудрост може да се оствари во семејната рамка. Ваква една редукција на дезинтеграторските процеси во целото општество, па и во рамките на семејството е нереална. Дали личниот просперитет на жената е закана за целото семејство, и за општеството. Кој е всушност тука загрозен?

297 Директорка на еден институт во еден голем индустриски комплекс.

професионалниот простор. Тоа произлегува од потребата точно да се разграничат семејството и претпријатието. Кај многу жени всушност работното време е во функција на семејството. Содржината на разговорите со колегите, окупираноста со обврските што треба да се завршат, инструкциите за децата преку телефон и сл. создава импресија за потиснување на сферата на продукцијата. Преокупираноста на жената со семејството и репродукцијата, и во текот на работното време, не е случајна. Таа произлегува од силните емотивни врски со семејството, како и од одговорноста кон него. Ако нема некој друг кој може, исто така, *да се подметне* во сите тие семејни ситуации, интересот за работата кај жените ќе се сведе на неопходниот минимум. Мал број жени прават компромис меѓу работата и семејството. Меѓутоа, кариерата е нешто сосем различно од чекањето да се заврши работното време. Вршењето одредена функција е поврзано со разрешување на многу проблеми, бара посебни напори и неподнесува рокови. Тоа не е работа која се завршува со работното време, голем дел од проблемите се носат дома и од нивната тежина зависи семејната атмосфера. Од очекувањата жената во семејството да биде блага и нежна сопруга, подготвена да им се најде при рака на сите, може да се случи и спротивното - нервозната, изморна и замислена сопруга која наместо приказна, полузаспана, кажува неповрзани работи со што го руши детскиот сон.[298] Тука се работи за дифузија на сферата на јавното во сферата на приватното, што досега не било вообичаено да се врши преку жените. За да може да се оствари тој продор неопходна е една толерантна или во краен случај индиферентна семејна околина за сите оние налети што ќе дојдат преку жената од јавната сфера. Традиционалната поделба на улогите и дефинирањето на машките улоги е во директна спротивност со една таква диспозиција на улогите. Содржината на машкоста не е одредена според мерилата на приватното, но и обратно, содржината на женственоста не е одредена според мерилата на јавното. Машкоста е загрозена ако жената во поголема мера се експонира во јавноста. Средината веднаш донесува пресуда: *„Тој не е маж"*. Дури и кога еден маж интимно посакува неговата сопруга да биде успешна и кога сака од свој личен афинитет да извршува некои активноста дома, тој се плаши од осудата на околината.

---

298 *„Имаше периоди кога работата потполно го окупираше мојот дух, па така сите други проблеми ми изгледаа споредни. Цело време ме прогонуваше чувството дека моето дете расте без мене и се плашев како тоа ќе се одрази во иднината."*

Ваквата поставеност на жената во семејството е поттикната од длабоки, инстиктивни тенденции на мајчинството. За овие жени, разрешувањето на проблемите на професионален план е многу полесно отколку разрешувањето на проблемите што ќе се појават во семејството. Многу тешко, според нив, се коригираат направените грешки во семејството. За да се направи кариера потребен е еден поголем рационален напор, еден поголем ангажман. Многу е тешко да се создаде здраво семејство, тука е залуден секој рационален напор. Во претпријатието се планира, се предвидува и може математички да се пресмета исходот од некој проект. Но, со децата не е така. Тоа е една посебна материја, непредвидлива во своето движење, недофатлива со своите потреби. Во однос н а своите децата може да се забележи дека овие жени си имаат некој „камен на срцето". Во трката со времето и прецртувањето на квадратчињата со обврски од дневната шема, се јавува едно чувство на грижа на совеста и тоа пред сè поради децата. Еве едно такво лично доживување на семејството од страна на една испитаничка: *„Мајчинството, односно семејството е нешто за што жената е предодредена. Таа е предодредена биолошки и психолошки за тоа но уште повеќе заради нејзината способност да ја организира оваа сложена структура. Има жени што мислат дека ако платат некому дека тој некој успешно ќе го води домаќинството и дека ќе ги пополнат оние празнини што ќе ги направат нивните зачестени отсуства од дома. Можам да наведам повеќе примери на жени кои ги растуриле своите семјства заради редукцијата на семејството на одредени материјални обврски. Кога некој дома помага тоа не значи дека тој и го организира семејството. Жената го поседува тој инстинкт да ја одржи интеграцијата на секој член со семејството. Нема успешна жена ако таа има куп наталожени проблеми во семејството."*[299]

**Лични жртви пред сè**. Сите испитанички, без исклучок, одговорија дека ако е некој жртва во семејството за нивната кариера тогаш тоа се тие самите. Жените се во состојба да поднесуваат огромни лични жртви за да можат да ги ускладат двете полиња на нивното дејствување.[300] Но, кај нив се забележува и едно нерасчистено прашање за жртвите на целото семејството за нивната кариера. Еве како една од испитаничките ја поставува таа дилема: *„Ако децата подолго време се препуштени сами на себе, тогаш се губи контролата врз нив, а*

---

299 Директорка, т.е. *генерал-менаџер* на едно приватно претпријатие

300 *„Бев пресреќна кога ноќе ќе се пробудев и ќе констатирав дека можам уште да спијам. Сонот беше нешто недостапно за мене."*

*кућата станува се потешка за одржување."*[301] Но, мора да се спомнат и жртвите на сопрузите. Еве еден пример за тоа: *„Кога му соопштив на сопругот дека ми е предложено да станам директор, тој не се спротистави и рече дека можеме дома поинаку да се организираме. Единствена негова отстапка беше што би можел тој да го носи детето на англиски наместо да оди да спортува. Сепак шемата беше нарушена"* или: *„Сето изминато време си мислев дека само уште оваа работа да помине, уште овој проблем да се реши па ќе бидам послободна и ќе му се посветам на семејството. До тоа никогаш не дојде и затоа сега чекам пензија кога ќе бидам вистинска мајка."*[302]

## 3.3. *ЛИМИТИРАЊЕ НА КАРИЕРАТА*

Голем број од испитаничките од подолните хиерархиски рамништа истакнаа дека нивните амбиции не се насочени кон првиот ешалон на хиерхијата. Тука се наиде на мошне конфузни одговори што е сосем нормално од едно вака поставено пршање. Имено, тие не ја криеја својата лојалност кон своите претпоставени, потоа дека се сосем задоволни од својата функција дека ги исполнува и сл. Но, на прашањето дали се чувствуваат способни да се фатат во костец со една таква функција, голем број од нив одговорија позитивно, како и дека тие не би го направиле тоа поради обврските што ги имаат кон семејството. Исто така, жената сосем малку инвестера во своето стручно усовршување, специјализации, студиски престои и сл. Еден пример го појаснува тоа: *„Мажот ми цело време одеше на курсеви за јазик, некои специјалистички курсеви во странство и сл., додека јас инвестирав во семејството. Затоа мојата кариера денес е лимитирана и да сакам повеќе не можам бидејќи има многу луѓе во претпријатието со поголема предност."*[303]

---

301 Директорка на еден погон во голем индустриски комплекс.

302 Меѓу исказите на испитаничките се сретна и еден ваков кој мошне длабоко ја допираат мајжинската психологија: *„Цело време работата беше голем предизвик за мене. Постојано морав да се борам за да ги разрешам проблемите што ми стоеја на патот. Мислев дека моето семејство има сè што е потребно. Но, тогаш не можев да видам дека материјална сигурност не може да го компензира недостигот на нешто друго во семејството. Празнините во животот на моето дете сега ги носам како мои лични празнини, тој ме осудува и денес. По сè што поминав имам чувство дека сум непотребна."*

303 Директорка на истражувачки институт во еден индустриски комплекс.

**Јавното и приватното се две засебни сфери.** За да се постигне успех на професионален план, неопходно е да се изврши дистинкција на овие две сфери. Кај мажите никогаш не се доведува во прашање принципот на односот меѓу семејството и професијата. Но, поради положбата што жената ја има во семејството, мајчинството и сл., кај жените односите меѓу приватното и јавното се усложнуваат и имаат спротивни тенденции во своите движења. Имено, кај мажите постои тенденција да се внесе јавното во приватното со што целото семејство е соочено со „тежината" на работите што ги врши сопругот. Тој со право, поради тешките трауми, си зема дневен одмор при што пасивно, без обврски кон семејството ја репродуцира својата енергија. За жената важи спротивното. Постои едно познато искуство, според кое голем број жени семејството го внесуваат во работните простории, во дискусиите доминираат теми со содржини од кулинарството, воспитувањето и сл. Оттука доаѓа до генерализирање на овој став кој потоа им се припишува на сите жени. Можеби од таму произлегува тенденцијата на жените на високи функции да направат рез меѓу приватното и јавното, избегнувајќи го судот на околината, а и тенденцијата да се докаже спротивното. Но, таквиот став не е само контра-удар на стереотипите, туку и неопходност во работењето. Доколку една жена навистина и во духот се ослободи од она што дома ја потиснува, тогаш таа ќе може успешно да ги постави проблемите во претпријатието.

Продорот на јавното во семејството не се остварува на оној начин како што е случајот со мажите. Тоа е така од повеќе причини. Како прво, тоа е ставот на сопругот кон работата на својата сопруга. Имено, во тенденцијата да се дефинира ставот на сопругот кон работата на сопругата, се наидуваше на различни одговори. На пример: „*Мојот сопруг е убеден дека мојата работа не е тешка*" или: „*Мојот сопруг мисли дека мене работите ми одат некако лесно или мисли дека оваа функција што јас ја имам и не е така значајна штом мене ми ја довериле.*" Во истата смисла, многумина од сопрузите истакнувале: „*Лесно ти е тебе со ваква мирна работа, јас со задоволство би ја работел*", односно: „*сигурно и не е таа работа толку значајна и тешка штом немаш проблеми што те мачат или штом сите ги решаваш без многу врева.*"

Од овие ставови, а и од многуте други слични на нив, може да се изведат одредени констатации. Всушност, кај мажите не постои респект за она што нивните сопруги го работат, иако се работи за високи и одговорни функции. Се забележува девалвација на работата што ја вршат жените. Но, тоа би можело да

значи дека жените дома не зборуваат за проблемите поврзани со нивната професија. Причина за тоа може да биде инсуфициенцата на респект за нивната работа и одбегнувањето разговори за кои однапред се знае како ќе завршат. *„Мојот респект кон мојата работа е голем, залудно е да убедувам некого за тоа и подобро е секогаш да се избегнуваат таквите дискусии.“*

Од односот на мажот кон работата на сопругата во голема мера зависи развојот на кариерата. Мажите се во состојба да го респектираат утврденото работно време, но покажуваат негативни реакции во однос на ангажманите на жената по работното време. Ова посебно се однесува на одењето на деловен пат. Како што беше претходно спомнато, реализацијата на овие функции на кои се наоѓаат жените бара диспонибилитет на личноста во однос на работата. Тоа значи дека личноста во секое време мора да се посвети на работата, додека определени работни активности не се изведат до крај. Се разбира, тука спаѓаат контактите, договарањата, состаноците, деловните ручеци и сл. Ставовите на сопрузите по однос на ова прашање, пренесени од испитаничките, одат во две насоки. Има сопрузи кои повеќедневните отсуства на жената ги сфаќаат како нормален тек на работите. Во тие семејства (10) мажите се тие кои ги преземаат обврските околу семејството, помагаат околу патот, делат совети и сл. Еве еден екстремен пример: *„Мојот сопруг е шетан човек, се нашол во разни ситуации и неговите искуства ми беа драгоцени во моите настапи. Тој работите ги гледаше од свој, машки аспект, а тоа беше важно да знам како мажите размислуваат. Уште во стартот знаев дека, кога една жена ќе влезе во една машка раководна група, ја тестираат, дека ѝ го* ***мерат мозокот****. Во поголемиот број од останатите семејства се наидува на намуртени сопрузи кои не го кријат своето негодување. Главните проблеми се прават околу децата во смисла: твој проблем е како ќе си ги средиш децата, немам намера да се жртвувам.“* Но, сепак може да се констатира дека во семејствата борбата за диспонибилитетот на жената е завршена и дека, и покрај сè уште присутните препреки и оптоварувања, жените стекнале големи придобивки.[304]

---

[304] Директорка на производство во градежната индустрија.

## 3.4. СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА ЖЕНАТА ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ НЕ МОЖЕ ДА ГО ОДРЕДИ СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА СЕМЕЈСТВОТО

Социјалниот статус на семејството не може да се одреди според социјалниот статус на жената во јавната сфера. Социо-професионалната положба на мажот е детерминанта на социјалниот статус на семејството. И тогаш кога жената има повисок статус од својот сопруг нејзините влијанија врз социјалната определба на семејството се значително помали. Тоа значи дека статусот на жената нема доволно општествен легитимит. Општеството не ја признава реално остварената позиција на жените, ами онаа која тоа глобално им ја пропишува. Тука се гледа една длабока општествена тенденција на ексклузија на жените од општествената структура и нивната припадност кон некоја „параструктура“ која е надвор вообичаените општествени мерки. Тоа е така, и покрај тоа што жените по својата формација, како и според насоките на дејствувањето, припаѓаат на истата структура. Дискриминацијата на жените е најприсутна при вреднувањето, каде се поставуваат различни критериуми за исти содржи во зависност од тоа кој е нивниот носител. Ако балансот е мера за правдата, односно еднаквата тежина на обете страни, за да се постигне баланс во социјалните тежини на мажот и жената, врз тасот кој ја мери социјалната вредност на жената треба многу поголема тежина. Хиерархијата на формално еднакви положби се поместува за неколку скалила ако на тие положби се наоѓаат жени. Во трагањето по причините за ваквата поставеност на жената размислувањата одат во различити насоки. Размрсувањето на „јазелот“ се чини дека треба да започне од семејството и положбата што жената ја има во семејството во кое појасно може да се види дејствувањето на определени традиционални сили.

На почетокот на анализата на ова прашање, кое само по себе се наметна во текот на истражувањето, треба да се истакне дека тука се работи само за обид да се дефинира еден проблем без големи претензии да се навлезе подлабоко во неговата експликација. Исто така, мора да упатиме на скороста на оваа проблематика во рамките на студиите на општествената структура, а се должи на малиот број жени кои оствариле повисок статус од нивните сопрузи како и скороста на процесите на општествената промоција на жените. Покрај тоа, треба да се истакне значењето на формалната положба која традиционално ѝ е доделена на жената, која поради силното дејствување на патријархалната

идеологија ја девалвира нејзината реална положба. Затоа, се чини дека оние жени кои се искачиле повисоко на скалата на општествената хиерархија како да извршиле узурпација на таа положба од некого кому таа е наменета. Меѓутоа, од она што го добивме како податок се чини дека жените се свесни за таквата ситуација и дека свесно ги прифаќаат компромисите со општеството. Сатисфакцијата се бара во работата која станува неограничено поле на нивната вечна борба за коригирање на општествените мерила. Меѓутоа, постои една голема дистинкција во однос на семејството, тука се подржува традиционалната дистрибуција на моќта на мажот, се прифаќаат и се репродуцираат старите вредности каде што мажот мора да биде „глава" на семејството. Или како што истакна една од испитаничките: *„Професијата на жените е само условно обавување на одредени активности надвор од дома се дотогаш додека таа успешно ги обавува домашните активности, доколку дојде до нарушување на овој договор жените се враќаат на нивното* ***вистинско место.***"[305]

Во експликацијата на проблемот може да помогнат податоците што ги добивме за образованието на сопружниците, како и оние споредени со образованието на нивните сопруги.

| вид образование | образование на сопругот | образование на сопругата |
|---|---|---|
| технолошки фак. | 2 | 8 |
| машински фак. | 5 | 3 |
| електротехнички фак. | 3 | 2 |
| градежен фак. | 4 | 2 |
| металуршки фак. | 2 | 2 |
| економски фак. | 5 | 13 |
| правен фак. | 2 | 2 |
| филозофски фак. | 3 | 1 |
| останати факултети | 3 | 2 |
| виша школа | 3 | 0 |
| средно училиште | 4 | 1 |
| Вкупно | 37 | 37 |

Од податоците за образованието на сопружниците може да се види извесен диспаритет. Имено, во примерокот на жени на високи функции, каде што сите се со високо образование (освен една жена со средно образование), се забележува дека четворица од нивните сопрузи имаат средно, а тројца вишо образование. Тоа реално би можело да значи дека поголем број од жените имале поголеми шанси за успех. Податоците за видот на образованието на мажите покажуваат речиси рамномерна дисперзија во различните видови образовни институции за разлика од групирањето на нивните сопруги околу одредени

305 Директорка на фабрика во текстилна индустрија.

образовни институции како што е тоа економскиот и технолошкиот факултет. За овие тенденции на групирање на жените околу определени образовни институции, веќе станува збор. и тоа тука е сосем очекувано. Но, тука не станува збор за идентична ситуација, бидејќи во еден така мал примерок се јавуваат 18 жени кои завршиле факултети кои пак, според оваа определба, повеќе инклинираат кон „машки факултети", наспроти 16-те од нивните сопрузи. Воопштувањето тука е отежнато и со оглед на тоа што се работи за намерен примерок на жени вработени во стопанството каде се претпоставени техничките квалификации. Ваквата дистинкција на образованието на сопружниците се прави заради подобро разбирање на ставовите на испитаничките во поглед на моќта во семејството. Во истата функција може да бидат и податоците за функциите што сопрузите ги извршуваат во рамките на своето професионално дејствување. На тој план се доби следното:

1. Предработници (раководители на оддели) 4;
2. Директор на еден сектор 6;
3. Генерални директори 5;
4. Платени политички функционери 0;
6. Партиски и други политички функции 0;
7. Генерал-менаџери 7;
8. Без функција 15 (професори, лекари, службеници, други технички кадри и др.)

Без поголеми коментари на податоците за функциите на сопрузите може да се воочи дека кај поголем број од семејствата сопругите остварувале повисоки функции од нивните сопрузи, односно нивниот статус во општествената хиерархија бил повисок или на исто ниво од нивните сопрузи. Со оглед на тоа што тука не може со објективни показатели да се мери статусот на семејството, тоа е навистина еден многу сложен потфат, тука ќе се укаже на статусот што жената го има во семејството за да се види слевањето на општествената функција на жената во рамките на семејството, односно растопувањето на општествената моќ.

Според традиционалните правила, дистрибуцијата на моќта во семејството е направена во прилог на мажот. Таквата поделба на моќта води потекло од различниот пристап на мажот и жената кон основните средства за остварување на езистенцијата. Мажот бил носител на основните средства и тоа во поглед на поседувањето земја, вршењето некоја професија и сл. На тој начин, тој си обезбедил посебен статус во семејството, а според статусот што тој го имал

во општеството се дефинирало и самото семејствотво. Така, мажот станува „стопан“ на домаќинството, „глава“ на семејството и прв авторитет во семејството. Промените во општеството, со кои и на жената ѝ беше дозволен пристап кон основните средства за егзистенција, не предизвикаа значајни промени во поглед на редистрибуцијата на моќта во семејството. Дури и во семејствата каде што жените оствариле поголем општествен статус од своите сопрузи се одржува традиционалната поделба. Ова прашање не ќе беше толку потенцирано ако тоа се претопеше во општата шема на дискриминацијата на жените. Меѓутоа тука е интересен ставот на жените во однос на можната инверзија на местата меѓу мажот и жената во семејството. Жените не само што не ја посакуваат таквата инверзија на моќта во семејството, туку категорично ја отфрлаат. На пример: *„Жена-мачо, тоа е насилство во секој поглед. Тоа се фрустрирани жени кои не го избрале вистинскиот начин да се прикажат во околината која поинаку е проектирана.“*[306] Сите жени одговорија дека жената дома е само жена без оглед каква функција има надвор. Некои истакнаа дека и тогаш кога жената дома навистина е главна, за околината треба да е поинаку, треба да се прикаже супериорноста на мажот за да се презентира степенот на нормалност во семејството. *„Дома сум само домаќинка која се растргнува да ги заврши обврските кои можеби сум ги прифатила уште од раѓање и што можам јас тука да променам“*, истакна една жена на функција генерален директор на една фабрика.

Од овие и од многуте слични ставови може да се заклучи дека семејството е најголемиот и мошне јакиот бедем во одбраната на традиционално поставените односи меѓу сопружниците. Меѓутоа, далеку сме од тоа да го прикажеме и докажеме инфериорното чувство на жените во семејството. Се работи за една длабоко вкоренета психолошка структура преку која се прекршува социјалното. Можноста да се измести оваа психолошка структура на индивидуален план не е без последици, пред сè на планот на идентификацијата. Кај жените длабоко е всаден начинот на перцепција на сопственото суштествување, но и на машкото. И покрај тоа што овие жени се на висока функција, тие ги осудуваат оние жени кои дома ги изговараат оние зборови кои вообичаено ги изговара мажот: *„Знаете ли кој(а) сум **јас**, **јас** заработувам и вие мора да ме слушате.“* Една жена во рамките на семејството нема никогаш да каже **јас**, **ние** е нејзината вообичаена терминологија.

---

306 Директорка за финансии во една фабрика од прехранбената индустрија.

Мажите својата идентификација не ја постигнуваат во семејството. Доколку дојде до тоа мажот да го загуби полето на својот идентитет, а тоа е секогаш некое поле од јавната сфера (професијата, политиката, некоја друга активност, па макар тоа да е хоби), нему никогаш семејството не може да му биде компензација како на жената. Семејството може да биде доволна рамка за идентификацијата на жената, иако денес на овој план се забележуваат значителни промени. Можеби токму оттаму потекнува констатираната индиферентност на жените кон кариерата, дури и губитокот на работното место не се сфаќа толку трагично. Промените во нашето општество денес, односно транзиционите процеси во економската област каде доаѓа до затворње на претпријатијата, до масовни отпуштања и принудни одмори, голем дел од мажите ги доведува во неповолна ситуација. Иако можеби претпријатијата водат некоја кадровска политика во која веројатно е неизбежен и пристапот на дискриминација, сепак овие процеси се многу силни. Всушност, капиталот е индифирентен кон сѐ друго освен кон профитот. Нема прецизни показатели за тоа во колку семејства мажите останале без работа или во кој процент тие имаат помали примања од сопругите, но, според она што го добивме како податок за вработените жени во претпријатијатијата со кои раководат нашите испитанички, може да се констатира дека тој број и не е така мал. Имено, голем дел од испитаничките одговорија дека вработените жени се принудени да работат заради незавидната положба на класата работници во многуте сектори каде што нивните сопрузи работат. Исто така, не можеме да доловиме што се случува со мажите на планот на психолошките доживувања предизвикани од овие неповолни економски движења, но можеме да дадеме еден пример на растурање на семејството, т.е. развод на бракот, поради инфериорното чувство на мажот: *„Иако од многу одамна бев на функција во едно претпријатие со сопругот имавме големо разбирање. Тој беше инженер во Железарницата и заработуваше добро. Не треба посебно да се образложи што се случи во Железарницата. доволен е фактот што беа отпуштени или сами си заминаа 10000 вработени. речиси цела година не зедоа плата. Јас решив да отворам приватна фирма и му понудив на мажот ми да ми помага. Неговата машка гордост, бидејќи немаше друга во такви услови на егзистенција, не му дозволи неговата сопруга да ја организира работата, особено жена која има завршено само средно училиште. Тој продолжи да оди на работа во железарницата. Мојата работа тргна многу добро. Почнав да заработувам многу и го молев да ми помогне зашто во тоа*

*време рабошаша се ūрошири. Она шшо ѓо ūоѓоди беше односош на децаша кон неѓо. Тој ѓо изѓуби својош уѓлед како шашко, односно како маж, и разводош беше неизбежен.*"

Постои една теза според која кај жените е поизразено чувството за социјална правда. И тогаш, кога една жена заработува повеќе, ќе внимава со своето однесување да не го повреди сопругот. Таа не се дистанцира од семејството, туку секогаш е во него и секогаш настојува да го одржи чувството за еднаквост меѓу членовите. *„Мажише и во семејсшвошо ја внесуваaш нееднаковосша.*" Поаѓајќи од овој сплет на околности што се создаваат по повод семејството и професијата, се чини дека нема таква општествена придобивка за жената која ќе оди на штета на нејзиното семејство. Жената сè уште не ги усвоила како свои принципите на хиерархијата, не го интернализирала значењето на моќта и силата на авторитетот. Жените денес успешно дејствуваат во рамките на овие сфери, но сè уште се индиферентни кон легитимните социјални мерки. На поединечен план не може да се очекувааат промени, бидејќи е залудна една жртва. Веројатно е потребно многу повеќе да се направи на општествен план, отколку само да се појави една „фурија" или „жена која се прави маж." Токму тука недостасува една визија. Нереални се надежите ако очекуваме дека природата на жената ќе се смени. Налетот на социјалните и техничките револуции, чии ефекти и на планот на општествената интеграција на жените се видливи, засега се реална основа на промената.

Ако не може да се менува природата, не треба да се застане на патот природата да влезе во општеството.

# 4. ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ПРОФЕСИОНАЛНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ

## *4.1. ПОЧЕТОК НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА АКТИВНОСТ: ВЛЕЗ НА ПЕРИФЕРИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

Од анализата на податоците за текот на кариерата може да се забележи дека функциите на кои беа затекнати жените се реализирани преку поминување на повеќе етапи. Движењето кон повисоките места во хиерархијата, според проценките на испитаничките, е побавно во однос на нивните машки колеги.

Мора да се поминат сите инстанци што ги пропишува формалната структура на претпријатието. Така, во просек тоа се четири инстанци, што не може да се земе како мера во движењето во хиерархијата, бидејќи претпријатијата меѓу себе значајно се разликуваат по својата социјална структура, како и по разгранетоста на хиерархиската мрежа која зависи од големината на претпријатието, видот на техниката и технолошкиот процес, гранката на производство и друго. Половината од жените на овие функции дошле по еден нормален пат, а другите со поголеми тешкотии. Исто така, пристапот кон различните степени во хиерархијата не е ист. Пристапот кон врвните степени е многу поспецифичен во однос на пониските каде што изборот се врши со назначување од страна на претпоставените. При изборот на функцијата *генерален директор* се забележува една нередовна постапка, односно изборна процедура со спротивставени групи, каде се влегува во игра без правила, голема конкуренција, притисок, манипулација и сл.

Заедничко за сите жени на функција е тоа што на почетокот од својот професионален живот биле на периферијата од работните активности во претпријатието, односно вршеле помошни функции и тоа надвор од производството. Со оглед на стручната оспособеност поголем дел од жените се стручно-технички кадри (18 инженери), а тоа значи дека тие се оспособувале како кадри за производствениот процес. Нивната професионализација стекната преку тој тип едукација имплицира дејствување и интервенција во техничкиот аспект на производството.

Кај повеќето жени мотивот за изборот на една ваква професија била можноста за посигурно вработување. Во времето на изборот на професијата тие професии биле дефицитарни за стопанството, со шансите за вработување биле позитивно оценети. Исто така, претпријатијата преку стипендии настојувале однапред да ангажираат квалитетни кадри во што биле вклучени голем број жени. Меѓутоа подоцна, во моментот на вработувањето, кон жените, истите претпријатија пружале голем отпор. Постоело сомневање дека жените како технички кадар во претпријатието не можат да одговорат на поставените задачи. Има случаи кога претпријатието прави компромис и ги прифаќа овие кадри, но, притоа ги распоредува на работни места далеку од производствените погони, во одделите за анализа, истражување и сл. Еве еден типичен пример: „*Бев стипендист на Железарницата и цело време бев сигурна дека ќе се вработам, бидејќи имав највисок просек во генерацијата металурзи. Но, на мое разочарување, тие не сакаа да примат жена. Организационата шема на*

*Железарницата вклучува работа во погон и во смени, голема техничка одговорност за процесот и координирањето на работници претежно од селско потекло. Извршувањето на овие активности тешко може да се поврзе со една жена. За директорот беше несфатливо жена да работи во погон и ме „татковски“ советуваше дека на една убава жена не ѝ е местото меѓу тој работнички свет, меѓу измастените машини. Како инжинер добив задача да водам некоја глупава евиденција што ме гушеше.“*

Може да се заклучи дека вработувањето на жените, и во тој период кога стопанството бележи раст, било проблематично, а дека е посебно проблематично вработувањето на жените кои се ориентирале кон „машките“ професии.

Исто така, се забележува дека 35 од жените сиот свој професионален век го поминале само во едно претпријатие. Со тоа се потврдува претходно дадената теза дека типично за градењето кариера кај жените е што таа се гради во едно претпријатие. Ниската флуктуација на женската работна сила резултира во повеќе фактори како што се: односот кон трудот, односите со работниците и претпоставените во претпријатието и редица други елементи поврзани со една специфична врска меѓу жената, трудот и работната средина. Кај жените постои тенденција да се стабилизираат на едно место, поради што сите нивни напори одат кон таа насока. Ваквата тенденција е спротивна на законитостите на хиерхијата каде што динамиката ја прави несигурна било која положба. Како резултат на ова се јавува константна, или, природна тенденција на движење кон горе. Оваа тенденција предизвикана од организациските принципи не е карактеристична за жените. Во експликацијата на оваа тенденција постои едно размислување според кое ставот на жената кон работата и претпријатието е одреден од нејзиниот став кон бракот, односно кон семејството, каде ѝ се припишува една перманентна тенденција да ја задржи рамнотежата во бракот, што води кон состојба на стабилизација, избегнување на неизвесноста и промените. Поради тоа, се мисли дека жените можат да бидат многу добри соработници или советодавци, дотолку повеќе што не покажуваат аспирации кон погорните функции. Кога на техничките и финансовите директорки им беше поставено прашањето: *Дали имаат желба да одат уште погоре во хиерархијата?*, сите тие одговорија негативно. Многу од нив одговорија дека не се сметат за неспособни да вршат и повисока функција, но дека се сосем задоволни со она што го постигнале. Некои ја истакнаа лојалноста и

благодарноста кон своите претпоставени заради сатисфакцијата што им е пружена при назначувањето на тие места.[307]

Меѓутоа, степенот на стручноста, рационалните принципи, одговорноста и другите организациски принципи не можат да влијаат врз намалувањето на емотивната доживеаност на работата од страна на жените. Како резултат на таа емотивна доживеаност на работата посебно се внимава на текот и резултатите, со што се избегнуваат негативните расположенија и конфликтни ситуации на самата личност кои секогаш се проследувачка појава при неуспехот. За да се елиминираат тие негативни чувства, жените посериозно и посовесно пристапуваат кон работните задачи. Тоа го поткрепува и овој став: *„Од една жена тешко ќе може да се чуе дека некој друг е виновен за нејзината работа. Кај неа нема заташкување, набедување. Ако не може да ги натера нејзините работници да изработат еден дел од работата, тогаш или таа ја завршува работата или ја признава грешката. Во мојата досегашна пракса не сум наишла на маж кој лесно си ги признава сопствените пропусти."*[308]

## 4.2. ОРИЕНТИРАНОСТ КОН РАБОТАТА, ВИСОКА СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

Од сето она што досега беше кажано за односот на жените кон работата може да се заклучи дека во рамките на работната средина една жена мора да се соочи со многу пречки кои не се поврзани со самиот работен процес. Услов за да опстане во организацијата е разрешувањето на проблемите поврзани со припадноста кон женскиот пол и разбивањето на цела мрежа стереотипи во поглед на способностите, знаењата, интресите, желбите итн., што им се припишуваат на жените. Ова е уште повеќе неизбежно во работните средини какви што постојат во базичните индустриски гранки во кои доминира нискоквалификуваната работна сила од селско потекло која има поинакви вредности и погледи. Ако на сето ова се додадат причините за отпорот при

307 Во текот на истражувањето се укажа можност да се поразговара со еден генерален дректор на најголемата фабрика од областа на хемиската индустрија. Со оглед на тоа што во оваа фабрика во првиот ешалон на хиерархијата се поставени значителен број жени (10) неговото мислење може да биде интересно. Тој како прво ги истакна лојалноста на жениете кон своите претпоставени. сигурен е и не очекува од нив дека ќе поведат кампања против него, потоа ја истакна нивната исполнителност како и запазувањето на роковите во работењето.

308 Директорка на производство во градежната индустрија

вработувањето, ќе стане јасно зошто кај жените се јавува силна желба да се докажат преку работата, да покажат дека и тие можат да бидат добри инженери или книговодители. Пример:

*„Кога дојдов во фабриката сите ме гледаа чудно, а уште почудно им беше кога им покажав дека добро ги познавам машините и се разбирам во процесот. Единствено сакав да им покажам на работниците дека сум тука поради истата цел како и сите други и дека не ме интересира што тие се мажи и како ме гледаат. Ги слушав како мрморат: Од толку мажи во фабрикава најдоа жена да стават за директор, па таа како прво не може да излезе на крај со сите тие проблеми. Требаше да помине време работниците да се убедат дека изборот не е направен врз основа на полот, туку врз основа на некои работни способности. Спрема еден маж тие сигурно не би постапиле така, без оглед на степенот на неговата стручност, уште во почетокот би покажале почит, тенденција да му се додворат итн.“*

Што се однесува до жените на функција тие треба уште повеќе да се докажат преку работата. Ова доаѓа од таму што постојат големи сомневања во способностите една жена да води и да организира. Спрема жените во организацијата се пристапува со големи резерви, се очекува од нив да погрешат и да им се покаже дека се навистина неспособни. *„Мажите си имаат едно мислење за жената кое го стекнале надвор од организацијата, веројатно во домот, имајќи ги пред себе своите мајки или сопруги. Потоа, тие тој став го генерализираат за сите жени па и за нивните колешки кои имаат друга положба во организацијата, поинакви тенденции и интереси отколку нивните мајки и сопруги. Така, според нив сликата на една жена е слика на помирлива, кротка, нежна женичка. Но, кога пред себе ќе наидат на едена самоуверена, силна и непонизна жена која мора уште и да ја слушаат велат дека* ***таа е божји изрод*** *на женскиот род или дека нешто и фали...“*

Во индустриските претпријатија патот по кој поминуваат жените до нивната кариера е уште потежок. Содржината на работата е таква што во неа изостанува респектот кон било какви посебности. Техничката средина наметнува низа императиви во поглед на однесувањето, облекувањето, начинот на комуникација и сл. Качувањето на кранови, кожувчето, чизмите и шлемот и вообичаените пцости на работниците се нормална ситуација.

## *4.3. РЕДОВНА КОИНЦИДЕНЦИЈА МЕЃУ СПЕЦИФИЧНАТА, НЕРЕДОВНА СИТУАЦИЈА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО И КАРИЕРАТА НА ЖЕНИТЕ*

Од анализата на начините по кои испитуваните жени дошле до одредени функции се забележува дека речиси во сите случаи постојат вонредни услови. Тоа значи дека во услови кога во претпријатието нормално се одвиваат процесите според вообичаената шема на организацијата, шансите за напредување на жените се помали. Како нередовни ситуации во претпријатието, во поглед на напредувањето на жените, се дефинираат ситуации оптоварени со економски проблеми, кризни ситуации, кадровски кризи или кадровски вакуум, непривлечни или опасни работни места, изборни конфликти меѓу две многу моќни групи каде се бара трето решение и сл. Кај една од испитаничките тоа е вака доживеано: *„За да се направи кариера не е доволно жената да е марлива или само да ја знае работата добро, тоа се подразбира. Треба да се создадат специфични услови, да помине еден виор во претпријатието или конфузија која ќе го измести вообичаениот ред, бидејќи кариерата на една жена не е нејзин природен пат.“*

**„Циганска учителка или овчарка која го маѓепсала стадото“**. Една посебна ситуација при изборот на жена за висока функција е онаа каде зад нејзиниот избор не стојат луѓето од хиерархијата, ниту ја поткрепуваат други функционери како што е редот, туку нив ги поткрепува мнозинство од работниците. Ова посебно се однесува за функцијата *генерални директорки* каде повеќето од нив (6) се поставени на овој начин. Овие случаи каде што работниците ги бираат своите претпоствени се проследени со жестоки борби, што се водат меѓу групи со различити интереси, како и со борба со одредени политички инстанци. Се чини дека во вакви кризи на владејачката гарнитура во претпријатието се има поголема доверба кон жените, подршката е уште поголема. со што борбата станува пожестока. Со оглед на тоа што жените на високи функции потекнуваат од истата средина во која веќе се докажале и каде добро се познати, се добива впечаток дека се покажува повисок степен на доверба кон нив од страна на работниците. Всушност, тешко може да се наиде на случаи на поставување жена на висока функција која произлегува од друго

претпријатие. Кариерата на жената главно се прави во едно претпријатие.[309] Покажано е дека жените имаат поинаков пристап кон претпријатието како целина, поинаков однос кон подредените, поинаков пристап кон изборот на средствата и методите во реализацијата на целите кои при нивниот продор во некои средини посебно се респектираат. Овој момент ќе биде посебно образложен во натамошниот текст.

**Поголема е дискриминацијата на почетокот на кариерата.** Од податоците се креира и еден факт за текот на кариерата кај жените. Имено, дискриминацијата според полот во поголема мера влијае на почетокот на кариерата, во заземањето на првата функција каде конкуренцијата е поголема и каде предност во заземање на некое шефовско место им се дава на мажите. На тој начин кариерата на жените е позабавена.[310] Се чини дека првичната тешкотија е многу поголема отколку напорите во подоцнежните етапи. Во понатамошниот тек на кариерата постојат повеќе олеснителни околности и тоа во поглед на поседувањето на информациите, можноста да се наметне сопственото мислење, да се прикаже сопственото знаење пред управата, квалификациите итн.

**Не постои протекција при изборот на жена на висока функција.** Во поглед на професионалната кариера на жените постои едно многу распострането мислење, според кое зад секоја успешна жена постои некој маж кој ја форсира, што ја води и ѝ помага во текот на кариерата. Така, успехот на жените не се поврзува со самите жени, со нивните способности, знаења или посебни вештини, туку со тоа колку таа успеала да се наметне на одредени авторитети кои се заложиле за неа. Ако навистина нема некој таков, тогаш се измислува и уште повеќе се доведува во прашање успешноста на жената. Како почеток на разглобувањето на овој став од страна на испитаничките би укажале на едно

---

309 *„Жена може да дојде на функција само во позната околина, во средина каде добро се познаваат нејзините способности. Во спротивно ако кандидатурата оди со конкурс каде се изложува програма можам слободно да кажам дека нема таква програма, која можеби е и за Нобелова награда, на која ќе ѝ се поверува дека таа жена може било што од тоа да направи.“*

310 *„Кога се испразни едно шефовско место во мојот оддел беше природно јас да бидам поставена, бидејќи бев најблизок соработник на мојот шеф. Но, донесоа еден релативно млад човек на тоа место. Како жена се сомневаа во мене и се очекуваше повеќе да отсуствувам, дека „можеби“ ќе родам уште едно дете и сл. Ми требаше уште шест години за да покажам дека можам да ја вршам таа функција, и покрај тоа што сум жена. За понатаму беше полесно, имав контакт со повисоките инстанци кои видоа дека јас сосема коректно ја извршувам работата.“*

мошне интересно размислување на една од нив: *„За да се биде просечен навистина ти треба поддршка од пријателите, но за да се биде успешен ти треба предизвикот на непријателите кои создаваат еден критичен однос кон себеси, кој е многу важен момент при изборот на одлуките и минимизирање на грешките при одлучувањето.“*

Заклучувајќи според добиените одговори, не се негира можноста да се дојде до функција со помош на протекција, форсирање на поединци и сл., но тоа не важи само за жените, напротив непременлив е овој критериум при изборот на жена на некоја висока функција. Испитаничките отсечно негираа дека на висока функција може да биде поставен некој кој ќе биде само фигура, кој не ја знае добро работата и кој не може самостојно да регира во дадени моменти. Такви ситуации може да има на пониските инстанци, но во тие случаи секогаш има уште една проследувачка функција која ги покрива и обврските од другата. При изборот на една жена за висока функција не се тргнува од перцепцијата на очекувањата и надежите дека таа ќе одговори на барањата на функцијата, како што обично е при нормалното поставување на некоја личност на определена функција. Кај повеќето случаи, функцијата на жените резултира по еден период на пожртвувана работа, всушност се врши легитимизација на работните задачи што влегуваат во делокругот на функцијата, односно ускладување меѓу реалната и номиналната функција. Меѓутоа, не треба да се негира потребата од поддршка при изборот. Речиси сите испитанички истакнаа дека е пожелно во почетокот да постои некоја личност на која може да ѝ се верува, која може да советува, упатува и сл. Меѓутоа, сепак тие истакнуваат дека: *„Има големи шанси да ја задржите сопствената столица ако не поставите некој претходно да седи на неа, односно ако сами го запоседнете својот стол.“*[311]

**Во социјализмот постоеше висок степен на комодитет во вршењето на високите раководни функции во претпријатијата.** Во рамките на темата за степенот на усогласеноста меѓу функцијата и стручноста да се врши, испитаничките упатија на едно интересно сознание за нашата наука. Се работи за карактерот на раководните функции во бившиот систем, односно социјалистичкото самоуправување. Според нив спрегата меѓу стручноста на личноста и самата функција беше неважна. Постоеше висок комодитет во вршењето на функциите, без да се има посебна одговорност. 'Функцијата

311 Технички директор во градежната индустрија.

претставуваше посебна привилегија за поединците. Оттаму, веројатно, кај нас е распострането мислењето дека оние што се на функција се дојдени со протекција, со „лакташење", заводливост и сл. Така, една од испитаничките констатира со жалење: *„Лесно беше да се биде директор во она време. Денес е поинаку. Не верувам дека било кој е поставен на раководно место ако не го заслужува."*[312] Во овој контекст, исто така, може да се спомне еден специфичен начин на избирање на жените во одредени форуми, институти и други функции. Тоа е критериумот *клуч*. Се работи за еден идеолошки критериум со кој се пополнуваа празнините во предвидената општествена структура на определени институции, организации и сл., при што не се водеше сметка за вистинското дејствување на жената. Во овој вид на идеолошки замаглена дискриминација на жената, таа ја доживува својата деградација како работник, но и признавање на нејзината припадност кон инфериорно вреднуваните делови во општеството.

**Жените се поподготвени да се борат со кризата во претпријатието.** Како што беше констатирано, кризните и нередовните ситуации во претпријатието позитивно влијаат врз напредувањето на жените. Меѓутоа, мора да се каже дека севкупното стопанство се наоѓа во една криза и дека ваквата теза може да се доведе под знак прашање. Но, кризата како што е познато од економијата, е процес и има различити фази. Се чини дека најдлабоката, аномичната состојба на претпријатието е мигот кога отвореноста кон жените е поголема. При налетот на големи кризи жените се поснаодливи, не се предаваат лесно и им се чини дека сè може да се почне од почеток, дека има излез и тие го бараат. Од друга страна, кога претпријатието тоне, тогаш се намалува општествената одговорност кога жена раководи, кога стои на челото, во онаа смисла на која нè упати една од испитаничките: *„Ништо друго и не можеше да се очекува од една жена, таа го уништи претпријатието."*[313] Но, тука има и нешто друго поради што жените испливуваат во кризните мигови, а тоа е некој посебен женски инстинкт за организација и мобилизација на целинита кој беше посебно истакнат.

**Жените не се кариеристи**. Правењето на кариера е навлегување во еден поинаков свет, може да се каже *машки свет* кој денес за многу жени е голем предизвик. Но, сè уште се ретки жените кои не бираат средства за да одат напред, за кои кариерата е цел за себе, фиксирана однапред и кон која е насочено

---

312 Жена на функција *генерал-менаџер* во едно претпријатие за шпедиција.

313 *Генерална директорка* на текстилна фабрика.

севкупното однесување. Всушност, кон жените кои премногу се наметнуваат и се експонираат во претпријатието се чувствува презир и недоверба. Всушност: *„Овие жени како да се апстрахираат себеси од постоечките услови, можат да бидат и опасни, бидејќи единствено тргнуваат сами од себе, тие не водат сметка за својата социјална положба.“* Кај повеќето испитанички во почетокот на професионалниот живот се забележува отсуство на амбиции за градење кариера. И амбициозните жени, помалку или повеќе свесни за карактерот на системот во кој дејствуваат и за барикадите што им стојат на патот кон нивната промоција, заземаат една посебна положба која може да се нарече положба на чекање на поволна можност. Така, онаа жена која жестоко се бори за власт наеднаш како да ги прескокнува сите социјални пречки, предизвикувајќи големо недоверие.

Во прилог на тезата дека кај жените постои недостаток од амбиции говори и фактот што ниедна од испитуваните жени не решила самата да се пријави на конкурс. Тие биле назначувани, подржувани од работничките или од управата, но никогаш не покажале свои лични аспирации за повисока функција. Тоа значи дека жената се поставува речиси секогаш во ситуација да биде избирана, да биде проценувана од околината во која покажува еден вид пасивитет, и покрај нејзините способности и стручност.[314] *Дали во однесувањето на жените во работната средина не се проектира онаа исконска положба во која се наоѓале жените: пасивност, сумисивност и послушност?* Меѓу одговорите на испитаничките доминира овој: *„Никогаш не помислив дека ќе станам директор“* или *„бев изненадена од понудата и не сонував за такво нешто.“* Сето тоа покажува недостиг на амбиции за градење кариера, за разлика од мажите кои организациските проекти ги поврзуваат со своите лични проекти.[315]

Набљудуван во перспектива, проблемот на амбициите на жените за градење кариера покажува константна тенденција на промени што одат во

---

314 *„Колку и да оддава сигурност една жена секогаш во себе носи длабоко всаден, скриен страв од понижување, неизвесност, од пробив кон непознато, бидејќи во целата своја историја таа била бирана како сопруга, нејзината положба секогаш друг ја одредувал. Жените добро знаат дека традицијата тешко се менува и затоа изгледа дека се пасивни, а всушност горат од желба да направат нешто повеќе, да им покажат на сите дека и тие можат да извршуваат и најсложени работи.“*

315 *„Маж без кариера е само еден обичен, неуспешен човек. Дури и тогаш кога нема професија жената го осмислува својот живот. Затоа, кариерата за неа не е многу значајна. Ако дојде - добродојде, ако не - секогаш може да биде сакана мајка.“*

прилог на жените. Според она што испитаничките го предочија како свое сознание, денес сè повеќе млади жени во претпријатијата разговараат за кариера, а со оглед на нивното образование, стручност и другите специјализации, тоа може да биде реалност. Од друга страна, како фактор кој негативно влијае врз амбициите на жената за градење кариера се многу строгите критериуми што се поставуваат пред жените, нетолерантноста кон направените грешки и високите очекувања од страна на околината кога се поставува една жена за директор.

## *4.4. МАШКИОТ ШОВИНИЗАМ Е ПРЕЧКА ВО НАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖЕНИТЕ НА ХИЕРАРХИСКАТА СКАЛА*

Во рамките на организацискиот простор лебдее еден патријархален менталитет кој доаѓа до израз особено во ситуациите кога една жена се избира за повисока функција. Во повеќе случаи мажите се спротиставувале на изборот на жена на раководна функција, при што како единствен аргумент ја поставувале припадноста кон женскиот пол. За еден маж никогаш не се вели дека тој не може да ја врши функцијата затоа што е маж.[316] Според добиените одговори може да се заклучи дека мажите ја потхрануваат таа строга поделба на машки и женски пол, особено во ситуациите кога нивнот пат во организацијата се вкрстува со патот на една жена која има поголеми способности и квалификации да успее. Тогаш, тие ја потенцираат припадноста кон родот како општа рамка во која се растопува посебноста која во случајот не е поволна. Тоа е повик кон солидаризирање со полот или мобилизација на владејачкиот пол кој се чувствува загрозен.[317] Супериорноста на машкиот пол, аксиоматски пренесена од долгото владеење на патријархалната идеологија, се пренесува и во работната средина која отстапува пред рационалните и мерливи величини. Така, жените немаат ист третман како мажите, тие не се третирани како работници, туку како припаднички на одреден пол и секогаш претставуваат големо искушение и закана за мажите. Жената во работниот процес е поинаку доживеана. Во нејзиниот третман не се прави

---

316 *„И нашите најглупави колеги можеа да напредуваат затоа што беа мажи, а за нас постоеја многу препреки од различен вид."*

317 *„Не би рекла дека негативните реакции на мажите беа заради полот, затоа што сум жена. Повеќе се работи за завист на стручноста и некои други аспекти поврзани со работата, а го користат полот како единствен аргумент против, бидејќи немаат друг."*

разлика меѓу јавното и приватното, емотивното и рационалното. На пример, кога една жена е на деловен ручек со колеги тогаш: *„мажите никогаш нема да кажат дека била во ресторант со колеги заради некоја работа, туку дека била со туѓи мажи."* Еден пример, односно доживеано искуство на една од директорките, најдобро може да го илустрира третманот на жените во организацијата како и сложената мрежа на односи што се воспоставуваат меѓу вработените од различен пол, каде што доаѓа до минимизирање на работните односи за сметка на другите односи: *„Со мојот колега во одделот многу добро се сложувавме. Но, кога одевме на службен пат тој секогаш инсистираше да оди и некој трет, како сведок дека меѓу нас нема ништо. Беше оптоварен со нешто. Дали тој немаше доверба во себе или се плашеше од реакциите на околината. Јас никогаш за мојот колега не бев само колешка."*

**Жените не се украс во претпријатието.** Многу често во рамките на вршењето на определена професија од страна на жените, посебно при напредувањето се зборува за т.н. проституција во професијата. Имено, се работи за еден мошне распостранет став според кој жените во работната средина, однесувајќи се како жени, ги заведуваат мажите кои потоа прават низа отстапки во поглед на напредувањето. Така, жените доаѓаат на работа не за да работат, туку за да ја покажат својата гардероба, да се забавуваат и да ги заведуваат мажите. Жените како украс на претпријатието.[318] На вакви мислења веќе беше укажано во теорискиот дел, тука би додале дека тие се реални и постојат во рамките на организациите. Тој биолошки влог на жените во остварувањето на определени социјални придобивки е резултат на очекувањата од самата околина. Таквото однесување е стимулирано од неформалните, но и од формалните канали. Модерните организации денес во голема мера користат различни маркетиншки средства и други психолошки предности на кои се смета во остварувањето на целите. Во функција на тоа се отвораат работни места што ги потполнуваат шармантни и заводливи личности кои имаат задача психолошки да дејствуваат на своите клиенти со што би влијале на резултатот од преговорите и сл.

---

318 *„Неспорна е апсурдноста на една ваква теза која може да биде побиена со кој било принцип на работење на организациите. Фактот што во организациите се вработени голем број жени, и ако тие навистина се украс, тогаш мора да признаеме дека е избран најскапиот украс за да го украсуваме работниот простор. Според мене, жените имаат многу важна функција во организациите. Ако беше поинаку на ниедна жена не ќе и беше овозможен влезот во организациите."*

Карактерот на работната средината во голема мера влијае на присутноста на патријархалните односи во нив. Во средини во кои доминираат работници со пониско образование и квалификации, како и во средини каде поголем дел од работниците се од селско потекло, патријархализмот и отпорите кон жените ќе бидат поприсутни, отколку во средините каде што преовладуваат луѓе од погорните образовни скалила. Еден пример, што го даде жена на функција технички директор во градежната индустрија, го илустрира тоа: *„За работниците беше голем удар и навреда да примаат наредби од една жена. Кога се работи за мажи на овие функции, тогаш работниците не смеат да помислат да посегнат по нивната приватност. Но, во случајот на жените постои тенденција да се вулгаризира приватното, тие дури и се внесуваат во нашите спални соби.“*

Отпорите на мажите против промоцијата на жената во организацијата, како што може да се види од изнесените ставови, добива различни форми и различни димензии. Значи, може да се наиде на разновидни содржини преку кои се изразува мизогинизмот присутен во работните организации.

**Мизогинизмот на жените во претпријатието.** Во рамките на присутниот мизогинизам во претпријатието треба да се истакне едно многу значајно сознание. Имено, се работи за отпорот на жените со нив да управува една жена. Во науката доволно се упатува на овој проблем, кој се дефинира како женска антисолидарност забележана при политичките избори како и во други ситуации кога се бара поддршката од жените. Во теоријата не е пронајден таков пример на поддршка дадена на една жена од страна на други жени. Одговорите на испитаничките можат да ја аргументираат оваа теза.[319] Причините за појавата на овој елемент при изборот на жените на повисоки функции можат повторно да се бараат во патријархалните односи, кои можеби повеќе ги поддржуваат и генерираат жените, отколку мажите. Жена не може да има авторитет како еден маж, жените претпочитаат да бидат водени од мажи, тоа е според традицијата. Посебно прашање е: *Зошто вработените жени толку многу ги поткрепуваат традиционалните принципи и лојалноста кон припадниците од спротивниот пол?*. Сето ова личи, во определена мера, на онаа народната: *„Потурчениот - полош од Турчинот.“* Од друга страна, постојат и многу лични моменти како

---

319 *„Она што ме изенади не беше отпорот на мажите спрема моето назначување, туку отпорот на жените да ме прифатат како нивен претпоставен.“*

што е зависта, личната немоќ и сл. Некои од испитаничките посочија примери на отворен револт на одредени женски групи против изборот на својата колешка за нивен претпоставен. Така, можеме да констатираме дека непостоењето на некој вид женска солидарност, каква што постои меѓу мажите поради што можеби тие станале супериорен пол во однос на спротивниот пол, продорот на жените кон важните области на општеството е отежнат. На пример, ако половината од гласачкото тело се жени, тогаш би постоеле реални шанси поголем број од жените да бидат избрани во определени тела.

## *4.5. ЖЕНСТВЕНОСТА (ФЕМИНИТЕТОТ) НЕ СЕ ОДРАЗУВА НЕГАТИВНО ВРЗ ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЖЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ*

Проблемот на специфичноста на женското суштествување или *феминитетот*, може да се јави како важен фактор при дејствувањето на жените. Всушност, тука како прашање се наметнува тенденцијата на жените со високи функции во организациите да отстапат од некои природни белези што ги имаат како припадници на женскиот пол, односно тенденциите да се неутрализираат определени значења на сопствениот пол и да се подржат значењата (социјалните симболи) на машкиот пол. Ова прашање беше поопширно образложено во теорискиот дел. Тука ќе погледнеме само некои моменти што ја поткрепуваат веќе поставената теза.

Од добиените одговори во однос на оваа тема може да се констатира дека феминитетот не може да биде негативен во постигнувањето успех, туку спротивно, тој со себе носи многу дистинктивни предности кои можат да го подзасилат успехот. Жената не може да оди против својата природа и затоа е негативен обидот кај некои жени да се идентификуваат со другиот пол. Облеката која се доближува до машките модели, потоа, длабочината на гласот кој треба да се доближи до силниот глас на еден машки авторитет и др., не се гаранција за успех, ниту за позитивни реакции од страна на околината. Социјалната маскулинизација на жените на функција претставува прилагодување, односно неутрализација на својот пол со цел да се избегнат негативните реакции на околината кон жените. Овие жени, односно „жени-мажи", преку социјалната мутација на својот пол обезбедувале услов за рамноправно дејствување во

јавната сфера. Но, на тој начин, со таквото однесување не помалку го предизвикувале презирот на околината. Исто така, ваквата тенденција може да биде произведена од желбата не овие жени не толку да им се доближат на мажите, колку да се дистанцираат од останатите жени на кои пристапот до определени инстанци им бил забранет.

Денес ситуацијата на планот на неутрализацијата на феминитеот е значително променета. Меѓутоа, не може да се тврди дека претходно опишаните тенденции се надминати. Според добиените искази, сè уште постои тенденција на елиминирање на сè што може да ги истакне како припадници кон женскиот пол - изгледот, облекувањето однесувањето и настапот на жените.[320] Веројатно, еден дел од таквото однесување потекнува од професионалните норми на однесување кои се во рангот на протоколот на повисоките хиерархиски рамништа, но еден поголем дел е мотивиран од „дезелектризација“ на околината во која дејствуваат припадници од различен пол. Промените што настануваат на овој план и легитимизацијата на феминитетот се должат на поголемата зачестеност на жените на овие функции, со што се зголемуваат шансите кариерата за жената да биде еден природен пат, една природна состојба. Ќе треба да помине подолго време додека жената втисне свој печат на овие рамништа. Сепак, може да се рече дека ова е првата генерација жени на високи функции кои го пробиваат патот.

**Шармот на личноста е пожелен природен атрибут при воспоставувањето деловни односи.** Добиените информации упатуваат на интересни сознанија за улогата на шармот што една личност го поседува за развојот на одредени деловни односи. За шармирањето, т.е. за заводливоста, обично се мисли дека жените го користат како средство кога сакаат нешто да постигнат на планот на работата и сл. Но, тоа се природни атрибути што не ги поседуваат само жените. Овие природни атрибути би можеле да одиграат многу позитивна улога во рамките на извршувањето на определени работи, особено на почетокот од некоја зделка кога учесниците не се познаваат. За да се придобијат луѓето, а од тоа ќе зависи натамошниот тек на работата, неопходно е да се создаде една попријатна атмосфера која ја создаваат личности обдарени со посебен вид способности за кои не може да се каже дека се само природни. Всушност, испитаничките сметаат

---

320 *„Облеката е многу важна. Таа покажува што сакате да покажете. Ако сакате да се покажете како „пожелна жена“, тоа може успешно да се постигне преку облеката, но во тој случај постои опасност да не биде сериозно сфатена на професионален план. Ако треба да се истакнат вештините и знаењата, тогаш малку ќе се мисли на облеката, предизвикувањето на други страсти ја усложнува ситуацијата за жената.“*

дека шармот се користи подеднакво кај припадниците од обата пола. Надворешната привлечност, т.е. убавината, може да биде голем адут за успех во претпријатието. Меѓутоа, тие не се основата за успехот. Треба да се поседува многу повеќе отколку прикажување на подготвеност и отвореност за соработка во првичниот контакт, што се изразува преку овие психолошки способности за манипулација. *„Шармот може да биде моќно оружје во работата, но само до одредени инстанци, или само кај одредени работи како што е маркетингот. Тука шармот е професионалност. Многу професии што се базираат на комуникацијата со луѓе мора да изградат одреден стил на однесување кој ќе вклучи голема доза на шарм"* - истакна една директорка при споредбата на својата функција (финансии) со онаа на нејзината колешка од одделението за маркетинг на фабриката.

**Непожелна е неутрализацијата на полот.** Судејќи од искуството на испитаничките на овој план, при извршувањето на нивната професионална активност како носители на врвни функции во определени работни организации, може да се заклучи дека жените не можат да го неутрализираат важењето на својот пол, ниту пак очекувањата на околината. Интензивирањето на овој проблем е уште поголемо при неформалните односи, а такви не се ретки при вршењето на овие функции. Овие односи секогаш ги нарушуваат рамките на деловните односи. Меѓутоа, навистина не е така едноставно да се дефинираат овие односи. Секоја крајност е непожелна, односно наметливоста иритира. И кај мажите постои една форма на наметливо однесување во кое доминира истакнувањето на половата припадност, што во една негативна конотација се нарекуваат „мачо", но за жената е тоа покарактеристично и околината го прифаќа тоа понормално, отколку за мажите. Сепак, се смета дека прекумерното истакнување на припадноста кон соодветниот пол е негативно, посебно за жените во работната средина. Исто така, се смета како непожелно кога во некои ситуации некој од колегите настојува да се приближи, а притоа да се реагира на следниот начин. *„Наидовте на погрешна личност, јас не сум таква за каква ме сметате! Тоа значи дека се негира полот, како да го убедувате вашиот колега дека не сте воопшто жена, иако личите на жена."* Такви ситуации водат кон креирање на еден мошне тежок и неприроден амбиент што негативно ќе се одрази врз текот на работите. Работата не е само работа, таа е многу повеќе отколку апликација на некои рационални принципи од некои рационални суштества какви сè уште не постојат на оваа планета, и покрај големите мутации

на овој план. Од човекот при работењето многу тешко можат да се исклучат емоциите, доживувањата, внатрешни размислувања што интервенираат во секој момент при работењето, своите семејни проблеми, мотиви сл. Затоа, во текот на работата треба секогаш да се претпоставаат определени влијанија што доаѓаат од оваа страна, при што е неопходна соодветна стратегија за да не се наруши природноста на работната ситуација. Но, и покрај тоа што во односите со колегите има многу лично, не треба да се оди во другата крајност во која се создаваат интимни врски меѓу деловните партнери, што повторно може негативно да се одрази на долгорочен деловен план.[321]

*„Со своите колеги треба да се однесуваш како тие меѓу себе. Ако навистина работата е она што ги поврзува, тогаш нема да има никакви пречки во комуникацијата. Позицијата, т.е. функцијата, ја има таа моќ да го заштити полот. Во друштво на луѓе од хиерархијата навистина се чувствувам во рамноправна положба. Но, тоа го гледам како профит од некоја моја поранешна инвестиција.“*[322]

**Двоинствен морал во организацијата.** Од друга страна, транспарентно е постоењето на двоен морал во организацијата. Имено не постои „морална матрица“ која еднакво и конзистентно ги третира мажите и жените во нивните меѓусебни односи во организацијата. За една жена санкциите се многу поригорозни, отколку за еден маж. Така, на пример, ако еден маж на функција има сексуална врска со жена од претпријатието, тоа се смета за нормално или, во краен случај, се донесува само еден негативен морален суд. Но, за жената во слична ситуација е поинаку, а и тешко се доаѓа до пример, бидејќи, или се жените многу попретпазливи, или навистина такви случаи не постојат. Меѓутоа, испитаничките околу оваа проблематика имаа јасен став. Според нив, доколку дојде до таква ситуација кај жените тогаш осудата на тие „грешници“ ги надминува рамките на моралот и се санкционира според деловните прописи, како злупотреба на положбата при работата. Ова е важно за оваа анализа, бидејќи покажува дека жените на високи функции негативно ја дефинираат својата положба во претпријатието, кај нив постои еден вид страв. Сепак, тоа покажува дека во таа средина постои морален дуалитет, општеството поинаку ги санкционира истите постапки кај мажите и жените.

---

321 *„Еден од моите долгогодишни деловни партнери и мој најдобар пријател рече: Сега ја сфаќам твојата мудрост поради која сме уште колеги и пријатели.“*

322 *Генерал-менаџер на една од најуспешните приватни претпријатија во трговијата.*

**Реалистичност или наивност кај жените.** Поголемиот дел од испитаничките не мислат дека на жените на функција им се заканува поголема опасност да ја изгубат функцијата, отколку на нивните машки колеги. Но, при образложувањето на овој став тие ја имаа предвид самата работа, стручноста и сл. Во поглед на самата работа се искажува еден висок степен на сигурност. Но, голема несигурност изразија од аспект на односите во претпријатието. Еве еден интересен став по однос на ова прашање: *„Жените имаат поинаков пристап спрема кон, може да се каже праволиниски. Тоа значи дека пред себе ја имаат работата и строго се насочени кон неа, при што не се обѕрнуваат наоколу за да видат што се случува надвор од редовната работна комуникација. Бев принудена да го напуштам претпријатието после 25 години поминати во него, бидејќи одбив да соработувам со една „работна група". А бидејќи веќе ми беше предочено постоење на една таква „профитна група" во рамките на фабриката бев непожелна и почнав да ги губам позициите."*[323]

Можат да се наведат и други примери што ќе го потврдат постоењето на една посебна логика во нивното однесување, која можеме да ја наречеме реалистичност. Тоа е однесување што води кон реализација на целите по легитимните канали каде се забележува отсуство на функционално манипулативен простор која личностите на високи положби ја создаваат преку мрежата на неформалните канали, со што се обезбедува сигурносна зона. Тука, пред сè, се има предвид добивањето информации за климата во петпријатието, односно расположенијата на работниците, на соработниците и пошироко. На тој начин, раководителот може да ја менува стратегијата, да елиминира одделни групи и поединци кои имаат негативни ставови и сл., со што ја стабилизира својата положба. Отсуството на овој момент во дејствувањето на жените тие сами го предочија.[324] Реалистичноста може да се однесува и на еден друг момент, а тоа е начинот на однесување. Имено, постои една поизразена тенденција кај

---

323 *Генерал-менаџер на приватно претпријатие.*

324 *„Во секторот дојде еден млад, но многу амбициозен колега кој беше решен брзо да направи кариера. Тоа и се случи, за што ја имаше и мојата подршка. Никогаш не помислив дека негова цел е и мојата функција. Имав доверба во него и тој ги знаеше сите тајни. Не ми беше сомнително ниту неговото брзо спријателување со „генералниот", станаа и домашни пријатели. Да комуницирав поинаку со околината ќе ги знаев неговите намери. Ми беше многу ниско да се занимавам со „рекла-кажала" и сите го знаеја тоа, и никој не се осудуваше да ми пристапи со такво нешто. После кратко време во новата систематизација што ја правеше мојот колега, веќе ја немаше мојата функција, туку друга, за која се бараа дополнителни специјализации, оние што тој ги имаше."*

жените да бидат директни и да ги презентираат работите такви како што се. Оваа особина посебно се осудува од политичките кругови и се нарекува уште и *„недораснатост за водење на политика“* каде работите никогаш не се такви или онакви, туку секогаш некаде помеѓу. Инаку, како илустрација на сето ова, може да послужи еден неодамнешен пример во француската политика. Имено, во бившата француска влада имало осум министри жени. По реконструкцијата на владата немало ниту една жена. Според француските политичари жените биле непожелни за водење политика, бидејќи биле многу директни и многу сериозно пристапувале кон проблемите, со што се рушел идеалот за политиката.[325]

## *4.6. ВИСТИНСКИ АВТОРИТЕТ*

Високите функции во претпријатието содржат голема моќ. формална и неформална или вистинска моќ. Иако се претпоставува дека власта, односно формалната моќ и реалната моќ одат заедно, во многу случаи не доаѓа до нивното совпаѓање. Така, постои авторитет чија содржина е единствено формалната моќ која произлегува од самата положба, при што изостанува суштествениот авторитет и моќта која произлегува од самата личност. Овој вид на моќ е добро познат во праксата и теоријата на раководењето и управувањето, каде што се користат одредени инструменти на организацијата (контрола, закони, санкции и сл.) за да се предизвикаат определени пожелни насоки на однесувањето на луѓето во работната средина. Од друга страна, се искористува подредената положба на другите луѓе каде што, наместо владеење со работниот процес се јавува владеење со луѓето, наместо соработка се јавува манипулација. Меѓутоа, постои и еден друг вид авторитет чија содржина е одредена од некои стручни способности. вештини и знаења на лицата, и кои без голема интервенција на организацискиот социјален систем го насочуваат однесувањето на луѓето во посакуваните насоки. Се смета дека оваа моќ и неформалниот авторитет се типични при дејствувањето на жените во организацискиот простор.[326] Добиените резултати од анкетата ја потврдуваат оваа теза.

---

325 J. Moro, SNRS, Paris. Од предавањето одржано во Скопје, декември 1995.

326 *„За една жена моќта не е нејзино лично експонирање, ниту привилегија, туку работа која добро треба да се изработи. За мажот таа претставува пополнување на една голема празнина. Не залудно луѓето велат - за да видиш каков е човекот дајте му три дена*

Ако се појде од една претходно поставена теза за ориентираноста на жените кон работата, како и од начините на кои тие биле поставувани на своите функции, ќе се види зошто тие мислат за себе дека поседуваат вистинска моќ и дека формалниот, крут авторитет на владеење со луѓето не им е близок. Инаку, овој вид на моќ тие го нарекуваа материјална моќ што значи реална моќ, но и моќ врз работата. Според нив, не постои авторитет сам по себе, изнуден авторитет што го дава положбата, или, апстрактен авторитет кој се претвора во страст на поединци. Авторитет ставен во функција на работата е здраво сврзно ткиво во организацијата. *„Работниците не ги сакаат ,белите манжетни', а тоа произлегува токму од една голема апстракција на раководните функции. Работниците треба да сфатат дека тие функции се дел од нивната работа и се стриктно поврзани со нивната работа. Но, не е секогаш така во работната средина. Во некои средини се чини дека работниците се тука за да може некој деспот да владее со нив. Тоа е длабоко всадено меѓу работниците и оттаму произлегува таа недоверба кон нив.“*[327]

Не задржувајќи се на богатите научни сознанија за оваа проблематика, можеме да забележиме дека денес се поприфатливи и широко распостранети оние модели на управување што се доближуваат до т.н. *материјална моќ*. Гледиштето на испитаничките по однос на феноменот авторитет во претпријатието презентира крајно современи, функционални и продуктивни аспекти од дејствувањето на организациите во развиениот свет. Како што беше кажано, сето тоа резултира од нивниот пристап спрема работата, односно од специфичниот пристап кон работниците и инстинктот за интеграција на сите елементи од работната средина во една органска целина. Тоа се квалификции што се бараат во дејствувањето на модерните организации. Тешкиот пробив на професионален план и докажувањето на сопствените работни способности прават формалниот авторитет и самата положба да бидат безвредни. За сите нив, стручноста и доброто познавање на работата го градат најголемиот авторитет.[328]

---

*власт, а тоа би значело дека функцијата ги менува некои луѓе во смисла - знаеш ли ти кој сум јас? Како да убедуваат стотици луѓе дека ништо не гледаат и не знаат?“*

327 Директорка на производство во металопреработувачката индустрија.

328 *„Не може да се натера ниеден работник да ја заврши работата, доколку тој процени дека ние кои даваме наредби не го знаеме тоа. Каков авторитет сум тогаш за него? Само стручноста, работливоста и редовноста можат да бидат авторитет.“*

**Жените не се склони кон „игрите“ што се играат околу центрите на моќта.** Хиерархиски високо поставените места во организацијата, во кои е концентрирано големо количество социјална моќ, го предизвикуваат вниманието и ги брануваат страстите на многу поединци. Овој сегмент на организацијата е најфлуиден, односно тука динамиката е перманентна. Секогаш постојат некои струења предизвикани од различните интереси. Промовирањето на сопствениот интерес на еден поединец, или на една група, креира еден сплет на специфични односи со кои треба да се влијае во околината, да се менуваат или да се стабилизираат постоечките ставови со цел да се пробие патот до повисоките инстанци. По тој повод се вели дека околу центрите на моќта се играат различни игри каде што важат правилата на посилниот. Позициите на моќта наликуваат на магнетно поле со два спротивни пола, при што се создава средина со многу сложена социјална циркулација во која истовремено дејствуваат силите на доближување и силите на одбивање.

Како одговор на прашањето: *Зошто жените не учествуваат во игрите околу изборите?* може да се истакне еден доминантен став присутен кај испитаничките. Се работи за тоа дека постојат многу ригорозни критериуми при изборот на една жена на високо раководно место. Жените што претендираат за високи функции се личности со високи работни квалификации, со висока стручност и пожелни карактерни особини, па таквата жена не прифаќа да биде објект на некоја кампања, не заради можниот неуспех туку заради еден единствен факт: ако околината веќе ги оценила нејзините способности, тогаш не треба посебно убедување од некои „посебни групи“, ветувања, програми и сл. Тие се сосем свесни за својата општествена положба како жени и знаат колкава ќе биде нивната моќ на убедување. Кон овие игри, според нив, повеќе се склони поединци кои немаат доволно работни способности, но кои се многу вешти во манипулацијата со луѓето, при што успеваат целата организација да ја претворат во бојно поле. Од друга страна, како посилен аргумент се смета отсуството на кариеристични побуди кај жените, што се поизразени кај мажите, како и пречките при вклучувањето на жените во неформалните односи.[329] Во овие рамки се истакнува и претпазливоста на жените, отсуството на авантуристички дух и др.

---

329 *„Мажите се преокупирани со тоа како да успеат. Поради тоа стануваат авторитарни, подлизурковци кои по секоја цена настојуваат неформално да комуницираат со своите претпоставени. Жените, и кога би сакале да го направат тоа, се спречени. На пример, не може да влезе една жена кај својот шеф само за да го праша како е, бидејќи тоа ќе се сфати сосем поинаку. Постојат, многу пречки во вклучувањето на жените во*

Игрите околу раководните места, такви какви што ги посочи нашата наука и праксата, веќе претставуваат минато. Денешните услови за стопанисување се отежнати со што од луѓето се бара висок работен морал, високи компетенции во водењето и стручност. Сето ова го смалува маневарскиот простор околу поединците со високи амбиции, кои истовремено се без сите овие квалификативи. Оној кој е способен лесно испливува во околината и него самата екипа го исфрла и го насочува кон повисоките функции. Значи, станува збор за поинаков пат кон моќта од оној кој се практикуваше претходно. За жените функцијата е работа како и секоја друга. Тоа е патот што бил карактеристичен за многу жени на повисоки положби во хиерархијата.

**Чесност во работењето.** На едно место во претходниот текст веќе беше укажано на дистинктивната перцепција кај жените, на некои човечки особини, како што се правичноста и чесноста, при што е остварен повисок степен на идентификација со луѓето кај кои ги согледале овие особини. Далеку сме од тоа да ја докажуваме чесноста и правичноста на жените при работењето, таков пристап не е примерен за социологијата, но тука се настојува да се прикаже еден дистинктивен однос на жените кон определени подрачја на организацијата - **процесот на моќта.**

Според некои, сето ова се должи на емотивниот однос на жените кон работата. Всушност, кај жените е многу важно да се предизвикаат определени позитивни чувства во околината, за нив е многу значајно што мислат другите. *„Може да се каже дека се работи за еден вид карактер што кај мажите не е карактеристичен, за мажите постојат цели и не е важно другите што мислат за тоа."*[330] Овој елемент ја зголемува несигурноста кај жената што може да влијае врз нејзиниот пробив. Имаше и такви примери кои покажуваа колку однесувањето на жените зависи од реакциите на околината, односно *„доколку знаев дека некои од моите колеги не ме поддржуваат во изборот, не ќе ја прифатев функцијата."* Исто така, жените не сакаат агресија, борба, и ако нема друг начин да ги остварат своите амбиции, тогаш тие се оддалечуваат од овие жаришта. Дека жените не се склони кон агресии и кон други нечесни работи сведочи малиот број жени меѓу криминалците, особено во стопанскиот криминал.

---

*неформалните односи, односно тие акцентот го ставаат на деловните аспекти, што на некаков начин ги намалува нивните шанси за покомотен и побрз успех" - истакна една од директорките за комерцијални прашања.*

330 Заменик на генералниот директор во сообраќајно петпријатие.

## *4.7. СПЕЦИФИЧНОСТИ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ОД СТРАНА НА ЖЕНИТЕ*

Во интенцијата да се дојде до одредени сознанија за разликите во начинот на кој жените пристапуваат во изборот на стратегијата, средствата, методите, т.е. во реализацијата на еден деловен процес во однос на нивните машки колеги, се дојде до интересни заклучоци. Беа одделени неколку пункта од остварувањето на организацискиот живот каде што се забележуваат специфичности произлезени од тоа што со организацијата управува жена. Природниот потенцијал, содржан во припадноста кон определен пол и социјалната генеза на природните разлики, создава редица од компаративни предности во дејствувањето на жените во организациите.

Во науката и во праксата на раководењето, покрај значењето на стручноста и способноста на луѓето кои претендираат кон високи функции, посебно се истакнува значењето на личните особини на раководителот. Ова доаѓа оттаму што раководителот е лице кое треба да раководи со работата на луѓето во организацијата, а тука е неопходна една здрава комуникација од која ќе зависи реализацијата на целите. Затоа, често е истакнувана улогата на карактерот на раководителот, што е поврзано со одредени негови реакции кои не можат во целост да се поврзат со припадноста кон определен пол. Токму на овој план се забележани некои предности што ги поседуваат жените во однос на мажите. Исто така, може да се зборува и за поинаков пристап при реализацијата на некои од организациските принципи, со што, на некој начин, се дистанцира однесувањето на жените од она на мажите. Жените внесуваат многу новини во начинот на кој се реализира деловноста и професионалноста во рамките на дејствувањето на организациите. Пред да поминеме во експликацијата на некои од тие специфичности би истакнале дека водењето на организациите се остварува врз основа на одредени организациски принципи што дејствуваат на ниво на законитост и тука нема големи можности да се отстапува од нив.

**Жените на раководни функции имаат поинаков пристап кон работниците.** Ова е логичен заклучок ако се појде од сознанието за односот на жените кон моќта и авторитетот. Неистапувањето од позицијата на авторитет, туку од позицијата на функционер на процесот на трудот, наметнува еден поинаков однос кон вработените. Работниците не се сметаат како поле на апликација на моќта, туку како поле на реализација на целите, со што се воспоставува еден

понепосреден однос со нив. Повеќето испитанички се потсетија на еден страв присутен во периодот на прифаќањето на функцијата. Се работи за страв од тоа како ќе бидат прифатени од работниците, дали ќе ги придобијат за соработка за која процениле дека е најважна во нивното работење. Еден маж тоа сигурно не го поставува како проблем во почетокот на својата кариера. Еве една убава илустрација: *„Кога ја добив функцијата знаев дека не добив ништо. Ми претстоеше голема битка за работниците. Уште утредента влегов во погон и реков дека јас не сум директор и дека ќе станам директор во оној момент кога тие ќе прифатат да соработуваат со мене.“*[331] Тука може да се постави прашањето: *Зошто жените му даваат првенствено значење на човечкиот фактор во организацијата и својот успех го градат врз него?*. Иако е тешко да се даде единствен одговор. во обидот да ги интегрираме многуте елементи што стојат зад една ваква тенденција, може да се заклучи дека жените се пореални во перцепцијата на работната средина, што произлегува од демистификацијата на сопствената функција и нејзиното поставување во релни рамки, односно поврзување со работниот процес. Кај мажите постои една тенденција за дистанцирање од работниците, превид во проценката за сопствените способности, што резултира од преголемата сигурност и ентузијазам уште на почетокот. Жените, поради несигурноста, антиципацијата на грешките и неизвесноста околу човечкиот фактор, се принудени да бараат соработка од работниците која понатаму ќе се развива до степен на меѓусебно доверба.[332]

Во рамките на еден ваков однос кон вработените, од страна на жените, често се зборува и за т.н. *мајчинска грижа*. Наспроти рационалноста со која мажите пристапуваат кон работниците, жените во поголема мера имаат психолошки пристап. Имено, се работи за едно посебно чувство што го покажуваат жените на функција кон вработените, како кон членови на една група. Се чини дека онаа функција која жените ја имаат во семејството се пренесува и во работната средина. Тоа го потврдува и фактот што речиси сите жени на почетокот од вршењето на функцијата веднаш сакале да го преуредат работниот простор и да го направат подостоен за работниците, да се реновираат халите, да се ставаат стакла на прозорците, да се купи заштитна опрема за

---

331 Директорка на производство во претпријатие за производство на градежни материјали.

332 *„Мажите се понедоверливи од жените. Тие насекаде гледаат непријатели, дури и себе си не си веруваат. Еден директор-маж на стартот не им верува на своите работници и често гледа потценувачки на нив. Работниците го чувствуваат тоа и реагираат на ист начин, од што произлегува лошата соработка меѓу нив.“*

работниците и др. На тој начин се остварува една едноставност, природност во дејствувањето, што создава еден семеен амбиент за дејствување. Непосредниот однос кон вработените, од друга страна го иницира понатамошниот однос со вработените кои се ослободени да ги изложат своите проблеми, да бараат совети и сл. Така, комуникацијата со вработените ги надминува формалните рамки. Тука се согледува битната разлика. Додека мажите свесни за својот авторитет и славата настојуваат да одржат формална комуникација и да се дружат со луѓе од повисок ранг, жените со својата љубопитност продираат до најситните клетки на претпријатието, го ослушнуваат пулсот и ја чувствуваат работната клима.[333] *„За мажите, работниците претставуваат еден од производните фактори, а тоа јасно се покажа сега околу појавата на технолошки вишоци во фабриката. Моите колеги разговараа за работниците како за куп ислужени машини кои не се потребни повеќе, посебно за старите работници кои потешко би се снашле во ова време, а тоа се луѓе кои ја створеиле оваа фабрика. Тоа е еден бирократски пристап, но би го замолила генералниот тој, лично да им ги врачи отказните решенија за да го види нивниот очај.“*[334] Доживувањето на човекот во работната средина значи квалитативно поинаков пристап кон сите други аспекти во организацијата.

Меѓутоа, ваквиот пристап во својата екстремна варијанта може да биде негативен за успешно извршување на функцијата. Многу од жените ја спомнаа т.н. *респективна дистанца* во однос на работниците, односно потреба во тенденцијата да се воспостават понепосредни односи со вработените да се одржи дистанцата, бидејќи: *„не е угодно кога имате некој клиент и некој од работниците да ве праша: Како ти се децата, оздраве ли мајка ти и сл.“* [335]

**Поинаков пристап кон луѓето во хиерархијата.** Од повеќе информации поединечно добиени може да се заклучи дека кај жените на функција се забележува тенденција за работа во екипа, односно соработка со луѓето во хиерархијата. Како што е познато ова претставува значаен елемент во современиот начин на управување.

---

333 Една жена технички директор во една фабрика истакна дека генералниот директор на истата фабрика влегува еднаш во шест месеци во погоните. Се задоволува со информациите што ги добива преку формалните канали.

334 Директорка на производство во еден комбинат за преработка на метал.

335 *„Доаѓаат со куп приватни проблеми и знаат дека ќе им помогнам, пр.: упис на дете во училиште, болест, развод и сл. Ми се чини дека станав како Мајка Тереза, но нема веќе враќање назад.“*

Во доменот на донесување одлуки испитаничките воочуваат извесни разлики. Имено, мажите имаат поголем комодитет во поглед на донесувањето на одлуките. што произлегува од нивното сфаќање на авторитетот. Сопствената свест за висока позиција влијае на поставеноста меѓу своите соработници, со што тие оставаат впечаток на посамоуверени и посигурни во себе. Кај жените е поинаку. Кај нив институцијата *колегиум* има големо значење. Така, дискутирањето за проблемите, определувањето на стратегијата, следењето на реализацијата на целите, донесувањето важни одлуки и сл. се поставува во колективни рамки. Тоа доаѓа од дозата на несигурност која постои кај жените, како и кај сомничавата околина.

Кај жените. исто така, се забележува поразвиено чувство за воочување на деталите што внесува посебен квалитет при донесувањето на одлуките. Во овој контекст може да се истакне и ориентираноста на жените кон прибирање поголем број примарни информации. Така, за жените немаат големо значење информациите што преку формалните канали се добиваат од службите. Нивната непосредност и директност кон вработените ги снабдува со поверодостојни информации. Се чини дека жените помалку им веруваат на комуникациите од типот „рекла-кажала“ и сметаат дека мажите, поради нивната оддалеченост од организацијата, се принудени да ги користат посредните информации што ги добиваат од своите соработници.[336] Присутната тенденција за консултирање со одговорниот тим. при што се создава атмосфера на еднакви, ја зголемува иницијативата и кретивниот миг, со што се зглемуваат можностите да се претресат повеќе варијанти и да се дискутира за изборот. Може да се рече дека овие квалитативни обележја во извршувањето на функцијата произлегуваат од припадноста кон полот. Ставот на една од испитаничките ја има моќта да ја прикаже суштината: *„Жените при дејствувањето во организациите многу често се дополнително оптоварени поради тоа што се жени. Но, и за мажите може да се каже истото. Мажите многу често ја манифестираат машкоста и таму каде што не треба. Пример, во донесувањето на одлуките мажите го пополнуваат социјалното важење на полот, односно тој е оној кој мора да знае сѐ, да пресече и суверено да одлучи. Во брзото одлучување ризикот од неуспех е поголем.“*[337]

---

336 *„Генералниот директор не влегува во погоните ниту еднаш месечно. Тој се потпира врз информациите на службите, на некои анализи на неговите соработници кои некогаш тенденциозно ги прикриваат реалните состојби. Ако во текот на еден ден не прошетам низ погоните ми се чини дека сум направила голем пропуст.“* (Директорка на една фабрика во хемиската индустрија).

337 Директорка на погон во претпријатие од градежна индустрија.

Што се однесува до ризикот, жените ја негираат тезата според која тие не се доволно подготвени да преземат ризик кој е тесно поврзан со перспективите на претпријатието.[338] Според добиените информации, постојат разлики на овој план, но тие се однесуваат на методите и стратегијата врз кои почива процесот на донесувањето на одлуките. Така, се мисли дека жените на раководни функции одлучуваат, за разлика од нивните машки колеги кои наредуваат. Инаку одлучувањето е суштински белег на раководните функции со кое секогаш е поврзан ризикот и одговорноста. Без оглед дали имаме жена или маж на овие функции, во одлучувањето секогаш постои определен степен на ризик, а се чини дека жените се порешителни и похрабри при донесувањето на некои витални одлуки

**Жените се репрезенти на општите општествени интереси.** Ова е констатација што се наметна од анализата на информациите добиени за мотивацијата на испитаничките да прифатат една ваква функција, од нивните перцепции на целината на претпријатието во минатото кога дошле на функцијата, сегашноста и иднината. Еден значителен број од жените (7) дошле на овие функции поради тешките услови во претпријатието и желбата да направат нешто за да се надмине таквата состојба. Можеби се работи за субјективен став што не може да се провери, но сепак не може да се елиминира фактот за тешкотиите при дејствувањето на претпријатијата во денешни услови, каде е мошне значајно да преземат додатни напори заради спротиставувањето на центрифугалните сили што дејствуваат во насока на ликвидација на многу претпријатија.

Во однос на мерките што се преземаат за одржување и анимирање на претпријатијата, испитаничките посочија повеќе примери од кои може да се заклучи дека постои висок степен на идентификација меѓу поединечните цели и целите на колективот. Како една од мерките што се применети во повеќе претпријатија е посочено давањето отказни решенија на оние кои остваруваат егзистенција и по друг основа (поседување приватни фирми, работа во приватни фирми и сл.). За една жена на функција *генерален директор* било многу важно во почетокот да се *„прочисти"* претпријатието, бидејќи е убедена дека кај сите

---

338 *„Жените навистина не преземаат ризик. Но, тоа е само тогаш кога случајот е нејасен. Тие сакаат добро да ги разгледаат сите алтернативи. Ретко кога една жена ќе се впушти во брзоплета одлука, бидејќи за неа не е важна суетата или славата, туку работата и колективот."*

оние луѓе кои имаат приватни фирми ќе надвладее приватниот интерес и ќе дојде до злоупотреба на претпријатието, особено кај оние луѓе кои имаат определени функции. Иако регулацијата на овој однос во рамките на работните односи е многу значајно, тоа сè уште законски не е решено, туку тоа е оставено во доменот на секое претпријатие индивидуално да го реши овој проблем. Во таквата ситуација, регулацијата на овие односи е во надлежност на високите функционери во претпријатието. Тоа ги зголемува шансите за еден волунтаристички пристап кој не оди секогаш во прилог на интересите на претпријатието. Всушност, не е мал бројот на директори кои паралелно, во форма на „сива“ активност, или отворено. се ставаат во функција на приватниот капитал со ниска мотивација да се направи повеќе на планот на претпријатието.

Во прилог на поткрепувањето на тезата, според која кај жените се врши редукција на лични интереси и истакнувањето на општите интереси, е следниот став истакнат од една испитаничка - директор на еден погон во еден голем металургиски комплекс. *„Мојот сопруг ме нарекуваше ‚тврдоглава женска глава‘ која ништо не гледа што се случува во стварноста, бидејќи одбивав да постапам според неговите совети. Ме советуваше да бидам практична и да го одделам погонот од матичната организација, бидејќи така ќе било полесно за приватизирање, односно да се поделат постоечките капитални добра меѓу вработените. Тој не може да разбере дека ако јас немам работа која ми ја овозможува матичната организација, фактички немам ништо. Истото важи и за другите работници, мртвиот капитал денес не вреди ништо, важна е работата.“* Без да се наведуваат и други примери, можеме да заклучиме дека голем број од жените не се склони да ја жртвуваат восприемената целина. Тие по секоја цена настојуваат да ја одржат неа. Не би се погрешило ако оваа тенденција повторно на некој начин се поврзе со семејството и пожртвуваноста на жената да се одржи интеграцијата на семејството. За идентификацијата на семејната околина со претпријатието говори уште еден факт. Речиси кај сите жени. уште на самиот старт на функцијата. постоела една силно изразена желба да сменат нешто во претпријатието и да втиснат свој печат. Прва на удар на промените доаѓа физичката работна средина, преуредувањето, чистењето, суредувањето на санитариите. Тоа на истиот начин го прави „новопечената домаќинка“.

## *4.8. ДИСПОНИБИЛИТЕТ КОН РАБОТАТА*

Прашањето на диспонибилитетот на жените, како што веќе неколкупати беше констатирано, е едно од позначајните прашање при дејствувањето на жените во сферата на трудот. Времето за ангажирање на жените во сферата на трудот е ограничено поради обврските кон семејството. Со оглед на тоа што раководењето претставува континуирано следење на еден процес во сите негови фази, контрола, интервенција или внесување на некои промени и сл., тоа бара од луѓето што се на овие функции да бидат диспонибилни во секое време. Принципот на диспонибилитет кон работата не ќе станеше толку актуелен ако не се вклучеа поголем број на жени во реазлизацијата на значајни процеси од сферата на трудот. Диспонибилитететот за еден маж е нормална ситуација, за жената е спротивно, за неа е природна диспонибилноста кон домот. Оттаму се наидува на многу тешкотии при реализацијата на овој организациски принцип. Поради воспоставувањето рамнотежа во овие два различни сегмента од дејствувањето на жената, семејството и организацијата, жената прави селекција на определени активности и се насочува кон оние кои се значајни за текот на процесот од неговото започнување до крајот. На тој начин се врши редукција на работните активности, при што се елиминираат оние активности што обично гравитираат околу работниот процес, но што не се во нивна директна функција. Такви се, на пример, деловните ручеци или вечерите. Традицијата на церемонијалниот карактер на трудот, што особено била карактеристична на ова поднебје, како да продолжува. Културата, длабоко всадена во менталитетот на луѓето, ги модификува организациските норми на однесување. Културниот кодекс се манифестира и во сферата на трудот, при што ги модификува организациските принципи. Така, деловните луѓе го завршуваат работниот ден во утринските часови, во кафеана. Не се работи само за еден нов работен морал наметнат од новата класа на бизнисмени и нивното социјално потекло, туку за еден универзален кодекс што е прифатен во деловниот свет.[339] Според одговорите на испитаничките, оваа појава која оддава хипокризија во високите врвови на деловното работење, претставува посебен социјален феномен. Но, не треба да се сфати дека ритуализацијата на процесот на трудот не е карактеристична за деловниот свет. Напротив, одбележувањето на важните

---

339 *„Овој стил, каде се мисли дека со богати вечери, пијанки и луди забави се врши некоја работа, е одраз на културата. На пр., шестмина од нашето претпријатие водат двајца наши клиенти на вечера. Значи, мотивацијата да се оди во кафеана е многу висока, а потоа се жалат дека е тешка и напорна нивната работа.“*

мигови од реализацијата на процесот на трудот во деловниот свет е присутно насекаде. Но, тука мерата е изгубена. Вредносниот систем ги превртува работите поинаку. Секоја култура исфрла нешто специфично по што се мери престижот, а тоа тука е кафеаната. Според нашиот вредносен кодекс, како што истакнаа голем дел од испитаничките, се чини дека на оној, којшто многу често се гледа во кафеана, работите му одат добро. Дури и оние кои се на почетокот од својата кариера одат в кафеана за да го восприемат деловниот свет и за да им се даде можност да комуницираат со него.

Во рамките на оваа анализа се наметна прашањето за жената и диспонибилитетот аплициран на овој начин. Одговорот може да се бара во две насоки. Како прво, тоа е вредносниот систем кој не е толку флексибилен во однос на жената и тој во извесна мера сè уште го осудува присуството на жената на такви места, особеное деловните вечери каде жената е доживеана како една непрофесионална проститутка.[340] Од друга страна, кај жената се јавува голем отпор кон кафеаната. Тие немаат ништо против во едно разумно време да се дружат со своите колеги на професионална основа, но за нив долгото и бесцелното седење во кафеаната до утринските часови е начин за залудно губење на времето. Еден ваков став, своето потекло го има во обврските кон семејството и во редица други практични работи што жените треба да ги направат, но исто така и во определени лични принципи. Кај испитаничките, се забележува присуство на самосвест која е продукт на перцепцијата на околината. Доколку во околината се јават негативни перцепции, тогаш кај жените се јавува еден инхибиторен механизам со кој се одмерува сопственото однесување, а притоа вистинската мера се очекувањата на околината.

Така, може да се каже дека голем дел од психологијата на жената е социјално условена, а таа влијае непосредно на однесувањето. Затоа, за социологијата е многу значајно да ги осознае овие психолошки структури кај жените кои само навидум, површински се презентираат како непосредна причина за нивното дејствувањето. Зад сето ова се крие, како што беше укажано преку бројните примери, едно богато и длабоко социјално искуство.[341]

---

340 *„Кога сум во кафеана со клиенти имам чувство дека сум тука за да им го разубавам друштвото, да ги забавувам и дека сум тука заради нив. На жената местото не и е в кафеана и нема таква работа која може да го оправда нејзиното присуство."*

341 *„Деловните ручеци и вечери за мене се голем товар. Не ми чини посебна чест, како што е тоа случајот со мажите, седењето во кафеана. Мажите се секогаш хедонистички настроени и големи егоисти. Мислат како да го пополнат слободното време, а за тоа кафеаната е најдобро место. Мажите се робови на своите инстинкти, според тоа тие се поблиску до природата отколку што се жените, иако тоа важи за жените."* (Директорка на погон во претпријатие од градежната индустрија).

## *4.9. СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР*

Дејствувањето на жените во приватниот сектор се остварува во рамките на определени социјални услови кои во голема мера се разликуваат од оние што постојат за општествените претпријатија. Разликите резултираат од многубројни чинители кои во рамките на оваа анализа не можат целосно да бидат опфатени. Меѓутоа, меѓу целите на оваа анализа, што има интенции да ги опфати оние чинители коишто влијаат врз можностите на жените да напредуваат во оваа област, како порелевентни ги истакнаа: целите на приватните претпријатијата, нестабилната околина, инсуфициенцата или дисфункционалноста на правната регулатива, бирократскиот пристап или произволност што ја раѓа корупцијата и др. Овие фактори, како и многу други, дејствуваат негативно врз промоцијата на жените во оваа област. Тоа се услови во кои една жена потешко се снаоѓа.

Во приватниот сектор на стопанството *машкиште йринцийи* на поставување и водење на работите се многу повеќе изразени отколку во општествениот сектор. Поради **скороста** на овој сектор не постои изграден, јасно дефиниран систем на односи. Тоа ги зголемува тешкотиите при ускладувањето на односите меѓу учесниците. Меѓутоа, односите што владееат во оваа сфера ги надминуваат рамките на работата. Приватниот сектор, изделувајќи се од преостанатиот економски организам, сè повеќе ја презема улогата на јадро од кое понатаму ќе се репродуцираат односите во општеството според неговата опачина. Имено, од тука почнува да се развива една идеологија т.е. еден систем од вредности кој епидемиолошки се шири, зафаќајќи го севкупниот начин на живот. Така, денес сме сведоци на големи промени што се случуваат не само во политиката, економијата, образованието, туку и во семејството, начинот на поминување на слободно време, друг пристап кон времето, дружењето итн.

Обично се мисли дека основниот мотив на приватните претпријатија се парите. Не доведувајќи ја во прашање оваа теза, би истакнале дека за интервјуираните жени од овој сектор првичен мотив за нивното дејствување не се парите. За нив многу е поважен континуитетот на работата. Тие истакнаа дека понекогаш, за да им се излезе пресрет на клиентите, работат и со загуба со цел да се задржи работата.

Во приватниот сектор се забележува посебен однос кон работата. За сите вработени во приватниот сектор важи единствен принцип - работата. Затоа, тука

*„или знаеш да работиш или не припаѓаш.“* Тоа значи дека тука е уште позасилено дејството на основниот принцип во дејствувањето на жените.[342] Претпријатието треба да се сфати како една реално постоечка социјална категорија, а не само како средство за да се добијат пари. Меѓутоа, во многу приватни петпријатија денес отсуствува овој елемен. Имено, приватните претпријатија ги претставуваат поединци, помалку или повеќе познати, зад кои се кријат анонимни фирми. Тоа говори за присутноста на феудални односи во начинот на дејствувањето на приватните претпријатија. Во прилог на ова е и информацијата за т.н. *семејни претпријатија* какви што се, всушност, поголемиот дел од приватните претпријатијата. Во нив најголемиот број од вработените го сочинуваат членови од потесниот семеен круг и делумно членови од првото роднинско колено. Веројатно, една подлабока анализа на социјалните белези на овие претпријатија ќе ги доближи до семејните претпријатија од времето на индустриската револуција, период кога се конституираа институциите на индустрискиот систем. Во таа смисла може да се заклучи дека приватните претпријатија сè уште не се социјално изградени и немаат свој социјален легитимитет, бидејќи сè уште не постојат институции според кои тие ќе се легитимираат. Ќе треба да помине уште многу време овие претпријатија да се конституираат на одредени социолошки основи, за какви што се сметаат модерните претпријатија. Луксузниот деловен простор, скапите автомобили и убавата секретарка се основните карактеристики на работната средина. Присутниот феудализам, од друга страна, говори за тоа дека на полето каде се одвиваат овие дејности постои инсуфициенца од правна регулатива што ќе ги регулира и насочи односите меѓу учесниците. На тој начин се зголемува потребата од арбитрарна интервенција во нивната регулација од страна на некои надлежни поединци, а тоа доведува до јакнење на волунтаризмот, корупцијата, недовериeто, стравот да се работи со непознати и сл. Всушност, сите испитанички од приватниот и општествениот сектор како една од најсериозните тешкотии при нивното работење ја истакнува правната регулатива.[343] Се

342 *„Во поранешниот систем директорите не беа многу оптоварени со технички и други проблеми. Затоа, тие беа ориентирани кон луѓето, но не и кон работата. Затоа што истовремено тие поседуваа и голема моќ, нивното одесување во најголема мера беше регулирано со нивното културно ниво.“*

343 *„Работата е еден процес кој трае подолго време. Се случува понекогаш да се закочи работата заради некој пропис кој стапил на сила преку ноќ. Волунтаризмот во донесувањето на прописите донесува штети не само на поединци, туку и на целото стопанство.“*

истакнува апстрактноста на правните норми кои се далеку од можноста суштински да ја регулираат оваа област. *„Тоа се низа на забрани, блокади, ограничувања кои воопшто не ја насочуваат работата ниту регулираат, туку само ја кочат. Затоа, цело време работиме на тоа како да ги прескочиме овие блокади, бидејќи тука нема пропис што ја регулира дејноста од почетокот до нејзиниот завршеток.“*[344]

Иако тука глобално зафатени, општите карактеристики на приватниот сектор покажуваат понеповолни услови за дејствувањето на жените, во однос на мажите, но и во однос на нивните колешки од другиот сектор. Имено, како што е познато од претходниот текст, жените се склони да градат кариера во добро познати и дефинирани услови. Приватниот сектор не го исполнува овој услов. Понатаму, бидејќи во поголема мера важат личните односи во склопувањето на работите, жените се ставени во нерамноправна положба. Градењето на неформални односи меѓу мажите и жените е лимитирано поради дејството на факторот *пол*.[345] Исто така, жената мора да ги гради своите деловни односи сама, односно таа не поседува положба која автоматски се здобива со заземање на некое место во хиерархијата, туку таа мора да ја изгради хиерархијата од долу кон горе. Тоа е макотрпен пат за една жена која *мора да внимава не само на коректно извршување на работите, туку и на секој свој гест, на секој изговорен збор*. Една стекната положба, како што е на пример директор во големо општествено претпријатие, на личноста ѝ дава низа предности. Положбата го одредува однесувањето и ја има моќта да ја заштити личноста и да го одреди нејзиното однесување. Испитаничките од овој сектор не ја перцепираат својата положба како положба од позиција на моќ или на некој авторитет. *„Кај нашите колеги е поинаку. За време на разговорите се трудат да ја истакнат својата моќ, да се однесуваат надмено, во стилот* ***јас сум газда****. Таквото однесување е одвратно, а зборот газда предизвикува гадење. Кој е тој авторитет што се гради над куп работи што ги стекнале за кратко време?*

---

344 Во проделжение на истиот исказ стои: *„Македонија е мала земја со неразвиено стопанство, со мали изгледи тоа да се развие. Меѓутоа, нејзината географска положба (центарот на Балканот) дозволува да се развие еден вид посредничка дејност која би била многу корисна за земјата. Меѓутоа, државата, преку правните прописи, прави сè за да се сузбие овој вид на дејност која претставува природна компаративна предност што многу земји ја искористиле. Државата ја одбива природната тенденција на кружење на финансискиот капитал.*“

345 *„Мажите меѓу себе градат односи што ги надминуваат деловните рамки. На пример, тие си вршат меѓу себе некои лични услуги. Така на пример, ниеден од моите клиенти нема да ми каже дека сака вечерта да ја помине со некоја згодна женска. Тоа може да се сфати поинаку. Затоа се избегнуваат жените при работењето.*“

*Кој е нивниот углед и пред кого? Јас не чувствувам моќ, туку немоќ. Тоа е предизвикано од начинот на работата во кој треба да дојдат до израз не само работните умешности, туку и кондицијата, и тоа не само интелектуалната туку и физичката.“*

Со оглед на условите за работа во приватниот сектор може да се заклучи дека е разводнет односот меѓу приватното и јавното.

## 5. СОЦИЈАЛНОТО ОКРУЖУВАЊЕ, НЕПОВОЛНА СОЦИЈАЛНА КЛИМА ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО СФЕРАТА НА ТРУДОТ

Окружувањето во кое што дејствуваат организациите влијае на карактерот на организациите, на нивните цели, големината и др. Социјалното окружување е претставено преку вкупноста на условите и факторите кои дејствуваат на начинот на функционирањето на организацијата. Тука спаѓа правниот и институционалниот систем, состојбите предизвикани од моментални политички процеси или иницијативи, културниот систем и др. Според одговорите на испитаничките можеме да забележиме дека околината во која дејствуваат организациите е негативно перципирана.

Како една од најголемите тешкотии во дејствувањето на организациите беше истакната правната конфузија, брзината на промената на прописите итн. За разлика од негативната перцепција на окружувањето перцепцијата на внатрешните услови на претпријатието се оценуваат како поповолни за дејствувањето на жените.[346] Сето тоа говори дека во мигот на изборот на една жена за висока функција се јавуваат интринзични услови во претпријатието кои не се редовна ситуација. Така, жените со недоверба гледаат низ прозорецот на своето претпријатие додека на жените им се нанесуваат големи неправди. Ним претпријатието им изгледа како засолниште од бурите што се случуваат наоколу. И покрај огромните тешкотии со кои се судираат во работниот простор, тие не би го напуштиле претпријатието. Тие, исто така, не би постигнале повеќе успеси во ниедно друго претпријатие во државата, можеби на друго место каде што повеќе се цени способноста, знаењето, умешноста отколку кариеризмот, потеклото и сл.

---

346 На прашањето: *Дали повеќе би постигнале во друго претпријатие*, испитаничките одговараа негативно.

Меѓутоа, во широчината на она што се нарекува околина, можат да се издвојат некои аспекти чие дејство врз претпријатието е поизразено. Така, на пример, правната регулатива во доменот на социјалната заштита на жената е поволно перцепирана. Испитаничките, свесни за овие состојби во другите земји, го издвоија овој момент како големо наследство од претходниот систем. Ова посебно законодавство, со кое општествено го регулира мајчинството, им овозможува на многу жени да користат платено породилно отсуство, како и право на истото работно место по истекот на отсуството што трае девет месеци. Потоа, право на боледување со надомест за болно дете, право на бесплатна социјална заштита на децата до определена возраст и др. Меѓутоа, овие права се однесуваат на дефинирањето на најопштите услови во дејствувањето на жените. Многу е отежната реализацијата на овие права во услови на низок општествен стандард, односно во општества каде што во сферата на репродукцијата постојат кумулирани огромен број на активности коишто жените ги носат на својот грб.

Во истиот контекст може да се спомне и правото на жените на еднаква заработувачка. Според правните прописи што ја регулираат оваа материја од работните односи не може да се забележи дискриминација. Меѓутоа, сепак може да се зборува за дискриминација и во оваа област. Дискриминацијата тука се огледа пред сè во ограничените можности на жените кон поквалификуваните и подобро платени работни места. Така, според исказите на испитаничките жените не се доволно остручени и образовани за да заземат кое било работно место во разгранетата поделба на трудот. Дискриминација започната при изборот на образованието се интензивира со неможноста за добивање на соодветно работно место. На тој начин заработувачката на жените е помала во однос на онаа на нивните машки колеги.

Расчекорот во платите меѓу мажите и жените потекнува и од екстринзичната мотивација за работа кај мажите. За нив работата е средство за постигнување на некои надворешни цели (пари, кариера и сл.) а кај жената преовладуваат интринзичките мотиви што ги ориентираат кон работата. Според тоа, мажите постојано бараат начин како да заработат повеќе. Кај жените економскиот мотив за заземање висока функција е на последно место.[347]

---

347 *„За мажите парите имаат посебно значење, тие се моќ, привлечност и убавина. Замислете еден богат маж кој е грд и дебел иист таков кој е сиромав? Затоа, мажите се поголеми „муватори“ и не бираат средства за да дојдат до пари. Оттаму, мажите стануваат подмитливи.“*

**Политичкото окружување.** Како важен елемент во окружувањето, којшто ги зголемува или намалува шансите при продорот на жените во сферата на трудот, се јавува политиката. Посебно се истакнува значењето што политиката го имаше во претходниот систем. Имено, личноста која имаше претензии кон повисоките места во хиерархијата мораше да задоволи определени „морално политички квалитети". Така, на врвот во хиерархијата се поставуваа лица со врвни идеолошки квалитетети зад кои, како не многу важни, следуваа стручните, образовните и други квалификации. По својата природа овие структури беа конзервативни. Централистичкиот систем, како систем на директиви, пружаше помали шанси во напредувањето на жените. Во претпријатијата доминираа политичките структури, односно институциите на политичкиот систем како носители на главните одлуки во претпријатието. Стратегијата, целите и деловната политика ја водеа определени структури надвор од претпријатието, со што целокупната активност се сведуваше на симулирање на некои економски процеси, како на пример интеграции, дезинтеграции, инвестиции, лични доходи итн. Еве како е доживеано претпријатието од тој период кај една од испитаничките: *„Животот во претпријатието беше вистинска досада. Сè се одвиваше по шема, без спонтаност, без мотивација и сл. Всушност, ништо не се случуваше, освен сериозни бирократски „фаци" што играат на сите карти. Тие го поседуваа и „клучот"за жените во претпријатието."*[348] Во случаи кога претпријатието, односно работниците го подржувале изборот на една жена, политичките структури не само што не им дале подршка, туку воделе жестока борба со кандидатките.[349] Така, како заклучок од добиените информации за карактерот на политиката, можеме да истакнеме дека поради шематскот пристап (присутниот бирократизам, апстракција на целите и сл.), политичките структури сè уште го сочинуваат најконзервативниот сегмент во општеството. Тоа значи дека

---

348 Директорка на финансии во прехранбена индустрија.

349 Од многуте исповести го одбравме најекстремниот случај. Се работи за едногодишна борба на една кандидатка за високо раководна функција со политичките структури кои инсистирале на поставување на човек од нивните редови. Вработените ја одбиле кандидатурата на политичарот и ја подржале кандидатката од претпријатието. *„Како жена немав многу адути. Единствен адут беше колективот. Политичарите беа збунети и не веруваа дека една жена може да се спротистави на нивната волја. Затоа, борбата стана уште поостра, бидејќи воопшто не ме сметаа за некаков противник. Ме нарекуваа секако, ме советуваа да се освестам и да видам што правам и да си го најдам своето вистинско место. Според нив, една жена не смееше да биде на вака висока функција, иако колективот не сметаше така."*

политиката со својата природа е пречка за помасовно вклучување на жените во неа. На пример, онаа политика во која жените влегуваат по *„клуч“* не може да не го оневозможува пристапот на жените до највисоките хиерархиски инстанци, бидејќи не можат до израз да дојдат способностите на жените.

Досегашните политички системи, со оглед на нивната внатрешна структура, а уште повеќе според патиштата, методите и средствата што стојат во основата на реализацијата на политичките цели, рестриктивно дејствуваат во однос на жените. Со тоа, ретки се примерите на жени кои воделе политички кампањи. Зошто е тоа така не може да се даде опширен и исцрпен одговор, но размислувањето на една од испитаничките може да даде еден аспект: *„На еден маж во водењето на кампањата за избор дозволено му е да го дискфалификува противникот по однос на многу работи. Но, ако противникот е жена, тој има уште една голема предност, а тоа е да ја дискфалификува како припадник на еден пол кој е општествено инфериорен. Всушност, семејството и работата на жените се секогаш содржини околу кои се спротиставуваат мислењата во политиката, но ретко кога за нив се изјаснува една жена. Општеството, меѓу припадничките на женскиот пол, кога тие сакаат да ги надминат рамките што им ги предодредиле прави да се генерализираат сите човекови неуспеси, промашаувања и слабост. Со тоа, жената, уште во стартот на својата политичка кариера, е дискфалификувана.“*

Како мошне значаен аспект на околината испитаничките ја означија правната регулатива. Според нив, денес правната регулатива, наместо да го олесни дејствувањето на организациите, создава редица тешкотии. На прво место се наоѓа краткотрајноста на законите и прописите што ја регулираат сферата на трудот, поради што треба да се ангажира еден цел институт за да може да ги следи сите промени. Сето тоа ја зголемува несигурноста на претпријатието и можноста за брзи реакции и преструктуирања во дадената средина.

Тешкотиите поврзани со правната регулатива се последица од трансформацијата на социјалниот систем. На тој начин, околината во периодот на транзицијата ги усложнува условите за работа на претпријатијата. Доминантен миг од работната средина станува социјалната работна средина и тоа поради потребата од премин (транзиција) кон друг вид општествени односи, врз чија основа ќе се реализира производството или дејноста. Токму во овој миг доаѓа до израз социолошкиот аспект на претпријатијата - значењето на општествените односи како и зависноста од целокупниот општествен контекст.

Намалената автономија на претпријатието, констатирана од испитаничките, се должи на разместувањата во општествената структура. Имено, се случува составните елементи на структурата да ги менуваат своите места, а тоа значи нови релации, конфузии и пред сè легитимизација на моќта неопходна за воспоставување на мрежата социјални односи. Оттука, можеме да заклучиме дека тешкотиите во дејствувањето на претпријатието во голема мера се предизвикани од нефункционалноста на социјалниот систем во работната средина, што понекогаш го доведува во дисфункција севкупното продуктивно тело на претпријатието.

Анализата на широкиот социјален простор во кој дејствуваат организациите, попатно видена, бара навистина еден посериозен пристап. Се разбира, тука социологијата може да ја преземе улогата на водач, бидејќи веќе се забележува дека економските и правните науки преокупирани со *„набавката на материјал за градбата на новата општествена зграда“* го запоставиле проектот. Моменталниот допир на оваа проблематика, во рамките на разглобувањето на една сосема друга тема, ја предизвикува љубопитноста. Но, за да се даде повеќе од пожелната љубопитност, потребно е да се стави во погон и социолошката машинерија која детално ќе го конструира овој сложен проблем.

## *5.1. ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО СОГЛЕДАНИ ОД СТРАНА НА ЖЕНИТЕ НА ВИСОКИ ФУНКЦИИ*

Во рамките на окружувањето би било интересно да се упати на карактерот на женските организации како и нивниот влог во креирањето на условите за дејствување на жените, како и можностите за напредување на жените во разни сфери на општеството. Според исказите на испитаничките, женските организации што дејствуваат на овие простори претставуваат гетоизирани друштва. Тие како да ја прифатиле мамката на општеството, затворајќи се и заокружувајќи се како посебни организации што треба да дејствуваат на илјадници пунктови во општеството. На тој начин, борбата се разводнува, а се губат предвид крупните општествени проблеми од витален интерес за општеството. Така, на пример, истакнува една од испитаничките, *„Ако жените како мајки не учествуваат во разрешувањето на проблемот на младата*

*генерација туку се занимаваат со редица апстрактни права на жените, што општеството не им ги дало, а требало, тогаш се сосема на погрешен пат. Нивната борба се води врз полова основа, а тоа нема многу да ја промени нивната положба, освен за единки кои овие организации ги сметаат како поле за свој личен просперитет“.*[350] За разлика од начинот на дејствувањето на организациите во некои апстрактни полиња на борба, испитаничките истикнуваат дека полето на борбата мора да биде конкретно. Имено, борбата за постигнување на подобра положба во општеството не може да се води преку вербални искази или во женски гета кои имаат намера да го убедат општеството дека жените се навистина способни. Тоа се прави преку конкретното дејствување. Со оглед на тоа што навистина голем дел од жените се вработени, а тоа значи дека тие на некаков начин веќе се во општеството, тие можат да ги изразат своите вредности и посебни потреби.[351] Или, како што истакна една од испитаничките: „*Не сакам да се организирам според пол, тоа ме понижува повеќе отколку што можат да ме понижат моите машки колеги овде во претпријатието. Организирањето според пол значи признавање на инфериорноста, односно прифаќање на два рода. За човекот е својствен еден род, човечкиот род. Секој оној што се чувствува како личност ќе сака да се афирмира пред други личности, но не како припадник на еден пол, туку како личност. Секоја личност има тенденција да се изградува, усовршува итн., а за тоа постојат многу начини.*“

Овде може да се постави прашањето: *Од каде произлегува овој негативен став на жените на високи функции кон организирањето на жените на полова основа?*. Како можни одговори можат да се дадат повеќе претпоставки. Меѓутоа, овој став во најголема мера може да се поврзе со самата положба на овие жени како и со начинот на кој таа е стекната. Патот до нивната општествената промоција е директен, тежок, но сигурен.

Резимирајќи околу ова поглавје за специфичностите околу дејствувањето на жените во организацијата и пошироката општествена околина, се наметнаа многу интересни заклучоци. Од она што беше кажано во разгледувањето на општите принципи на дејствувањето во организациите и конкретното

---

350 Директорка на еден погон.

351 *„Јас не чувствувам дека сум обесправена, и покрај многубројните препреки што го товарат амбиенот во кој се делува. Жените треба да покажат што сакаат и што можат да направат, а не апстрактно, преку барање права, да обезбедат високи позиции.“*

дејствување на жените, може да се каже дека пристапот на жените битно се разликува и ги има сите неопходни претпоставки за да се доближи до моделот на современите организации. На ваков заклучок наведува односот на жените кои се наоѓаат на високи функции, пред сè кон работата, кон работниците, хиерархијата, моќта и сл. Современите организации денес посебно го истакнуваат значењето на човечкиот фактор, т.е. на човекот како главен ресурс во дејствувањето на организациите, а токму кај жените акцентот е ставен на мобилизацијата на човечкиот фактор. Исто така, непосредните односи со работниците внесуваат уште еден квалитет во водењето, а тоа е инвестирањето во мотивацијата на работниците која се смета како важен психолошки инпут во организациите. На тој начин, се постигнува повисок степен на интеграција и идентификација со целите на организацијата.

Во овие услови моќта не се перцепира како моќ на поединецот туку како моќ на целиот колектив. Во овие рамки е мошне важно да се спомне и тенденцијата на жените да ги донесуваат одлуките потпирајќи се на екипата што е важна одлика при одлучувањето на современите организации.

Со оглед на начинот на кој жените дејствуваат во организацијата, како заклучок се наметнува високиот степен на идентификација на организацијата со семејството. Жените пристапуваат кон организацијата како и кон семјството, покажувајќи подготвеност за излегување во пресрет на секој член, по секоја цена да се одржи интеграцијата, потребата да се надмине кризата и да се бара решение по која било цена. Оттаму и заклучокот дека жените во организацијата се репрезентенти на општите интереси и имаат поразвиено чувство за општост.

Покрај низата позитивни аспекти во дејствувањето на жените во организацијата, што произлегуваат од припадноста кон женскиот пол, кој тука значи систем од квалитативни белези што дејствувањето на жените го прави поспецифично, можат да се истакнат и некои негативности т.е. несакани начини на однесување. Пред сè, тука е т.н. неподготвеност на жените да водат политика, поради нивната свртеност кон проблемот, а не кон стратегијата преку која ќе се одржат позициите. Тие не ги сфаќаат игрите, туку сериозно пристапуваат кон разрешување на поставениот проблем.

# ЗАКЛУЧНА РАСПРАВА

Трагајќи по сознанијата за социјалната условеност на промоцијата на жените во сферата на трудот, уште на почетокот од истражувањето се покажа дека тие патишта не се едноставни. Како детрминанти на положбата на жените во општеството се јавуваат многу социјални фактори чие дејство може да се согледа од аспект на еден интегрален пристап. Но, глобално земено, положбата на жената во општеството е резултанта на соодносот воспоставен меѓу сферата на продукцијата и сферата на репродукцијата. Со оглед на тоа што беа констатирани определени природни разлики што го делат човечкото суштество на два рода - машки и женски, а со последниот се поврзува репродукцијата на човечките генерации која во себе вклучува цел спектар на различни активности социјално условени и развиени, во секоја анализа на положбата на жената во општеството нужно се наметнува прашањето на репродукцијата. Затоа, ако анализата на социјалните чинители на промоцијата на жените во сферата на трудот се одвиваше единствено во економската димензија на општеството, тогаш немаше многу да се осознае природата на овој проблем. Но, тоа воопшто не значи дека се намалува значењето на економската сфера на општеството и на промените што се случија во таа сфера за влезот на жените во општеството. Напротив, беше прикажано дека во голема мера положбата што ја има жената во оваа витална област во општеството ја определува и нејзината глобална положба. Патиштата на социјалната промоција на жените во сферата на трудот се истовремено и патишта за заземање повидни места на различните пунктови во општеството. Перманентните промени што се остваруваат на планот на организациите, започнати уште од периодот на индустриските револуции, денес создаваат еден сплет на услови што можат да се оценат како позитивни во поглед на дејствувањето на жените во нив. Современите организации, префрлувајќи го акцентот на квалитативната димензија, т.е. на човечкиот ресурс и неговиот креативен потенцијал, сè повеќе упатуваат на определени лични квалификативи и способности што ја овозможуваат интеграцијата на жените во организацијата како рамноправен чинител.

Всушност, преку проучувањето на овој проблем добивме најдобар пример за докажување на тесните социјални врски меѓу процесите и појавите во општествената стварност. Тука, социологијата е во голема предност во однос на

другите општествени дисциплини како што е, на пример, економијата, која апстрактно ги набљудува економските односи, редуцирајќи ги на нивното економско значење. Навидум неутрална и во служба на економските рационални принципи, економијата ги поддржува и репродуцира традиционалните шеми. Но, и најголемиот заговорник на економскиот детерминизам, Карл Маркс, во една околност, при разгледувањето на степенот на важење на економските законитости, рече: *Сепак на земјата шетаат луѓе.* [352]

Не игнорирајќи ги оние факти, коишто во многу општествени науки се третирани како банализација, меѓу кои спаѓаат и стереотипите што во најголема мера се однесуваат на определени групи во општеството чија поделба е направена според одредени биолошки критериуми (какви што се расните групи и жените), се дојде до расветлувањето на еден мошне значен дел од општественото живеење - културата. Имено, во културата живее едно долго човечко социјално искуство кое, според одредени механизми, обликува голем дел од човековото битие. Посебно, таа е многу важна во областа на поделбата на половите, зашто има оформено посебни механизми на нивна саморепродукција и регулација, а тоа се женските и машките улоги, т.е. начините на кои ќе се однесуваат мажите и жените како дијаметрално различни. Во ниту еден момент не беше оспорена комплементарноста на ваквата поделба на улогите направена според полот, но беше укажано на социјалната условеност на оваа комплементарност. Денес се тежнее кон една друга поделба на улогите, којашто ги следи современите општествени потреби и во која е намалено значењето на природниот принцип. Наместо групирање според тој единствен биолошки принцип, кој ја тргна настрана едната половина од човештвото, се извршува групирање според повеќе социјални принципи, односно според определени социјални белези. Така, се формираат групи засновани не врз основа на биолошките, туку на социјалните белези. Со тоа, и жените се вклучија во разноличието на општествената диференцијација. Но, овој пат што го поминува жената кон општествената интеграција, не е нималку лесен. Сведоци сме на големи и разнородни отпори на овој план. Тука, пред сè, традиционалниот менталитет е генериран преку формалните и неформалните канали на општествената интеракција.

Како многу важен заклучок, уште еднаш би истакнале дека во современите општества се намалуваат бариерите што ги спречуваа жените да се

352 Temelji slobode. Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1983.

вклучат во реализацијата на општествените процеси во името на нивната природна ограниченост и неподготвеност за редица општествени улоги. Денес, дејствувањето на жените во различни области на општеството ја разоткрива идеологијата на поделбата на половите поставена од (не)разумната традиција чија содржина е патријархатот. Најголемо упориште на патријархалната идеологија било, а и денес е, семејството. Тоа е местото каде што, главно, мајките ги учат своите деца за улогите што треба да ги имаат откако ќе станат вистински луѓе, тоа сè уште е највисокиот бедем што жената не може и не сака да го скокне. Но, не треба да се сфати дека жената го доживува семејството како пречка. Напротив, тоа е она што и денес во најголема мера го осмислува нејзиниот живот и за кое таа секогаш е подготвена да се жртвува. Тоа се потврди и преку резултатите на истражувањето што во овој контекст беше спроведено. Тие го потврдија ставот дека зад успешноста на жената во речиси сите случаи стои семејството. Жените што беа анкетирани во рамките на ова истражување не ја негираа тежината на „двојната продукција", туку, дури и ја нагласуваа. Податоците покажаа дека сферата на продукцијата и сферата на репродукцијата не се исклучуваат, како што се мислеше досега. Тоа се два аспекта на единствениот човеков начин на живот, наметнати од определени општествени односи. Секој од овие аспекти има своја структура, мотивација и цели, но таа нивна посебност не претставува пречка човечкиот род кон нив да настапува единствено. Мајчинството, т.е. репродуктивната функција, по којашто човечките единки се разликуваат, не може да биде пречка во конституирање на таква општествена организација во која рамноправно можат да учествуваат сите. За сето ова постои солидна материјално-техничка основа.

Би била своевидна научна авантура да се докажува уделот на жените кои, репродуцирајќи ја постоечката општествена организација, ја репродуцираат и сопствената положба во општеството. Сепак, потпирајќи се не толку на расположливата литература, колку на резултатите од ова истражување, можеме да заклучиме дека кај жените длабоко е интернализирана нивната субмисивност и потребата да се однесуваат така за да им угодат на сите, освен себеси. Кај нив длабоко е всаден социјалниот условен рефлекс и реакцијата на дразби што доаѓаат од околината, потсетувајќи ја во секој миг на нејзиното вистинско место. Според карактерот на жените, тие можат да се дефинираат како *auxilliaire* т.е. во слична функција како помошните глаголи.

Сумирајќи ги резултатите од истражувањето, спроведено на подрачјето на Република Македонија, ќе упатиме само на некои позначајни констатации во

однос на социјалните фактори што во најголема мера влијаат врз вертикалната подвижност на жените во процесот на трудот. Како прва се наметнува констатацијата дека кариерата во професионалниот живот за една жена не е нејзин природен пат, како што е за мажите. На патот кон кариерата, таа се судира со проблеми што произлегуваат од припадноста кон женскиот пол како инфериорен пол во општеството.

Дискриминацијата спород полот во нашата средина, меѓу другото, е изразена и во реализацијата на професионалниот живот на жените. Имено, уште пред стартот на својот професионален живот, жените го почувствувале вкусот на дискриминацијата според полот. Вработувањето. Ни образованието, ниту високиот успех во образованието не можат да ги разбијат бариерите за влез во претпријатијата во кои доминира машкиот свет, како што е случај со некои гранки на индустријата.

Почетокот на кариерата кај жената значително е отежнат и забавен, бидејќи тој период коинцидира со мајчинството, т.е. со фертилниот период и антиципираните чести отсуства. Така, кариерита кај мажите почнува порано и таа е побрза. Според добиените резултати, жените многу тешко ги добивале првите, иако пониски, функции во организацијата.

Иако сознанијата за дејствувањето на организациите нудат слика за неа како неутрална структура во персонален поглед, структура што се подредува на рационалните принципи, сепак, во однос на дејствувањето на жените, таа станува селективна и чувствителна кон персоналното, а уште повеќе поради тоа што, и покрај високата стручност и докажаните работни способности, се покажуваат големи резерви и отпори при изборот на жена на висока функција. Затоа, условите во организациите, во кои се поставени жени на високи функции, значајно отстапуваат од просечните или од нормалните услови. Воочениот висок степен на поврзаност меѓу условите во организацијата и изборот на жена за раководител во нив се должи, меѓу другото, на положбата и ориентацијата на жените во организацијата. Според својата ориентација, жените се наоѓаат на следните пунктови:

1. Ориентација кон работата. Оваа ориентација на жената придонесува во кризни ситуации таа да излезе на врвот на организацијата како стручњак или како добар познавач на работата, кога го дава својот придонес за излез од кризата;

2. Кај жените е забележан повисок степен на ориентираност кон општите цели, аспект поволен за дејствување во исклучителни ситуации;

3. Намалување на одговорноста кога на врвот од претпријатието во периодот на неговото пропаѓање е жена, т.е. жените како да се предодредени да ја поднесуваат вината од неуспехот, со што се зголемува општествената рационализација на неуспехот;

Исто така, анализата на однесувањето на жените во организација покажа дека постои висок степен на согласност меѓу организациските принципи и придржувањето кон нив со постигнатите резултати. Тоа значи дека жените се стремат кон висока професионалност во извршувањето на функцијата. Со оглед на тоа што поголем дел од жените на високи управни функции дошле од работни места на технички или стручно одговорни лица, кои веќе ги докажале своите квалификации за успешно извршување на работата, тие и понатаму во своето дејствување го применуваат истиот принцип-докажување на високите компетенции. Кај жените на високи управни функции тенденцијата да се истакне професионалното е уште поизразена заради припадноста кон женскиот пол и очекувањата на околината во секој миг тие да згрешат. Кај жените се јавува и изразита тенденција за строга дистинкција меѓу приватното и јавното, при што посебно се истакнува значењето на професионалното.

За диспонибилитетот на личноста кон организацијата, што е мошне важен принцип за дејствување на повисоките функции во организацијата, жените имаат посебен став. Кај жените на високи функции длабоко беше интернализирана свеста за диспонибилитетот кон работата. Прифаќајќи ја оваа функција, тие се предодредиле за организацијата и се отвориле за интервенцијата на работните процеси без оглед на времето и просторот. Тие биле свесни за карактерот на дејноста што ја вршат во која се интегрирани сите работни процеси во една единствена стратегија. Работата за нив е еден процес што мора да се следи од почеток до крај и да се интервенира во даден момент. Наспроти прифаќањето на диспонибилитетот кон работата, жените на високи управни функции покажаа негативен став кон ритуалите што обично ја следат оваа функција во текот на извршувањето на работата, која на овие поднебја е масовно прифатена. Така, кај нив се забележа тенденција деловните вечери или ручеци да се сведат на неопходниот минумум за успешно извршување на работата. Сето тоа наведува на констатацијата дека кај жените постои поизразен степен на рационалност во остварувањето на функцијата, што ги побива досегашните

судови на овој план. Службените патишта и деловните вечери не се пречка жената да заземе висока функција.

Од добиените резултати може да се донесе и еден општ заклучок за промената на социјалниот контекст во организациите кај нас. Во изминативе неколку години, по распадот на самоуправната организација на трудот, се воспостави поинаква организациска структура која се оценува како поповолна во однос на дејствувањето на жените во нив. Имено, организациите во кои денес се остварува процесот на трудот се поотворени, т.е. во нив придвижувањето на жените кон повисоките места на хиерархијата е поголемо, отколку во претходниот систем. Во организациите, што се поставени врз економските принципи, жените можат подобро да ги покажаат своите компетенции и да не бидат само украс на организацијата.

Анализирајќи го севкупниот социјален контекст во кој се остварува дејствувањето на жените, се дојде и до одредени сознанија за пречките што се поставени пред жените на патот кон нивната социјална промоција во сферата на трудот. Како голема пречка во рамките на социјалниот контекст беше истакнат патријархализмот. Иако во голема мера е редуцирано влијанието на патријархализмот во сферата на трудот, во која денес дејствуваат голем број жени, тој и понатаму претставува голема пречка за нивното напредување кон хиерархиски повисоко поставените работни места во организацијата. Всушност, жените, со константната тенденција за вклучување во работниот процес во сите негови сфери, се оние кои имаат најголем придонес за слабеењето на патријархалните елементи во општеството. Сепак, и во рамките на новите околности, создадени со поделбата на трудот и модерните начини на организирање на трудот, патријархализмот и понатаму се јавува како регулатор на односите меѓу половите.

Подрачјето на трудот е премногу широко за да може на сите негови полиња да се докажува присутноста на патријархалните односи кои во негови рамки ја вклучуваат и половата димензија. Посебно, влијанието на патријархалноста е нагласено во ситуации кога една жена посегнува кон повисоките управни функции. На жената ѝ е ограничен пристапот кон позициите што содржат моќ која претежно се дефинира во однос на социјалната димензија на учесниците во работните процеси. Може да се констатира дека за неа моќта сè уште е „забрането овошје“. Моќта, во својата генеричност е конструкција од авторитет обликуван од социјалното искуство и натоложен во социјалната

меморија на општеството, а како таква го содржи својот машки идентитет и спротивно. И резултатите од ова истражување укажаа на постоењето на мизогинизам во организациите, посебно кон жените кои ги освојуваат т.н. *машки занимања* или машки работни места. Мизогинизмот во поизразена форма е забележан тогаш кога една жена ги освојува повисоките места во организацијата, односно местата во кои е сконцентрирана моќта. Мажите неволно прифаќаат жена за претпоставен. Тука изненадува и едно друго сознание добиено од резултатите. Тоа е сознанието за т.н. *женски мизогинизам*. Жените, исто така, за свој претпоставен неволно прифаќаат една жена. Овие сознанија ја поткрепуваат тезата за конструкцијата на моќта олицетвортворена во социјалното искуство како еден машки авторитет.

Како општ заклучок во врска со разгледувањето на организациите што беа дефинирани како најраспространети форми во кои денес се остварува човековиот труд, може да се каже дека импулсите за промените во положбата на жените во општеството доаѓаат од оваа сфера. Не може да се генерализира овој заклучок за сите средини, но за нашата, со сигурност можеме да го тврдиме тоа. За разлика од некои други средини, во кои женското движење е многу понапреднато и ја има улогата на авангарда во промената на положбата на жената во општеството, кај нас жените ги собраа најголемите плодови на професионален план. За да бидеме појасни, ќе истакнеме дека професионалниот пат на жените во нашата средина, со посредството на образовниот систем, е претворен во нормален пат, тука најголемиот број жени се едуцираат со цел да заземат определено место во разгранетата мрежа на поделбата на трудот. Токму затоа, и жените се оние кои невработеноста ја доживуваат како големо зло, посебно затоа што, фрлени на маргините на претпријатието, тие се први на ударот на центрифугалните сили што ги произведува кризата.

За жал, за многу жени работата е само работно време, односно само начин да се дојде до средства за егзистенција. Кај најголемиот број од нив отсуствува социјалното значење на трудот. Тие во трудот не гледаат средство за личен развој и социјална промоција. Нивните амбиции за градење кариера се мали. Меѓутоа, на овој план на повидок е голема промена. Според ставовите на испитаничките, се зголемуваат амбициите кај жените за кариера. Таа станува природна цел кон која тие се стремат. Ако во почетокот на индустријализмот вклучувањето на жените во производството претставувало сензација, а тоа денес е сосем нормално, тогаш заземањето повисоки места во оваа сфера, што денес е

сензационално, во блиска иднина ќе биде нормално. Контролата врз основните средства за остварување на егзистенцијата, што досега беше привилегија на мажите и основна содржина на патријархатот, битно ќе ја измени положбата на жената во општеството.

Во рамките на социјалниот контекст, како многу важен сегмент се наметна семејството. Општ заклучок, добиен од резултатите, е дека семејството, т.е. товарот на репродукцијата кој сè уште е значајно поврзан со жената, не е пречка за нејзиното напредување и за прифаќање на поодговорни функции. Оваа констатација може да се продискутира со внимание што ќе им го посветиме на два аспекта, тесно поврзани меѓу себе. Тоа е општеството и неговиот однос кон репродукцијата, и промените во семејството - како внатрешен и непосреден фактор во дејствувањето на жените.

Во расправите што се водат по повод можностите жената да се вклучи во остварувањето определени активности на професионален и друг план, како основно се поставува прашањето на репродукцијата. Сумирајќи ги сознанијата за положбата на жената во општеството, веќе беше констатирана една константна тенденција на промената на односот на жената кон сферата на продукцијата. Оваа промена иницира промени и во односот на жената кон сферата на репродукцијата. Имено, индустрискиот начин на производство го призна и продуктивниот потенцијал на жените. Оттогаш, процесот на вклучување на жените во сферата на продукцијата е перманентен. Од нумеричките показатели може да се заклучи дека денес, во светски размери, во продуктивниот апарат жените се застапени со речиси една третина.

Се позасилената ориентација на жените за прифаќање на определен професионален проект нужно ја поставува на дневен ред сферата на репродукцијата. Всушност, прашањето може да се формулира вака: *Колкава е цената на чинење на репродукцијата?*. Во различни општествени системи се забележува различно видување на репродукцијата. Репродукцијата се сфаќа како комплекс од најразновидни активности' неопходни во создавањето на едно човечко суштество како био-психо-социјално битие. Социјализмот кон сферата на репродукцијата пристапуваше сегментарно. Залагајќи се за егалитаризам, тој субвенционираше еден дел од репродуктивните активности, пред сè грижата за децата, нивното образование, здравствената заштита, материјалната помош на семејствата со повеќе деца и сл., овозможувајќи ѝ на жената полесно да се вклучи во сферата на репродукцијата. Меѓутоа, поради слабата економска основа, голем

дел од репродуктивните активности останаа во рамките на семејството, ставајќи го товарот на репродукцијата повторно врз жената. Во ситуација кога жената е вклучена во процесот на продукцијата и ангажирана во процесот на репродукцијата, кога таа е принудена да бара разрешување на ситуациите кога двете улоги се поклопуваат, а го наоѓа со давањето предност на репродукцијата, односно кога таа е ставена во ситуација да отсуствува од работа кога тоа го бараат обврските поврзани со мајчинството, се случува репродукцијата да стане скапа за општеството. Отсуството од работа и платениот надомест за тоа општеството го чинат двојно. Социјализмот, токму во оваа сфера, ја манифестира својата нееkономска, односно својата претежно социјална природа. Транзицијата, во тој поглед, веројатно ќе доведе до промени во востановениот однос меѓу продукцијата и репродукцијата. Ќе се случи голем дел од репродуктивните активности, што беа субвенционирани од општеството, да се изложат на дејството на пазарните механизми и да добијат свое економско значење. На тој начин, перспективите за жените ќе бидат намалени и тоа од повеќе аспекти. Репродукцијата ќе биде плаќана од семејниот буџет, а тоа може негативно да влијае врз ангажманот на жената на општествен план. Од друга страна, зголемените издатоци за образование можат да доведат до тоа сè помал број жени да се образуваат. Сите овие промени ќе влијаат врз односот на жената кон продукцијата. Тоа се очекувани последици што не ќе можат да се санираат на оној начин на кој тоа се прави во развиените капиталистички земји во кои постои делотворна социјална политика, поставена врз солидна материјална основа. Капитализмот, водејќи сметка за репродукцијата на работната сила, за новите генерации на работници, како и за репродукцијата на капиталистичките односи, покажува голем интерес за сферата на репродукцијата. Значи, капитализмот не е заинтересиран за жената и за нејзината положба во репродукцијата, туку за идните генерации што жените треба да ги изведат на пат.

Менувајќи го односот кон продукцијата, жената го менува и односот кон репродукцијата. На овој план се забележуваат крупни промени. Тука се, пред сè, промените во семејството. Резултатите покажаа дека традиционалната дистрибуција на улогите во семејството е надмината. Во семејствата на жените кои оствариле продор во општеството постои егалитарна поделба на улогите. На повидок е еден нов вид семејство, т.н. *егалитарно семејство*. Овој тип семејство може да се дефинира според повеќе белези и тоа:

а) дистрибуцијата на моќта;

б) дистрибуцијата на улогите;

в) можностите за личен просперитет на секој од неговите членови.

Егалитарното семејство претпоставува рамномерна дистрибуција на моќта меѓу членовите во семејството, елиминирајќи го авторитетот, како меѓу мажот и жената, така и меѓу родителите и децата, потоа, за него е карактеристична мобилноста меѓу традиционално дефинираните машки и женски улоги и, на крајот, во него постојат можности за личен развој на секој негов член според индивидуалните амбиции и потреби. Во различни средини секој од овие елементи не е подеднакво застапен. Во повеќе западни општества се забележува порамномерна дистрибуција на улогите, како и редефинирана моќ меѓу сопружниците, а сепак постојат големи пречки за реализација на лични проекти кај жените. За разлика од тоа, кај нас во егалитарното семејство доминира третиот елемент, т.е. можноста за личен просперитет на сите членови. Во овие семејства жената бенефицира од аспект на нејзиниот општествен ангажман.

Резултатите од ова истражување упатуваат на тоа дека во нашата средина постои егалитарно семејство што се јавува како многу значаен фактор за вертикалната подвижност на жените во процесот на трудот. Семејството што го согледавме во нашата средина се карактеризира со поголеми остатоци од традиционалната дистрибуција на моќта и традиционалната дистрибуција на улогите. Според тоа, жената, и покрај високата положба во општеството, најголемиот дел од обврските во семејството ги реализира сама или со мала помош од сопругот и поблиските роднини. Во овие семејства, исто така, жената се наоѓа во една подредена положба во однос на мажот. Всушност, од аспект на односите на моќта, семејството што го именувавме како *егалитарно* сè уште е традиционално. Дури и во оние семејства во кои реално жените имаат еднаква, или поголема моќ, тие ја признаваат моќта на мажот, трудејќи се на тој начин да го прикажат семејството како „нормално“, односно како и сите други семејства во околината, во која моќта е дистрибуирана според традиционалната шема. Со тоа, семејството станува големо упориште на традиционализмот. И покрај високото место во продуктивниот апарат, промената многу бавно продира во семејството. Така, жените на висока положба во општеството и понатаму го почитуваат авторитетот на мажот. Во семејствата што беа предмет на анализата жените настојуваа да го прикажат своето семејство како семејство каде што главата е мажот.

Она што придонесува за егалитарноста на нашето семејство е третиот елемент од наведениот модел, а тоа е слободата, т.е. индивидуалната слобода на секој негов член. Во егалитарното семејство, такво какво што постои во нашата средина, жените се слободни сами да одлучуваат за својот личен просперитет. Уште еднаш истакнуваме дека ова е решавачкиот миг - отскочна штица за промената на положбата не само во семејството, туку и во општеството. Отсуството на овој елемент во други средини, и покрај тоа што жената е ослободена од многу улоги во семејството и има редуцирани обврски, го прави општествено ограничено нејзиното поле на дејствување. Меѓутоа, личната слобода не е доволен услов. Многу од жените кои имале големи шанси да напредуваат на професионален план, не биле во состојба да го направат тоа поради обврските кон семејството. Всушност, обврските кон семејството претставуваат голема пречка за искачувањето кон врвот на општествената хиерархија.

Резултатите од истражувањето ја ставија под знак прашање популарната теза дека жените напредуваат тогаш кога се водени од нивните сопрузи со висока позиција. Од соодносот меѓу општествениот статус на жените и општествениот статус на нивните сопрузи, се забележува брачна подвижност, но не на жената, туку на мажот и тоа како од аспект на функцијата, така и од аспект на социјалното потекло на нивните семејства. Овие сознанија се во согласност со тезата според која жените имаат поразвиено чувство за социјална правда. Тоа може да се поткрепи со фактот дека поголем број од жените имаат сопрузи со пониско образование и од пониски социјални слоеви.

Претпоставената дискриминација на жените во сферата на трудот може да се поткрепи со некои квантитативни аспекти на вертикалната структура. Функцијата *генерални директорки* жените ја остваруваат во помали претпријатија чиј просечен број е 270 вработени, а во кои е концентриран висок процент (52%) на женска работна сила. Ова упатува на тоа дека пристапот на жените кон врвните места на социјалната хиерархија е лимитиран и условен. Во хиерархијата на поголемите претпријатија, чиј просек е над 3000 вработени, жените можат да дојдат само до функцијата на стручно одговорно лице. Тоа покажува дека жените се подготвени, стручни и квалификувани да заземат било какво место во организацијата, а тоа ги разбива стереотипите поврзани со жената и нејзината неспособност логично и рационално да расудува.

Иако анализите на вертикалната подвижност на жените значајно отстапуваат од вообичениот начин на кој се врши анализата на вертикалната подвижност, кога се тргнува од социјалното потекло на семејството, т.е. од социјалниот статус на синот спореден со социјалниот статус на неговиот татко, сепак, и во случајот на жените, како многу важен елемент се наметна социјалното потекло на семејството од коешто таа потекнува. И уште повеќе од тоа, првото семејство, во кое се одвива процесот на социјализацијата на улогите и идентификацијата со полот, е решавачки фактор во создавањето на еден менталитет на личноста во кој ќе бидат втиснати амбициите, желбите и мотивите на жените за професионално дејствување. Во повеќето семејства на анкетираните жени (34), и покрај патријархалните бои и расположенија во првото семејство, интересно е дека сите деца во семејството биле еднакво третирани во поглед на образованието. Со тоа биле поголеми шансите за стекнување на повисоко образование и на женските деца, што е основен предуслов во професионалната промоциија на жените. Судејќи според апсолутните показатали за образованието на родителите, може да се констатира висок степен на подвижност кај ќерките. Но, ако се имаат предвид релативните параметри, односно положбата на средните кадри кои биле доминантни во почетокот на изградбата на индустриското општество, се наметнува заклучокот за високиот степен на репродукција на високообразованиот слој. На овој заклучок може да се надоврзе заклучокот за еднаквите шанси пред образованието на машките и женските деца. Постои единствен систем на образование што придонесува за развој на еднакви способности и сознанија, но и за развој на определени компетитивни однесувања што се важен сегмент од професионалното дејствување. Исто така, училиштето за жените има и едно друго, повеќе психолошко значење. Училиштето, со својата имперсоналност кон полот и идните улоги на половите, придонесува жената да добие чувство за јавното. Меѓутоа, и покрај еднаквите шанси пред образованието кај жените, постои отсуство на професионален концепт, што обично оди заедно со изборот на образованието.

Имајќи ги предвид сите овие сознанија за жените и нивното дејствување во општеството се наметнуваат две основни констатации. Првата се однесува на сите оние пречки што стојат пред жените во нивната општествена интеграција. Во општеството сè уште е лимитиран пристапот на жените кон неговите значајни сфери, посебно во сферата на трудот, со што се оневозможува интегрирањето на

еден значаен продуктивен потенцијал – женскиот трудов потенцијал. Елиминирањето на овој творечки потенцијал го покажува нерационалниот пристап на општеството кое, игнорирајќи ги жените, игнорира еден посебно значаен продуктивен ресурс. Ова е особено изразено денес, во современиот начин на организација на трудот. Базирана на една развиена техничко-технолошка матрица, оваа организација како најзначаен, најпродуктивен и најпрофитабилен ресурс го признава човекот и неговиот творечки потенцијал. Многу истражувања, меѓу кои и резултатите од ова истражување, покажуваат дека денес многу од жените се доволно образовани, остручени, дури и поседуваат редица психолошки предности, дејствителни во мобилизација на човечкиот фактор, што можат да се сметаат како компаративни предности. Оневозможувајќи го пристапот на жените кон повиталните подрачја, општеството се откажува од еден значаен *развоен* ресурс. Ова особено е значајно за општества со ниски развојни стапки, економски нестабилни и неструктурирани, какво што е и нашето општество. Развојниот пристап кон еманципацијата на жената во општеството е еден од најреално поставените пристапи кои, согледувајќи го проблемот на општеството, но и проблемот на жената во него, упатува на создавање нов комплекс од социјални услови од кои ќе бенифицираат и општеството и жените. Се чини дека овој пристап е најсоодветен и ги надминува ограничувањата на другите пристапи кон кои општеството може да покаже разбирање, но е немоќно било што да направи. Такви се заштитничкиот пристап, хуманитарниот (или беневолентниот), психолошкиот и други.

Втората констатација се однесува на објективните околности жените да се вклучат во општеството. Денес сè повеќе се зборува за нови квалитети со коишто се здобиваат жените. Образованието, стручните и лингвистички специјализации отвораат широки перспективи за жените. Имајќи го пред себе примерот на нашата земја, може да се каже дека таа располага со мошне високо квалификувана работна сила. Така, 10,5% од вработените се со високо образование, а во таа структура жените влегуваат со 42,2%. Тоа покажува дека голем дел од квалификуваната работна сила го сочинуваат жените. Исто така, може да се заклучи дека женската работна сила е реално постоечка социјална категорија и важен фактор во економијата на нашата земја. Перспективите на овој план се уште поповолни ако се земе предвид половата структура на запишаните студенти, во која 51,6% се жени (податоците се однесуваат за

учебната 1992/93 година). Сепак, како многу важен проблем којшто стои на патот на искористувањето на овој трудов потенцијал е дисфункцијата на продуктивниот апарат, кој не е во состојба него да го апсорбира. Не земајќи ја сериозно официјалната стапка на невработеност (околу 30%), невработеноста претставува сериозна болест на општеството, пред сè, поради тоа што општеството инвестира во образованието, а потоа не е во состојба да ги собере плодовите на овој потенцијал. Така, наместо општествен пат се јавува индивидуалниот пат на продор во општеството, каде што до израз доаѓаат определени карактерни особини и други моменти коишто го отежнуваат продорот на жените во општеството, особено во сферата на трудот.

Транзицијата на општеството, со сите проследувачки манифестации на политички, економски, вредносно-етички и друг план, ја докажува моќта на социјалната димензија на човековото живеење. Транзицијата значи реформирање или реконституирање на институционалниот систем на општеството во сите негови сфери. Во сферата на економијата се забележува еден од најтешките процеси на транзицијата, а тоа е промената на основниот продукционен однос, ориентацијата кон пазарна економија според логиката на капиталот. Овие основни процеси радикално ја менуваат општествената структура, во која жената треба повторно да бара свое место. Затоа, во севкупната општествена пракса, нужно е опфаќањето на димензијата на жената.

Иако ова истражување е лимитирано, со оглед на неговите цели, тоа сепак укажува постоечка свест кај жените за длабочината на промените, како и подготвеност тие да дадат свој придонес за надминувањето на тешкотиите во сферата на трудот. Овие сознанија упатуваат и на определени перспективи за движењето на работната сила. Денес сме сведоци на некои социјални движења чиишто последици јасно се видливи. Така на пример, стечајните постапки и технолошкиот и економскиот вишок на работната сила ќе влијаат негативно врз положбата на работната сила, особено на женската работна сила, бидејќи се покажа дека таа зазема неквалификувани и помошни работни места. Оваа неповолност на планот на продукцијата ќе имплицира негативни ефекти и на планот на репродукцијата, која отсекогаш била судбински поврзана со жената. Невработеноста, честите принудни одмори, загарантираните лични доходи и сл., драстично го намалуваат животниот стандард на семејството, со што врз жените паѓа најголемиот товар на загрозената репродукција. Процесите на приватизацијата ја приватизираа и репродукцијата, која сè повеќе се поврзува со

материјалните услови на семејството. Сето тоа битно ќе влијае врз промените во семејството.

Резимирајќи околу околу антиципираните промени може да се претпоставаат и промени на положбата на жената во сферата на трудот, но и пошироко во општеството:

1) неповолна конјунктура на женската работна сила на пазарот на трудот, каде што жените се принудени да прифатат работни места независно од нивното образование и од квалификациите, за несразмерно ниски лични доходи;

2) се намалува значењето на одредени социјални белези (стручност, образование и сл.) и доаѓаат до израз половите белези, со што жените се претвораат во некој вид професионални заводнички;

3) слична судбина делат повеќе членови на едно семејство, со што се зголемува аномичната состојба во семејството, сè повеќе загрозувајќи ја положбата на жената во него;

4) развојот на домашната економија, што резултира од тенденцијата на жените да го коригираат нискиот животен стандард, оддалечувајќи ги на тој начин од општествените текови.

На крајот, би истакнале дека патот на професионалната промоција на жените е вечен компромис на жената со општеството, вечна игра меѓу сферата на продукцијата и репродукцијата. Во тој компромис секогаш се јавува една определена мерка којашто ги коригира природните и општествените димензии на човековото суштествување. Работата се чини е единствена мерка што ќе даде поволен исход во овој процес на вечни компромиси.

# ЛИТЕРАТУРА


Adam G., Reynaud J.D., *Conflits du travail et changements social,* PUF, 1978.

Arzenšek V., Rus V., *Rad kao sudbina i kao sloboda,* SNL, Zagreb 1984.

Asplund G., *Women managers* (превод од шведски), London 1988.

Aubert N., *Le pouvoir usurpé,* P. Laffont, Paris 1982.

Aubert N., *Le sex du pouvoir: femmes, hommes et pouvoir dans les organisations,* Desclée de Brouwer, Paris 1986.

Badenter E., *Jedno je drugo* , Svjetlost, Sarajevo 1988.

Battagliola F., *Employés et employées. Trajéctoires professionelles et familiales.* Le sex du travail, PUG, 1984.

Bertaux D., *Destin personnels et structure de classe,* PUF, Paris 1977.

BIT Bulletin 1980-90.

Blunden K., *Le travail et la vertu. Femmes au foyer: une mistification de la révolution industrielle,* Payot, Paris 1982.

Bolćić S., *Tegobe prelaza u preduzetničko društvo,* Beograd 1994.

Bolčić S., Blagojević M., *Društvene promene i svakodnevni život: Srbija početkomn devedesetih,* Filozofski fak., Beograd 1995.

Boltansky L., *Les Cadres.* La formation d'un groupe socale, Ed. de Minuit, Paris 1982.

Borzeix A. *Le temps de chemises: La grève qu'elle gardent au coeur,* Paris, Syros, 1982.

Boudon R., *L' inegalite des chances. La mobilité sociale dans les societés industraelle,* A. Colin , Paris 1985.

Boudon R., Bourricaud F., *Dictionaire critique de la sociologie,*PUF, 1982.

Бовоар С., *Вшориош йол,* Наша Книга, Скопје 1989.

Bowles R. Edvards, *Razumevanje kapitalizma,*

Chabaud D., Fougeyrollas F., Southennax F., *Le travail domestique et le pratique de déplacement de femmes et des hommes,* Universite de Paris, 1981.

Chaudron M., *Sur les trajéctoires sociales des femmes et des hommes. Strategies familales de réproduction et trajéctoires individuelles,* Le sex du travail, PUG, 1984.

Daune-Richard A.M., *Les facteurs d'émergence de trajéctoires des sexes atipiques: le cas des jeunes filles dans les formations industrielles de téchnicien superieur liées aux ouvelles téchnologies.* Economie du travail féminin, Paris 1988.

Daune-Richard A.M., *Mobilité socialé et rapports sociaux,* Laboratoire d'économie et sociologie du travail, 1988.

Delphy K., *Les femmes dans les études de stratification,* Femme, sexisme et societé (Michel A.) PUF 1977 ( collectif).

Despot B., *Žensko pitanje i socijalističko samoupravljanje,* Cekade, Zagreb 1987.

Desrosieres A., Gollac M., *Les catégories socioprofèssionelles* , La Découvert, Paris 1988.

Devreux A.M., *La parentalité dans le travail: Rôles de sexe et rapports sociaux,* Le sex du travail, PUG, 1984 (ouvrage collectif).

Devreux A.M., *Maternité et travail: le prix de l'autonomie pour les femmes.* L'autonomie sociale aujourd'hui (collectif) PUG, 1985.

Dumont L., *Homo Hierachicus. Le système des castes et ses implications,* Gallimard, Paris 1966.

Durand J.P., Weil R., *Sociologie contemporaine,* Vigot, Paris 1993.

Eggebrecht A., Flemming J., *Povjest rada, od starog Egipta do danas,* Grafički zavod Hrvatske, Zagreb 1987.

Engels F., *Poreklo porodice, privatnog vlasništva i države,* Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1979.

Enriques E., *De la horde a l 'Etat* , Paris, NRF, Gallimard, 1983.

Etzioni A., *Les organisations modernes.* Gembloux, Duclot 1971.

Firestone Sch., *La dijaléctique du sex,* Paris, Stock, 1972.

Freud S., *Trois éssais sur la théori e de la sexualité,* Gallimard, Paris 1962.

Friedan B., *The Feminine Mystique,*Penguin Books, 1965.

Friedrih G., Schaff A., *Mikroelektronika i društvo.* (za bolje ili za lošije) Globus, Zagreb 1987.

Fridman Ž., *Kuda ide ljudski rad;* Rad, Beograd, 1959.

Fridman Ž., *Problemi čoveka u industriskom mašinizmu,* Veselin Masleša, Sarajevo 1964.

Fridman Ž., Navil P., *Sociologija rada,* Veselin Masleša, Saraevo 1972.

Fink E., *Osnovni fenomeni ljudskog postojanjam,* Nolit, Beograd 1984.

Галбрајт Џ., *Анатомија на моќта,* Култура, Скопје 1995.

Goldthorpe J.H., *Social Mobility and Class Structure in Modern Britain,* Clarendron Press, Oxford 1980.

Golubović Z., *Kriza identiteta savremenog jugoslovenskog društva,* Filip Višnić, Beograd 1988.

Đorđević J., *Žensko pitanje, antologija tekstova o emancipaciji žene,* Radnička štampa, Beograd 1975.

Guilbert M., *Les fonctions des femmes dans l' industrie,* La Haye, Mouton 1966.

Георгиевски П., *Социјалната структура на студентите во СРМ и нејзиното влијание врз изборот на висока и виша школа, другарувањето меѓу студентите и успехот во студирањето,* Докторска дисертација, Скопје 1981.

Ѓуровска М., *Поглед на дефинирањето на трудот во социологијата,* Зборник, Филозофски факултет, Скопје 1992.

Gurovska M., *Les changements sociaux et les changements économiques dans les pays socialistes,* Actes du colloque de L'AISLF, Les Balkans et l'Europe face aux nouveaux defis, Sofija 1994.

Henning M., Jardim A., *Madame cadre (La carière des femmes)*, Press de la Renaissence, Paris 1978.

Hirata H., *Vie réproductive et production*, Le sex du travail PUG 1984.

Horvat B., *Politička ekonomija socijalizma*, Globus, Zagreb 1984.

Iazykoff W., *Organisations et mobilités*, L'Harmattan, Paris 1993.

Isambert-Jamati V., *La femme et le travail, Femme du XX siecle PUF, 1965.*

Јовановиќ А., *Брачнаѿа ӣодвижносѿ во СР Македонија*, Скопје1981.

Јовановиќ А., *Планирањеѿо на семејсѿвоѿо во Р. Македонија*, демографско-социолошки аспект, Скопје 1984.

Карталов Х., *Марӣиналисѿичкиоѿ ӣравец во економскаѿа мисла*, Филозофски Факултет, Скопје 1991.

Kergoat D., *Les ouvrierès*, Le Sycomore, Paris 1982.

Kergoat D., *Plaidoyer pour sociologie des rapports socaux*, Le sex du travail.

Kergoat D., *Bulledor, ou l'hisoire d'une mobilisation ouvrière*, Seuil, Paris 1973.

Kern H., Schumann M., *La fin dela division du travail, Ed.* de la Maison des Sciences de l'homme, Paris 1989.

Korać M., Vlaškalić T., *Politička ekonomija*, Rad, Beograd 1982.

Корубин Ј., *Живиоѿ ӣесок-инѿелиӣенцијаѿа*, Просвета, Куманово 1994.

Latouche S., *La mégamachine*, La Découvert, M.A.U.S.S., Paris 1995.

Laufer J., *La feminité neutralisé, Les femmes cadres dans l'entrprise*, Ed. Flammarion, Paris 1982.

Lazić M., *U susret zatvorenom društvu*, Naprijed, Zagreb 1987.

Lemel Y., *La strtifikation et mobilité sociale*, A. Colin, Paris 1991.

Levy-Leboyer C., *L'ambition proféssionelle et la mobilité sociale*, PUF, Paris 1971.

Laufer J., *Les femmes cadres dans l'organisation,* Le sex du travail, strukture familiale et le system productif, PUG 1984.

Ler-Sofronić N., *Neofeminizam i socijalistička alternativa,* Radnička štampa, Beograd 1986.

Levy R., *La femme, la famille et la societé,*

Marchand O., Thélot C., *Deux siècles de travail en France. Population active et structure sociale,* INSSE, Paris 1991.

Marković B., *Nove tehnologije radnićka klasa i sindikati.*

Marks K., *Ekonomsko filozofski rukopisi,* Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1979.

Marks K., *Nemačka ideologija,* Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost, Zagreb 1979.

Marks K., *Manifest komunističke partije,* Glavni radovi Marksa i Engelsa, Stvarnost Zagreb 1979.

Marks K., *Kapital,* BIGZ, Prosveta. Beograd 1979.

Maruani M., *Mais, qui a peur du travail des femmes,* Ed. Syros, Paris 1986.

Maruani M., Ch. Nicole-Drancourt, *Au labeur des dammes,* Ed. Syros, Paris 1989.

Milić A., *Klase i porodica,* Radnička štampa, Beograd 1978.

Michel A., *Les femmes dans la societé marchande, PUF, 1977*

Mirčev D., *Učešće žena u procesima društvenog odlučivanja,* Beograd 1984.

Mišle Ž., *Žena,* Beograd, 1992.

Merllié D., Prévot *La mobilité socialé,* Ed. La Découverte, Paris 1991.

Messant-Laurent F.. *Sécretes sécretaires,* Universite de Lausane, 1989.

Michel A., *Les femmes dans la societé marchande,* PUF, Paris 1978.

Mihovilović M., Klauser J., Ostojić N., *Žena između rada i porodice,* Institut za društvena istraživanja, Zagreb 1975.

Naville P., *U susret automatizovanom društvu,* Školska knjiga, Zagreb 1978.

Никодимовски Л., *Индустријализацијата тенденциите во развојот на работничката класа во Македонија,* НИО Студентски збор, Скопје 1987.

Noirot P., *Chomage, pauvreté, exclusion, et si le capitalisme venait, lui aussi imploser,* Panorammique-Corlet 3/1993.

Obradović J., *Psihologija i sociologija organizacije,* Školska knjiga, Zagreb 1982.

Papić Ž., S*ociologija i feminizam,* IIC SSO Srbije, 1989.

Pavlić B., *Ciljevi i metode savremenog feminizma,* Društveni položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu, Savetovanje, Portorož 1976.

Sklevicky L., *Antropologija žene,* Zbornik, Prosveta, Beograd 1983.

Perrot M., *Femmes et macines au IXX siècle,* Le romantisme, 41, octobre 1983.

Popović M., *Društvene nejednakosti,* Institut za sociološka istraživanja Filozofskog fakulteta Beograd, Beograd 1987.

Петроска Б., *Семејната задруга, значаен фактор во општествениот живот на македонскиот народ,* Зборник, Филозофски факултет, Скопје 1990/91.

*Положбата на жената во современото општество,* Научна трибина, Скопје 1994.

Попис на работната сила во Македонија 1986.

Rener T., *Upravljanje ženskih v delegatskom sistemu,* Raziskovalni Institut FSPON, Ljubljana 1983.

Roll P., *Travail et salariat,* Press Universitaires de Grénoble 1988.

Ronci D., *Ouvrierès entre la maison et usine,* Le sex du travail, PUG, 1984.

Rus V., Arzenšek V., *Rad kako sudbina i kako sloboda,* SNL, Zagreb 1984.

Sainsaulieu R., *L'identé au travail*, Paris, Presses de FNSP,1985.

Sainsaulieu R., Piotet F., *Méthodes pour une sociologie de l'entreprise*, Press de la FNSP,1994.

Sainsaulieu R., *Sociologie de l'organisation et de l'entreprise,* Press de la FNSP, 1987.

Salecl R.. *Who is woman symptom of rights,* Psyhoanalisis and feminism, London 1994.

Sklevicki L., *Od borbe za prava do prave borbe,* Društveni položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu, Sovetuvanje, Portorož 1976.

Статистички годишници на Р. Македонија од 1953 до 1992.

Stroobants M., *Sociologie du travail,* Ed. Hathan, Paris 1993.

Sulerot E.. *L' histoire et la sociologie du travail féminin,* Essai, Paris, Gonthier, 1962.

Ташева М., *Функционалистичките сфаќања на промените во општествената структура,* Зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1990/91.

Tejlor F.V., *Principi naučne organizacije rada,* Rad. Beograd, 1964.

Thélot C.. *Tel pere, tel fils? Origine familiale et position sociale,* Dunod, Paris 1982.

Tofler A.. *Treći talas,* Prosveta, Beograd 1983.

Томшиќ В., *Жената и општеството,* Мисла, Скопје 1987.

Turner J.M., *Societal Stratification. A theoretical Analysis,* New York, Columbia Univesity Press, 1984.

Весковиќ-Вангели В., *Жената во ослободителните борби на Македонија.* Култура, Скопје 1990.

Весковиќ-Вангели В., *За револуционерните традиции на жените во Македонија- Жените во Македонија во НОВ,* ИНИ, Скопје 1976.

Vuković S., *Pokretljivost i struktura društva,* IKSI, Beograd 1944.

Weiss P., *La mobilité sociale*, PUF, Paris 1986.

Zarifian Ph., *La nouvelle productivite*, L'Harmattan, 1990.

Županov J., *Samoupravljanje i drušvena moć*, Globus, Zagreb 1985

Županov J., *Marginalije o društvenoj krizi*, Globus, Zagreb 1984.

## СПИСАНИЈА

***Sociologie et societé***, Paris.

Goldthorpe J.H., *Mobilité sociale et înterets socaux,* VIII, 2/1976.

Laurin- Franette N., *Les femmes dans la sociologie,* XIII, 2, octobre 1981.

***Sociologie du travail***, Paris.

Ch. Nicole-Drancourt, *Organisation du travail des femmes et flexibilite de l'emploi*, 2/1990.

M. Maruani, Ch. Nicole Grancourt, *Du travail à l' emploi, l' enjeu de mixité*, 2/87.

V. Beechey, *Emploi des femmes: Les etudes recentes en Grande-Britagne*, 2/1985.

A. Chastand, M. Grignon, *Carrière, Familiale et vie professionelle: vers une modelisation de l'emplybalité des mères de famille,* 4/1990.

***Sociologija***, časopis za sociologiju. socijalnu psihologiju i socijalnu antropologiju, Beograd.

D. Sekulić, *O pristupima proučavanja stratifikacione strukture jugoslovenskog društva,* 1/1983.

D. Sekulić, *Socio-profesionalna mobilnost u Jugoslaviji,* 2/1984.

S. Flere, B. Đurđev, *Međugeneraciska vertikalna pokretljivost u Vojvodini,* 1-2/1984.

P. Georgievski, *Društveni položaj porodice, uspeh u školovanju i socijalna politika,* 4/1973.

P.de Bie, W. Dyson, Michel A. *Politika prema porodici u pojedinim zemljama,* 3-4/1973.

R. First- Delić, *Struktura moći u porodici zaposlene žene, 2/74*

O. Burić, *Izmena strukture društvene moći: uslov za društvene ramnopravnosti žena,* 2/1975.

O. Burić, A. Zečević, *Porodični autoritet, zadovoljstvo brakom i položaj supružnika u društvenom sistemu,* 3/1966.

E. N. Hammel, *Nacrt ispitivanja društvene pokretljivosti i njenog uticaja na međulične odnose,* 3/1966.

***Revija za sociologiju***, Zagreb.

D. Sekulić, *Socio-profesionalna podvižnost u Hrvatskoj,* 4/1986.

***Marksizam u svetu***

H. Hartman, *Nesrećni brak marksizma i feminizma: Ka progresivnijem zajedništvu,* 3/1983.

A. Gorc, *Ukidanje rada, agonija kapitala,* 3/1986.

A. Gorc, *U raj - ali sa sindikatima.* 12/1985.

M. Bianchi, *Položaj žena u krizi države blagostanja,* 11/1983.

R. Milkman, *Ženski rad u fabrici i industriska struktura: Kontrola i konflikt povodom "mesta žene" u automobilskoj i elektro industriji,* 10-11 1984.

Marković B. *Nove tehnologije osnova treće tehnološke revolucije,* 2/89.

**Socijalizam u svetu**

B. Horvat, *Socijalistička privreda,* 59/87.

**Marksističke sveske**

M. Janićievič, *Međugeneraciska društvena pokretljivost u Srbiji*, 1/2 1972.

***Преглед***, часопис за друштвена питања, Сарајево.

Н. Лер-Софронић, *Ка истини о жени (о поријеклу деградације жене)*, 3/1977.

***Žena***, Revija za društvena pitanja žene, Zagreb.

N.Adler, *Žene u menadžmentu širom sveta*, 3/4 1990.

A. Kanjuo, *Žene menadžeri u Jugoslaviji i Indiji*, 3/4 1995.

A. Kanjuo, *Žene u nauci i politici*, 4/1994.

V. Kandžija, *Žena u društvenom ekonomskom životu EEZ*, 1/2 1987.

S. Leinart-Novosel, *Žene i politika u višestranačkim politižkim sistemima*, 6/1988.

M. Blagojević, *Društveni položaj žene stvaralaca*, 3/1987.

M. Blagojević, *Obrazovanje žena, proizvodnja marginalnosti*, 3/1988.

M.Jogan, *Štrajkovi u ženskim kolektivima*, 4/1989.

***Economie et statistique***. Revu Francais de sociologie et statistique, Paris.

G. Desplanques, M. de Saboulin, *Activite feminine: carrieres continues et discontinues*, 193-194/1986.

F. de Singly, *Mariage, dot scolaire et position sociale*, 142/1982.

F. de Singly, *Mobilité feminine par le mariage et dot scolaire: l'exemple nantais*. 91/1977.

M. Cézard, *Les qualifications ouvrierès en question*, 110/1979.

A. Darbel, *L'evolution recente de la mobilité sociale*, 71/1975.

M. Gollac, P. Laulhé, *La mobilité sociale*, 199-200/1987.

*Revue Francais de sociologie*, SNRS, Paris.

Ch. Nicole-Drancourt, *Strategies professionelles et organisation des familles,* XXX, 1989.

M. Maruani, *Statut social et modes d'emplois,* XXX, 1989.

F. de Singly, *Racines et profils des ouvriers et des cadres superieurs,* XXVII, 1. janvier, 1986.

F.Singly, *Les maneoevres de séduction: une analyse d'annonces matrimoniales*, XXV. 1984.

A. Pitrou, *Le soutien familiale dans la societé urbaine,* XVIII, 1 / janvier-mars 1977.

Vallet L., *Activite professionelle de la femme mariée et détermination de la position sociale de la famille,* XXVII,4. 1986.

*L'anné sociologique*

F. de Singly, *Theorie qritique de l'homogamie,* 1987.

# ПРИЛОГ:
# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

**Проект:** ***Влијанието на социјалните чинители во вертикалната подвижност на жените во процесот на трудот.***

Вид на стопанска дејност: ______________________________

Карактетер на дејноста: ______________________________

Карактер на претпријатеието според соспственоста: ______________

Големина на претпријатието:
- број на сектори ________
- број на работни единици ________
- број на вработени ________
- број на вработени жени ________
- број на вработени со високо образование ________

Назив на функцијата што се обавува ______________________

1. Година на раѓање ______________________________
2. Брачна состојба ______________________________
3. Број на деца ______________________________
4. Завршено образование ______________________________
5. Место на раѓање ______________________________
6. Место на завршено средно училиште ____________________
7. Место на завршување на студиите ____________________
8. На колку години стапивте во брак ____________________
9. На колку години го родивте вашето прво дете ______________

*Прашања што се однесуваат на Вашето прво семејство*
*(Семејството во кое сте родени и одрастени)*

10. Број на деца ______________________________

11. Колку сестри ______ , браќа ______, која бевте по редот на раѓањето______

12. Образование на родителите:
- а) таткото ______________________________
- б) мајката ______________________________

13. Професија на родителите:
- а) таткото ______________________________
- б) мајката ______________________________

14. Занимање на родителите:
- а) таткото ______________________________
- б) мајката ______________________________

15. Дали Вашите родители во текот на својот професионален живот завземале некои од следните функции:

| | татко | мајка |
|---|---|---|
| а) Генерален директор, директор на погон, (трговско, индустриско, банкарство и др.) | x | x |
| б) Раководител, шеф и други средни кадри | x | x |
| в) Високи политички функционери (влада, општина, партија исл) | x | x |
| г) Политички функционери од средно ниво | x | x |
| д) Членови на самоуправни органи | x | x |

16. Како ја проценувате материјалната положба на Вашето семејство:
- а) многу добра
- б) задоволителна
- в) скромна
- г) лоша

17. Дали при изборот на видот на училиштето кое го завршивте, одлучивте самостојно или влијаеше некој од семејството и поширокката окколина?

________________________________________

________________________________________

18. Дали уште во вашата младост, во рамките на семејството се зборуваше за вашата иднина, односно се правеа проекти за онашто треба да бидете?

________________________________________

19. Каков беше ставот на родителите спрема Вашето образование:

а) Во образованието ја гледаа мојата иднина, посебно беше значајно да завршам високо образование и да се здобијам со повисоко вреднувана позиција во општеството

б) Сметаа дека треба да завршам факултет, меѓутоа од онаа бранша што ќе ми овозможи како жена полесно да ги ускладам домашните обврски, како и улогата на мајка, сопруга исл.

в) Сметаа дека за женско не е потребно високо образование

г) Немаа некој посебен став спрема образованието, оставаа јас самата да решавам за себе

д) Нештодруго ______________________________

20. Сега, кога гледате од една голема дистанца на вашата младост и на вашето прво семејство што мислите:

а) Моето семејство беше патријархално, татко ми доминираше во семејството

б) Постоеја патријархални бои и расположенија, но тоа не беше на ничија штета

в) Односите во семејството беа егалитарни

г) нормална доминација на таткото, сива еминенција на мајката

д) Мајка ми ги држеше сите конци во свои раце

ѓ) Моите родители не живееја заедно

е) Нешто друго______________________________

21. Со кој од родителите сте се чувствувале поблиски ____________________

________________________________________

22. Кој најмногу Ве импресионираше со својата работа,те. дали имавте желба кога ќе пораснете да бидете како некој од вашата блиска околина

______________________________________________

______________________________________________

23. Кои од игрите најмногу ве привлекуваа, или кои беа активностите со кои се бавевте во слободното време

______________________________________________

24. Заокружете на која од подолу наведените категории занимања припаѓал еден од вашите предци ( родителите на вашите родители по таткова линија и мајчина линија)

| | таткова | мајчина |
|---|---|---|
| а) Земјоделско | x | x |
| б) Занаетчиско | x | x |
| в) Работничко | x | x |
| г) Службеничко | x | x |
| д) Раководни кадри и функционери | x | x |

ѓ) Друго______________________________________________

*Прашања што се однесуваат на Вашето сегашно семејство*

25. Образование на сопругот______________________________________________

26. Занимање на сопругот______________________________________________

27. Дали Вашиот сопруг, во моментов или во текот на неговиот професионален живот бил на некоја од подолу наведените функции:

а) Предработник, раководител на оддел
б) Директор на еден сектор
в) Генерален директор
г) Член на раководството на некоја од општествено- политичките организации ( синдикат, партија исл)
д) Политички функционер на општинско, гратско ниво
ѓ) Висок политички функционер
е) Член на органите на самоуправување
ж) Нешто друго______________________________________________

28. Како ја оценувате материјалната ситуираност на семејството на вашиот сопруг:

а) Многу добра
б) Задоволителна
в) Скромна
г) Лоша

29. Дали кога одлучивте да превземете една поодговорна функција веќе имавте деца и на која возрст______________________________________________

30. Кој период го сметате како најподобен за развојот на Вашата кариера:

а) Периодот кога бев немажена
б) Периодот откако се омажив, но сè уште немав деца
г) Откако децата пододраснаа и можеа повеќе да се грижат сами за себе
д) Нешто друго______________________________________________

31. Дали наидувавте на тешкотии околу исполнувањето на домашните обрски и обврските на професионален план________________________________
________________________________________________

32. Дали според Вас, обврските кон семејството и одговорноста кон семејството можат да бидат причина за малото учество на жените во управните структури________________________________
________________________________________________
________________________________________________

33. Се согласувате ли со ставото според кој улогата на деловна жена воопшто носи во себе голема одговорност и бара големо ангажирање, а дека оние жени кои добро се снаоѓаат во оваа област се нешто посебно, дека тие имаат натпросечни способности и огромна енергија. Образложете го накусо вашиот став по однос на ова________________________________
________________________________________________
________________________________________________

34. Дали кога една жена ја извршува оваа функција жртвите се поголеми. Накусо образложете што се една жена мора да жртвбува за да успешно го води претпријатието и семејството________________________________
________________________________________________
________________________________________________

35. Дали можете да го живеете секојдневието како во други семејства________
________________________________________________

36. Дали понекогаш си префрлате што не сте имале доволно време да им ссе посветите на своите блиски________________________________
________________________________________________

37. Како е извршена поделбата на задачите во Вашето семејство:

а) Постои егалитарна поделба на задачите. Сите членови се ангажирани во извршувањето на секојдневните работи, одлуките ги донесуваме заеднички
б) Постои поделба на задачите меѓу членовите на семејството но сепак јас го сносам главниот товар
в) Имам помош од сопругот но тоа не е доволно, јас ги извршувам најголемиот дел од дневнбите работи во семејството
г) Со мене живеат родителите ( Вашите или на сопругот се едно е)
д) Се што треба околу репродукцијата на семејството обавувам сама
ѓ) Нешто друго ________________________________

38. Во која мера ви помагаа членовите на вашето пошироко семејство (родителите и други)

а) незначително
б) повремено
г) Многу ми помогнаа

39. Дали членовите на Вашето семејство сметаат дека Вашата работа е многу одговорна и корисна те. дали со респект гледаат на она што Вие го работите________________________________
________________________________________________

40. Дали кога ќе дојдете од работа можете да се одморите те. дали можете, како што е обичајот кај мажите жалејќи се на напорноста на работата да поминете едно попладне без да мислите на обврските дома ________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

41. Дали дома со сопругот расправате за тековни проблеми поврзани со Вашата работа. Дали постои интерес за содржината на работата што Вие ја работите?______________________________________________
____________________________________________________________

42. Како Вашиот сопруг реагира во моментот кога му кажувате дека ќе бидете отсутни 15 дена поради службен пат?______________________________
____________________________________________________________

43. Во нашата средина, доколку една жена има повисок статус од мажот и заработува повеќе од мажот, дали таа ќе биде помоќна во семејството те дадли во тој случај може таа да биде глава на семејството? ____________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

*Блок прашања поврзани со Вашата кариера*

44. Низ колку, и низ кои етапи се одвиваше Вашата кариера? _____________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

45. Како го проценувате своето напредување:

а) Брзо и невообичаено за една жена
б) Нормално
г) Имаше доста тешкотии и препреки
д) Покрај се она што ми стоеше на патот беше права среќа што успеав
ѓ) Нешто друго__________________________________________

46. Како одлучивте да ја прифатите оваа функција:

а) Одлучив сама и се пријавив на конкурс
б) Имав подршка во управата и бев предложена
в) Имав подршка кај работниците
г) Имав подршка од политичките структури

47. Кој имаше одлучувачко влијание при прифаќањето на функцијата_____
____________________________________________________________

48. Мислите ли дека при изборот на една жена за висока раководна функција некој треба неа да ја води, советува исл.____________________________
____________________________________________________________

49. Како бевте прифатени од пошироката околина ( политичкото окружување)?___________________________________________________
____________________________________________________________

50. Дали жените, според Вас, имаат амбиции да градат кариера? Дали на овој план не забележувате некојха разлика во однос на мажите?_______________
_______________________________________________

51. Постои едно мислење според кое една жена ретко сама се кандидира за функција, таа скоро секогаш е предлагана и наговарана да прифати одредена функција. Што Вие мислите во однос на тоа?_______________
_______________________________________________

52. Дали според вас постојат еднакви критериуми при изборот на мажите и жените за поодговорни функции? Какво беше вашето лично искуство на овој план? _______________
_______________________________________________
_______________________________________________

53. Заокружети ги тврдењата со кои се сложувате. Имено, за да се избере жена жена на една повисока функција неопходно е:

а) Таа да е докажан работник и толеранцијата на направени грешки е многу мала
б) Да има повисоко образование и квалификации од своите машки колеги
в) Скоро секогаш таа е истакнат стручњак, пожртвувана за она што го работи
г) Нешто друго_______________

54. Постои едно мислење според кое жените не се склони кон игрите што се пропратна манифестација на моќта, како и неприфаќањето на кампањите и жестоките борби за власт. Накусо образложете го вашето мислење по однос на ова. _______________
_______________________________________________
_______________________________________________

55. Во обичниот свет, исто така, рапострането е едно мислење дека жените што успеале да се искачат повисоко тоа го оствариле преку шармот, заводливаста те. преку одредени *женски квалитети*. Што мислите Вие за ова?_______________
_______________________________________________

56. Дали приметивте мизогинизам од страна на вашите колеги ?_______________
_______________________________________________
_______________________________________________

57. Дали во вашата досегашна пракса воочивте разлики во начинот на кој жените ја реализираат оваа функција. На кои пункта во организацијата се највидливи разликите во делувањето на мажите и жените?
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

58. Што најмногу ви причинува тешкотија во обавувањето на функцијата:

а) Решавањето на некои технички проблеми
б) Односите меѓу вработените ( меѓучовечките односи)
в) Односите со моите колеги во хиерархијата
г) Состојбите во околината во која делува организацијата
д) Нешто друго_______________

59. Подредете ги според важноста особините што една жена на висока функција треба да ги поседува за да може со успех да ја обавува истата:

----- самодоверба
----- кроткост, благост, љубезност
----- агресивност
----- строгост
----- непристапност
----- услужност. сервилност
----- непокорност. неавторитарност
----- некои други______________________________

60. Што мислите, дали големиот број на предрасуди за жените како што е например: *женаша е брзоплеша, плишка, сшашична, несигурна идр.* се вистина и дека жените поради тоа неможат да завземат поодговорни функции?______________________________

______________________________

______________________________

61. Кои беа мотивите за да прифатите една ваква одговорна функција:

а)Предизвикот и можноста за лична сатисфакција
б)Оваа функција пружа можнсти да се применат сознанијата што ги поседувам
в) Оваа функција е привлечна за сите, а јас не сум исклучок
г) Престижот и угледот на оваа функција
д) Оваа функција пружа мможности да се заработи повеќе
ѓ) самата содржина на работата. креативноста и динамичноста
е) Нешто друго ______________________________

______________________________

61. Оценете ги уссловите што постојат во нашето стопанство во поглед на промоцијата на жените и тоа со оглед на следните процеси:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) Градење кариера | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| б) Вработување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| в) Тежината на работата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| г) Промена на работното место или претпријатието | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| д) Правна регулатива | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

62. Според вас, која е мотивацијата на жените за делување во сферата на трудот:

а) Мотивите се економски, жените мораат да работат, бидејќи не може да се живее од една плата.
б) Заради лична сигурност и економска самостојност.
в) Заради лична сатисфакција преку работата.
г) На тој начин жената се извлекува од изолацијата во семејството, задоволувајќи ја потребата од свој круг на пријатели, колеги и сл.
д) Нешто друго______________________________

63. Дали жените во нашата средина се така образовани и квалификувани со што би можеле да заземат било кое работно место?______________________________

______________________________

64. Дали во нашати средина мажите заработуваат повеќе од жените?____________________________________

65. Кога надоаѓа еден вишок на пари, за што нив попрво би ги потрошиле:
а) За да си ја подобрам гардеробата
б) Да им купам на моите блиски во семејството нешто што ќе ги израдува
в) Да купам нешто за дома, мебел, опрема, реновирање на стан исл.
д) Да патувам со своето семејство
ѓ) Нешто друго ____________________________________

66. Дали во некоја друга средина би постигнале повеќе отколку што сте постигнале во средината во која работите?____________________________________

67. Дали сте забележале дека кога една жена стапува на повисока функција кај неа настануваат промени во начинот на однесување, во стилот на облекување, во пристапот и др.? ____________________________________

68. Жените на високи функции ги нарекуваат *жени-мажи* што всушност ги доближува до оној модел на раководител изграден од страна на мажите. Дали според вас, жените, за да можат успешно да го водат претпријатието, мора да се однесуваат на тој начин?____________________________________

69. Дали кај Вас постои свест за она што другите луѓе го мислат за Вас?
____________________________________

70. Дали сте задовална од претпоставена слика што другите луѓе во Вашата околина ја имаат за Вас? ____________________________________

71. Дали имате желба да промените нешто во Вашата околина, во организацијата итн.?____________________________________

72. Дали се остварија Вашите очекувања од оваа функција?____________________________________

73. Имајќи го пред себе текот на Вашата кариера, дали повторно би ја прифатиле оваа функција?____________________________________

74. Што им препорачувате на оние жени кои се на почетокот од својата кариера:
____________________________________

*На крајот, Ви се заблагодарувам за тоа што навистина помогнавте да се дојде до сознанија за социолошката димензија на проблемите на жената во сферата на трудот, т.е. за патиштата на нејзината социјална промоција.*